# *Идеолошкиот Активизам Над Македонците Под Грција*

**Стојан Кочов**

# Идеолошкиот Активизам Над Македонците Под Грција

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Stoian Kochov & Risto Stefov

e-Book Format

May 20, 2015

# ВРЕМЕ НА СЕЌАВАЊА: ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА (1945-1949)

Долгогодишните копања по минатото, ми овозможија подобро да ја соглем вистината за извршен геноцид над нас Македонците под Грција. Историските студии и истражувања по извршениот геноцид над Македонците под Грција (1945-1949) година, токму во периодот на Комунистичката Интернационала, се определив да го напишам овој труд со наслов: "Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција", со цел да ги опишам сите идеолошки активности ставови, погледи, судбински решенија, а на штета за нашата иднина кои беа давани "од озгора" - (КПГ и КПЈ/ КПМ), а слепо прифаќани и спроведувани од НОФ и АФЖ на штета на Македонскиот народ.

Се покажа дека ние како војници на ДАГ, не го контролиравме македонското политичко движење, туку целото знаење сме го имале ставено во служба и (жаложба на живот) во акцијата што ја планирале идеолозите на војната - тугинците и нашите послушници.

Особено, сега преку едно целосно и сеопшто истражување можам да си признам и потврдам дека: Сфаќањето, ставот, погледот за светот што го истакнуваше значењето на акција, на ангажманот во остварувањето на определени општествени задачи (особено политичките) нашите организации НОФ и АФЖ, целосно беа под надглед на овие горенаведени "Очуви" и безмилосни наредбодавци. Колку повеќе детали се анализирани за акциите на НОФ и АФЖ, толку повеќе се докажува дека Југославија со своите идеолошки потези се беше во полза на Грција и на западните сили спрема поделата на сфери на влијание и решенијата во договорот за ново повоено уредување на Земејната топка во Јалта на Крим, од 4 до 11 февруари 1945 година.

Истражувањата во овој труд се: од сферата на литературата и историографијата, има за цел да дадат одговор на повеќе прашања:

1. Како и зошто беше активиран македонскиот синдром преку идеолошкиот активизам над Македонците под Грција по Втората светска војна во Граѓанската војна (1945-1949) година?

2. Со каква стратешка цел ја организиравме НОФ и кој всушност не натера на воена опција, дали тоа беше наша стратешка цел или на тугинците организирана преку идеолошкиот активизам (Оперативци на стратешки задачи) со поданичка свест кои по половина век не принудија да водиме конфортабилна политика спрема Грција?

3. Дали Македонците под Грција преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено - политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна кога меѓународните државни граници на Грција и Југославија истовремено станаа и воени граници на двата табора?

4. Зошто ја отфрливме алтернативата со која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за сочувување на сопствениот исконски македонски простор - нашето прадедово парче земја?

5. Граѓанската војна (1945-1949) остави мирис на крв, палеж и завршен живот за нас староседелците - МАКЕДОНЦИТЕ.

Авторот
Скопје, 1995

ПРЕДГОВОР

Политичките манипулации спрема Македонците под Грција, од страна на КОМИНТЕРНАТА и комунистичките партии (КПГ; КПБ и КПЈ) низ годините на војните (1940-1950) и талкањето низ полвековниот молк по Балканскиот Пакт од 1953 година, доведоа до тешки последици кај Македонците под Грција кои беа регрутирани (со насилни мобилизации) како идеолошки војници (“корисни идиоти,, ), за да им бидет жртви на нивните итереси и како конечен резултат не само што не им беше

признаен политички идентитет, туку ги фрлија во тотална маргинализација и политичка дискриминација, (фрлени во идеолошкиот отпад), врзани за социјалата;посакувајќи од нив да бидат идеолошки и политички верници. Денес сето тоа се одразува и врз целокупните национални интереси на Македонскиот народ.

Македонското прашање за нив, значи претставуваше, колку политички, толку и во етнички поглед еден огромен заплет, и затоа паролата за “Обединета Македонија” која по Втората светска војна немаше никаква реалност. Сите ние Македонците под Грција ја доживеавме надвор од своите родни огништа за навек. Да зборуваме за македонска стратегија дека сме имале ние Македонците под Грција за време на Граѓанската војна е надвор од контролата на разумот, туку треба да си признаеме дека со наша крв, тугинците си испишуваа големи истории.

Темата што ја начнав во мојата книга „(Само) жртвувањето на Македонците под Грција”, преку голем спектар на отворени дилеми, што се од витален интерес за нацијата, можат да се сублимираат во едно супстанцијално прашање: Дали во “Историјата на Егејска Македонија„ браниме револуција, или измамата за нашето (само) жртвување?! Има ли некаква веродостојност во тоа, дека кај нас, Македонците под Грција, божем постоела нова концепција за глобално разрешување на македонското прашање по Втората светска војна, или пак произволно без јасна концепција се (не) приклучивме (чија) кон апсурдната самоубиствена стратегија за социјализам во Грција и не искористија “по комунистически” во измислената стратегија на туѓинците за “Советизација на Балканот”, или нешто друго? Но, треба да знаеме, дека десницата - власта на грчката држава, оваа војна ја нарекуваше со терминот „Антисиморикон агон” (Бандиска војана) што владините сили од 250.000 војници модерно наоружани, не ја водеа со термонот “Граѓанска војна”. Објективно гледано, повеќето од историографите за самата војна (борба) имаат напишано дека таа војна била “Партизанска борба од 90% насилно мобилизирани селани под раководството на КПГ”, а за вољa на вистината ние Македонците кои учествувавме со 50 - 60% во

ресурсите на ДАГ, бевме селани поведени од НОФ и АФЖ во таа војна.

Проблемот изгледаше компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Ние, Македонците под Грција,отсекогаш бевме под надглед или во режија на црногледи антимакедонски концепции; но факт е дека ние никогаш не си посветивме доволно внимание на себеси, на нашите витални интереси,туку повеќе се надевавме дека нашиот национален проблем ќе ни го решат големите “браќа” по идеолошка припадност.

Денешните сознанија говорат, дека многу сили сторија се - македонскиот народ едноставно да го снема од Грција, неговиот автохтон глас да го заглушат. Таквите зафати беа најевидентни по Втората светска војна. Но, токму тука се поставува прашањето: што направивме ние во еден таков виуличав метеж, по строгата поделба на сфери на влијанија помеѓу двата табора и веќе по спуштената “железна завеса”? Исто така зачудува и фактот, што дури и по создавањето на македонската држава - кога пред светот стоеја две суверени држави: Грција и Југославија и кога веќе беше обеспредметена идејата за обединување на Македонија и на Македонскиот народ под Грција активистите му пропагираа да се дигне на Револуција, која им “одговара на историските потреби” и која се темели врз вековните традиции. Но, многу јасно покажуваат историските причини, дека Македонците не можат да ја остварат таквата политичка опција. За остварување на таквите политички намери организаторите се погрижија да ги фиксираат и да ги институционализираат, па за таа цел на 23 април 1945 година во Скопје беа конституирани организациите; НОФ; АФЖ и НОМС и преку нив на народот му се искажуваше “стратешката определба” со највжештен воинствен повик: “Сега или никогаш!” Тоа се правеше во периодот кога владееше идеолошката сила на туѓинците. Туѓинците, не им дозволуваа на Македонците да негуваат здрав национализам, туку тие од Македонците бараа поданичка свест, а без свеста на нацијата, невозможно е да се знае како да се создаде стратегија за сопствената земја. Значи, безпрекорно сме ја остварувале

стратегијата на туѓинците. Па според тоа и факт е, дека ние Македонците (во интегрална смисла), не можевме да се видиме себеси. И не треба целокупниот товар да се товара само врз оние активности, кои што директно со народот влегоа во самиот пекол. Потоа настапи и времето, кога по многу прокламираната “наша автентична револуција”, по директива на КПЈ и КПГ го “направивме доброволно”, познатото “единство” и не “убедија” дека “КПГ не води по патот, кој математички е најдобар” и дека таа ја содржи магичната сила. А сето тоа беше само во корист за нивниот опстанок, а по цена на нашите национални интереси, во прилог на социјализмот во Грција. Потоа им поверувавме дека НОФ и АФЖ останаа како “носители на највозвишените идеи и идеали на нашите традиционални востанија”; но од сето тоа се покажа, дека тие наши луѓе, НОФИТИ и АФЕЖИТИ, имаа само титули без власт и низ целиот тој период на времето за нив; се друго беше строго, канонски и догматски подредено до беспоговор и слепа послушност, изложени на вграден сомнеж, принудени постојано да ја докажуваат својата верност.

Интересен е молкот на НОФИТИТЕ И АФЕЖИТКИТЕ, кои грчевито кај Македонците ја пропагираа воената идеологија на некој од очувите на КПЈ и КПГ, за масовно да го турнат македонецот во проектираното црвено губилиште и да доживееме геноцид и прогон од своите родни огништа, сите тие по завршетокот на Граѓанската војна, молчат како залиени.

* * *

КПГ и ПДВ и Штабот на ДАГ и даваа доминантен белег на партиската и грчката политика, едноставно сега Захаријадис кадровските решенија ги прави според критериумот, личната верност и послушност, за личности кои без својот партиски активизам и без сервилност што требаше да ја поседуваат би биле целосно анонимни, а своите права остануваше да ги бараат преку цврсто врамените партиски правила.

Ние Македонците и ден - денес не можеме да разбереме, дека КПГ, правеше толку, колку што не ќе и забележеше грчката државна односно режимска власт, спрема нас Македонците

како староседелски народ кои тредиционално и со векови живеел на својата етничко - исторска територија, која по поделбата на етничка Македонија (1913) во рамките на грчката држава стана угнетен народ и третиран како малцинство кое нема право на поново обединување со својот матичен народ и право на самоопределување. Но, ете, сведоци сме, дека КПГ не го бранеше така македонскиот народ под Грција, туку го бранеше тој минимум програм како за сите малцинства што се создадоа и живеа на туѓа етничко - историска територија и за целиот тој период на време КПГ и владината политика не третираше како малцинство на етничко - историска грчка територија и по извршениот геноцид во Граѓанската војна не исфрлија од родните огништа без право на враќање, ако не се декларираме како "Грци по род", а КПГ се до ден - денес остана како набљудувач на судбината на Македонците кои најмногу и веруваа.

Таквите политички манипулации од КПГ и КПЈ не можеа ни да останат без сериозни последици, и тоа не само врз нивниот интегритет, туку тоа се одрази и врз целокупноста на македонскиот народ, бидејќи преку нив народот го прифати ритамот на глобалната индоктринираност, се додека не се престроивме во редовите на КПГ, односно ДАГ, во типични идеологизирани војници, што значи: бевме војници за борба против империјализмот во Грција, а не војска на нашата автохтона револуција (што беше прокламирана на почетокот додека траеше мобилизацијата). И сега веќе бевме на работ на нашиот биолошки опстанок, испречени спроти армијата која што располагаше со оружје од највисоко технолошко рамниште, раководена од американскиот генерал Ван Флит специјалист за герилата. Така, како логичен резултат, на заблуденост од туѓинците, со најпримитивна политика спрема сопствениот народ, на сцената стапуваат повеќестраните форми за нашата испроектирана селекција (геноцидното чистење) што значи од таквите замаскирани стратешки сили беше всушност направено се да не натераат да се одважиме и да ја браниме правдата со оган и меч. Ете како беше доведен Македонскиот народ во една трагична историска ситуација меѓу погоре изложеното и саможртвувањето за барањето на националните цели под присилно наметнатата улога на идеолошките војници.

По таквата катастрофа, КПГ, за да го релаксира политичкиот набој, ги обвини сите тие, кои си ја извршија својата "света" задача; тие, што го кренаа народот на како што ја нарекуваа револуција. А кога ситуацијата ги имаше сите знаци на трагедија тогаш се виде и растот и падот на идеолошките активисти. Но, апсурдот е во тоа, што тие не беа казнети од противникот, туку од самиот сојузник, со кој до вчера гинеа за иста цел да го победат империјализмот и да воспостават социјализам во Грција. Сега веќе тука, за нас Македонците, важеа идеолошките системи на туѓинците. Меѓутоа ништо чудно, кога последиците од таа Граѓанска војна политички се експлоатираа како на кому одговара; а со тоа се продолжи и во историографијата и во литературата, која е напишана поради тие мотиви.

КАКО И ЗОШТО ДОЗВОЛИВМЕ И ИМ (ПОВЕРУВАВМЕ) НА ДОСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАЛА АЗИЈА ДА НЕ ВОДАТ ВО ВОЈНА ЗА ЧОВЕЧКИ ПРАВА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА!?

Истражувањата во оваа студија за феноменот на идеолошкиот активизам врз Македонците под Грција, според тоа покажаа, дека овој феномен ги потисна националните интереси во втор план, бидејќи на комунистите не им требаше самостоен и горд Македонец (во форумите на КПГ: Централен Комитет, Политбиро и воено - политичките функции од висок ранг, немаше ниту еден Македонец), туку послушни идеолошки војници. А веќе со тоа КПГ и легитимно ја одобруваше политиката на геноцид, што ја спроведуваше грчката држава на најбрутален начин за измена на националниот состав. Според тоа нивната заедничка цел е да станеме национално малцинство во својата земја; да ни се измени националната физиономија што е правено, во периодот 1924-1935 година, кога грчката влада врши геноцидни зафати над Македонците, со населување на шестотиниијљадното туѓо население, со промена на топонимите на градовите и на селата, со промена на личните имиња, а КПГ во својата програма го имаше завземено ставот: "Обединета и независна Македонија". Меѓутоа за сето тоа, и за се друго, што ни се правело, се до ден - денес КПГ не

проговорила ништо. Додека нејзината основна цел сето време беше, што повеќе Македонци да регрутира во своите редови, а потоа да ги жртвува за “ставот на партијата”. За да можат потоа да ни се заканувaат за сметка на нашето македонско национално, самосознание, а со тоа да биде доведувано во се подлабока криза и македонското самочувствување, за да не оставиме белег на нашата сопствена политичка традиција.,,

Идеолошкиот активизам, меѓутоа, не само што доминираше низ ветриштата на војната, туку тој се изрази и во македонската историографија (за Македонците под Грција) во своевиден историски македонски позитивизам, што покажува, дека и нашата историографија во својата акрибија и политичка апатија ја дозволи вторичната бескрупулозна агресија сега веќе врз свеста на македонскиот човек, преку идеолошкиот активизам, да се гради и взаконува идеолошката позиција како коренит и појдовен историски фактор во минатото за Македонците под Грција. Но, тоа е и доказ за трагедијата, предизвикана од апсурдната војна на туѓите стратези, во која како војна немаше кодекс на однесување, туку преку насилната идеолошка индоктринација над нашиот обичен човек (вткајувајќи го националното во една визија на космополитизам), кој беше принудуван да се спротивставува исклучиво како идеолошки субјект (стратешки фактор во планираниот геноцид). Се покажа дека геноцидот навистина ќе се оствари, доколку жртвата соработува со екзекуторот. А резултатот беше ако не пожесток, тогаш барем еднаков со насилните преселби на народите.

Ете зошто се поставува прашањето: Дали ние Македонците под Грција, веќе со членувањето во КПГ влегувавме во конфликт, кога би го поставиле прашањето за обединување со другите делови на распарчената Македонија!? Одговорот е: ДА!

Зошто? Затоа што по измената на етничкиот состав на населението што беше стратешко прашање на грчката држава и не беше само несреќна преселба на колонистите - (Маџири), но и најбитното е дека на чело на КПГ дојдоа тие колонисти кои никогаш не би посакале да се одвојат од матицата Грција пред се затоа тие добија тапија од македонската земја со нивното

доселување и сега да се најдат во т.н. Обединета Македонија во некаква балканска федерација.

Што значи, покрај рамноправност КПГ во својата програма не нудеше ништо друго и ете зошто идеолошкиот активизам под диригенство на туѓинците донесе големо зло.

Во прилог кон оваа вистина ја ставив во функција сета фактографија од трагичната и голема суровост на животот, која покажува во колкава мерка бевме толку долго и насекаде потурнати и неподобни. А тоа значи дека само во потполност им се оствариja целите на туѓинците, преку далекувидната проекција да сотрат еден национален македонски потенцијал, што со векови живеел и се борел за самостојност на своите прадедови огништа, а да уништат за тоа секој вид трајно сведоштво.

ДАЛИ СНОФ, НОФ, АФЖ И НОМС СЕ СОЗДАДЕНИ СЛУЧАЈНО?

Уште на почетокот сакам да потенцирам: "Само лаици можат да веруваат дека се што се случувало во Граѓанската војна (1945 - 1949) било случајно!"

По поделата на Македонија (1913), се велеше дека Македонија стана буре барут на Балканот, кое во секој момент може да експлодира. Како и Зошто? Затоа во политиката, исто како и во животот, ништо не е случајно.

Во оваа книга е опишана скриената историја; за сите македонски поделби и расколи, посебно за годините 1940 - 1949 во кои ние Македонците под Грција доживеавме геноцид и ги изгубивме за навек нашите родни огништа.

За нас Македонците под Грција, во политиката немаше ништо случајно. Се беше зацртано во грчката стратегија, испланирано, со денови, месеци, па и со години по поделата на Македонија во 1913 година. Грчките стратези имаа разни варијанти за обезмакедончување на дел по поделата што им припадна под нивна власт. Доколку не успее првата, се активираше вторта,

третата и независно од кои се прави; Левите сили или државната политика која имаше политички систем на ,,Конвенционална држава,, (Еден крал, една нација, еден јазик и една црква), од сите да направи ,,Грци по род.“

ПО ПОДЕЛАТА НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНЦИТЕ НАЈСУРОВИ И ГЕНОЦИДНИ ЗАФАТИ ГИ ДОЖИВУВААТ ОД ТУГИНЦИТЕ

Во целиот период на владеење, ретко се оставаше простор за грешка или превид. Историјата на левите сили покажа дека моќниците најчесто своите грешки настојуваа да ги маскираат, да ги прават помалку видливи, прекриваат со превезот на заборавот. Тоа го покажаа во текот на Втората свеска војна и Граѓанската војна. Суровоста на животот растеше, неподносливата омраза кулминираше кон Македонското население.

Истражувањата покажаа како и зошто токму од левите сили се уништени Комитите, и потоа организирана е и Граѓанската војна (1946 - 1949) години. Прикажани се тајните на владеењето, фактите што ретко се запишани во историските книги и како е прикриена вистината.

Во целата таа ударна идеолошка групација во уништувањето на костурските комити беа најистакнати - македонците комунисти здружени со маџирите доселеници (1924) од Пондија, во костурските села и се преставуваа како горди Интернационалисти. Каква иронија е тоа, левицата ја уништува македонштината и ги исполнува стратегиските цели на грчкото кралство, кое одамна врши геноцид над Македонците и има само една цел: ,,Грција да ја престави како држава; која има една нација...“

Исходот ни покажа дека само Костурските Комити се раководеа од делото на Делчев и на македонските дејци - (ако треба умри за Македонија). И токму тоа ги натера да создад своја македонска војска и не сакаа да им бидат потчинети; ниту на било кој ОЧУВИ илӥ ΨΥΧΟΠΑΤΕΡΙ дали е од грчката власт,

или од комунистите (Интернационалисти) и затоа беа уништени.

Во историјата ќе остани забележана стратегијата на вечната желба: враќање на идентитетот, јазикот, заштита на семејство и стопани на своето прадедово огниште.

Прво: Комитите, како прави синови на својата македонска замја го воведоа македонскиот јазик (со костурскиот дијалект);
Второ: Се отворија црквите и се вршеа сите обреди на македонски јазик (крштевки, венчавки и закопи);
Трето: Месната милиција им се обраќаше на мајчин јазик.

* * *

ЛИДЕРОТ НА КПГ, СЈАНТОС ПОБАРАЛ ПОМОШ ЗА УНИШТУВАЊЕТО НА КОМИТИТЕ ОД КПЈ И СЕ СРЕТНАЛ СО ЦРНОГОРЕЦОТ ТЕМПО

Во разговорите Сјантос со Темпо во август 1943 година, Сјантос го прифатил барањето на Темпо во Егејска Македонија да се создадат специјални единици кои својата агитациона пропагандна работа ке ја водат на македонски јазик. Ете како била измислена првата мамка: Конкретно СНОФ беше организирана, но не од Македодонците. Никој не се ни запрашал зошто?

Неодамна читав една книга, која ме предизвика од насловот, односно поднасловот кој гласи: - “Македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на македонија, јануари 1944 година” од Д-р Литовски Александар. Тој пишува: стр. 233 “...во третманот на македонското национално прашање во егејскио дел на Македонија веке се институционализира македонското движење од Егејскиот дел на македонија преку СНОФ.” На страница 236 пишува: “Всушност, при разгледувањето на политичко - пропагандно дејствување на СНОФ може сосема јасно да се забележат две доминантни насоки на дејствување. Првото дејствување во насока ма привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ, и второ, дејствување во насока зацврстување на

одделниот македонски национален идентитет во Егејскиот дел на Македонија.

Се стаписав и замолчав; и од првиот и од вториот став!?

Старите велеа: “Секоја замисла е лесна кога не се зема предвид суштината - стварноста.”

Овој наш автор д-р Литовски, зарем не знае дека СНОФ ,,Славомакедонци,, преставува племенски атрибут?

Нема потешко за Македонецот, кога македонската наука и по толку години (пола век) го тера да им ги слави измамите на тугинците: Сјантос и Темпо како преставници на левите сили - КПГ и КПЈ. Тие со право гледаа на нас Македонците како на ,,Корисни идиоти,,.

* * *

ФАКТ Е ТАКВИОТ ЧИН ПРЕДЛОЖЕН ОД ЛЕВИТЕ СИЛИ ГО ПРИФАТИЈА И МАКЕДОЦИТЕ КОМУНИСТИ И ЕЛАСТИТЕ, НО НЕ И КОМИТИТЕ МАКЕДОНЦИ

Гревот и грижата за нас Македонците - прекрстени во ,,Славомакедонци,, односно манипулацијата, ја плативме и ние борци во Граѓанската војна 1946-1949 година!!??

Дали навистина КПГ (Грчките комунисти) отстапуваа и беа против расистичките и асимилаторските закони, донесени од грчката влада во врска со нас Македонците Под Грција?!

Не! Но, не само СЈАНТОС како секретар на КПГ, туку и ТЕМПО преставни од (КПЈ) на Грците им го потврди тоа со предлогот за создаванието на СНОФ. Зарем Темпо не знаеше дека Македонците во вардарскиот дел се само Македонци, а не ,,Славомакедонци,, и дека со тоа се обезличува македонскиот идентите?!

По Првта светска војна Грците за македонците смислиле ново име ,,СЛАВОМАКЕДОНЦИ,,. Убедени дека вистинските

Македонци се Грци (Оваа теза ја пропагираше костурскиот Владика Каравангелис), овој пат не дозволиле никакви остапки и при утврдувањето на етничкиот идентитет на Македонците зборот македонец е заменет со „Славомакедонц„.

Името „Славомакедонци„ е промовирано при изготувавањето на етничката карта за македонија во 1918 година од страна на Сотиријадис, кој по потекло е Грк. Утврдувајќи го новото име за Македонците, грчките научници... (види повеќе во книгата - Македонија не е грчка), од турскиот генерал полковникот Ердоган Ознал.

По предлогот на Темпо (КПЈ) и согласноста на Сјантос (КПГ), но не и на Македонците - СНОФ (Словеномакедонски народен ослободителен франт) се формира на 20 октомври 1943 година во селото Сничани, Костурско од секретарите на обласниот комитет на КПГ, за западна македонија од - Христос Калфас - Андреас и секретарот на окружниот комитет на КПГ за костурско Андонис Андонопулос - Периклис, како и секретарот на окружниот комитет на КПГ за кожанска, Тансис Карцунис.

Сето тоа беше со умисла да ги разбијат и привлечат комитите со уверување дека веќе формирани се македонски организации. Така сега во Македонија под Грција, имаме - „Славомакедонци„ - (Комунисти), Еласити и Комити.

Уште веднаш по своето создавање, славомакедонски батаљони добиле задача да пристапат кон ликвидацијата на комитските формации. На 21 август 1943 година Костурскиот батаљон нападнал неколку вооружени комитски села и успеал да разоружа голем број комити.

Кон крајот од август околу 300 комити од костурско стапиле во лерински - костурскиот македонски батаљон кој припаѓаше во составот на ЕЛАС и под команда на капетан Маркос. Капетаниос Маркос, од македонските батаљони бараше прекомандување кон Епир со нови задачи.

По добиените закани од грчките комунисти, спрема Македонците кои беа организирани во СНОФ и откажаа од

командата на ЕЛАС, еден поголем број еласити - само Македонци, (но сега не и Маџирите), го напуштија народот и своите родни села, пребегнаа во Југославија и на 18 ноември 1944 година во Битола ја формираат “Егејска бригада” и беа распоредени во југпсловенската армијата на Тито.

КАДЕ ИСЧЕЗНА ПОЛИТИЧКАТА СТРАТЕГИЈА НА СНОФ, НОФ И АФЖ ШТО ЈА ПРОПОВЕДАА ПО СЕЛАТА НАД МАКЕДОЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА?

Незадолството на некои македонски комунисти - Еласити, водени од својата сервилна свест и несватлива поданички порив, сега кои преминаа во Југославија, се обидоа да го одбранат неодбранливото: уништувањето на Комитите и напуштањето на родниот крај, конкретно на Македонија под Грција.

На 23 април 1945 година во Скопје, од пребеганите борци од Македонија под Грција и подолго се раководеа од КПМ/КПЈ, но никогаш јасно и отворено не се објасни кои стоеше зад овој чин. И конкретно, дали овој потез беше фатален за нас Македонците под Грција?

Истражувањата покажаа дека сите членови на НОФ и АФЖ беа ограничени со државничко лидерски потенцијал и дека КПГ и КПМ/КПЈ лесно манипулираа со нив и беа користени во селата само за нивно претворање во послушни и извршители на точно зацртаните цели и задачи дадени од “Озгора„. За брзо време НОФИТИТЕ и АФЕЖИТКИТЕ, по селата станаа најсилни центар за СОЗДАВАЊЕ ИДЕОЛОШКА МОЌ. Факт е дека токму во тој период на време, немало поприфатливи од таквите идеолошки активисти. Таквата акција на КПГ и КПЈ во текот на целата историја не се памти, а практички се покажа дека им беше потребна таквата провокација посурувоста на животот и омразата спрема грчките власти и тоа им овозможи да се турни македонскиот народ во војна.

Токму во тоа време, ако погледнеме малку подлабоко и пошироко, некои настани веќе беа навестени Од “Големите сили“ на конференцијата одржана во Јалта на Крим, од 4 до 11

февруару 1945 година. Односно направен е договоро за ново повоено уредување на Земкината топка. Според тоа, со таквата подела на сфери на влијание, според тоа трите сојузни држави (Америка, Англија и СССР) отворено ги обелоденија своите општи цели и претензии, така што Грција подпадна под влијание на Англија и Америка и токму тоа траба да го сфатат НОФ и АФЖ дека нашата македонска крв ја леевме за да бидеме ископачени со планираниот ГЕНОЦИД за што молчиме 70 годин. Зачудива фактот, сите тие актери ниту помислуваат да ја преземат ИСТОРИСКАТА ОДГОВОРНОСТ.

Се поставува прашањето: дали македонската историја, до денес јасно кажа:

"Како и од кого ние Македонците под Грција добивме потик за војна, (токму по Втората светска војна) во годините на Граѓанската војна (1945 - 1949), а бевме злоупотребени и терани да се саможртвуваме за туѓа идеологија од регрутираните "корисни идиоти" политичари и граѓански активисти (на КПГ и КПМ/КПЈ), кои имаа основна функција да произведуваат уплашена и дезорганизирана маса на обични селани, само со една цел масовно да ги турнат да учествуваат во конфликтти и војна.

* * *

Конкретно: истражувањето е вршено за костурскиот регион; како и зошто, со нашата македонска не грижа, направивме се; од вечниот македонски Костур Леринскиот и Воденскиот да стане загубена татковина.

Македонците под Грција, добро го познаваа Грчкиот фашизам, уште од 1913 година, се до овие години како маршираше и беснееше. Во целиот тој период на време, комунистите (Ја сочинува доселениците од Пондија и беа водачи на КПГ) не понудија нова прогресивна визија за вистински соживот со Македонците, туку тие потхрануваа со нова доза на омраза и од Македонците се бараше, катадневно нови жртвени јагнења.

Положбата на Македонците (членови на КПГ) во тие години бевме поразително. НОФ и АФЖ мораа да молчат. Сервилноста пред мокниците на КПГ и покасно пред КПЈ, царуваше, глупоста се прогласуваше за мудрост, членувањето во КПГ за доблест, а во суштина преку идеологијата беа третирани како регрутирани корисни идиоти. Тоа се потврди од КПГ и од КПЈ.

По истражувањето дилемата е: дали тогаш кај Македонците воопшто имало востанички дух? Мора да бидеме свесни за вистина. Да ги отфрлиме лажните престави за Егејска Македонија создавани за туѓи потреби и туѓи интереси, тоа денес е факт.

* * *

Кои беа водачите, како и од кого беа создадени и раководени организациите СНОФ, СНОВ, НОФ, АФЖ и НОМС и од кого беа строго контролирани и која им беше целта на тугинците? Тие имаа за цел да се подгрева страста на Македонецот и агитираа за подемот на комунизмот кај обичните македонски селани!? Зошто токму тие обични луѓе ја платија сметката?! Доживееа геноцид и за навек останаа по светот и само затоа што не биле “Грци по род”?!

Овие историски вистини можат да вознемират и обеспокојат, за тоа што за нас Македонците тоа е новост, изминатите 70 години и токму поради извршениот геноцид над Македонците, многу ретко нешто ќе се кажеше, но не и правата вистина

Идеолошката офанзива на левицата, со својот космополитизам (против македонската национална свест), страшно го разниша македонскиот староседелски корен и ја спаси грчката стратегијата да остане конвенционална држава: „Еден крал, една нација, една црква, еден јазик” на кралството на Грција, а од нас Македонците направија Тлкачи, и да се саможртвуваме.

Несфатливо е и ден - денес, како Македонците комунисти кои биле во редовите на ЕЛАС да учествуваат во „БРАТОЈАДСТВОТО„ уништувањето на Комитите!? Комитите преставуваа една компактна целина, организирана од 64

костурски села, со повеќе од 9. 800 вооружени македонски комити, кои застанаа храбро и достоинствено против грцизмот и не сакаа да ја прифатат елинизацијата и да се откажат од националниот идентитет и името Македонци. Наместо тоа да го валоризираме како национален отпор, во нашата историја го оцрнавме преку сите можни идеолошки етикетирања. Но, што е за чудо, и во новиот поход (Граѓанската војна 1945 - 1949), скоро со истите команданти (Маркос, Химарос, Аријанос и др.) кои ги уништија Комитите, Македонците пак насилно и масовно беа ангажирани од КПГ дури и остатокот од сите тие комити што останаа живи или нивните синови, но сега како “подобни синови” на КПГ!

Во историја наша појавата на комитите е неверојатен миг на македонската стварност, на место да имаме почит и достоинство спрема сопствениот народ, ние постојано влегуваме во политички игри со тие, кои најмногу го носеа гревот за уништувањето на костурските комити. Комитите беа против нашето мутирање: на името во Славомакедонци и во идентитетот во Словени и тоа не само од страна на грчката држава, туку и од комунистите на КПГ. Тие, тивко, нечујно, безболно и привремено организираа СНОФ, кое траеше (кратко) до уништувањето на комитите.

Ако земеме предвид, дека во светот, нема нација која срушила нешто што било создадено (автохтоно) од сопствениот народ, тогаш ние Македонците сме први! Токму за гревот што ги уништивме македонските комити, а потоа комунистите Македонци по Граѓанската војна, се најдоа протерани како не грци по род…

Но, треба да знаеме, дека комитите се тие кои ја доживееја најстрашната дискриминација од грчката држава што ја спроведуваше спрема Македонците, дури и пред да се родат, а од родната (сопствена) историјата се заборавени, па дури и непромислено анатемисани. Поделбите на “фили” или “мани”, кои во повеќето случаи вештачки се одржуваа (потикнувани од туѓинците) срамно и понижувачки зборува за македонскиот народ.

Прашањето е: Кој ни то организира Братојадството?! Зошто, како и од кого ние Македонците сме прекрстени во Славомакедонци!? Од народ со историја, јазик и култура и своја земја не направија со племенска одредница - Славомакедонци!?

Значи, во овој период на време (1930 - 1949), со нас Македонците (Доморoдците - Ендопите - староседелците) манипулираат левите сили - КПГ и генетски не модифицираа во “Славомакедонци” и тоа важи за комунистите, а за комитите - им препишуваат, дека тие се Фашисти и треба да се уништат!

Кои беа левите сили и раководеа со КПГ и со органите на партијата? Тие беа луѓето што беа донесени по размената; со Турција и Бугарија, т.н. Просвиги од Пондија, односно Маџири.

Така Комунистите, работејќи на тој проблем, како што им требаше, во тој период на време, го направија СНОФ, со цел да изврши разоружување на комитите - Македонци.

Мамката беше, што дури на Македонците комунисти им дозволија да оформат во склопот и под команда на ЕЛАС една воена единица која се викаше СНОВ - (славјаномакедонска ослободителна војска), што за комитите преставувала сериозна мамка.

Ако направиме еден пресек на историските настани; со цел да откриеме: дали Македонецот решавал за судбината на својот народ во годините (1940 - 1949)!?

Одговорот е не. Во годините 1945 - 1949 година, се јави нова реалност, која мирисаше на крв и омраза и пред се го зафати секое село во егејска, Македонија и сите до еден Македонци беа заразени од омраза и гнев. Идеолошките Јунаци, без да им трепни око посегнуваа по туг живот со оправдување како компензација. Таквиот краен апсурд продолжи дури и во Граѓанската војна (1945- 1949) и на крај се најдовме надвор од татковото огниште…

Зошто само во Македонија отсуствуваше организирано политичко движење што би ги артикулирало желбите и барањата на Македонците?

Одговорот е банален: немало луѓе што мислеа МАКЕДОНСКИ!

Едно од прашањато е:

Кој ни то организира Братојадството?! Зошто, како и од кого ние Македонците сме прекрстени во „Славомакедонци„!? Со племенски преѕнак!

Значи, во овој период на време (1930 - 1949), со нас Македонците (Домородците - Ендопите - староседелците) манипулираат левите сили - КПГ и генетски не модифицираа во "Славомакедонци" и тоа важи за комунистите, а за комитите - им препишуваат, дека тие се Фашисти и треба да се уништат!

Така Комунистите, работејќи на тој проблем, како што им требаше, во тој период на време, го направија СНОФ, со цел да изврши разоружување на комитите - Македонци.

Мамката беше, што дури на Македонците комунисти им дозволија да оформат во склопот на ЕЛАС и нивна команда, една воена единица која се викаше СНОВ -(славјаномакедонска ослободителна војска), што за комитите преставувала сериозна мамка.

Ако направиме еден пресек на историските настани; со цел да откриеме:дали Македонецот решавал за судбината на својот народ во годините (1940 - 1949)!?

Првите прашања се:

Како и зошто го изгубивме своето прадедово огниште во Костур и Костурско? Лерин и Леринско, Воден и воденско и т.н.

Од национален апсект, тоа не е смрт на еден дел од нацијата и не само на Костурчани, туку е загуба на Македонската нација, затоа што тоа е геноцид!

Преку историските настани, ќе откриеме дека Македонецот не решавал за судбината на својот народ во годините 1940 - 1949 година, туку решавале тугинците.

Истражувањата покажаа дека идеолошкиот активизам над Македонците под Грција (1940 - 1949), дека ние Македонците се саможртвувавме за туѓи стратешки и политички интереси, а тоа беше - наша историска бесмисленост; со наша крв да си испишуваат големи туѓи истории. Но најжалосно е што има уште многу Македонци кои не сфатија дека војна без пропаганда нема, и таа војна уште ја нарекуваат: „Револуција и Македонците во неа учествувале доброволно...“

Жалосно, ние Македонците немавме никаква стратегија се до извршениот геноцид над нас во Граѓанската војна, а нашата историја дури и денденес, не замајува со разни филозофии; наводно разни македонски организации, делувале се до Втората светска војна, а повеке од јасно е дека никогаш по Илинденското востание ние Македонците не го кренавме гласот против грчкиот стратешки зафат за измена на етничкиот состав на населението во тој македонски дел - Маџирите со самото населување грчкта држава им даде Тапија од македонската земја.

И затоа, денес историјата за Егејска Македонија и Костур ја пишуваат доселениците... од Пондија.

Токму во годините 1940 – 1949 г. исклучиво доселениците (Маџирите) го активираат идеолошкиот активизам - особено доаѓа до израз на разни трендови на кампањи, виртуелни и вистински пропаганди војни, со суровост на жигосување, кое стана секојдневна работа на: комити, комунисти, еласити, гркомани и борци за обединета Македонија. А тоа допринесе Македонците одвнатре политички да бидат разјадени, предадени и насилно подврзани за идеолошки: ОЧУВИ од КПЈ (ТИТО, ТЕМПО, КОЛИШЕВСКИ И Ц. УЗУНОВ) и од Грците-

ΨΙΧΟΠΑΤΕΡΑΔΕΣ од КПГ (Захаријадис и Маркос) и токму во тоа време важеше паролата: ”Уништи го ближниот свој, ако нее комунист, тој е комита - фашист!“

Во целата таа ударна идеолошка групација во уништувањето на костурските комити беа најистакнати - македонците комунисти здружени со маџирите доселеници (1924) од Пондија, во костурските села и се преставуваа како горди Интернационалисти. Каква иронија е тоа, левицата ја уништува македонштината и ги исполнува стратегиските цели на грчкото кралство, кое одамна врши геноцид над Македонците и има само една цел: “Грција да ја престави како држава; која има една нација (сите се Грци по род), една религија, еден јазик...„

Исходот ни покажа дека само Костурските Комити се раководеа од делото на Делчев и на македонските дејци - (ако треба умри за Македонија). И токму тоа ги натера да создад своја македонска војска и не сакаа да им бидат потчинети; ниту на било кој очув или ΨΙΧΟΠΑΤΕΡΙ дали е од грчката власт, или од комунистите (Интернационалисти) и затоа беа уништени.

Во историјата ќе остани забележана стратегијата на вечната желба: враќање на идентитетот, јазикот, заштита на семејство и стопани на своето прадедово огниште.

Прво: Комитите, како прави синови на својата македонска замја го воведоа македонскиот јазик (со костурскиот дијалект);

Второ: Се отворија црквите и се вршеа сите обреди на македонски јазик (крштевки, венчавки и закопи);

Трето: Месната милиција им се обраќаше на мајчин јазик.

* * *

ДА ГО ПРОСЛЕДИМЕ: ЛИЦЕТО И ОПАЧИНАТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПОРАКИ:

1. Колишевски им порачува на раководството на НОФ и АФЖ дека: „Треба да им верувате и да ги слушате грките комунисти”!

2. Ц. Узунов - Абас: им гарантира дека ”Позади вас стои Југославија! “. Значи, сега им ги посочува новите (ОЧУВИ - ΨΙΧΟΠΑΤΕΡΑΔΙΤΕ: Маркос и Захаријадис) и тоа се агитираше се е до крај на Граѓанската војна (Македонците се саможртвуваа - се бореа, се самоископачуваа и за сите Македонци немаше враќање бидејќи несме биле „Грци по род”).

Дали ние Македонците под Грција ја знаеме вистината за себе? Ги знаеме ли нашите вистини? Ја знаеме ли кобната намера на туѓите државни стратегии за извршениот геноцид врз Македонците под Грција или тоа ќе остане тајна на столетието и до денденес ке си пишуваме секторска историја, таква каква му требаше на тие што ни го организираа геноцидот? Ке сватиме и по 70 години дека опција на НОФ и АФЖ предложена од КПЈ/КПМ дека беше фатална и ни донесе геноцид, но и за навек останавме со пуста желба за враќање на своите огништа?!

Сите тие (КПЈ/КПМ и КПГ) наредбодавци, добро знаеја: дека светот беше поделен на свери на влијање и Грција беше под влијание на западните сили, а Југославија беше 50% под влијание на Запад, а тоа се покажа дека политиката на КПЈ, помогна токму во интересот на Запад и на Македонецот под Грција му остануваше само да се саможртвува, бидејќи насилството и злото му беше секојдневие, поради локацијата беше токму тука на планинскиот масив: Вичо и Грамос.

* * *

Генераот на УДБА Јово Капичиќ, кој свесно и одговорно во име на Југославија од 1945 - 1948 година ја организираше и снабдуваше Граѓанската војна, само не кажа од каков интерс Југославија ја потпалуваше и сесрдно ја помагаше се додека не беа масовно турнати Македонците во таа војна преку своите

активисти НОФ и АФЖ (формирани од КПЈ), а потоа беа препуштени на КПГ.

Тој сега, по 60 години како заклучок вели: Дека во Грција никогаш не би можело да се промени општественото уредување и крвопролевањето било бесмислено!!

Затоа што Запад немаше никогаш да ја напушти Грција. Тоа е глупо, апсолутно глупа замисла. Затоа што не е договорено на Конференцијата во Техеран.

Повторувам: затоа што на Конференцијата во Јалта не било договорено Грција да влезе во источниот блок.

Тоа никогаш не било!

* * *

Балканскиот национализам, сите сме заразени, и едноставно треба да го разбереме:

БОЛЕСТА ПОКАЖУВА ДЕКА СИТЕ СМЕ ИСТИ - СИТЕ СМЕ ЛУЃЕ, НО ГЕНЕРАЛОТ НАЈВЕРОЈТНО ЗНАЕЛ; КОЈ ВО ТОА ВРЕМЕ МОЖЕЛ ДА ЈА ПОТПАЛУВА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА И КАКОВ ИНТЕРЕС ИМАЛА ЈУГОСЛАВИЈА. ТОЈ И СЕГА ВЕРОЈАТНО ЗНАЕ ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТОА ВРЕМЕ КОЛКУ МОЖЕЛЕ ПРЕД ТИТО, КАРДЕЉ И РАНКОВИЌ ДА ПОСТАВАТ ПРАШЊЕ

ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА!!??

НО, КОЈА Е СМИСЛАТА НА МОЛЧЕЊЕТО ПРЕД ИСКРИВОКОЛЧЕНАТА ИСТОРИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА!?

ДО КОГА ВЕРНОСТА КОН ТУГИНЦИТЕ (ОЧУВИТЕ)?

САКАМ ДА НАВЕДАМ ЕДЕН ПРИМЕР, КОЛКУ МАНИПУЛИРАА СО НАС МАКЕДОНЦИТЕ, А НИЕ ГИ СПРОВЕДУВАВМЕ НИВНИТЕ ЗАМИСЛИ:

1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ. Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржуааски сталеж, а ние Македонците за нив бевме само “Славофони”.

Неколку дена пред Новата 1945 година, во Скопје се одржува Второто заседание на АСНОМ, означено и како вонредно, на кое 'великанот' Јосип Броз не доаѓа. Го праша Словенецот Едвард Кардељ - Бевец. Магепсан од величината на гостинот, Колишевски понизно го слуша, а тој пак, без стеснување, на заминување му соопштува непријатни работи. Ближи крајот на војната, му рекол Кардељ на Колишевски, а со тоа ближи и денот кога ќе се поднесуваат сметки кој колку сторил. На сметката на македонија има Пет големи минуса: најдоцна почна со востанието, најудобно ја мина окупацијата, имаше најмали разурнуваwа, имаше најмалку жртви и, конечно, не учествуваше во ослободувањето на Југославија.

Лазо обезумен го прашува Кардељ, што да се прави. Овој ладнокрвно му вели: 'Првите три работи не можете да ги исправат. Затоа ОЗНА треба веднаш да почне да апси и да стрела, а вие да пратите голема единица на Сремскиот фронт'.

ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

Револуција или измама за (Само) жртвувањето на Македонците под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 и талкањето низ полувековниот молк по Балканскиот Пакт од 1953 година.

ПРИКРИЕНА ИСТОРИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

ИСТОРИЈАТА СЕПАК ТРЕБА ДА КАЖЕ, КОЈ ГО АКТИВИРА “МАКЕДОНСКИОТ СИНДРОМ“ ЗА НАШЕТО

## (САМО) ЖРТВУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ГОДИНИТЕ (1945-1949) ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА?*

Во ова куса анализа ќе се обидам да не елаборирам и да разглобувам сложени историски прашања, туку едноставно да покажам дали само уште за нас Македонците под Грција со полна сила ќе важи максимата: "Историјата не учи дека ние не учиме од неа" и само ќе набројам еден мал број елементи (факти), што треба да се познаваат, за да оформиме еден логичен историски тек и национално полезно становиште спрема нашата национална историја.

Дали ние, Македонците под Грција, по Втората светска војна, настан кој што човештвото ќе го памети по големиот број човечки жртви, по тешките разурнувања на добрата создадени со човечки труд, по патилата на несреќниците по концентрационите логори на Третиот Рајх изградени низ цела Европа и уште по многу други пакости и нечовештини го активиравме "Македонскиот синдром", или го сторија тоа некои други (туѓи пропаганди), кои што добро го познаваа нашето возвишено патриотско чувство? Дали не ни сугерираа другите да играме на воената опција, при што, преку разни "стратешки" потези, од нас се бараше што повеќе да ја вжештуваме положбата наша, која што потоа ќе ни донесе: нови (20.000 лица), човечки жртви и страдања, губење на прадедовите огништа (околу 80 села ги снема), нови етнички чистења и преселби на повеќе од 170.000 Македонци.

Зошто забораваме, дека за времето од 1940 - 1949 година Македонија под Грција беше претворена во арена на диви националистички пропаганди (во отсуство на македонскиот фактор) за да се придобие душата на понижениот и деградираниот македонски човек и за големодржавни интереси. Зошто им ја оспоруваме вината дури и на оние, кои што комплетно и авторитативно тврдат, дека носат вина за Граѓанската војна во Грција; како што е случајот со Тито: "Кога преседателот Тито ме прими пред моето заминување во Грција за Амбасадор, давајќи ми упатства за работа, ми зборуваше и за "македонското прашање". Суштината на неговото кажување

главно се сведуваше на тоа дека со Грција не треба да се води дискусија за тоа прашање, односно за Македонското национално малцинство во Грција, зошто гледиштата за овој проблем ни се сосема различни. Со големи напори, успеавме со Грција да изградиме пријателски односи, тоа не беше лесно по Граѓанската војна во таа земја, војна во која учествувавме и ние.” (Види: Фељтон во “Н.М.” од 8.02.1994 година, од амбасадорот во Грција М. Миљковиќ).

Мислам дека е неопходно што поотворено да се изнесат сите прашања, а тоа ќе биде доказ, пред се на зрелост, искреност и добронамерност за ред суштински прашања од нашата историја со продлабочување на историските анализи и објективизирање на соодветните историски настани и да се престане со бесмисленото уништување на македонското ткиво.

Впрочем, суштината за анализата на бедата е изнесена во мојата книга “(Само) жртвување на Македонците под Грција”, преку голем спектар на прашања, со што се бара од нашата историографија и од надлежните институции да одговорат. Меѓутоа “чуварите” на напишаната “Историја за Егејска Македонија”, со историска маскираност и која ги толкува исклучиво само историските факти, што беа во функција на релацијата СФРЈ и Грција, тие жестоко се бранат, игнорирајќи многу историски факти, а нивната логика е, ако човек нема прикачена титула, не може да покренува прашања, што се од витален интерес за нацијата. Но, се потврдува дека повеќето од овие “критичари” се од типот на гоголевите “мртви души”, и тие, (некој преку нив), упорно се измачуваат во пренагласувањето на маргиналните прашања и, со својата вродена аблепсија, секогаш спремни да адјудицираат и да бламираат со својствената вулгарна лексика без елементарна пристојност.

Несфатливо е, зошто овие луѓе, и кога не мораат, или немаат доволно конзистентни аргументи, прибегнуваат всушност кон отворено притиснување во заборав и премолчување на најбитните факти: како и зошто се дојде до геноцидот на Македонците под Грција. И така, осоколени од Сталинистичкиот Коминтернизам, тие одново се засукуваат во

нечиј стратешки интерес, во стилот “ние и никој друг”, инсистирајќи сето тоа да ја поприми смешната револуционерна гордост (како што досега е прикажана “Историјата на Македонците од Егејска Македонија”), изманипулираните и жртвуваните Македонците во таа трагедија, во која македонската судбина им беше препуштена да и ја решаваат други, тоа добро го знаат, и сега овие “чувари” на историјата, тоа се покажа дека се луѓе со идеолшка контаминација и поданичка свест, претставувајќи се како “Интегрални личности”, посакуваат да не тераат се уште да играме во сопствената драма и, за да биде прашањето поиронично, да се гордееме дури и со нашето (само) уништување, односно со нашиот национален пораз.

Со таквите импровизирани умозаклученија тие посакуваат да ги бранат досегашните вредности на историографијата (за Македонците под Грција); но, дали е тоа, сепак, достапна причина ние да молчиме, само затоа што нивните вредности не личат на нашите. Зошто и натаму посакуваат да владее само нивното пропагандно мерило? И зошто секој искрен интелектуален ангажман, секој критички осврт кон нивните слабости (дури промашени работи, во интерес на политиката) го толкуваат како политички атак врз историјата и, за да се одбранат, манипулираат со емоционалната тензија кај обичниот страдалник, а со тоа се завршуваат амбициите на овие без дарни “теоретичари”.

Но да се вратиме по редот на нештата. Бидејќи споменатите “критичари” во истовреме станаа многу појасни во нивната нејаснотија во врска со нашите (нивните) “борбени сојузници”: ЕАМ, ЕЛАС И КПГ - како што ни ги нарекуваат а всушност сите ние бевме само обични војници, како што беа и нашите татковци во малоазиската и во италјанската војна, што ги водеше Грција. Бидејќи, за да бидеме сојузници, потребно беше од нас нешто друго. Најпрвин од се друго да се изборевме да станеме политички субјект со едно македонско - ПРОСТУМ. А не со коленичење. Но, на тоа најмногу се противеа токму овие: Еамити, Еласити и Комунисти. Но, да видиме какви им беа нивните цели во програмите, што ги пролкамираа.

## 1.1 КОИ БЕА ТИЕ НАШИ СОЈУЗНИЦИ?

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт), формирана на 27 септември 1941 година која ја сочинуваа: Комунистичката партија на Грција, Земјоделската, Социјалистичката и народно - демократската партија, Општа работничка федерација, Општа федерација на државните чиновници, Организација на националната солидарност и претставниците на политичкиот, научниот и културниот живот на Грција. Покасно на ЕАМ и се приклучува напредниот дел на либералната партија. Од овој преглед, уште еднаш се гледа дека ние Македонците не сме им биле сојузници, бидејќи до тогаш не сме се имале изборено за некаков политички субјект во државата Грција, туку едноставно, доброволно сме биле само членови како граѓани на Грција, без белег македонски. Главно нивната програма се состоеше во следното:

А) 1. Прогонување од земјата на Германско - Италијанскиот и на Бугарскиот окупатор;

2. Воспоставување на интегритетот на Грција;

3. Самоопределување на Кипар, Додеканезите и еверен Епир. А каде сме ние почитувани Еамити?; и

4. Стратешко регулирање на северните граници на Грција (значи им требаше уште малку македонска земја на овие сојузници). Види: весникот “Махитис”, орган на комитетот на ЕЛАС од 10 февруари 1944 година, во коментарот: ЕАМ е националното прашање. Зарем и досега уште да не знаеме, дека во програмата на ЕАМ апсолутно ништо ништо не се предвидуваше за нас?

Б) Програмата на ЕЛАС* (Грчката народноослободителната војска), формирана во румели - како партизански одреди на 15 мај 1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со Цк на КПГ и ЕАМ.

Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржаски сталеж,

а ние Македонците за нив бевме само “Славофони„ никакви борбрни сојузници, туку пак само живи војници, како и нашите татковци во предходните војни. Ние, за тој период можеби погромко ја пеевме “Емброс ЕЛАС гиа тин Елада„... и ништо повеќе. Но, има уште еден непобитен факт за секој што бил ЕЛАСИТИН, и не терба да заборава дека дал свечена заклетва. Види О ОРКОΣ του ΕΛΑΣΙΤΗ. Ќе се бори за ослободување на татковината - Грција и заштита на интересите на грчкиот народ...

*ЕЛАС - ЕЛАСИТИ се потпиша спогодба со која ја потчинува својата команда под англиска за Блискиот и ка се викаа “припадниците на оваа војсандартес” и што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против македонскиот народ од постилинденскиот период на грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират грчкото влијание.

На 6 април 1941 година во истовреме Германија изврши напад против Југославија и Грција и сега во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи, а на 27 септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (Народноослободителен фронт) и го повикува целокупното население на Грција на отпор против фашизамот и за таа цел на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараат да се организира ЕЛАС (Грчка народноослосбодителна војска) и дури на 15 февруари 1942 година се појавуваа воените единици на ЕЛАС, Елаити. Во костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7.12.1942 година и го сочинуваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца Власи.

ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70.000 еласити, но на 16 јули 1943 година, раководството на Елас и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, а на 12 февруари 1945 година.

(ЗАКЛЕТВАТА НА ЕЛАСИТИНОТ: “Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување, стабилноста и независноста на Грција. За зачувување на интегритетот на грчкиот народ и воспоставување

поредок и ред на основните човечки права. За оваа цел ќе се починам на дејствијата и решенијата од наредбите на ПЕЕА и ќе ги извршувамсовесно и дисциплинирано, сите наредби и упатства од претпоставените и ќе ја одбегнувам секоја постапка што ќе ме прави недоверлив како личност и како борец спрема грчкиот народ.”)

На 16 јули 1943 година Командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на командата за Блискиот Исток. Се поставува прашањето:дали 40.000 -те иљади Македонци еласити (како што ги наведува еден од “критичарите и чуварите на историјата” г. Лазо Радигожлиев, беа консултирани за сето ова? Таквата 40.000 - иљадна македонска армија требаше да има свој генерал - штаб. Дали може нашата историографија да посочи неколкумина високи македонски офицери? Но, да видиме како се одвиваа работите. На 31 октомври 1944 година поголема група англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун пред ЕЛАСИТИТЕ. ЗОШТО? Три дена подоцна лондонската радио - станица на ББС објави вест дека британските трупи го ослободија Солун. На 12 февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга - владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС, практично, и ја предаде власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ. Но, да видиме каква е оценката, дадена во резолуцијата на ПЕ на ЦК на КПГ од 15.11.1948 година и зошто таму баш така се вели: “Дека Маркос Вафијадис, како комесар на групата дивизии на ЕЛАС во Македонија, следел шовинистичка политика спрема Славомакедонските борци.” (Види: Сп. “неос космос” август 1950, “Десет години борба” стр. 470). Но, зошто толку доцна тоа го вели овој орган, кога Маркос беше веќе отстранет, а Македонците им требаа за војници во Граѓанската војна.

Програмата на КПГ* (Комунистичка партија на Грција). Во грчката држава првиот социјалистички конгрес е во ноември 1918 година, на кои се реши да се создаде Работничка

Социјалистчка Партија на Грција и истата во 1920 година стана член на Третата Интернационала (значи на обединетите комунистички партии, на познатата како КОМИНТЕРНА, која се образува во март 1919 година) и дури 1923 година се нарече со името “Комунистичка партија на Грција„ (ККЕ)*

Во политиката на КПГ по однос на македонското прашање се карактеристични пет периоди:

1 - период од формирањето на КПГ (1918-1924);

2 - период од обединета и независна Македонија (1924-1935);

3 - период на полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава (1935-1949); тоа е периодот кога не подготвуваа да играме во сопствената драма за нашето (Само) жртвување.

Како што е познато, официјалниот став за “Обединета и не зависна Македонија”, КПГ, го измени ставот на 6-от Конгрес на партијата во декември 1935 година и го и заседе ставот на полна рамноправност на сите малцинства, и од тој период на време за нас Македонците, распуштањето на организацијата ВМРО (об.) настапува уште еден тежок удар по поделбата на Македонија од 1913 година. Тоа значи со укинувањето на дејноста на ВМРО (об.)

Во 1935 година, се укинуваат и акциите за утврдување и развивање на сите атрибути на македонската национална самобитност, која до тогаш, не беше спорна. Сега наеднаш сето тоа се руши и доваѓа до целосен прекин на меѓусебните врски од секаков вид заеднички македонски политички акции, од една и од друга страна до дезинтегрирање на македонските политички сили и преостануваше само да се приклучат кон демократските сили и партии во секоја конкретна држава и до прифаќање на нивните политички програми, односно за нас Македонците, сега ништо повеќе од тоа што се предвидуваше за сите малцинства и нивните права. Со тоа е отворен процес на создавање на нова ментална структура во начинот на

мислењето, со виден притисок и влијание од БРП (к), КПЈ и на КПГ.

Ова може да се потврди и со следното: ЦК на КПГ на својот 6-ти Пленум (1 јули 1941 година) како носител на идејата за "национално единство и на концепцијата и за Грција не постои македонското прашање". Таквиот став се барал и бил прифатен од КПГ, бидејќи тоа го барала Папандрејсовата програма за "национално единство". Види: Драган Кљакиќ, Генерал Маркос. Издание, Глобус, Загреб, 1979, стр. 75.

Во официјалните документи КПГ за време на Граѓанската војна исклучиво не водеше и не нарекуваше како „Славомакедонци„. Зошто и како ние Македонците тоа го прифативме, види во поглавјето "Славо-Македонци."

4. Период на полна рамноправност на "Славомакедонците" (20 јуни 1949 година) пред самата ликвидација на ДАГ (овој е период на досотрување).

5. Период на полна рамноправност на "Славомакедонците" (Од октомври 1949 г.).

Овој е период кога тие се враќаат на своите огништа и скоро сите офицери, што се вратија од емиграција по Граѓанската војна, беа унапредени од грчката влада уште за три степени со повисок чин, од оној што го имале за време пред Втората светска војна, а за нас велат: "Вие не сте Грци по род... "Во Грција нема место за вас..." Ете таква беше програмата на КПГ.

Но интересно е да видиме како е таа оценета и од нашите историографи. Поточно, да се потсетиме на оценката за целокупната активност на КПГ во периодот од 1940-1944 г. од уважениот г. Христо Андоновски во неговата книга: "Македонците под Грција во борба против фашизмот". На стр. 218 таму пишува:

"...Најпрвин, во самото раководство на КПГ, да не говориме и за масовното членство, се уште вегетираа националистичките и шовинистичките побуди и сфаќања. Второ, никогаш во

минатото КПГ сериозно не го проучила македонското национално прашање, туку само за да ги мобилизира македонските народни маси на своја страна.” Понатаму уште пишува: “...Раководството на КПГ на семожен начин пактира со граѓанските буржоаски партии во Грција и по секоја цена бара “национално единство” со нив и најпосле целото Движење на опторот го потчинува на интересите на Велика Британија во Медитеранот.”

Но, исто така за почитување е дадената оценка на Д-р Ванче Стојчев.

Во, “Нова Македонија” од 16.08.1994 година, тој пишува: “Во КПГ била извршена специфична ретроградна еволуција. Од првобитното признавање на македонската нација, КПГ еволуирала наназад. Имено, КПГ категорички одбивала не само да ја признае македонската нација, туку го натерала и самото словенско потекло на Македонците, па ги нарекувала “Славофонски Грци”.

Посебно тешките последици за семакедонското движење на отпорот настапиле по истекувањето на познатата теза на Коминтерната “Една држава-една партија”. Со времето, а посебно по Версајскиот договор, во 1919 година, таа теза, преминува во практиката, се повеќе придобива карактер на злосторство над ослободителната борба на македонскиот народ. Со нејзината примена се признавала распарченоста на македонската територија; се легализирала поделеноста и неповрзаноста на македонската борба и револуционерното движење; се создавала легална можност за анексија на македонската територија и за присвојување на революционерната борба; трајно се оневозможувало постоењето и развојот на општомакедонската ослободителна организација, односно конструирање на единствено раководство на македонската националноослоботителна борба; се создавале претпоставки според кои секаков повик за конструирање на општ македонски фронт за заедничка борба, однапред бил третиран и осуден како сецесионистички, предавнички, разурнувачки или фракционерски. На истакнувањето на општо македонскиот национален стремеж, се спротивставувале

државно - правни реалности на државните - окупатори кои ја заземале и воспоставиле власт на македонската територија. Во таквата ситуација македонското национално движење добивало карактер на сепаратистичко. Во сите три комунистички партии (југословенската, бугарската и грчката) македонските комунистички кадри биле прифаќани внимателно и со резерва, оставајќи ги да делуваат во втор и трет план, секогаш обврзани на докажување на својата лојалност.”

Ете, такви беа нашите (вашите) “сојузници” ЕМАМИТИ, ЕЛАСИТИ и КОМУНИСТИ. Суштината на проблемот може да се сублимира во неколку прашања, но за тие да бидат појасни и да се избегнат недоразбирањата, неопходно е овие проблеми да бидат соодветно објаснети.

## 1.2 КОМУНИСТИ - МАКЕДОНЦИ ВО КПГ
(Членови на партијата).

Повеќе од јасно е дека Македонците беа растргнати меѓу нациналната совест и свест и обврзувачките политички насоки на КПГ * под силната контрола на ЕАМ, ЕЛАС и КПГ, додека нашето членување на ЕАМ, КПГ и учеството во ЕЛАС, значи дека ние сме ги прифатиле нивните цели и програми, односно прокламираната програма на Коминтерната, што беше наполно прифатена од КПГ (декларативно) и која гласеше: “Полна рамноправност на малцинствата со другите граѓани во рамките на грчката држава”, која важеше од 1935-1949 год. Тоа може да се потврди и од нашите инструктори ( на КПГ; КПЈ и КПБ), кои што ја завршија високата (партиска) школа во Москва во годините пред Втората светска војна. Тие истите тоа го агитираа; а такви ги имаше од трите дела на Македонија (Вардарска, Егејска и Пиринска). Тие повеќе од строго се придржуваа кон овие коминтернистички решенија, што беа донесени на 7-от конгрес во 1935 година; додека тезата “Една држава - една партија”, иако потекнува од комунистичкото движење, во почетокот на војната претставува основна пречка за реализација на секаква македонска обединувачка програма. Но, тоа е сторено по етничките промени во македонија; а комунистите не убедуваа дека тоа е “цивилизирана размена на

населението”. Додека крајната цел беше сето тоа да го платиме ние Македонците.

На чело со сите овие луѓе, сеќавањето наше остана трајно, клинкајќи по нив со чиста намера да се верува во некакво јасно и вистинско партнерство, а не за “мачка во вреќа”. Но, не смее се разбира да се тврди, дека немало Македонци кои не мислеле поинаку. Меѓутоа е исто така е факт дека се до октомври 1943 година ние Македонците исклучиво се изборивме за реализација на програмите и целите на ЕАМ, ЕЛАС и КПГ.

Меѓутоа се манипулира со прашањето: Дали комунистите Македонци во КПГ се бореа за самостојна независна и обединета Македонија? Но, исто така се поставува прашањето, дали тие можеа?

Ако основните принципи врз кои се засновуваат нациите - државите се: територијалниот, државниот, историското и културното минато, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, тогаш Македонските Комунисти како членови на КПГ практично спрема нивните прифатени програми, се откажаа од принципите: територијалниот и државниот. Тоа им беше наложено од КПГ, бидејќи таа се бореше исклучиво за територијалниот и државниот суверенитет на грчката држава и затоа остануваа (прифатени и неприфатени) само принципите: етничкиот и јазичниот, а исто така и историското и културното минато на Македонците. Што значи, сето наше (само) жртвување беше за една минимална програма што ја нудеше КПГ, посебно по 15 мај 1943 година кога во Москва, на иницијатива на Ј.В. Сталин е донесена одлука за распуштање на Комунистичката интернационала (Коминтерна), со што формално е признато правото на самостојно решавање на секоја комунистичка партија. Види: Историја на македонскиот народ, Скопје 1988 година, страница 345.

“Посебен политички успех на народноослободителната борба во Егејска Македонија претставува создавањето на Славјано - македонскиот народноослободителен фронт СНОФ, во Костурско беше формиран на 20 октомври 1943 година, а расформиран во април 1944 година со одлука на КПГ со

образложение дека има “штетно” влијание врз омасовувањето на грчките маси во редовите на ЕАМ, но причината беше претстојниот договор за потпис во Либан на 20.05.1944 година помеѓу владата во бегство и претставниците на КПГ и ЕАМ за формирање на т.н. “влада на национално единство на грчкиот народ”. Понатаму во нашата историја се вели дека: “Создавањето на СНОФ е првиот чекор во истакнувањето на македонското прашање на територијата на Грција во периодот на војната - односно во екот на востанието”. исто стр.345.

Но, каква била фактичката положба и уште кога велиме дека имало Македонци, што навистина мислеле поинаку и не им верувале на грчките комунисти - најверодостојно ситуацијата во Македонија под Грција ќе ни ја прикажат следните две сериозни обраќања, кои што со својата експлицитност укажуваат всушност на потиснатиот македонски политички фактор од страна на грчките комунисти.

Тоа се и остварени барања за овој проблем да бидат информирани повисоките органи на КПГ, бидејќи одамна имаа почуствувано, дека реонското ниво за решавање на македонското прашање нема никакво значење, туку тоа претставува само манипулирање од страна на обичните реонски секретари. Со тоа само уште еднаш се потврдува, дека се од 1943 годинамакедонските комунистички кадри биле прифаќани внимателно и со резерва, оставајќи ги да делуваат во втор и трет план, секогаш обврзани да ја докажуваат својата лојалност кон КПГ.

Во овие две потпишани писма од Лазо Димовски - Ошенски и од Наум Пејов се изнесени важните детаљи, што ја покажуваат суштината на непринципиелната политика, водена од страна на комунистите во Костурскиот реон.

Низ историските документи тоа се забележува како прва реакција од Македонци - комунисти; а кореспонденцијата е на грчки јазик.

ТЕЗАТА - МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ДАЛИ НАВИСТИНА ПОСТОЕЛА ИЛИ НЕ!?

Што ни потврдуваат следните писма од Лазо Ошенски, Наум Пејов и А. ЛИТОВСКИ…

Во своето писмо од 24 јануари 1944 година (пред расформирањето на СНОФ), партискиот апарат (Бирото на КПГ), егејскиот дел на Македонија под Грција го имаше регионализирано и под Западна Македонија се мисли на: Костурско - преспанскиот дел под Грција. Лазо Димовски - Ошенски се обраќа до Бирото на КПГ за Западна Македонија. Тој вели: "Меѓу Славјаномакедонскиот елемент се јавуваат определени прашања, на кои ние не можеме да одговориме, а не може да одговори ни Околискиот комитет".

Одговорот е: слепа послушност на партијата... Ако партијата не најде правилно решение, постои опасност славјаномакедонскиот народ да тргне пак по погрешен пат. (Се мисли на формирањето на комитети во сите села - вооружени селани за самоодбрана - м.з.). Првата фаза од учеството на дел од славјаномакедонскиот елемент во комитетот треба да се проучи длабоко, затоа што тоа беше еден динамичен израз на славјаномакедонскиот елемент, кој под влијанието на грчката пропаганда потврдува дека е Бугарин. Оваа оценка, спротивна на досегашните, од одредени историографи, е навистина за почит таа заслужува да се расветли и да се докажи; при што (постои голема веројатност, дека таквата одамнешна грчка пропаганда всушност и го туркала нашиот човек со сила во критички моменти да се декларира како Бугарин. Се разбира, тоа го правеа затоа, што сето тоа беше во отсуство на македонскиот фактор, а напорите на Ошенски се во таа насока. м.з.). Понатаму тој продолжувајќи вели: "Било кој Славјаномакедонец, што ќе пројави и најмал интерес за историјата, за борбите и за барањата на славјаномакедонскиот народ, тој веднаш, од страна на раководството, се крсти како Бугарин, како бугарофил, или како автономист, и се изолира. Ако некој имаше смелост да праша зошто? Одговорот беше: да седи мирно оти ќе го скршат раководството никогаш не ја проучи историјата на славјаномакедонскиот народ, ниту неговите барања, а таквата можност не им даде ниту на пониските раководства. Без разлика што таму го туркаа нашиот

човек, тој навреме увиде дека местото не му е таму да биде Бугарин и затоа се сплоти во СНОФ. Но, ако и оваа организација не му ги задоволи желбите, повторно ќе тргне во правец каде ќе најде задоволување на тие желби. И треба да знаеме дека најреволуционерните јадра од востанието во 1903 година беа Корештата на Д'мбени, каде што и денес се уште има чиста славјаномакедонска свест. (Доказ дека е така, што кај многумина постои мислење дека е Трповски ликвидиран од страна на комунистичката партија поради што бил Славјаномакедонец и се спротивставувал на линијата на партијата). Види: "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945 г. том I стр.17.

Писмото на Наум Пејов, упатено до Ѓоргис Ѓанулис, командант на единиците на ЕЛАС во реонот Вич, на 31 мај 1944 година (по расформирањето на СНОФ, кога една група македонски борци, во знак на протест, заедно со група македонски организатори и активисти на СНОФ, во првата половина на мај 1944 година, ја напуштија Македонија под Грција и преминаа на планината Караорман на денешна Р. Македонија.) Ова писмо има построга форма, со децидно дефинирање на основните барања, и на поорганизирано рамниште ги изнесува непринципиелните постапки од страна на Комунистите, Еласитите и Еамитите, од што може да се заклучи, дека е во прашање една комплетна македонска национална неостварена платформа. Тој вели: "...Народот од нашата околија не стапи на страната на револуцијата, туку повеќе се потчини пред оружената сила на ЕЛАС и личното влијание на неговите политички раководители." понатаму се изложува и неговото становиште:

Еден народ да се дигне во революција треба да гледа исполнување на своите цели идеали и интереси, да му се задоволат желбите во националноослободителното движење, пред се, неговите национални желби. Согласно со принципите на народно - ослободителните движења и согласно со Атланската повелба, секој народ ќе се бори во рамките на старите граници и по истребувањето на окупаторот, секој народ има право на самоопределување. Значи, положбата дека нашиот народ ќе живее во рамките на Грција, ќе беше можеби

привремена, затоа што самиот славјаномакедонски народ ќе решаваше за својата судбина.

Нашиот народ, за да се бори како одделна нација, или малцинство во рамките на Грција, треба да биде претставуван од свој орган за борба, од своја организација. Таква, како сенка на хоризонтот се појави СНОФ, велам како сенка, зашто таа така се поставуваше пред нашиот народ, што изгледаше како стапица. Се поставуваше само во селата, каде што немаше организации на ЕАМ, но и да ги опфаќаше сите села од нашата околија, пак организацијата ќе беше недостапна. Јас предлагав, сиот славјаномакедонски народ, кој живее во грчката поробена држава, да се организира во СНОФ. И конкретно, во цела Западна Македонија да се постави централно раководство, кое би раководело директно од Македонското биро на ЕАМ. Војската, како природен плод на политичката организација, да се организира во посебни единици, со свој штаб, кој ќе се раководи директно од ЕЛАС.

На сето ова, секретарот на Окружната партиска организација не сакаше да обрне внимание, можеби затоа што тоа не можеше да го сфати како една политичка потреба.

Линијата на ЕАМ, која беше и линија на КПГ,не го задоволуваше славјаномакедонскиот народ. Нашиот народ е народ со историја, не е малцинство, туку нација, затоа што претставува етнолошка, историска и економска целина со другите делови, што се наоѓаат под чизмите на империјализмот, и природно е овој народ да се бори за создавање на една слободна Македонија...” Види: Егејска Македонија во НОБ 1944-1945 год. том I стр. 131.

Ова писмо е историско (м.з) и претставува релевантен аргумент кој експлицитно го покажува односот на КПГ спрема македонското прашање. Тогаш се поставува прашањето: како можеле стратезите на НОФ и на КПМ/КПЈ, да ги пренебрегнат овие аргументи и повторно да го потчинат македонскиот народ (со т.н “братство и единство” помеѓу НОФ и КПГ), а фактички под КПГ. Зарем треба да бегаме од вистината дека НОФ со овој

чин уште еднаш како и претходниот СНОФ е избришан од политички субјект во Грција?

„Македонската националноослободителана платформа во Егејскиот дел на Македонија, јануари - 1944 година” од Д-р Литовски Александар, Скопје 2008. Тој Пишува: стр.(233)... во третманот на македонското национално прашање во Егејскиот дел на веќе институционизиранизираното македонскоослободително движење од Егејскиот дел на Македонија преку СНОФ.”. На стран 236 пишува:” Всушност, при разгледувањето на политичко - пропагандното дејствување на СНОФ може сосема јасно да се забележат две доминантни насоки на дејствување. Првото, дејствување во насока на привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ, и второ, дејствување во насока на зацврстување на одделниот македонски национален идентитет во Егејскиот дел на Македонија.”
Старите велеа: “Секоја замисла е лесна кога не се зема предвид суштината - стварноста.”

Овој наш автор д-р Литовски: зарем не знае дека СНОФ - „Славомакедонци” преставвува племенски атрибут и не прави пред светот “послушни идиоти”!?

Ете такви беа оценките на овие наши луѓе и со тоа беше завршено се. Тие сите што го напуштија ЕЛАС беа прогласени за предавници и за носители на расцепот меѓу Македонците и Грците, а нивните семејства беа малтретирани и гонети од самите тие борци - ЕЛАСИТИ? ЕАМИТИ И КОМУНИСТИ.*
Ете што се бараше во тоа време од ликот на комунистот.

ЗА ЛИКОТ НА КОМУНИСТОТ: Нема ништо по возвишено од титулата на Комунист, кој е основач и водач му бил Ленин.

Не може секој да одговори на тешкотиите и на бурите кои го пратат членот на една таква партија. Деца на работничката класа, деца на иднината, на борбата, деца на непоколебливоста и издржливоста и на херојските потези, само такви можат да бидат членови на партија. Види на грбот од партиската книшка.

Но, уште еден од посериозните историографи што вели. (Види: “Н.М.” 20.08.1994 година). “Кон половината на 1944 година состојбата во Егејска Македонија за македонските комунисти станала неподнослива. Грчките комунисти, насочувани од англиската разузнавачка служба, преземале бројни мерки за да го задушат македонското народноослободително движење:

Забраниле примање на нови борци во македонските бригади под изговор дека таа војска била несигурна;

Го растуриле македонскиот национален - ослободителен фронт на Грција;

Забраниле секаква пропаганда на македонски јазик во Грција;

Го забраниле истакнувањето на правото на самоопределување на Македонците;

Наредиле македонските бригади, кои веќе биле формирани, да се повлечат кон јужна Грција. Сите наведени мерки имале цел да се задуши македонското национално - ослободително движење.

Меѓутоа, таквите насоки на грчките комунисти биле насетени, па македонските бригади успеале да се повлечат на територијата на Вардарска Македонија, барајќи заштита. Истовремено, во Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија допатувала и делегација Македонци од костурската, леринската и воденската област, која донела бројни документи за теророт и злосторствата кои ги вршеле грчките партизани ЕЛАСИТИ над македонскиот народ во текот на минатите три години...” Текстот носи наслов: “Комунистот против комунистот.”

Но, ние брзо заборавивме и влеговме повторно со истите луѓе во Граѓанската војна. Заборавивме, пред се дека Грците се итри и прагматични луѓе и тие правеа и прават се за да го задржат пленот, што лесно го зграбија со Букурешкиот договор 1913 година, односно со Версај 1919 година.

СФЕРИ НА ВЛИЈАНИЈА (9 ОКТОМВРИ 1944)

Од вкупната територија на етничка Македонија во тоа време која имаше 67.422 квадратни километри, една и половина односно 51% и припадна на Грција (Според Атласот на Ларус), денес позната како Егејска Македонија.

Кралството на Србија ја доби т.н. Вардарска Македонија, односно 39%, а Бугарија, односно 9,5% и Албанија 0,5%, значи: Грција 51%, односно 34. 385 кв. километри;

Србија 39%, односно 26.995

Бугарија 9,5%,односно 6.405

Албанија 0,5%, односно 332

## 1.3 КОМИТИ - МАКЕДОНЦИ

Комити: борци за ослободувањето од турското ропство, а сега во четириесетите годините сите тие луѓе се имаа прогласено како борци против грчкото ропство. Тие сите беа синови или внуци на најистакнати Илинденци над кои андартите заедно со Владиката Каравангелис имаа извршено невидени злосторства во процесот на погрчувањето, а тоа го тврди и самиот Каравангелис во својата книга.

Заклетвата на овие сите комити им беше: “МАКЕДОНИЈА - за неа ние се бориме - за неа ние ќе умриме“.

Зошто со појавата на Комитите (На 5 март 1943 гоадина во Костур е формирана првата воена единица - Комити) и работите зедоа друг тек? Зошто и од кои причини тие се појавија во развластената Грција? (На 20 мај 1941 година спрема Хитлеровата наредба од 17 мај истата година, Грција е официјално поделена на окупациони зони: германска, италијанска и бугарска).

Каде беше македонскиот фактор да ја земе во свои раце судбината на својот народ. Зошто им е се препуштено на грчката и на бугарската пропагандна машинерија, што делувале

уште од времето на Егзархијата и Патријаршијата? Каде се нашите национални водачи? Тие се во редовите на КПГ * (Види: на грбот од партиската книшка што им препорачувал Сталин - космополитизам и класна борба...)

Но, да видеме како постапија комунистите во врска со ова прашање, и со каква цел предложија тие да се формира СНОФ, па дури и мали воени формации (но, исклучиво во областите, каде што тие и беа формирани и селаните вооружени од комитетот), кога се знае дека со таквата минимална програмска опција со целосна рамноправност на малцинствата, не се предвидува тие да имаат право на формирање на самостојни воени формации. Каква беше сепак, таа грижа од КПГ за нас Македонците, кога ЕЛАС беше уште летото 1943 година во преговори со Англичаните?

Грижа или манипулација?

Раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, загрижени за ситуацијата, што се создаде во Македонија под Грција, а посебно во Костурско, Леринско и Воденско, се најдоа принудени да формираат посебна македонска организација СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт). Така на 20 октомври 1943 година беше формиран СНОФ, но само во Костурско и покасно во Леринско, меѓутоа не и во Воденско. Па и тоа го сторија луѓе од Обласниот Комитет на КПГ за Западна Македонија, и тоа Грците: Христос Калфас (Андреас) и секретарот на окружниот комитет за Костурско Андонис Андонопулос (Периклис) и секретарот на окружниот Комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис. (Види: книгата "Паскал Митревски и неговото време (1921-1978)", од Ташко Мамуровски). Ете како се роди организацијата на СНОФ, а исто така и какви се оценките за истата.

"СНОФ има голема заслуга за тоа што од селата, каде што дејствуваше, над 500 Македонци стапија во ред ЕЛАС..." (Нејасно е зошто Македонците пак ги туркаа во ЕЛАС?) и понатаму: "Секако најзначајна заслуга на СНОФ и на неговиот вооружен дел СОВ (Славјаномакедонска ослободителна војска) претставува разоружувањето на голем дел од

контрачетништвото (се мисли на комитите, но бидејќи историјата се пишуваше по југословенскиот модел, и ние Македонците станавме четници - заб.С.К.), со што се овозможи натамошниот непречен развој на НОД во тој крај”. (Види: Д-р Ристо Кирјазовски книгата “Македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија (1941-1961) стр. 29). Понатаму во истата книга на стр.33 се вели: “Токму кога СНОФ ги постигна овие и имаше реални перспективи да постигне уште поголеми резултати за уште помасовно вклучување на Македонците во борбата, раководството на КПГ во април 1944 година донесе одлука за расформирање на СНОФ и на СОВ. Овој многу несреќен и штетен потег на раководството на КПГ се должи на неговата споменатa политика на спогодување со десницата преку недозволени отстапки...” Еве како се роди и живееше само неполни 6 месеци организацијата СНОФ, (Сега кај нас таа е оценета како институција, а тоа ни се враќа како бумеранг во Австралија, можеби заради тоа што бумерангот е и измислен во таа земја). А ете и какви се оценките на истата. Но, да се оценува нејзиното расформирање како “несреќен случај”, тоа покажува само дека немаме сили да си ја признаеме вистината. Дека ние Македонците всушност ја имавме препуштено севкупната наша судбина да ја решаваат други. Па така бевме и жртвувани за туѓи цели; бидејќи исто така “боси” влеговме и во Граѓанската војна од 1945 - 1949 година.

Треба исто така да се знае, дека, имено, поради отсуството на македонскиот фактор, и бугарската пропаганда на двапати посегна по нас Македонците, пред да се појават Комитите. Првиот случај е во времето кога се водеше грчко - италијанската војна од 1940 година; тогаш бугарската пропаганда го искористи случајот со Македонците заробеници од грчката војска во Италија и побара од италијанската влада тие да и бидат предадени на Бугарија, при што сите овие заробени Македонци биле претставени како “Бугари”. Како непосреден резултат од ваквата “грижа” овие луѓе од грчките власти беа ставени на црната листа и беа прогонувани, заедно со нивните семејства, до истребување како предавници на татковината Елада.

Вториот случај е уште подрастичен. Тој се однесува на групата од 27-темина ослободени македонски и грчки комунисти од затворот “Акронавплион” на 28 јуни 1941 година, со помошта Јулија Шнајдер, под единствениот услов сите тие да примат бугарско државјанство, бидејќи биле потврдени бугарофили. Ослободувањето на споменативе, подоцна ќе го искористи грчкиот националистички печат и некои грчки политичари, за да ја клеветат КПГ, дека наводно таа се ставила во служба на окупаторот и им ја “предала” Македонија на Бугарите.

Судбината на овие луѓе е позната, како и од кого тие станаа жртви. Еве конкретно што пишува Д-р Танас Трповски во “Нова Македонија” од 7.04.1994 година, по поводот што му го даде мојата книга: “Ако и сакаше г. Кочов да биде објективен, можеше многу лесно да го направи тоа, бидејќи постои документација за сомневањата дека смртта негова (се мисли на неговиот стрико Лазо Трповски) е резултат и на грчките комунисти, кои видоа дека тој прво е македонски патриот и се бори прво за националното ослободување на својот народ.” Навистина, јас ова не сум го знаел, бидејќи досега во историографијата не најдов дека Лазо Трповски го ликвидираа комунистите. Знаев само за манипулацијата, но ете сега се потврди и (Само) жртвувањето.

Но, пред да видиме кои беа Комитите, интересно е и битно да се знае дека тезата “Една држава - една партија” била применувана и во новосоздадените околности во текот на окупацијата на Македонија во 1941 година. Еве што вели Д-р Ванче Стојчев во “Н.М” од 16.08.1994 година:

“Бугарската окупација на поголем дел од Вардарска Македонија (а тоа секако важење и за Егејска Македонија м.з.), сообразно со Коминтерската теза, ја мотивирала БРП(к) на извршување на нови анексии над македонското комунистичко движение. По анектирањето на Македонската комунистичка партија во Пиринска Македонија, БРП (к) се потрудила да ја анектира и комунистичката партија во Вардарска Македонија”. Па се поставува прашањето, дали таа БРП (к) не се трудела, преку разни форми, тоа да го стори и во Егејска Македонија, и дали е

докажано дека таа не била вмешана во целиот тој процес на создавањето на Комитетот?

Но, за ова прашање Д-р Ванче Стојчев вели: “Истражувањето на односите на Коминтерната (на 15 мај 1943 год. таа била распуштена, но ИК како оперативно тело, и понатаму функционирал), Комунистичката партија на Југолсавија (КПЈ), Бугарската работничка партија (комунисти) БРП(к) и Комунистичката партија на Грција (КПГ) спрема македонското прашање, неоспорно пред почетокот и за време на втората светска војна, до неодамна, во историографската наука традиционално зависеше од дневната политика.”

Но да видиме всушност кои луѓе беа Комитите во Македонија под Грција? Еве што пишуваат за нив неколкумина историографи, а ние нема причина да не им веруваме: “...Тоа што најмногу го натерало еден мал дел од македонското население да стапи во Комитетот* бил стравот од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 год. во Западна Македонија растураа летоци со застрашувачки пароли против Македонците, а од друга страна - не беа убедени за мнозинството од македонскиот народ и ветувањата на КПГ за рамноправност на националните малцинства кога таа би дошла на власт. Во програмата на ЕАМ воопшто не се говореше за одделни национални права на Македонците, а во првите единици на ЕЛАС, што се појавија во Западна Македонија во март 1943 г., во прво време преовладуваа националистичките елементи и во еден ден само во с Загоричани заклале 17 Македонци”. (Види: Христо Андоновски “Македонија под Грција во борба против фашизмот (1940-1944)”, стр.108.)

Еден од бројните фактори што контрачетничкото движење (се мисли на Комитите) во Егејскиот дел на Македонија не прерасна во квинслишко движење, беше целосното вклучување на неговите членови во редовите на ЕЛАС, а подоцна на ДАГ, во кои што се истакнаа плејада прославени борци, команданти и комесари на партизански единици. Голем број си го дадоа и својот живот за слободата на својот народ.” (Види: Д-р Ристо Киријазовски во рецензијата за книгата на Ташко Мамуровски “Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска

Македонија (1941-1944)”. И на крај, еве што вели и самиот автор на оваа книга Ташко Мамуровски.

“...честите колежи, грабежи, палежи, силувања, оргии, насилства и.т.н, што ги вршеле врз невиното македонско население грчките националисти, уфрлени во редовите на ЕЛАС како агенти и соработници на окупаторот, какви што биле Коларас, Баскакис и други, ги натерале Македонците со окупаторско оружје да ја бранат својата чест и слобода.” (Види: стр. 49).

Немам намера да коментирам, но сепак да изнесам нешто лично, што го доживеав со илијадници такви борци во единиците на ДАГ. Тоа е случајот со Коста (Динев) Солев - Суљо, кој загина како херој и неустрашив командант и борец на ДАГ, но ете тој благороден човек не му беше дадено заслуженото место во книгата “Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949)” од Ташко Мамуровски, најверојатно поради тоа што и натаму некои посакуваат тие луѓе да ги нарекуваме: “...борци за целите на Хитлер и на неговите слуги на Балканот...” Што значи, дека комитите не биле против левото движење, туку во одбрана на своето македонско достоинство.

Да не заборавиме дека тие луѓе имаат деца и дека тие деца денес живеат во Р. Македонија, а повеќето од нив се покажаа како добри Македонци и стопанственици. Сакам да изразам особена почит кон г-ѓа Јагнула Паскал Куновска, која, во својот строго контролиран текст “Нови гледишта на историјата”, критички и концизно изнесува становишта, што се од исклучителна важност за виталните национални прашања. Текст одмерен и со високо и јасно патриотско чувство, концентриран врз движењето на македонскиот фактор, а не врз интригите на т.н. “Егејскиот синдром” за (само) уништување. Г-ѓа Куновска, со овој сериозен преглед засега многу суштински проблеми и повикува, без никаква апорија, кон национално помирување, одамна промовирано како нужен чин за нацијата, од почитуваниот професор Димитар Димитров, затоа што таа имала таква судбина (како што ги има иљадници македонци) да живее виновна без вина со дедо илинденец, со татко борец

против националистичките грчки банди и со браќа загинати во ДАГ.

## 1.3.1 ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМИТИ ОД КОСТУРСКО

Од дневникот на комитата Васил Јанакиев - Мусолини. (Дневникот го поседува неговиот син Др. Ристо Ивановски, Скопје.): На 18 април 1942 година, фармирана е комисија од пет члена: Васил Јанкиев, од село Мањак - Костурско, член на ВМРО обе; Лука Диманин, од село Дреновени - Костурско; Бај Кољо Шестеварот, член на ВМРО обе; Танас Низамов, преведувач. Барале прием кај италијанскиот генерал РАВАЛИ кој бил командант на градот Костур. Од сите нив му била образложена намерата со претходен увод за нас Македонците, дека сме посебен народ и дека по поделбата на Македонија (1912-1913) нашиот народ е подложен на страшен теророр за погрчување, кој систематски е почнат уште во далечната 1900 година со специјално умисленото доаѓање на Владиката Каравангелис** и вооружените формаци под раководство на Павлос Мелас за освојување на Македонија.

Но, и со настанатата етничка промена на населението, т е со донесувањето на колонистите од Мала Азија од кои сега имаме посебно тероризирање од нивна стран и од страна на Грците, односно организацијата ПАО**, во која членуваат исклучиво грчки националисти. Тие секојдневно организирале разни рации и пљачкања (на добиток, жито, сирење, маст и други продукти) и измачувања над македонското население кое е од најнезаштитените, па дури ни од италијанските власти. Многу од Македонците кои биле пред италијанските власти намерно обвинувани за Комунисти и кои биле апсени и тепани до смрт, за разлика од, Грците кои биле затворени како Комунисти, но биле ослободувани. Потоа му објаснил, дека сите неопходни продукти кои многу тешко се набавуваат (сол, шеќер, масло, газија и др.) за македонското население биле недостапни.

Последното барање било, ако е можно да им се дозволи и на Македонците да им се додели канцеларија која директно ќе општи со италијанските власти, бидејќи од Грците не можат да

најдат заштита и разбирање. Равали им рекол, дека ќе бара објаснување и од италијанските власти и дека наскоро ќе им одговори. Одговорот бил позитивен и на 5 март 1943 година било свикано собрание од 48 члена кои имале преставници од разни села. На истото собрание било решено да се оформи организација под името “МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ” за Костурско само за самоодбрана, во кој членувале повеќе од 54-60 села. Им било дозволено дури да се наоружат, бидејќи им требало да се заштитат во развластената Грција.

На собранието биле избрани со гласање:

1. Пандо Макриев, од село Четирок за главен командант на Штабот во Костур.

2. Паскал Калиманов, од село Добролишта за командан на сите наоружани селски комити.

3. Лука Диманин, од село Дреновени за помошник на командантот на Штабот.

4. Бај Кољо за главен војвода на Костур.

5 Христо Насков, од село Езерец за секретар и помшник на командантите.

6. Васил Јанакиев - Мусолини, од село Мањак, офицер за информации и врски.

7. Кузе Шестеварот, за реонски војвода.

Вкупно бројот на оружани Комити биле околу 9.742 лица, главно со лесно оружје кое било дадено со специјална дозвола од италијанската команда на костурскиот гарнизон и дека ќе бидат исклучително под нивна заштита и контрола и нивните дејанија ќе бида ограничени, само во атарот на Костурските села и ќе можат меѓусебно да се помагаат и дека повеќе не треба да им се потчинуваме на грчките органи.

На 24 јули 1943 година во Костур се славело, се извикуваа пароли:

Драги Костурчани! Бидете храбри како што и ви доликува на потеклото!

Да живее овој најсветол наш ден Илинден! Да живее слободарскиот дух на Костурчани! Да живее цела Македонија!

Потоа по ова пристапија сите комити кон една маса покриена со црвено кадифе на која беа вкрстени кама и пиштол и даваа заклетва:

ЗАКЛЕТВА:

"Се клнам шчо до последната капка крв ќе се борам за слободна Македонија и шчо ќе бидам верен на Македонскиот Костурски Комитет и нема да станам предавник. Ако станам измамник, нека ми се ш нди со револверот и камата шчо за верност ги бацвам!

Слобода или смрт!"

Што рекоа за нашето братојадство:

1."...Некои луѓе што се бореа против бугарските комитаџии и загинаа за да сочуваат голем дел од Македонија во Грција, воопшто не зборуваа грчки, тие го зборуваа нивниот идиом. Тие сметаа дека се Грци и се бореа и гинеа за да ги сочуваат своите села и таа област, во Грција, со грчко знаме во своите раце. Ако тие толку многу мислеа дека се Грци, тогаш беа Грци. Теодорос Пангалос (Интервју "Дневник"/98)

2. "...Со појавата на т.н. "Комитаџии" (М.З. Комитите беа синови и внуци на Илинденците, кои во Илинденското востание ги имаа ослободено градовите: Невеска и Клисура и сега беа организирани во борба против црните банди - Пауџиите. На 5 март 1943 година само во Костурско беа наоружани од италијанскиот гарнизон повеќе од 54 села и нивниот број беше околу 9.850 обружени Комити, но да видиме како сето тоа го

објаснува Маркос), кои во почетокот ги организираше бугарската влада од Софија со помош на нејзините шпиони. Но, Славомакедонците, заедно со грчките вооружени единици, активно се бореа против “комитаџиите” - кои се бореа против интересите на македонскиот народ, и во тие борби Македонците имаа дадено многу жртви. Всушност “комитаџиите” со својата борба не само што не успеаја да ги збришат правата на македонскиот народ во Егејска Македонија, туку со таа своја борба се уништија самите. Кога ЕЛАС**, заедно со славомакедонските одреди, ги зазеде областите во кои беа комитаџиите, уапси многу припадници на нивните формации и со тоа ги уништи остатоците на реакцијата...”

Генерал Маркос, Фељтон (Интервју со Ј.П) “Пулс”/98

## 1.4 ЗОШТО И КАКО ОД КПГ, МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПРЕКРСТЕНИ ВО “СЛАВО - МАКЕДОНЦИ”?

Кој не прекрсти нас Македонците под Грција во Славомакедонци и зошто? Зошто “Славо - Македонци” само во Македонија под Грција, а не и во другите делови, што се најдоа под окупација по 1913 година и под Бугарија, Србија и Албанија? Дали тоа име ни го дадоа Комунистите, или грчката држава? Зошто во годините на Граѓанската војна, раководството на НОФ (сега, по 23 април 1945 година, не СНОФ) дозволи да ги регрутираат и да се борат Македонците како “Славо-Македонци.”

А историографијата вели дека НОФ претставуваше воено-политички фактор; или важеше, како и за сите витални национални прашања семоќното оправдување, “другарите одозгора, рекоа така...” Но, колку внимание на овој проблем му посвети историографијата (што најмногу има пишувано за овие состојби); колку науката, политиката, писателите? Очигледно дека овој проблем долго време се толкуваше како “Егејски”. За да не се сфати, дека за се се виновни само “Егејците” во овој полувековен молк по Балканскиот пакт од 1953 година, имаше и уште посериозни проблеми и со еден од нашите писатели, кога за нивните преведени книги, во критичките осврти, Грците зборуваа за “писатели од јужнословенскиот дел на Југославија”,

а на тоа никој не се побуни, и така си течеа и течат работите по многу прашања; само грчкото лоби не дозволи да погреши во долготрајниот стремеж за нашето национално разнебитување.

По развластената Грција од окупаторите, КПГ организирано успеа целата територија на Македонија под Грција да ја држи под нејзина контрола, бидејќи интегралниот македонски фактор го немаше. Тоа се должеше на познатиот факт, дека КПГ уште пред Втората светска војна имаше свои луѓе, кои се согласуваа и работеа по нејзината програма, а меѓу нив, се разбира, и голем број Македонци комунисти, односно членови на КПГ.

Бидејќи комунистите сега по националното прашање имаа став против обединета Македонија, врз основа на прокламираната политика од Коминтерната, буржуазијата на грчката држава во Комунистите повеќе не гледа опасност по тоа прашање, туку опасноста ја гледа во класичната промена. Не постои став од некакво заживување на македонштината (посебно по измената на етничкиот состав) туку државата беше посигурна во комунистите Грци и, како што се покажаа, тие се претставија и како поголеми мајстори во обезличување на Македонците. Бидејќи тие беа и на чело на КПГ, а во Македонија, со нивното доаѓање, тие добија и парче земја, и жестоко се бореа да пуштат што подлабоки корени. На сите нив им била целта да го разбијат македонското јадро. И на Македонецот под Грција дури и во свеста да му всадат дека постојат во Грција само Славомакедонци. Тоа им беше стратешка намера, но за вољата на вистината, тоа најдобро може да се види и согледа во ставот на КПГ од двата наслова кога во 1951 година под редакција на КПГ излазе книгата.

Во книгата има два наслова што ја покажуваат намерата дека во Грција има само “Славомакедонци”:

Тука навистина се зборува за нациолно ослободителните борби на Македонците, па се до поделбата на Македонија (1913) и што е најважно со многу детали.

Значи очевидна е сега грижата на КПГ за Славомакедонци а не за Македонци и тука почнува да се руши јадрото во свеста кај

Македонецот дека постои и само дека има едно македонско јадро.

По измената на населението од 1920-1936 година, се појави проблемот на меѓусебното разликување на самото население на ЕНТОПИИ (Тукашни - староседелци) и на новодојденци (Просфигес - Маџири) и дојдениот персонал од стара Грција по окупацијата на Македонија, односно со поделбата во 1913 година. Познато е веќе нашироко дека по присвојувањето од Грција во 1913 година, грчките власти, за да го изменат етничкиот состав на населението делуваа со различни средства. Така, според веродостојната евиденција во периодот од 1913-1940 година околу 400.000 Македонци беа принудени да ја напуштат Грција (Види Хаџиев В.1996/) и да се преселат во соседните земји, најголемиот дел во Бугарија. На нивно место грчките власти доселуваа бегалци од Мала Азија. Во угледниот атински весник "Катемерини" од 29.12.1922 година пишува: 1922 година беше решавачка за натамошната племенска (национална, верска и културна) физиономија на Македонија. Според официјалните извори од општеството на народите ("Настанувањето на бегалците во Грција", Женева, 1926 година, издадено на француски јазик) Малоазијатската катастрофа и достави на Македонската земја 1923-1924 година околу 900.000 бегалци од Мала Азија. (Види: Хаџиев 1996) Сигурно е дека единствениот позитивен резултат на договорот од Лозана е придонесот (со овие бегалци) за децидното создавање во Македонија на еденствен грчки фронт. Значи, пред тоа таков силен грчки фронт не постоел и оној што постоел им припаѓал на некои други,т.е на насилно иселените Македонци беа на тие што уште останати на своите стари огништа, но покасно во Граѓанската војна доживееа геноцид.

Така за "Ентопиите" (Тукашните), стана синоним во услови на непризнавањето на македонците како нација. Тоа беше прифатено како најблага форма од грчката држава (сега Македонците, не се Славофони Грци, не се западни Грци, не се јужни Срби, туку "Ентопии"). Така, овој поим, може да се сретне се до ден - денес, но оттогаш, за Македонците велат дека тие зборуваат на јазикот "Ентопи" (Тукашни), песните и музиката им се "Ентопика", но обичниот народец, своето име си

го употребувал само со Македонец, и како најсериозен свидетел остана народното национално наследство - народните песни кои ги создал и тие зборуваат за Македонците и за Македонија. Никаде не се зборува и пее за Бугари, Грци, Срби и Славо - Македонци; ниту за Грција, Бугарија и Србија, а тоа беше и еден од сериозните пречки кога во Грција биле најстрого забранувани.

Грчката држава го прифати сето тоа, бидејќи таквата конфронтација и одговараше, па дури и годеше пред светската јавност дека сега таа прогонва Комунисти, а не луѓе што се борат за своите човечки права, што им беа гарантирани според меѓународните норми. Грчката официјална држава во врска со тоа имаше обврска и според Букурешкиот договор од 1913 година, и според договорот од 1920 година на Атлантата. Севрскиот договор (10.07.1920). За Грција претставува Договор за заштита на негрчките народности во Грција. Тогагш грчата држава беше обврзана со меѓународни акти, меѓу кои: На Македонците (не на Славомакедонците) да им овозможи да основаат и да имаат свои културно - просветни, религиозни и општествени институции и училишта со слободна употреба на својот мајчин јазик. Но, еве што изјави г. Елефтерос Венизелос - преседател на владата, на 11 ноември 1930 година, на една конференција за печат во Атина: “Прашањето на македонското (а не на славомакедонското) малцинство во Грција ќе биде рашено, и јас ќе бидам првиот во Грција, што ќе се ангажира за отворање на македонски (а не на славомакедонски) училишта, ако народот тоа го сака”. Според тоа нема никакви разлики во ветувањето од Комунистите (само во името). И повеќе од јасно е дека со програмата на КПГ, и сите договори, што ги имаше владата како обврска според Севрскиот договор, сето тоа КПГ го суспендира. Таа впрочем агитираше за космополитизам за замисленото комунистичко општество; што за целиот тој период всушност претставува едно од најподмолните средства за обезличување на Македонецот.

Таквата сурова реалност и не покажува друго, освен дека на нас, Македонците под Грција, 'рбетот ни беше скршен според становиштето на Коминтерната, откако “светото” раководство на Коминтерната исчека да се завршат етничките чистења (а

дотогаш за нашата трагедија ни збор ни став) помеѓу Грција и Бугарија, и помеѓу Турција и Грција, усвојувајќи нова глобална стратегија и тактика, што им ја наметна на сите членки, а што на Грците им беше добредојдена.

Сега буржоазијата (државата на Грција) се повеќе беше убедена, дека КПГ македонското прашање не само што вешто го држи под контрола, туку има и одредени резултати. Еве зошто:

1. Комунистите не го поставија прашањето: Зошто државата врши измена на етничкиот состав на населението во Македонија под Грција? (Види: Како го поставуваат прашањето комунистите од Вардарска Македонија - Емануел Чучков, имал решителен став против колонистите на седницата на Законодавниот одбор на Претседателството на АВНОЈ, одржана на 31 јули 1945 година, сметајќи дека тие се наоѓаат во Македонија за остварување на големосрпските цели; и дека со тоа ја загрозуваат македонската нација). Кај нас не беше прашањето само во носењето на население (населението, што го населуваа, беше исклучиво од Кавказ, а подоцна сите тие беа на чело на КПГ); туку не беше поставено прашањето: Зошто ги прогонуваат староседелците од прадедовите огништа и ги тера за Бугарија? Треба секако да се објасни: Кои беа тие луѓе, што ги прогонува грчката држава? Тие беа наши браќа и учесници во Илинденското востание. Тие беа оние што водеа борба против Цариградската патријаршија и против употреба на грчкиот јазик во црквите и училиштатата, односно спрема познатите бугарско - грчки асимилации, што се вршеа преку црквата. Но, кога се поставува ова прашање пред комунистите: зошто? Можеби би било добро, како пример, да се знае што во тие години се правеше од Советите во центарот на комунистичкото јадро, од кој ние Македонците очекувавме многу. А тоа, како што пишува во својот фељтон "Непознати страници за животот на Јуриј Андропов", публицистот Борис Поп Ѓорчев во "Н.М." од 15.08.1994 година, изгледаше вака: "...Станува збор за балтичката територија и народ, како "Карелска работна комуна" се приклучи кон СССР во 1920 година, непосредно по октомвриската револуција (откинувајќи дел од Финска) за три години подоцна да биде трансформирана

во Карело - финска Автономна Република, со главен град Петрозаводска. Во оваа северна Автономна република живееле над 150.000 Карелци, посебен поблизок до Финците, со нагласена етничка монолитност и околу 50.000 финци. Во процесот на нивната русификација (која се уште трае) во годините пред и за време за во Втората светска војна Андропов имал истакната улога. За седумипол децении колонизацијата го сторила своето: денес Карелија има околу 800 иљади жители, од кои над 500.000 се Руси, има и Украинци, Белоруси, а Карелците и Финците се малцинство.” Значи верувам дека се е јасно! Исто како и со нас Македонците под Грција. Па дури може да се наведе совпаѓањето дека и процесот на нашата грцизација се уште трае. Но, не помалку важно е следното прашање.

2. Комунистите не се спротивставија на менувањето на топонимите и на личните имиња, што го обезличуваше македонскиот човек. А наводно Комунистите биле и се фалени, дека тие најмногу се грижеле за човекот. Можеби. Се покажа дека, само тој да не се вика Македонец. Зошто?

3. Тие не покажаа никаков однос спрема културата и традицијата на македонскиот бит, туку се манифестираше спротивното. Се спроведуваше космополитизам, (што беше нормално за нив, бидејќи тие тука никогаш немале ни прадедовски корен, и дека штом сега во Македонија сите сме Македонци, вие сте Славомакедонци). И, што е вистина, тоа го имаа прифатено македонските комунисти, но не и народот македонски. Ете оттогаш е скршена оската, и тоа само од КПГ (по променетиот став од Коминтерната), сите станаа според комунистичката логика македонци, а ние домородците (ендопии - староседелците) Славомакедонци. Со таквата племенска одредница Комунистите почнаа да не заведуваат, да не бараат, да не регрутираат, да не фалат или кудат, да не воздигнуваат или понижуваат, познато во политиката “топло - ладно”, оти тоа македонското ПРОСТУМ, секако, лесно не се кршеше.

Така Комунистите, работејќи на тој проблем, како што им требаше, го направија СНОФ, а кога СНОФ чесно си ја изврши

задачата, ги “разоружаа” Комитите и тие масовно со радост стапуваа во македонските единици на СНОВ (славјаномакедонска ослободителна војска). Но, во истовреме, кога, инспирирани од своите браќа во Вардарска Македонија, тие ги поставија и прашањата, што можеа да бидат од една оптимална национална опција по македонското прашање, (дури и со предлог на конфедерација), тогаш КПГ, ЕАМ и ЕЛАС постапуваат најсурово и им објавуваат војна, дури и прогонувајќи ги во Вардарска Македонија, односно во Југославија. И сега тие истите ја формираат на 18 ноември 1944 година “Егејската Бригада”, и таа дејствува во Југославија се до нејзиното расформирање, со специјална наредба под бр.236 (строго доверлива), испратена од маршал Тито на 2 април 1945 година, што беше сторено под притисок на Британската мисија. Но, да видиме што вели Генералот Маркос за сето тоа што се случи со македонските единици: “...Во строго поверливо писмо, испратено до комесарот на 28 бригада на ЕЛАС, се бараше: “Гоцевиот (се мисли на командантот Иљо Димовски) баталјон да се премести на југ и во краен случај да се нападне и разоружа, бидејќи претставува опасност...” Захариадис го бараше таквиот став, бидејќи тој беше под влијание на Папандреусовата програма на “национално единство” и Папандреусовата концепција “дека за Грција не постои македонско прашање”. Поради таквото политичко застранување македонскиот баталјон беше принуден да преземе мерки, на безбедност. Се направи непријатна ситуација! Додека македонскиот баталјон на планината Бигла се бореше против Германците, го нападна баталјонот и една единица на 28 бригада на ЕЛАС, на која беше командант Јанулис. Борците на македонскиот баталјон мораа да се борат против своите другари (се мисли на ЕЛАСИТИТЕ). На крај, со загуби од двете страни беше разбиена 28 бригада.” (Види: книгата “Генерал Маркос” од Д. Кљакиќ.

Ете такви беа нашите “борбени сојузници” и колку цврсто и почитувано беше тоа сојузништво, што и никогаш го немаше, затоа што тие тоа не го сакаат, туку сакаа да не држат без македонски политички субјективитет. Но, се поставува едно релевантно прашање:

Но, се поставува едно релевантно прашање:

Зошто ние Македонците под Грција, се до крајот на Втората светска војна, не создадовме единствена македонска организација, со чија програма ќе се дефинираше политиката на националната стратегија и политичките ставови; спрема тие многу нарекувани во нашата историографија сојузници (ЕАМ, ЕЛАС и КПГ)? Зошто, за цело време бевме во немоќ да превземеме иницијатива за нашето национално консолидирање? Значи, ли тоа, дека со нашето идеолошко робување, не покажавме доволно почитување, ни кон сопствените вредности и просто се потценувавме, интелектуално, недоволно освестени, со јасен интегритет и од друга страна, тоа се респектираше и веднаш на нашиот лабав и понизен однос кон интервенциите на ЕАМ, ЕЛАС и КПГ?!! Зарем, не знаевме одпорано, дека ние Македонците под Грција со менувањето на етничкиот состав на населението, сме етничко - геноцидно загрозени? Зар, не можевме да сватиме, дека тезата и на овие “Сојузници” (ЕАМ, ЕЛАС и КПГ) им остана иста, како што ја имаше со години грчката држава: Македонскиот народ, да се ретчи и просторот да им се тесни. што значи, и овие “Сојузници” не тераа да правиме се што можевме да го дестабилизираме нашето вековно постоење на прадедовите огништа (со напуштање) и целат им беше да не добиеме ПОЛИТИЧКИ ИДЕНТИТЕТ. Да правиме се што не водеше во трагичното, смешно и дезориентационо во нашата национална стратегија. Но, кога сме кај националното сознание, да го кажеме и тоа, дека нашето сознание, баш преку тој идеолошки активизам замислувајќи се како интернационалисти и космополити, беше силно нагризувано и постојано изложено на смртоносна ерозија, од замаглената претстава за таквиот непостоен интернационализам и наднационален имагинарен патриотизам, и сето тоа, се покажа катастрофално за македонскиот идентитет, бидејќи во голема мера го ослабна и го обезличи македонското сознание кај Македонците.

Во колку, пак некому, му избледиле сеќавањата, може сето ова да се поткрепи со фактите што имаат историска важност, при обидот за создавање на единствена организација на Македонците под Грција, во јануари 1944 год: “...Со цел да се

обединат двете окружни организации Леринската и Костурската, во една и да се определат најзините цели, на 28 јануари во с. Црновиште, Костурско, се одржа состанок на двата окружни Комитети (се мисли на членовите на КПГ ) на состанокот се расправаше, покрај другото, и по следните прашања:

1. Македонското национално прашање, односно судбината на Македонија по војната;

2. Создавање на единствена националноослободителна организација во цела Егејска Македонија;

3. Што е народна демократија? ...и состанокот заврши со неуспех, поради што не беше постигната целта. "(Види: Ристо Кирјазовски, "НОФ и другите организации на Македонија од Егејска Македонија-1945 по 1949 година", стр.49.).

Значи, не создадовме македонски политички национален субјект, кој би можел да претставува рамноправен фактор во договарањето при сите спогодби во Либан на 20 мај 1944 година или на 12 февруари 1945 година со Договорот во Варкиза, кога согласно со одредбите од овој Договор, дејноста на ЕЛАС беше окончана и тоа беше крај на оружената борба на ЕЛАС, односно пораз на тоа движење.

Всушност, толку на овие околности не упатува и историјата како "Учителка на животот", поради ненаучената лекција, таа не врати брзо на поправен испит, но и сега не самоорганизирани со некаква македонска опција, туку пак од туѓинците и за корист на туѓинците. Да зборуваме за некаква македонска стратегија, дека сме имале ние Македонците под Грција и затоа влеговме во Граѓанската војна е надвор од контролата, бидејќи веќе се знаеше: Какви сојузници сме имале; каква поделба на сфери на влијанија настанале по втората светска војна и како најважно; дека сме знаеле во тоа време имало масовни убиства за "Одење во Солун, на Срем". Што значи, барем денес треба, да ни е јасно, дека злото не го создадоа апстрактните луѓе, туку останува историјата да каже кои се вистинските виновници. Историјата на Македонците под

Грција, требаше да биде напишана и да претставува една од најкрвавите балкански и европски книги, кој ќе ги покажеше вистинските виновници и творци на идеологијата на таа војна и етничко чистење, за да како народ имаме спокој за минатото и свест за иднината.

Но, сега се поставува прашањето: Зарем доволно не ги познававме па повторно тргнавме во нов поход со нив во Граѓанската војна? И ЗОШТО?

## 2.0 КАКО И ЗОШТО ТРГНАВМЕ ВО НОВ СМРТОНОСЕН ПОХОД ?

Секое време си има своја бесмисленост, но по Втората светска војна, да се активира македонскиот синдром преку идеолошкиот активизам над Македонците под Грција е ништо друго, туку само туѓи политички цели - наша историска бесмисленост. Тоа го потврди и историчарот Владо Ивановски во “Нова Македонија” од 11-12 октомври 1997 година (Пренесено од Македонија Тајмс), особено во број 3: “Зошто не на Солун” и дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: “Желбите посилни од околностите” и “Ставовите на големите сили”, што заслужува посебен респект. Овоа прашање и други автори во своите трудови го споменуваа: “Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт...” и сите преминуваа со голема леснотија, а е едно од клучните прашања. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвара и го анализира историчарот Владо Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ, (Види: Кирјазовски Ристо 1966/181) за создавањето на НОФ, АФЖ и нивното раководење од периодот во времето (1945-1946) и секој што чита историја и тој што посакува да знае, лесно ќе открие колку сме грешиле ние Македонците во нашето (само) жртвување, односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Значи се поставува

прашањето: Дали ние Македонците преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено - политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и компактноста на македонското население по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено станаа и воени граници на двата табора?

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги иследувам корените на злото: како и зошто беше активиран македонскиот синдром по Втората светска војна во Граѓанската војна 1945-1949 година и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија за да ги сочуваме вековните огништа или со тоа му одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод...

Никако не сакам да зборувам за тоа како само другите се виновни за тоа што се случило со нас Македонците, за сето тоа во нашата историографија се има доста напишано. Но досега не е речено за заедничката одговорност на Македонците. Многу компетентно со непобитни факти проговори Ивановски за:

1. Односот на трите големи сили на антифашистичката коалиција: СССР, САД и Велика Британија;

2. Дека е непобитен и фактот за време на НОВ и ПК на комунистичката партија на Југославија за Македонија и ЦК на КПМ - е присутен проблемот за обединување на Македонија;

3. Го наведе и документот од 16-08-1944 година "Македонија - Меморандум", на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: "Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција";

4. Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на интересни сфери, и дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

5. Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција. Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

6. Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет СТАТУС - КВО на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

И на крај дава заклучок:

“...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле кастрофални.”

Јас, исто, полувина век си ги поставувам прашањата:

- Зошто КПМ - меѓу КПЈ и КПГ- ги жртвуваше Македонците под Грција?

- Зошто КПМ дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот.

Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ и направи не проценлива услуга, но не помалка на КПЈ.

- Зарем неможеше да согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се ширеше како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944-1950 година...

Зошто ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за зачувување на сопствениот исконски македонски простор - нашето прадедово парче земја и компактноста на македонското население во Македонија под Грција?

Чувството дека бевме народ во Грција, го имаше секој Македонец, а во историјата наша да станеме малцинство - неможе секој да го почувствуват како што тоа го почувствуваа Македонците под Грција и да бидат виновни за тоа што му припаѓаат на тој народ македонски. Кое сега со полна уста го нарекуваме малцинство (се служиме со неисториска дефиниција, бидејќи ние Македонците не сме доселени во Грција, па да не третираат како малцинство. Ние сме народ, дел од Македонија и Македонците), а историографијата наша е преполна со вековни стремежи за обединување на Македонците и Македонија. Но, за жал, значи од Обединета Македонија по Втората светска војна, беа само илузии или манипулации на туѓинците и не можеше да има такво нешто, а факт е дека тој порив за нас Македонците останува само како историска матрица. Но, сакам да наведам како мудро работеле и размислувале Германците: Тие велат: "Наивен и глуп е тој што зборува гласно за обединување на распарчената татковина, а страшливец и изрод е тој што не мисли за нејзиното обединување!"

## 2.1 ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА Е НАЈ ТРАГИЧНИОТ НАСТАН НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, БИДЕЈЌИ СИТЕ НАС ОД ТАМУ НЕ ПРАВИ ЛУЃЕ БЕЗ КОРЕН И КАЈ СИТЕ Е ВСАДЕНО ЧУВСТВОТО НА ОТТУЃЕНОСТ.

Фактите од Втората светска војна и од Граѓанската војна (1945-1949), зборуваат за длабочината на македонската трагедија и имаат големо влијание врз психата на Македонците и врз нивното политичко однесување. Новите генерации не се идеолошки слободни, зошто и тие живеат во сенката на минатото, па дури и авторот на оваа книга остава таков впечаток. Но, ние Македонците, не можеме да го отфрлиме минатото и да тргнеме во иднината и да гледаме рамнодушно

на обезмакедончувањето на Македонија под Грција. Со исти респект ќе ги читам одговорите на моите прашања, кои произлегоа од овој заклучок дека: “Политичкото и воеactive раководство на Македонија реално ја оцени, ја држеше и ја контролираше ситуацијата”, како што вели Иисторичарот Ивановски.

Тоа е за почит, ако така се држеше, зашто факт е, дека паролата за обединета Македонија по Втората светска војна немаше никаква реалност. Сите ние Македонците под Грција ја доживеавме надвор од своите родни огништа за навек, зашто се покажа со таа идеа туѓинците ги искористија исконските желби на Македонците и беше подсилувана, бидејќи со моделот за нашето (само) жртвување се бараше масовност и со тоа се створаа услови за реализирање на етничкото чистење.

Но, историчарите, сега во поново време изнесоа доста валидни аргументи и непобитни факти кои го побиваат заклучокот на Ивановски и точно укажуваат на една Историја со многу детаљи од дејствувањето на КПМ/КПЈ, односно на политичкото и военото раководство. Таквите сведоштва откриваат една сурова правда и коренита ревизија на свеста за интегрална македонска историја, значи македонецот се уште неук и неосвестен човек, наместо да се обедини и сплоти, требало да се определува за Југословеснката комунистичка паратија КПЈ или за Грчката комунистичка партија КПГ.

Еве зошто:

КОГА НОФ, АФЖ И НОМС БЕШЕ ОФОРМЕН И ОРГАНИЗИРАН ОД КПЈ/КПМ, СЕ ПОКАЖА ДЕКА ГОТОВА БЕШЕ ТЕАТАРСКАТА СЦЕНА ЗА ВОЈНА И ТОА СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ. ОДНОСНО, ТОЈ НЕ ПРОМИСЛЕН МАКЕДОНСКИ ЗАФАТ ПРЕСТАВУВАШЕ ФАТАЛНА ОПЦИЈА ШТО НИ ДОНЕСЕ ГЕНОЦИД

Прво: Дека на 23 април 1945 година во Скопје во ЦК на КПМ, биле формирани организациите за Македонија под Грција НОФ, АФЖ и НОМС раководени од КПМ/КПЈ, се до ноември

1946 година. Програмската цел им беше за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. (Види: Кирјазовски Ристо 1966/181 и Раковски Павле 1990/199).

Но и историчарот Лазар Лазаров 1998/62, не упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 од страна на францускиот генерален Конзул во Солун Жерар Раул Дувал, во кои вели: "...Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија... по се ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира ова организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската територија..." (стр.62).

Ово е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ (види: Киразовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ (КПМ/КПЈ) и беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: "Да го свртиме оружјето кон Солун!", односно: " На Солун, не на Сремскиот фронт?!"

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беа создадени 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се унуштени во времето на Граѓанската војна м.з ), функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации - до батаљони. (види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот

победата над фашизамот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се ѕвва со невиден терор до Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално е дека Граѓанската војна е прогласена на 31 март 1946 година со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

## СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ - СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: "НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗАМОТ" И ПОДРШКА - САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА – ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА - СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА

Значи, потврдени се фактите дека; 1945 година, на 23 април, во Скопје, независно од КПГ, се формира НОФ и стратешката национална грешка беше исправена со без (С-Славомакедонци), бидејќи во одлуките на АСНОМ немаше место за такви туѓи манипулации со нас Македонците. Но што стана понатаму со НОФ низ текот на Граѓанската војна е објаснето во книгата "(Само)жртвувањето на Македонците под Грција". "Критичарите" меѓутоа што се јавуваа на страниците на "Нова Македонија", опфатени со кулминацијата на цинизмот, дека: "Народот конечно ќе заборави!" и раните ќе ги лечи со Панихиди (оваа година се направи во Штип за 150 млади, кои беа насилно земени од суверената Југославија и испратени во суверена Грција, во прегратките на смртта во Граѓанската војна, само затоа што тие беа родени таму...) овие "критичари" нешто сепак обелоденија. На страниците на "Н.М" од 29 мај 1994 година веќе и отворено се идентификува кој го правел таквиот "национален долг" и им го покажал патот до "слободата", на овие млади луѓе, кои што ги оставија коските на Грамос. Тоа е синдрофос Мичос (како што се претстави: политичар, револуционер и мобилизатор). Тој вели: "...Дојдов во Скопје и за четири месеци испратив стотина борци во редовите на ДАГ"

* (Во заклетвата на борецот во редовите на ДАГ во основа се вели: Ο ΟΡΚΟΣ ΤΟΥ ΜΑΧΙΤΗΤΟΥ ΔΣΕ во основа се вели: Јас син на грчкиот народ борец на ДАГ (Демократската армија на Грција) ќе се борам за да го одбранам интегритетот и базбедноста на државните граници на татковината-Грција. . . и.т.н.).

Не знам дали овој човек, гледајќи ја Панихидата, го гребна совеста, кога плачеа тие мајки за своите чеда, што тој им ги зеде од рацете. Овој синдрофос Мичос исто така не осведочи и со тоа, дека Захаријадис, на Вториот конгрес на НОФ од 25 март 1949 година (пред ликвидацијата на ДАГ) за нас Македонците рекол: "Вие Македонците имате право на отцепување, во рамките на балканска федерација. Но да видиме каква заклетва претходно дал борецот на ДАГ.

(Авт. Превел): ЗАКЛЕТВАТА НА БОРЕЦОТ НА ДАГ: "Јас син на народот на Грција и борец на ДАГ, се колнам дека ќе се борам со пушка во рака и ќе ја пролеам мојата крв и спремен сум да го дадам и својот живот за да го истераме од земјата на татковината Грција и последниот надворешен окупатор. За да се ликвидира секакво присуство на фашизам. За да ја обезбедам и да ја воспоставам националната слобода и територијалниот неповредлив интегритет на татковината Грција. За да се обезбеди демократијата и добрто на народот.

Се колнам дека ќе бидам добар и истакнат, дисциплиниран војник, и ќе ги извршувам сите наредби и канони и ќе ги чувам сите тајни на ДАГ.

Се колнам дека ќе бидам пример и ќе имам најдобар однос кон народот со цел за трајно помирување и ќе го одбегнувам секој обид што ќе ме компромитира и ќе ме понижува како личност и како борец. Основните интереси ќе ми бидат: слободата и трајната демократија во Грција. За сите овие интереси на народот на Грција, спремен сум со пушка во рака да го положам и животот."

Инаку, се друго, што исцеди еласитинот Димитар Угриновски - Мичо, (Во ЕЛАС и ДАГ, Грците му дале конспиративно име -

ВОРЈАС), ако е од неговиот ум, не заслужува коментар. Бидејќи од мојата книга тој не разбрал ништо. И подобро. Синдрофос Мичос се расфрли со конференциски јазик и набројува борци, кои не се ни спомнати во мојата книга. Таму е обратно. Таму на сите заслужни луѓе и на борците им е дадена заслужена почит уште на првата страница. Ме обвинува дека мојата книга е ненаучен памфлет. И дека сум препишувал историски факти од авторите што ги наведува. Но, обвинувајќи ме на овој начин мене при овој тотален пораз на логиката - тој најверојатно и нив ги смета за памфлетичари. Но, сакам да го потсетам овој само наречен голем борец на ЕЛАС што правеле неговите соборци ЕЛАСИТИ спрема Македонците (Види: книгата на Д-р Р. Кирјазовски: "Егејска Македонија во НОВ" Том 7, книга 3, страница 220, документ бр.76, од 18 октомври 1944 година.): Меморандум (фотокопија АЦКСЈ-К 1/40) на група македонски активисти од костурско за неправилниот однос и политиката на раководството на грчкото движење на отпорот (ЕЛАС) спрема Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Од писмото на Ворijас, очевидна е умствената кадарштина на овој псевдо борец и комунист, и многу е јасно дека некој друг му го ангажира органот за омраза; за да на бизарен и со крајно вулгарна тенденциозност, без основна на елементарно културно општење (бидејќи нема елементи да се зборува за научно) или полемизирање. Употребил зборови чие значење е далаку од неговите можности и потенцијали на поимање, кои сега тој лично ги употребил.

Можат слободно да се запрашаат овие Ворјасовци и сите југоносталгичари. Зошто се уште ја играат улогата на слепи свидетели за животната трагедија на сопствениот народ? Можеби се сметаат за "професионални револуционери" со интернационалистички погледи. Космополити. Идеолози. Но, сите тие, свесно или не, покренуваат едно етичко прашање. Се уште под опсесијата на замислената моќ: Можам да те навредувам, да те клеветам итн, но ти не ми можеш ништо. И штом мислиш поинаку, немаш право на одговор! и велат уште: "вас (се мисли на Комитите) ве убиваа на патиштата по завршетокот на Втората светска војна сојузниците..." Но, зошто

не го поставуваат прашањето: што воопшто стана по завршетокот на Граѓанската војна? Зошто Комунистите, македонските лидери, беа испратени во логорите на Сибир? Секако, не на летување... Но, еден паметен човек од цивилизираниот свет рекол: “Псостите се аргумент на оние кои не се во право.” Сето ова, еднаш се потврдува, дека во нашата блиска историја, сите поделби и пропаганди оставиле длабоки лузни во нашето живеење. Таква беше нашата судбина, кога дозволивме судот за нашето ПРОСТУМ да го одредува друг па дури и сега, по 50 години. Тоа покажува колку длабоко не разделија и уште нешто остава апорија. Дали навистина овие луѓе со нивната лична ерудиција ги заобиколија докрај виталните национални прашања, што ги покренувам пред македонската историографија и пред нашите институции; или би можело да се заклучи, дека намерите им се состојат всушност во испроектираните налози за “екзекуција”, заполна дисквалификација на луѓето, што би посакале нешто повеќе за сопствениот геноцид да знаат? Зошто се уште се ежавиме пред отворањето на “белите страници” од нашето минато? Постои ли опасност од злоупотреба на историската вистина; или од проникнувањето во политичките комбинаторики на историјата? И зошто нашето македонско Простум се уште се мери со шуплината на историските фрази и недореченост?

Но, да заборавиме, дека во наследството ни се оставени длабоки трауми, кои што постојано ќе го возбудуваат самочувството. Оти и тоа потсетување е дел од македонската историја. По краткиот преглед на настаните во прилог на идентификација се поставува суштината на историско - судбинското прашање:

КОЈ ГО АКТИВИРА КОНЕЧНО “МАКЕДОНСКИОТ СИНДРОМ” ЗА НАШЕТО (САМО) ЖРТВУВАЊЕ ВО ГОДИНИТЕ (1945-1949) НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА?

а) Дали ние Македонците не дадовме директен повод за речиси тогашната неподнослива тензија на ова подрачје;

б) Дали ние Македонците се најдовме случајно под воениот тајфун, што корнеше се, што беше македонско, или некој него прецизно го лоцира - географски и временски, воено и

политички - и не турна, потпалувајќи ни го она судбинското "Или сега или никогаш!" Во книгата "Генерал Маркос", Д. Кљаиќ пишува: "На 15 септември 1947 година, од 15-17, се одржа пленум на ЦК на КПГ, на кој се раправаше за воените прашања и на пленумот се истакна паролата: "Сите на оружје, се за слободата!" Се донесе решение да се лоцира, односно да се направи слободна територија на: Кожанската висорамнина, Каракамен, Кајмакчалан и Вичо". (Точно во срцето на Македонија под Грција; а на пленумот не присуствува ниту еден Македонец, како преставник на еден народ, кој партиципирал воени ресурси дури до 50%, односно ниеден преставник на НОФ, а нашата историографија тврди дека оваа организација била военополитички фактор во таа војна-м.з.).

По ова решение, кога уште не е прогласена ни "Привремената демократска влада" како преставник на ДАГ, почнуваат незаконски мобилизации и тоа:

1. "На 27 септември 1947 година, Главниот штаб на ДАГ во реонот на Вичо издава наредба за мобилизација на сите машки од 17 до 35 години во реонот на Вичо, Преспа и Костурско." Што кажа генерал Маркос Вафијадис во изјавата што ја даде во март 1947 година на францускиот дневник "Иманите", меѓу другото се вели: "Ние бараме полна рамноправност на Македонците и другите националности со Грците. Првите немаат ништо запаметено освен обврски, прогонства, мачења и убиства. Грчките влади настојуваа да ги денационализираат, не признавајќи им ги најосновните права, дури и ни право да зборуваат на мајчин јазик…" (Архив на Македонија бб 1947, превод од грчки). Но да видиме како се развиваа работите на дело од самиот генерал Маркос: По формирањето на Привремената демократска влада за потребите на ДАГ со декрет за високи офицери на ДАГ ги назначува сите кои биле создавачи на партизанското движење во разни штабови (т.н Архигија) на територијата на Грција и ги унапредува во полковници на ДАГ: 1. Александрос Иоанидис, 2. Георгијадис Георгиос, 3. Гкукулу Николаос, 4. Гианулис Георгиос, 5. Зигурас Димитриос - Палеологу, 6. Иљадис Софијанос, 7. Какулидис Геогиос, 8. Калинос Теодорос - Амарбеис, 9. Канелопулос Констандинос, 10. Кариофилис Гианис, 11.

Конталонис Гиоргиос, 12. Кираsопулос Димитриос - Фотинос, 13 Пападимитриу Илијас - Лиакос, 14. Папастергиу Алекос, 15. Паркезес Георгиос, 16. Рафтис Констандинос - Демрџикас, 17. Росос Александрос - Ипсилантис, 18. Спанос Козмас - Аминдас, 19. Статакис Манолис, 20. Сфаѓанос Георгиос, 21. Терзоглу Никос - Пиравлос, 22. Џелефис Томас, 23. Томбулидис Павлос, 24. Тријадафилу Никос, 25. Фларакис Харилаос - Гиотис. Тоа е факт, дека ни во владата, ни во овие офицери кои го претставуваа военополитичкиот фактор на ДАГ, нема ниту еден Македонец. ЗОШТО?

“На 23 ноември 1948 година, Главниот штаб на ДАГ нареди да се изврши мобилизација во истите реони и да се: “Мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години, тие што биле пред тоа немобилизирани, односно оставени за изградба на утврдувањата, или беа оставени поради болест”. Со таа наредба пректично беа мобилизирани сите жители од Костурско и Леринско, а децата и старците беа префрлени низ логорите на Албанија, Југославија и по народните републики низ Европа и така во земјата настана пустош. Паралелно со таквата акција, мобилизација се вршеше и во Скопје и по другите градови на денешна Р. Македонија, пак по налог на некои си Минелаос и Ираклис. Но, интересно е следното: Во книгата “НОФ и другите организации од Егејска Македонија (1945-1949)”, страница 279, Д-р Ристо Киријазовски пишува: “Раководителите на КПГ-ДАГ не само што ги потценуваа македонските раководители и борци, туку дека и неоправдано ги стрелаа”, - наведувајќи го примерот од Кајмакчалан, каде што од Ираклис Милтијадис - Кирјакос невино беа стрелани 10 - мина Македонци. Освен овој документиран настан (во изворниот документ се посочени и имињата на стрелаnите), во четвртата глава од својата книга, Д-р Ристо Кирјазовски има изнесено бројни настани со навистина примерна фактографска аргументација, кои што настани беа во функција на обезбедувањето на воените резерви на ДАГ, дури и вон границите на Македонија под Грција (Е.М). Што значи дека за досотрување на Македонците одамна не важеше меѓународното право (за кривични дела против човечноста), и тие можеа слободно од суверена Југославија да се праќаат во суверена Грција за да умрат во герилата на Грамос. Заради реализацијата

на овие цели, Д-р Ристо Кирјазовски пишува дека се направени неколку официјални средби со грчката делегација, на чело со Профирогенис, и тоа:

ПРВАТА. Средба во Скопје на 9 февруари 1949 година со највисоката раководна личност на македонската држава Колишевски; а тоа се случи само неколку месеци пред ликвидацијата на ДАГ. На средбата допатува делегација на КПГ на чело со Профирогенис (сите други членови се Македонци) да бара уште една насилна мобилизација на уште 5.000 Македонци, бидејќи мислеле дека тие биле грчки државјани.

ВТОРАТА. Средба на делегацијата на КПГ со членовите на Главниот одбор на НОФ, кои, по налог на КПГ, есента 1948 година беа дојдени во Југославија со задача од редовите на македонската емиграција да регрутираат борци за ДАГ.

ТРЕТАТА. Средба во Белград на 16 февруари на рамниште на КПЈ со преставникот - Попивода. Откога ќе се осознаат овие работи ќе се види, дека нашите заблуди претставуваа една голема трагична иронија. Се беше во една потресна големомаченичка легенда, која набргу по ликвидацијата на ДАГ се престори во уште една незапаметна наша трагедија, на која сме и свидетели, кога за првпат во историјата Македонецот е против Македонец, при што сите се однесуваме како идеологизирани примитивци во интерес на нацијата. Тогашните пропаганди настојуваа се да се претвори во сурово сознание, дека од “историските раскрсници” можело на чело со НОФ, да се тргне и во “посветла иднина”; но, се покажа дека ние многу полесно влеговме во самиот пекол. Бидејќи воениот фактор во таквата стратегија на заплашување ја манифестираше својата политичка моќ; а таа поседуваше и психолошко-пропагандна компонента.

Што значи дека ние како народ во таа земја, не можејќи да ги предвидиме и да ги очекуваме сите овие изнудени и наметнати ситуации од туѓинци, ништо друго не можевме ни да очекуваме, освен да го доживееме катастрофалното изненадување, и сето тоа да го платиме со данок во крв со највисоката можна цена на нашите иљадагодишни огништа.

Но, да видиме како беше употребен во овој контекст мобилизираниот човечки потенцијал (Македонецот)? И како се одвиваа операциите во Соботско, Воден, Негуш и Лерин, според планот за освојување на нови слободни територии, и кој раководеше, па и како беа сотрени мобилизираните нови луѓе?

Во книгата “ДАГ (Стратешките и политичките прашања на раководството), од Герасимос Малтезос - Џумеркиотис, началник при штабот на ДАГ, пишува: “На 28 декември 1948 година, под раководство на генерал-потполковникот на ДАГ Гусјас (по занимање чевлар), тргнува огромен човечки потенцијал од единиците на ДАГ, со бригадите, во кои повеќе од 70% беа Македонци, во бригадите 18; 103 и 14, согласно зацртаниот план за освојување на слободни територии на пленум на ЦК на КПГ, да ги нападнат владините трупи, што беа стационирани во Соботско, и да го ослободат. Со операцијата раководеше самиот Гусјас, а резултатите беа катастрофални и во воените анали можеби ќе останат забележани како “Одење во поход со отворени очи кон смртта!”

Но, од сите тие “воени походи” најтешко се опишува пеколот на борбата за освојување на Лерин од 12 февруари 1949 година. Односот на силите беше следниот: ДАГ, во својот состав ги имаше 13; 103; 14 и 107 бригади, школата за офицери, еден батаљон за минирање, еден батаљон за санитет и еден батаљон за пренесување на ранети. Се на се околу 5354 војници. Стационираните владини сили во Лерин броеја околу 4000 војници.

Загубите на ДАГ за неполни 8 часа беа катастрофални: 334 мртви, 1500 тешко ранети и 199 исчезнати. Денес во Лерин има уредени гробници само за војниците од владината војска. Од сите тие наши луѓе нема ни трага, ни спомен, бидејќи сите тие беа затрупани во еден ендек. Ова е само еден исечок од целокупната трагедија; но, ние за целиот тој период на Граѓанската војна насекаде ги закопувавме Македонските жртви и интереси. Проблемот изгледа многу компликуван; но тоа е реалноста, и на неа гледаме чесно и непристрасно. Друго е тоа како историографијата ги прикажуваше фактите, за да го

релаксира политичкиот набој... Ние не бевме спремни како народ, кој се одважил правдата да ја бара со оган и со меч, а на чело со генерали како Гусјас. Ние бевме постојано под контролата или во режија на црногледи антимакедонски концепции. Ако беше поинаку, барем ќе имавме еден наш генерал, кому не ќе му даваше совеста да не води во гибел. Значи, историјата, ако и во нашиов случај претендира да биде наука, ќе мора барем тоа да им го соопшти на генерациите.

3. Дали "македонскиот синдром" беше дело на еден тотален светски неред, на вакумот по завршувањето на Втората светска војна, на уште не дефинираната светска политика на двата табора (социјалистичкиот и капиталистичкиот), што можеше да се види уште во почетокот на војната (1945-1947) тешко е да се каже. Се покажа дека максималната ангажираност само преку Македонците не даваше јасна слика за конечната победа и за некаква социјалистичка револуција во Грција. Се надевавме ли дека преку таквата советизација, ние Македонците ќе се најдеме во една Балканска федерација и ќе го решевме прашањето; или тоа беше неконтролирана еуфорија на голем ризик и без одговорност? Тоа се само некои од прашањата. Во книгата "Ксенократија", што излезе во 1975 година - дело на екипа стручњаци, под редакција на Џон Фриман стои: "...На почетокот на февруари 1948 година, една југословенска делегација пристиган во Москава. Во составот на делегацијата беа Кардељ, Ѓилас и Владимир Дедиер. Сталин ги прими во Кремљ и во разговорот, што го водеше, го нападна Белград, дека превзема самоволни иницијативи и постапки во основните и клучни прашања од надворешната политика, без да се советува со Москва. Кардељ посака да се оправда, но Сталин го прекина со висок тон: "Не, не прашувате за ништо, и не се согласуваме со сите ваши меѓународни иницијативи. Не се согласуваме со вас, југословенските другари, дека треба да продолжите со помош на грчките партизани. Таа борба нема никаква надеж дека ќе успее."

Исказот на Сталин го кажува и Дедиер во книгата "За Тито" (1953, страница 218). Но и Ѓилас во својата книга: "Разговорите со Сталин" (стр.182), го потврдува сето тоа, што го пишува Дедиер, со надополнување, дека Сталин го рекол и тоа дека -

Револуцијата (борбата) во Грција треба да престане! Како што пишува Ѓилас, тој го употребил и зборот “СВЕРНУТ”, што има значење: “да се завитка, како што се собира килимот.” Потоа Сталин, свртен пак кон Кардељ, го прашал:

Верувате ли дека револуцијата (борбата во Грција) ќе успее?

- Ако американската интервенција не се зголеми, одговори Кардељ, и ако грчките партизани не прават сериозни политички и стратешки грешки...

Но Сталин го прекина нервозно: “- Ако, ако, ако... Не! Прават грешки. Тие немаат ни најмала шанса за успех. Што мислите, дека Велика Британија и Соединетите Држави - Соединетите Држави најмоќната држава на светот - ќе ви дозволат вам да ја скршите линијата на комуникациите кон Средоземјето. Будалштини, глупости. Револуцијата во Грција треба да ја прекините колку што е можно поскоро...” Ѓилас, стр.182.

Што значи дека клучот на таа војна беше во рацете на Американците. Тие беа вистинските господари на таа војна, и само тие имаа задача да ги одбранат своите интереси што значи, политичарите ги започнуваат војните, политичарите решаваат кој е тој момент кога треба да заврши војната. Но, таа војна беше најтешка и најнеобична за нас, изманипулираните Македонци.

4. Смеевме ли ние Македонците да заборавиме дека се наоѓаме во една експлозивна зона и од поодамна бевме меѓу дипломатијата и топовите, како што пишуваше и солунскиот весник “Неа алитија” (Нова вистина) од 17 април 1946 год. *”СУДЕТИ”**. “На северните граници на Грција се наоѓаат Судетите на третата војна. Тие се “Славомакедонците”. Ако Грција не се ослободи од нив, третата светска војна ќе почне на грчката граница. Но, сите тие треба да си одат од Грција... Или треба да бидат ликвидирани. Па така ним им успеа она, што го наумија. Преку сите и севозможни манипулации - македонското население го иселија од вековните огништа. И од сето тоа, што е најстрашно и најтрагично, истрелите од војната се уште одекнуваат, и како стварност, и како потсетување; но само уште

кај нас, Македонците, расејани по светот. Тоа им беше полесно за остварување кога им успеа да не облечаат во униформата на ДАГ…

5. Зарем можеше на нашиот поход да му биде гаранција т.н. Балканска конфедерација? - намера, која спаѓаше во стратегијата на балканските игри. Особено кога се знаеше колку и какви туѓи интереси зад сето тоа се криjат (некаква советизација на Балканот). Па така само неупатените и можат се до денес да веруваат во некаква грчко - југословенски односи, без никаква улога во тоа на историските фактори од видот на (Букурешкиот договор и други). Освен што е неточно таквото очекување е, и наивно. Тоа беше време на еден исклучителен сплет на околности, и нив во полна мера ги искористија инструкторите во корист на Грција - за да не прогонат сите нас и со тоа да се решат проблемите околу македонското прашање. Неупатените можат и понатаму да веруваат дека во Граѓанската војна, НОФ и АФЖ биле “носители на револуционерните идеи и идеали на Илинден и на револуцијата”, и дека како тие биле избрани од нацијата да го кренат народот во револуција за социјализам во Грција. За волја на вистината што ние претставуваме како воено - политички фактор ќе го наведе следното искажување.Во книгата “ДАГ - прашања истратегија и тактика на раководството”, од М.Г - Џумеркиотис, каде што се зборува за сегрчкото воено политичко советување на стратешките прашања и за развојот на понатамошната тактика, одржана на 15.01.1948 година, авторот вели:

“На ова советување, што се одржа на Вичо, зедоа учество 22-ца функционери на партијата и на војската на ДАГ.” Информираше Гусјас за сите порази, за расцепот на КПГ и за грчката левица. На ова советување беа присутни: Захаријадис, Иоанидис, Маркос, Барџиотас, Стрингос, Зографос, Колијанис, Вазванас и.т.н, но не беше присутен ниту еден Македонец, и тоа на територијата на Вичо! Што значи, Грците не ги мешаа многу работите. Ние можеме и се до денес да си живееме со тие одамнешни желби, без визија. Но, тие се покажаа итри и прагматични. И тие го сочуваа пленот, што го зграбија со

Букурешкиот договор во 1913 година, односно во Версај 1919 година.

Ќе ги наведам само последните манипулации на КПГ со нас Македонците, како краен резултат. Бидејќи доста ЕЛАСИТИ, ЕАМИТИ И КОМУНИСТИ се и понатаму склони да се придржуваат кон опскурнтизам; но тоа веќе прерасна дури и во идеална здодевност на нашето историско минато и убеденост дека Македонците и оваа лага разумно ќе ја проголтат...

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАСИЗАМ

1. Манипулација - непростива, бидејќи спаѓа во најбезочните: На 5-от Пленум, ЦК- КПГ од 30- 31 јануари 1949 година, само за неколку месеци пред ликвидацијата на ДАГ, ЦК на КПГ одлучува, (а тоа го прави за да ги задржи Македонците докрај тие да не се побунат), дека: "На Македонскиот народ му се признава правото на самоопределување". Но, тоа траеше, а можеше да трае, само до ликвидацијата на ДАГ.

2. На 3 февруари Пленум ИИ 1949 година е свикан на ценетралниот совет на НОФ, кој прокламираше "нови програмски принципи на НОФ, односно обединување на Македонија, односно на Македонците во единствена, независна македонска држава", што се покажа всушност само како последен маневар за да ги придобие Македонците по резолуцијата на ИБ-Информбирото. Но, да видиме каков беше ставот на СССР* по овоа прашање и оашто беше негативен за создавање на Македонска држава:

(Ставот на СССР за прашањето за создавање на Македонска држава, март 1949 Види: книга ).**

3. На 7 март 1949 година ЦК на КПГ објави соопштение, во кое се демантира од Атина и од иностранство дека е постигната погодба за создавање Балканаска комунистичка федерација и Македонска држава, која ќе ги обедини сите делови на Македонија. Поради тоа КПГ го отфрла ова свое гледиште по македонското прашање земено на 5-от Пленум во јануари на Пленум на од 3 февруари 1949 година.

4. На 25 март 1949 г., раководството на НОФ растури ле тоци, во кои се осудува паролата за "Слободна и независна Македонија во составот на Конгрес една Балканска федерација", која требаше да ја прифати на НОФ, како штетна за грчкото, а особено за македонското движење. Истиот ден Конгрес е одржан на НОФ, за егејскиот дел на Македонија. (Види книгата: "Генерал Маркос" од Д.К)

5. На 27 март 1949 година беше свикано основачко собрание на 136 комунисти на КПГ, делегати на 2 - от конгрес, кои едногласно одлучија да формираат комунистичка организација на Македонците од егејскиот дел на Македонија, која би била посебна организација, и дел од КПГ (КОЕМ).

На што прилега ова? Комунистите велат, не сме изманипулирани. Но, нели сето ова од страна на КПГ претставува собирање на политички поени пред ликвидацијата на ДАГ? Кога претходно со годините сите сме ја прифаќале тезата: "Една држава - една партија". А сите знаеме, дека секогаш, кога не и требавме, КПГ не оставаше заборавени на слеп колосек. И кога ситуацијата ги имаше сите знаци на трагедија, политичарите на КПГ и натаму мислеа дека нив не ги обврзуваат никакви морални норми спрема македонскиот народ. Нивна грижа било само тоа нас да не "убедат" дека КПГ ја содржи магичната сила на обединување и да велиме и веруваме дека КПГ кај нас ја врши историската улога на назаменлив фактор на политичка кохеренција на Македонците. Создавањето на КОЕМ беше своевидна тактика со крајна цел македонското национално прашање да дојде до македонско - македонско предавство. Зошто предавство? Зошто пак сме во игра ние Македонците помеѓу КПГ и КПЈ? Ако тоа го сторија Грците со јасна цел да дојде до македонско - македонско предавство, тогаш останува да видиме како нашата историографија тоа го оценува. И зошто ние Македонците, што учествувавме во Граѓанската војна, сме оквалификувани како: инструментализирани предавници и злосторници против Југославија и нејзиното раководство.

За да се објасни ова наше злојадство (во отсуство на македонскиот фактор) кое што е сторено дури и во сопствената историја, - поради поданичката свест да се биде што поголем Југословен - ќе ги проследиме историските оценки од Д-р Кирјазовски во неговата книга: НОФ и другите македонски организации. Тој пишува: "…Нема потреба да вршиме целосна анализа на целата содржина на Резолуцијата (ИБ), бидејќи сметаме дека ова што го изнесовме е доволно да се сфати каков злосторнички документ преставува тоа… Не беа клеветени само македонските раководители, туку КПЈ, раководството на КПЈ. Усвоената Резолуција од паководството на КОЕМ беше анализирање од сите организации на НОФ, АФЖ и ДАГ. Таа послужи како средство за спроведување на една хистерична концепција против Југославија и нејзиното Раководство." (стр.304-305). Што значи сега КОМИТИТЕ, НОФИТИТЕ, АФЕЖИТИТЕ, НОМСИТИТЕ и сите борци Македонци во ДАГ сме биле опфатени (а ние борците на Грамос, или било каде, абер си немавме м.з) со една таква хистерична кампања против Југославија и нејзиното Раководство. Сега сите НОФИТИ, што ги нарекуваме: инструментализирани предавници и злосторници, заборавивме дека тука, од Југославија, им беше речено: "Вие сега ќе одите долу (Во Егејска Македонија), раководител на вашата борба ќе ви биде КПГ, линијата на КПГ е исправна… Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции (колку луѓе настрадаа по ова и не беа заштитени од никого, тоа е друга тема…). И навистина ние,така се изборивме, според овие братски совети. Иљадници Македонци загинаа, борејќи се со неописива храброст. Па сепак, во аналите на историјата не постои таков случај, каков што е нашиот, никаде. Бидејќи само нашата историографија еден цел народ го оквалификува како инструменталзиран, предавници и злосторници и тоа според идеолошките критериуми и интереси на туѓинците. О, боже, боже македонски, што сме направиле со тој наш човек, наречен ЕГЕЕЦ!?

Еве каков суд има дадено нашата историографија (Се мисли на дел од историографијата пишувана за егејскиот дел на Македонија под Грција). Зарем тоа не е навреда на сите борци?

А судбината на сите тие луѓе беше таква, што по поразот на ДАГ, повеќето беа обвинети од КПГ за “Титови агенти” и раководниот кадар од 11 луѓе на НОФ беа затурени во сибирските логори.

Еве колку е болно кога ќе осознаеме дека страдаме всушност поради идеолошката концепција на светот, и поради туѓите пропаганди, а во полно отсуство на македонскиот фактор, значи само слугите секогаш се готови да сторат повеќе отколку што се бара од нив. Но крајно несериозно е денес да се манипулира со сите нас, дека друго видување надвор од напишаната историја за настаните во Егејска Македонија би било навреда за борците и да се повикува Д-р Стојан Киселинов (Рецензент на мојата книга м.з): “…Да се огради од книгата на Кочов, верувајќи дека со тоа донекаде ќе им се ублажат болките на борците од навредите што му ги нанесе г. Кочов”. Јас незнам дали треба да се коментира ваквото барање на чуварите на Историјата напишана за Егејците?! Во нивните писанија, ме прашуваат: Како сум можел да ги невредувам моите соборци со поставување на спектар од прашања пред историографија? Со барање за објективно расветлување на минатото, каде што сме дозволиле самите да биде погазено нашето македонско ПРОСТУМ; а историјата да го прикажува тоа во корист на дневната политика.

Сето ова ме потсети на еден познавач на нашите прилики, кој искрено ми рече: Дека никаде не е толку почитуван Буда како во Бурма. Дека со иста таква мера беше почитувана КПГ кај вас Егејците. Но, дека сега истото го правите кон КПЈ… Па навистина човек ќе рече: Нека оди по ѓаволите “Историската наука”, ако на Македонецот историското место му се одредува според идеолошките критериуми и интереси на туѓинците.

Да претпоставиме дека Резолуцијата на ИБ сме ја прифатиле. И дека, според судот на Д-р Кирјазовски за НОФИТИТЕ, АФЕЖИТИТЕ и за сите нас, борци на ДАГ “историската вина” ни е одредена. И тогаш е сосема јасно кој ред граѓани треба да бидеме по враќањето наше во Југославија. Ете од кои идеолошки критериуми сме биле такви граѓани; и затоа не

треба по тоа прашање зачудувачки да се бараат други виновници.

Тој историски, став, меѓутоа доаѓа во длабока колизија со сето она, што е предмет на неговиот труд, кога вели: “Главната поента ја насочив кон светлите традиции на организацијата НОФ, како главен раководител на македонското националноослободително движење…”

На 16 јули 1949 година Извршниот Одбор на АФЖ на жените од егејскиот дел на Македонија освои резолција за активирање на македонските жени за одбрана на фронтот на Вичо - планина. (Види: стратешкиот план “Пирсос В изработен и реализиран од генералштабот на американскиот генерал Ван Флит, кој командуваше со борбите за ликвидација на герилата во Грција). И понатака е познато што стана со македонската жена турната во окопите за одбрана на фронтофската линија. Спектар од желби и визија за исполнување на наредбите на тугинците. Само исконскиот патриотизам, празна реторика, лелек и неподготвеност за соочување со реалната стварност за изгубеното семејство. А сега прифаќање на најстрашното: хуманитарната идеологија - идеологија за опстанок пред социјалните врати, трагајќи по ново врталиште прибирање на распарченото семејство…

КАКО И ЗОШТО ИСЧЕЗНАА ГОЛЕМИТЕ НАДЕЖИ?

7. На 30 август 1949 година, Главниот Штаб на ДАГ објави, дека единиците на ДАГ се повлекуваат и ја напуштаат Грција, бидејќи си ја извршиле предвидената задача. Така заврши Граѓанската војна. Хегел вели: “Она што пропаѓа - пропаѓа со причина”. Нашата историографија вели: Види, книгата “НОФ и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949 од д-р Кирјазовски: “И покрај поразот и тешките последици, борбата што ја водеа грчкиот и македонскиот народ 1946-1949 година беше правична и националноослободителна, таа беше продолжение на борбата од периодот од окупацијата против тројниот окупатор и англиската интервенција во 1944 година” страница 384.

Кога стигнавме во емиграцијата, КПГ на 6 Пленум ЦК на КПГ, одржан на 9 октомври 1949 година, донесе решение за расформирање на сите македонски организации: НОФ, АФЖ, НОМС и КОЕМ и предложи да се формира нова организација "Илинден" на 19 февруари 1951 година. Како причина за расформирањето на НОФ, АФЖ и НОМС беше наведено дека тие се агентурни и предавнички, додека сега, со новата организација "Илинден", се бараше борба против "Агентите на Тито".

Во својот говор Никос Захаријадис на 6 Пленум рече и следното: "...И треба тука да кажеме отворено, дека, ако од 1946 година беше позната улогата на провокаторот Тито, тогаш КПГ не ќе донесеше решение да го земе оружјето и да влезе во војна. Ќе се определеше за друг пат и начин на борба...." Види: и трихрони епопеа ту ДАГ (Димократику страту еладас 1946-1949) стр. 422.

Меѓутоа на 4 јуни 1956 година беше донесено решение за расформирање на "Илинден", бидејќи таа беше оценета како секташка, авантуристичка и штетна. Секако дека тоа се должеше на нормализацијата на односите меѓу СКЈ И КПГ, кога во мај 1956 година ЦК на КПГ усвои посебна резолуција.

Зарем навистина не ли е време еднаш засекогаш да сватиме, кој се играше со нашата судбина?! Ете како беа испогазени нашите организации, а раководителите беа испратени во логорите на Сибир. И сето тоа само поради идеолошката концепција на светот, без никаков респект спрема македонскиот народ и спрема иљадници жртви. Ниту пак спрема револуционерните тредиции на тој народ, кој беше повикуван да учествува во таа војна; како ни спрема сите нас, довчерашни соборци на ДАГ. Ние бевме прокудени и изоставени по светот (такво нешто уште не е забележано во аналите на војната:да не остават генералите, КПГ, соборците грци …), а тие сите до еден се вратија на своите огништа. Може ли човек да си замисли едно такво комунистичко безобразие? Таква безочност спрема еден цел народ? А што е најважно, КПГ за целиот период на Граѓанската војна најголема подршка доби токму од тој изманипулиран, изоставен и сотрен народ. Но, зошто? и како? За да нема

недоразбирање и простор за политчки манипулации уште еднаш ќе кажам: Според изнесените факти во книгата, и според овој материјал тоа се должеше исклучително на ОТСУСТВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ФАКТОР.

На многумина ќе им биде тешко да сфатат дека ништо не сториле. И дека ги неамло тогаш, кога требало да ги има, за да помогнат во спречувањето на таа наша трагедија, на тој испланиран геноцид. Но, тоа е историја…

Прашањето е сега само дали оние, кон кои се упатени пораките и прашањата во мојата книга – во интерес на објективното прикажување на историјата - ќе ги сфатат нив. Бидејќи има и такви, што сакаат се да се премолчи. Меѓутоа, дали прикривањето на историската вистина пред сопствениот народ не би можело, односно да значи - пак да се во функција на некаква репрограмирана политика? И сето тоа пак да се сведе на македонски работи?

Историографијата е најподложна на политизации и мајоризација од политичка позиција. Кога се манипулира со неа настанува искривоколчување на историјата.
Ние Македонците под Грција, го имаме долгиот период на Граѓанската војна (ДАГ) од 1945-1949 година. Останува една објективна историска наука со развиен научен критериум и вредносен систем, да покаже храброст да се зафати со овие нерасветлени витални национални проблеми. Но, се покажува дека токму таквите едноставни констатации и потреби стануваат, во еден критички миг, кога проценката е неопходна, и најопасна со нивното покренување. Па дури кога се работи само за обелоденување на прашањата, кои секој ден се понеодминливо бараа одговор. Што се случи по објавувањето на мојата книга “(Само) жртвувањето на Македонците под Грција”? Како постапи историската наука? Дали навистина и самиот Д-р Ристо Кирјазовски, се придржува кон она, што го изјавува јавно? Види: “Вечер” (од 1 јули 1989 година) што вели: “Историската вистина не е дневна политика… Недозволено е поради некои личности со стари заслуги да се крие целата историја. Еден ден, сакал некој или не, овој народ ќе мора да ја дознае целата вистина за својата трагедија. А наша должност е

да работиме, ослободени од влијанието на дневнополитичките интереси, и да ги обработиме солидно богатите архивски материјали, со кои се повеќе располагаме...”

Навистина ќе беше за почит, ако Д-р Кирјазовски останеше на таквото гледиште. И, да си ја кажам вистината, како паталец и учесник во Граѓанската војна - ДАГ, и тоа од оние меѓу првите групи, со повеќе од 300 Македонци, што беа испратени во длабината на Грција - Епир и јужно од Олимп. Кога комуницираме на јазикот наш, луѓето (Грците) навистина не знаеа за нас ништо. Бидејќи, како што велеа тие, КПГ немала кажано ништо за нас Македонците. Но, интересно е следното, што го одбележува и Д-р Кијазовски во својата книга: “НОФ и другите организации”, на стр. 212, тој пишува: “Раководството на НОФ, и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност и опортунизам на раководството на КПГ, стоејќи на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, се согласи три четвртини од Македонците партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од ОЛИМП, односно во сите краишта на Грција. Понатаму, за да се зајакне грчкото младинско движење, да се расформира македонската младинска организација НОМС а нејзините членови да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН…” Коментарот ќе го оставам да тлее во душата, се додека не дознам да ли има некоја уште во светот таква револуционерна организација, што си ги оттуѓува борците… Но, еве, можеби тоа судбинското ме натера да се престорам во пасиониран истражувач и толкувач на македонската историографија, особено за Македонците под Грција. Бидејќи низ нашата историја за т.н. Егејска Македонија забележувам многу политички злоупотреби, глорификации; а наидувам и на се уште не разјаснети места и настани, се уште на манипулации и користење на историјата во дневно - политички цели.

Но, што се случи?! Се случи една ужасна морничавост. Во книгата “ Генерал Маркос”, Загреб, 1979, од Драган Кљакиќ на стра.128-129 (поместени се фотографии и една судбиска фотографија од раководството на НОФ) Од лево на десно горе: по Ташко хаџијанев има еден труп без глава (тоа е трупот на

Павле Раковски), па Христо Коленцев, Лазар поплазаров. Од лево на десно (доле): Чолаков Ламбро, Паскал Митревски и Уранија Јурукова. Сликани во Алмата (СССР), 1955. Историјата сепак треба да каже кој му ја “исече” главата на Раковски”. Верувам, дека секој читател од таквиот чин е исполнет со ужас. Ова ме потсети на големиот илинденски поет и раволуционер Лазар Поп - Трајков. Човек ќе се запраша: што е со нас Македонците? Значи, се потврдува, дека на туѓинците им било полесно да не научат како сами да си ги сечеме главите. Но, тоа ме потсети исто на една интелектуална полемика во СФРЈ за снимениот филм “Игманскиот марш”. Водачот на тој историски марш, Коча Поповиќ, во тоа време замерен со партискиот врв, го немаше во филмот. Но колку што е и потврдено досега, спрема нас “Егејците” од самите нас се отишло подалеку во такото екстремно однесување - отсуство на доверба меѓу луѓето и своите соборци во целиот тој процес на идеолошки активизам исклучиво да се добие власт преку поданичката свест. Во целата таа повеќе деценска бруталност, а тоа ме зачуди зошто и од историчар пак со пофалување преку власта. Значи, тоа беше време кога секој идеолошки активист на секого можеше да му рече: “Затни ја муцката и јади го лебот што ти го даваме!” Во далечната 1976 имав прочитано една рецензија, се разбира пак во приватна режија на Д-р Кирјазовски, со исти стил, со иста намера и храброст, и со својствениот политички активизам. Тогаш тој за предметот Ск. 4-686 инв. бр. 1419/76, архив на ИНИ, напиша: “Трудот на Павле Раковски е промашена работа и не може да биде од полза. Поради тоа што текстот содржи и провокативни тврдења против југословенското раководство, предлагам трудот да не се дава на користење на пошироката читачка публика” (15.11.1976 година).

Овој автор (Павле Раковски), од таквите пресуди, по враќањето од сибирските логори во Н.Р. Македонија, како да немаше право на парче македонска земја, можеби и затоа не доби ни сопствен гроб. А целиот живот го посвети на македонското дело. Тој беше еден од членовите на потесното раководство на НОФ. Ја напиша првата македонска азбука од 24 букви, а со таа азбука се напишани: Прогласот од македонскиот народ во Воденско, повеќе песни, маршот на Воденскиот батаљон и др. Тој беше анатемисан; а беше рехабилитиран по 30 години, пред

неговата смрт. Еве, како тоа го правевме покрај туѓинците и самите ние.

Сега за мојата книга “(Само) жртвувањето на Македонците под Грција”, обидот да се размислува поинаку Д-р Кирјазовски не го сфати дека тоа е придонес за афирмација на слободата на интелектуалната мисла, туку се послужи со методот на тоталитарната идеологија, која од секогаш се поставуваше како господар на вистината, напиша материјал (Со умисла - обид за сатанизација) од 41 страница и не го објави, туку го подели на “Чуварите” на историјата за Егејска Македонија. Инструирани, ппрепишуваа цели пасуси и се јавуваа на страницата писма во “Нова Македонија”. Материјалот е депониран на 8.04.1994 година во фонд “Мемоари” бр. Ск.1118 во одделението за документација на ИНИ. Секој интелигентен човек, може да претпостави, од кои мотиви тоа го стори: Дека тој како титуларен режимски историчар, посака книгата “(Само) жртвувањето” да ја одмине со академско потценување, зашто ќе му биде под достоинството да се занимава со писанијата на еден лаик, туку, подобро е да организира група “учени” мажи, кои полавек по нашиот национален пораз изигруваат марксисти и “револуционери” за одбрана на неговите досегашни напишани “Историски вредности: за историјата на Македонците под Грција.”

Во таа група беа и еден поголем број од гогољовиот список на “мртви души” и тоа ме потсети на она што напишал Бјелински, по читањето на “Мртви души” од Гогољ: “Господе, зар толку е јадна, бедна и жална нашата - вистина”?! Се разбира, сите тие написи беа пласирани преку идејата на познатиот модел на нашето минато, со одредена предумисла, со стеснет интелектуален хоризонт и сведено на: “Убаво ни е пишана историјата”... Но, историјата, како општествена наука, ќе мора да биде во функција на општеството и да ја ослободи мислата. Отсекогаш постоел стравот од историјата... Но, кога говорат веродостојните факти, тогаш, само тоа може да биде историска вистина и само така ќе се ослободиме од превезот на мракот.

Но, значи ли тоа, на овој степен од цивилизацијата, дека не треба да се дознае што е тоа, што е запишано во историјата на

Егејска Македонија? Особено спроти поимите и синтагмите, како што се: “Првиот конгрес на НОФ претставува најсветла етапа во македонската по илинденска историја”, “Историска вистина”, “Историска победа”, “Задоволена историска правда” и други такви “Историски судови”. Зарем е толку страшно, ако некој ги провери тие своите судбиниски записи од таквите “светли мигови”? Но, нехумано е и некултурно, нашата судбинска трагедија некој да ја злоупотребува за свои политички цели. Зарем, не знаеме дека по т.н. “Братско обединување 1946” НОФ ја доби улогата на збунето дете, на кое другите ќе требаше да му кажат што и како треба да прави, а за нас Македонците тоа значеше: “Се урива едно, да се ‘сошие’ друго...”

Меѓутоа, токму овде се прекршува историјата: На место она што прилега да го браниме македонското ПРОСТУМ, се јавуваат интригите и разновидните политички, архетипски, имагинарни сили, коишто настојуваа(ат) да се соединат и да се манифестираат во историјата.

Како?! За да сето ова биде појасно со нас Македонците, ќе наведам еден коментар (размислување) од Слободан Чашуле кој вели : “...Колкупати ни е фрлен в очи гревот за распнувањето Исусово. Ако се дрзневме нешто да кажеме или да посочиме: Зошто, пезевенци низаедни, ја вознемирувате јавноста во нејзиниот блажен сон на овчички!? Зошто им одите од рака на внатрешниот и на надворешниот непријател и на најумната од сите власти и го отргнувате вниманието од крупните проблеми од национален и државен интерес!? Секогаш поважни од народецот, оти да не се тие ќе го нема ниту него!

До таа мера безгрешноста и умноста на авангардата, елитата, најдоброто на нашите народи и народности ни се инфицира во душата, што единката во таквото (не) свето тројство од поредок беше само, маса за пополнување на општествената структура, колективитет во чие име и за чија сметка се чинеа најгнасните злоупотреби на човечкото битие и мисла. Без оглед на тоа дали се во прашање сибирските логори, или Голи Оток; безгрешноста на Хазјаинот. Или на Стариот и југо - революционерната гарда што ја спречи либерализацијата и

демократизацијата во раните 70-ти години; строгата контрола со цензура на умот, или со замешелувањето на мислата со громогласна фалба и изобилство на непотребливите податоци за се, освен за најбитното! Накратко, од Сибир до Балканот, контролата над луѓето беше иста, со минимални разлики што произлегуваа од специфичноста и итроманштината на надворешниот и внатрешниот пријател, цврсто вграден ништо да не го помести во власта. Болештината беше тешка, но иста, последиците страшни, ама различни од државата на реалниот социјализам, до држава...” Види: “Дневник” бр. 386.

Но, станува збор за судот што е даден како заклучок за мојата книга од Д-р Кирјазовски; тој вели: “Не се чувствувам компетентен и повикан да ги ценам нападите на Кочов врз македонската политика и политичка мисла за “политичкиот молк за Егејска Македонија”, за недоследна и конфортабилна политика”, “дехомогенизација на македонската национална свест” итн. Исто така се смета за некомпетентен и доволно не упатен да ги цени тврдењата на Кочов дека Македонците од Егејска Македонија во Н.Р. Македонија беа третирани како граѓани од втор ред, беа намерно сместувани во гета итн. И на крајот од погорното призлегува заклучокот дека текстот на г. Кочов не информира, туку дезинформира, поради што неможеме да им го препорачаме на читателите кои сакаат објективно да се запознаат со историското минато на Македонскиот народ”. Така неповикан како и досега што правел ми го оформи досието, но мислам, дека не сериозно би било од историската наука, ако не се објави овој “критички” текст од Д-р Кирјазовски, оти сепак се работи за “согледување” на еден работник на Институтот за национална историја на Македонија. Преку тоа “согледување” ќе се види дека се е надвор од контекстот на мојата книга и е сведено на “шчо је попово, да је готово”, па затоа не наоѓам ни смисла за некаква полемика.

Во тој текст има една искра на искреност на стр. 3 и вели: “Тоа не значи дека се е како што треба расветлено. Можеби некои заклучоци и оценки ќе треба да се проценат. Земји со повеќе вековна научна традиција продолжуваат да ја изучуваат својата национална историја, да вршат корекција и сл.”, што значи, со

ова и самиот Кирјазовски потврдува: “…дека тоа нее така свето, за да не може да се преиспита и да се променат ставовите заземени еднаш за тоа прашње”.

Од погоре изнесената фактографија и од анализата на злото во мојата книга за нашето (само) жртвување, верувам дека моите гледишта за историските години на Граѓанската војна се јасни. И тие се дијаметрално спротивни на гледиштата, изнесувани во досегашната наша историографија.

Таа војна беше идеолошка, а не националноослободителна на Македонскиот народ. Јас истражувањата ги вршам во името на историската вистина, бидејќи за жал, на нас Македонците, Граѓанската војна половина век спомените се јавуваат како историски товар. И моите аргументи зборуваат дека ние Македонците не треба да носиме историска вина. Но, не смееме да се кочопериме дека ја водевме, бидејќи во неа претставувавме всушност објект, измани - пулиран и (Само) жртвуван, низ сето време од 1945-1949 година.

Еве сосема накусо зошто:

1. Граѓанската војна не е дело на Македонскиот народ под Грција; туку тој беше во неа насилно турнат од туѓинците (од туѓите пропаганди). Така потхранет; наводно дека сето тоа е само продолжување на традициите од претходните национално - револуционерни борби, но верувајќи, а и носејќи ја во крвта таквата исконска национална насоченост, Македонците се покажаа извонредни борци на ДАГ, со неопислив хероизам. Тоа го потврдуваат и самите Грци.

2. Да се тврди, меѓутоа, дека имавме национална стратегија, па влеговме свесно во таа војна, во зоната со најголем ризик по Втората светска војна, претворена во воен полигон помеѓу двата табора, и дека нашите организации на НОФ и АФЖ беа некаков воено - политички фактор, тоа во историјата, наспроти објективните факти, претставува самоизмама на еден народ, насочена единствено во полза на дневнополитичките интереси. Но, најстрашно е, сепак, тоа, што во принудниот половина столетен молк, политичката оценка на нештата заради

"Историското оправдување" гласи, дека "Не сме имале друг избор..." А тоа значи дека и со последиците од таа војна се експериментира политички, кому како што му одговара. Но, кој знае уште што би било, ако беше опфатено целото македонско население со таквата еуфорична политика од воените барабанции, кои преку целиот тој период единственото, на што настојуваа да му се докаже на Македонскиот народ дека: "КПГ не води по патот, што математички е точно најдобар..", ако докрај успееше во тоа денес ќе немавме ниту еден Македонец во стариот крај под Грција.

3. Македонскиот народ ги имаше прифатено НОФ, АФЖ и НОМС, што е и природно. Но, грубата и фатална историска манипулација е што тие ни беа создадени нам за нечии туѓи интереси , во тоа проклето време, во кое само преку нив можеа да не натераат сами во јазол да си ја заврземе животната нишка. Бидејќи Македонскиот народ никогаш немаше да прифати туѓи организации. На Македонскиот народ во тоа време му требаше консолидација; му требаше успореност во отстојувањето на своите огништа. Но, целта на туѓинците беше токму во спротивното. Кога им успеа на овие македонски организации да го кренат народот, со повик, на национална револуција, а познато е дека македонскиот народ беше со векови под една исконска историска фрустрација, кога реката на оваа сила се прелева во туѓи корита. Тогаш оние, што народот ги послуша и појде со оружје во рака, повеќе ниту раководеа, ниту креираа некаква иднина, ишод на таа т.н Револуција. Тоа си беше всушност само класна борба за социјализам во Грција; а не да им се пропагира за некаква национална револуција на Македонците под Грција. А особено кога се препушти со сето тоа да раководат други, во полно отсуство на нас, Македонците.

Ако го анализираме развојот, и падот на ликвидацијата на македонските организации ќе видиме дека секогаш бевме под наглед и режија на црногледи антимакедонски концепции... Доволно е да се присетиме на првиот пад, кога, на 21 ноември 1946 година, со тн. "Единство" се и беше отстапено на КПГ. От тогаш практично македонските организации беа развластени, и тоа со благослов на КПЈ и КПГ. А тоа значи дека сите национални стратешки вредности беа исто газени, а се се

одвиваше преку КПГ и КПЈ. И така, со загубена секаква самостојност, го прифативме ритамот на глобалната индоктринација и за нас повеќето немаше назад. Тогаш и ја загубивме историската шанса за опстанок на прадедовите огништа, бидејќи веќе ја имавме облечено униформата на ДАГ. И сега им беше полесно да пукаат во нас тие, што одамна имаа наумено примамливо да не искорнат.

Ете зошто е бецселно инсистирањето, ако некој бил комунист и член на КПГ, дека тој е лидер, или национален водач на Македонците под Грција. Тоа доведува до понижување на човековото достоинство, страв од осамостојување. Ја прифаќаме како идеолошка филозофијата за некаква комунистичка гордост. И се поставува прашањето: Дали некој Грк комунист, па и обичен човек, членувал во некоја наша македонска организација? И зошто не членувал. Кога ние сме биле во сите ресурси на ДАГ повеќе од 50%? И, конечно дали Грците толку масовно би отстапиле од своите национални интереси во полза на Македонците? Односно тоа, тоа што го правевме со години ние, и на тој начин стануваме ЕПОНИТИ, ЕЛАСИТИ, ЕАМИТИ, КОМУНИСТИ во КПГ, а не во наша. Зошто всушност за тие години ние не оформивме комунистичка партија?

Но, време е еднаш да се сфати. Со премногу голем пропаганден триумфализам го турнавме (ле) Македонецот во прегратките на смртта. Тоа го бараа политичките и воените стратези на тогашната зона со висок ризик меѓу двата големи табора. Меѓутоа со нас некој притоа посакал да си поигра, за да не уништи. Веројатно дека таквата верификација еден ден историјата ќе ја даде. Бидејќи нема таков народ, што прифатил друг да му ја одреди мерата на правдата и на слободата. А особено не на - вистината. И уште помалку, кога за вистината може слободно да се зборува како за - геноцид.

Историјата (сепак) ќе треба да каже: Кој го активира “македонскиот синдром” за нашето (само) уништување? Бидејќи се е досега историското место на Македонецот во историјата на Егејска Македонија му е одредено спрема идеолошките критериуми и спрема интересите на туѓинците.

## 2.2 КАКВА ЗАДАЧА СМЕ ИЗВРШИЛЕ?

(СО ГОДИНИ ОСТАНАВМЕ ЗАПУЛЕНИ СО УЖАС ВО МАКЕДОНСКАТА ПОДАНИЧКА СЕКИРА, КАКО Е ЗАРИЕНА ВО МАКЕДОНСКАТА ДУША... И СЕ ПРАШУВАВМЕ ЗОШТО?

Националниот пораз го опевавме како победа.

Збогум Роден крај, Збогум илузијо дека македонската држава е гарант за Македонците под Грција.

Колку свеќи треба да горат за жртвите во Граѓанската војна!!!???

Каква задача сме извршиле? Кога единствена цел беше уништување на македонскиот народ!

По ликвидацијата на ДАГ, сите воени единци на 29-30-08-1949 година се повлекоа од Грција во Албанија. Едно попладне згрмија звучниците и ја прочитаа пораката на Политбирото на ЦК на КПГ и ни соопштија дека: “Единиците на ДАГ, се повлекоа од боиштата во Грција, бидејќи си ја извршија предвидената задача!”

31 август, Бурели, Н.Р. Албанија.

Секој од нас се праша : КАКВА ЗАДАЧА СМЕ ИЗВРШИЛЕ?!

По два дена беа осудени (се разбира учествувајќи и ние Македонците) раководителите на НОФ и беа интернирани во сибирските логори.

Останатите (заедно со Грците кои покасно си ги прибра државата, бидејќи беа Грци по род), се најдовме низ логорите на светот фрлени во идеолошкиот одпад.
Туѓинците точно постапија спрема моделот - жртвата мора да соработува во интерес на туѓите цели, за тоталното доразбивање на македонското јадро. Односно како што мислеа

тугинците (нашите очуви од комунистичките партии) за нас Македонците дека сме биле "Послушни идиоти".

На иљадници политемигранти се нудеше "услуга за услуга" ти ќе бидеш Бугарин, Грк или Југословен, ние ќе ти ги обезбедиме сите права на голем борец (се разбира, тоа не важеше за сите, туку важеше за оние од (НОФ и АФЖ). И резултатот од сето тоа беше да си го искодошиме својот народ, до степен на анатемисување (Павле Раковски еден од видните борци за Македонците под Грција, по смртта, не доби ни сопствен гроб во татковината Македонија, туку беше закопан во туѓ гроб.), врз основа на идеолошко - политичко гледиште во мигот каде припаѓавме. Значи доживеавме време, кое во политичкиот жаргон се нарекува - време на стаорци.

Од тоагаш, па се до денес се прашувам: каква задача сме извршиле ние Македонците?

Некој ќе праша: А потоа што стана со сите вас?

Повеќето, останавме цели 50 години неми набљудувачи, раскажувајќи (пишувајќи) си ја сами историјата за Егејците, бранејќи се сами, оплакувајќи си ги 20.000 жртви сами и во последно време, сами протестираме против навредите од Пангалос на минус 25 степени, без ни еден Вардарец. Тоа покажува дека како македонски народ не сме солидарни во интерес на нацијата, како што тоа го прават Албанците. Повеќе од јасно е дека дефинитивно го добивме конечниот удар и сме доведени да си го коригираме чувството на Македонци во својот паспорт, едноставно и со неверојатна леснотија да напишеме; толку само, дека сме родени во Грција. Ете, зошто, остануваме запулени со ужас во: македонската поданичка секира, како е зариена во македонската душа...

ЗОШТО САМО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ИМАМЕ МОДЕЛ НА СЕКТОРСКА ИСТОРИЈА?

Тајна чувана пет децении - истосторија без детаљи, бранета со синдромот на моќта, со умислено историско маскирање. Зошто?!

Постои, можеби, само една надеж за иднината. Таа надеж е луѓето да ги дознаат фактите.

Историјата, време е да ги отвори незараснатите рани.

Оној што барем малку ја знае историјата може да заклучи дека сегашната историографија ги имаше изместено фактите во корист на дневната политика.

За жал, имаме една многу нереална желба - сакаме да ја прикажеме историјата без никаква наша вина.

Историчарот Лазар Лазаров, обработувајќи го периодот за време од 1944-1957 година во својата книга: "Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957", 1998 година, оценил дека треба да направи ретроспектива на нашите реалности, на објективната состојба во која нас Македонците не третираа било под која комунистичка партија да сме биле.

Најверојатно, авторот на овој труд како историчар, појде од тоа дека историската наука има задача на секое општество да му го покаже огледалото на нејзиното минато, за да му даде можност да се соочи со вистината. Но, истовремено и да потврди дека: полувековното минато не сме можеле така лесно да го менуваме, бидејќи во нашите македонски услови на овие историски прашања уште сме се однесувале како "слободни заробеници".

Можеби и затоа импресионира по многу нешта, но она најбитното, е дека авторот со овој труд е меѓу првите историчари кој разгради, односно наговестува "ремонт" на еден поголем дел од идеолошката историографија и небаре со тоа го разби моделот на секторската (наша) напишана историја (за Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија, која претставува само наш феномен на неинтегрално толкување на историјата на македонскиот народ), која беше градена од "пределкани" факти и аргументи, изнесувани оценки со умислена дисквалификација и дискриминација на многу личности, отстапувајќи од научната етика, и да стане историја за славење на луѓето од политичкиот рејтинг.

Книгата на историчарот Лазар Лазаров, може слободно да се нарече “најжива книга”, во која го елаборира минатото и се говори токму за тие настани; низ една сеопфатна анализа на изобиље од веродостојни факти и можеби со тоа ќе не ослободи од досегашниот колективен страв. Тој како историчар, едноставно направи една ретроспектива од континуиран процес (1944-1957) кои факти му припаѓале на минатото и ги располагал од француската архива. Не осведочи со еден непроценлив дијалог помеѓу сегашноста и минатото. Но, што е најбитно без дотерување на фактите за да одговараат на толкувањето, т.е без да има двоен однос кон фактите и затоа оваа книга предизвикува голем интерес и отвори видик за досегашните табу - теми. Но, со оваа книга ни откри дека во полувеков сме имале еден редок феномен и дека сме имале: Многу ноеви, а малку песок.

Како што самиот вели: “...Заслужува внимание да се нагласи дека низ официјалната документација на Франција се опфатени и застапени сите три дела од Македонија, третирајќи ги нив како една интегрална целина, не само во географска, туку и во етничка и општествено - економски поглед. Ваквите согледувања се изразени кај Француските дипломати, воено - политички и економски експерти...” (23).

Оттука се поставува и прашањето: Кој е тој наш автор, кој во интегрален дел не претстави пред светот?!

Можеби книгата: “Македонија и односите со Грција”, Скопје 1993 година од врвот на науката или можеби, пак некој не нашинец како што е авторот на книгата: “Македонскиот конфликт”, Скопје 1996, од Лоринг М. Денфорд, книга која без засенчување не доведе пред вратата на минатото и претставува еклантантен доказ за цената на неинтегралното гледиште во македонската национална историја.

Но, да одиме по ред на нештата, и за да можеме полесно да ѕирниме во корените на злото и мрачните тајни, нека ни послужи како поткрепа во проследувањето на оваа книга и трудот на Тодор Чепреганов 1997 (52): “Велика Британија и

македонскот национално прашање 1944-1948”.   Тој во својот труд ќе забележи:

“...ЦК на КПЈ во југословенските рамки, македонското прашање го поставува формално, без да навлезе во неговата суштина и покрај фактот што македонските комунисти уште на Конференцијата од 8 септември 1940 година сосема јасно го поставија прашањето за решавање на македонското прашање. На конференцијата во промовираноста “македонска платформа”, зад која стоел Методија Шаторов -Шарло, се предвидувало борба на македонскиот народ за докажување на својот национален идентитет, за рамноправност со другите народи на Балканот, слобода во својата суверена државна заедница како крајна цел, самостојност или во сојуз со другите југословенски, односно балкански народи.

На 5-та Земска конференција во Загреб Методија Шатаров – Шарло (кој покасно стана жртва на политичките игри) остро реагирал во врска со начинот на поставувањето и ставовите на КПЈ во врска со ставот за решавање на македонското прашање, посебно во однос на ставовите на Ѓилас по националното прашање, забележувајќи му за апстракноста на рефератот, нарекувајќи го дури “Шовинист”. Шаторов истапи со став во кој ја обвини КПЈ за секташко застранување. Според него, погрешен бил ставот на КПЈ по македонското национално прашање, да се чека и да се разреши во текот на револуцијата...”

Но, да се вратиме на авторовото иследување и да видиме како тој го анализира синдромот на моќта во еден тоталитарен систем, од нашата блиска историја. И, конечно, ќе се запознаеме како се решавало македонаското прашање и каков беше стремежот и стратегијата за обединување на Македонија под грижата на туѓинците.
Лазаров, педантно ги анализирал ветувањата на политичките лидери што ги добивавме од она наше време, но и не потсетува на нашата ропска послушност, за тоа, како и зошто го државме чекорот во негодувањето на демагогијата се до денденес, за овие витални национални прашања.

Да проследиме неколку извадоци од книгата и да видиме што кажуваат француските документи за тој период на времето (1944-1957):

"...Македонија од сите региони на Југославија е оној каде комунизамот има најсилна позиција. Нивното население е угнетувано со векови од турците, потоа од неговите "Ослободители" и за нив е најприфатлива комунистичката идеологија. Тито најде во овој регион (во Македонија - б.м.) поткрепа. За Македонците, нивната земја ги опфаќа деловите од бугарските и грчките територии и за вистински главен град го сметаат Солун..." (185).

"До нападот на Информбирото не беа одржани пленарни седници на ЦК на КПЈ, така што целата власт му припаѓаше на Политбирото на ЦК на КПЈ, кое го свикуваше Јосип Броз - Тито, генерален секретар на Партијата.

Македонија за жал, од непознати и неоправдани причини, немаше ниту еден свој претставник во Политбирото на ЦК на КПЈ, освен што Колишевски беше повикуван само на оние седници на кои беа разгледувани прашања сврзани за Македонија. Њаголемата власт беше концентрирана во ова тело, кое де - факто беше нервниот центар, мозокот и наредбодавниот пункт за сите органи и организации во земјата. Својата волја и политика ја спроведуваа преку: Организационо - инструкционото одделение, Кадровското одделение, Агитпропагандното одделение, како и преку советодавните интерни партиски комисии за одделни гранки на работа - за Народната власт, Синдикатот, ресорот за надворешни работи, за просвета и школство и.т.н." (102).

Лазаров, во анализата, не случајно си го поставува едно од најсериозните прашања: зошто Македонија немала низ целиот период по Втората светска војна свои претставници во Политбирото на ЦК на КПЈ!?

"...Политбирото на ЦК на КПЈ, а кое го свикуваше Јосип Броз - Тито како генерален секретар на партијата. Политбирото, како извршно тело и наредбодавен пункт за целокупниот живот на

земјата, во август 1948 година доби нов состав во кој се забележува дека пак нема претставници од Македонија, а се избрани следните 9 члена: Јосип Броз - Тито, Милован Ѓилас, Иван Бошњак, Едвард Кардељ, Борис Кидриќ, Франц Лесковшек, Благоја Нешковиќ, Моша Пијаде и Александар Ранковиќ..” (186).

Колку за потсетување: според грчката историографија, исто така немаше Македонци ни во Политбирото на ЦК на КПГ, но ни во Централниот Комитет на КПГ, од формирањето, па дури ниту за време на Граѓанската војна, кога ресурсите на ДАГ беа околу 50% Македонци кои на КПГ и служеа многу оддано, а историографијата наша не убедуваше (во колку се појавуваше критика за тоа, одговорот беше : “...подобро да не ја сечеме гранката”, а повеќе од јасно е дека тие што не водеа за време на сите војни, дури ни го посекоа стеблото и не искорнаа, и тие се вратија на своите огништа) толку уверено дека КПГ не треба да носи вина, дури ни за нашиот национален пораз, туку таа не водеше победоносно.

ОД ДЕНЕШЕН ПОГЛЕД

Со оваа моја интервенција, сакам да изнесам уште една карактеристична белешка од денешен временски поглед од Никола Кљусев 1998/190:

“...Чентовата влада, од кои повеќето потоа беа жестоко мачени и погубувани по занданите и логорите на титоистичкиот систем. Таа тешка судбина ја доживеаја, покрај Ченто како потпретседател на Президиумот, и двајца потпретседатели, стариот илинденец Панко Брашнаров и професор д-р Мануил Чучков. Потоа истата судбина ги најде секретарот на Президиумот на АСНОМ доктор на Сорбона Владимир Полежина, министерот за стопанство Д-р Лазар Соколов, министерот за правосудство Петре Пирузе и легендарниот гемиџија илинденецот Павел Шатев, министерот за внатрешни работи Кирил Петрушевски, членот на Президиумот Венко Марковски, партискиот секретар и политички комесар на Главниот штаб Бане Андреев и други...”

Што всушност оваа книга на Лазаров, за нас Македонците во интегрална смисла значи и на што ни укажува:

Прво: Ние Македонците требаше одамна да си ги избришиме илузиите дека некој друг ќе биде повеќе заинтересиран за Македонците и Македонија, отколку ние самите.

ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ОСТАВИЈА ПРЕМНОГУ ПУКНАТИНИ И ДЛАБОКИ ДУШЕВНИ ТРАГИ ВО СВЕСТА НА МАКЕДОНЕЦОТ

- Илузија дека комунистичката идеологија е таа која треба да се грижи за нашата среќна обединета Македонија.

- Живот во служба на КПГ и на идеологиите.

Обземени од таквата еуфорија од полувина век, поверувавме и верувавме во се. Еве еден таков еклактантен пример кој е лансиран од поодамна во нашата историографија, но тоа сега го прави и овој автор и вели:

Така, официјалните француски извори од Париз од 19 февруари 1949 година, заведен со ознака "Тајно Грција", укажуваат на тајно потпишан договор помеѓу Тито и генерал Маркос * од 1 јуни 1948 година

"Се знае дека Маркос никогаш не сакаше да отстапи еден дел од грчката територија, но на 25 јули 1948 година информацијата беше потврдена од Асошиетед - прес, според која Маркос веќе потпишал таен договор со Тито (на 1 јуни 1948 година - б.м ).

Наводно со овој договор, Маркос се согласи со обединување кон Југославија на трите грчки области – Флорина (Лерин, б.м ), Касторија (Костур, б.м ) и Едеса (Воден, б.м )". (64).

Што, сето ова, треба да значи?!

Лазаров и според тоа што строго се придржува на француските извори, тој, низ текстот прави и доста смели прошетки низ "историјата" од каде може да се види дека и тој недоволно

интегрално ги познава проблемите и само ги потхранува илузиите, кое може да донесе огромно разочарување, посебно за историската вистина за Македонците под Грција, а тоа најверојатно се должи, на тоа, дека и тој учел токму од извори кои сега посакува да изврши тивка демонтажа.

Зарем не знае дека за тој период на време се случи Информбирото?! А на 30 јуни 1948 година, членот на Политбирото на ЦК на КПГ Мичос Вландас испрати циркуларно писмо до полит - комесарите на ДАГ, во кое сакаше да ги запознае со содржината на Резолуцијата на Инфорбирото против КПЈ и Тито и за ставот на КПГ, која се согласува со ставот на Информбирото (КПГ со овој проблем се занимаваше повеќе месеци се додека не се одлучи на овој став. м.з). Осем тоа, би требало да знае, дека на 27 август 1948 година, генерал Маркос Вафијадис е суспендиран од Врховен командант на ДАГ, а на 5-от Пленум на ЦК на КПГ, кој се одржа на 30-31 јануар 1949 година е суспендиран и од положајот како председател на ПДВ (Привремена Демократска Влада) во Грција , но од никоја држава не призната.

Зарем не знаел и така невнимателно гази на трула штица дека тој генерал Маркос Вафијадис е роден во село Тосиј близу до Анкара, во Мала Азија, колонист во Македонија под Грција од 1922 година, кој го сретнуваме низ нашата историографија, но незнам од кои причини е величен како легенда, а познато е што им изјавил на списанието "Епикера" кога се вратил во Атина, за Македонците, кое нему доликува ниту, како на обичен човек, а камо ли на Генерал кој раководел војска со повеќе од 50% војниците да му бидат Македони.

Ете, зошто, ние Македонците одамна требаше да сфатиме, дека од такви псевдогрижници нашата историја е полна со национални катастрофи, посебно во Граѓанската војна, во која доживеавме смислено етничко чистење, рамно на геноцид, токму од сите тие личности што ги опишува авторот во книгата. Обичниот човек кој си го изгуби огништето и ден денес си го поставува прашањето: Треба ли уште да веруваме во демагогијата на едно пред полувековно време и ЗОШТО?

Второ. Тугите пропаганди оставија премногу пукнатини и длабоки душевни траги во свеста на Македонецот и можеби затоа во таквата тоталитарност беше општо прифатено: Молчењето е - злато!

Трето. Илузијата дека комунистичката идеологија е таа која треба да се грижи за нашата среќна обединета Македонија, а на тоа сме верувале дека можело и без македонскиот фактор, Лазар Лазаров успешно успева да го излачи низ овие факти и да ја долови таа примамлива нитка што сме ја прифатиле и ние Македонците, по поделбата на Македонија, но посебно ние Македонците во Граѓнската војна во Грција.

По исчитувањето на овие книги, сепак треба да се сложиме дека: благородните цели бараа реалистичност. Фундаменталниот проблем е во тоа што нашиот народ под Грција немаше искуство за такви големи промени, но ниту реална можност за воена опција, односно не му требаше воинствена политика, туку му требаше филозофија за опстојување на прадедовата земја. Тоа беше време на невреме за Македонците под Грција, но исто така е и фактот дека имаше и такви луѓе кои донесоа одлуки со огромни катастрофални последици, во интегрална смисла; за Македонците и за македонската национална историја. А тоа покажува на неопходноста од единствени критериуми за историското минато на македонскиот народ Тоа не е ништо друго освен: ИСТОРИСКА ИРОНИЈА ЗА НАС МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА И ЗА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА, ШТО ДОЗВОЛИВМЕ ВО НАШЕ ИМЕ ДРУГИ ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА НАШИОТ ЖИВОТ И ИДНИНА!

## 3.0 ВРЕМЕ Е ДА СЕ РАСВЕТЛИ ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА (1945-1949) ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

“Немој да се смееш, не плачи
немој ни да презираш, туку
размислувај и сфаќај”

СПИНОЗА

И ако, по полувековен молк за почит се изнесените историски факти од Д-р Ристо Кирјазовски во Рубриката "Погледи и мислења" во Нова Македонија од 10 јануари 1995 година во написот: "Големите ги изневерија очекувањата на Македонците", во својот фељтон: "Озаконување на насилството против Македонците во Грција по Втората светска војна", до 18 јануари 1995. И во списанието "Денес" од петок 14 јануари 1999 година прочитав иако постериорен, прагматичен текст од историчарот д-р Ристо Киријазовски. Тој лаконски вели: МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА Е НА ВИСИНА НА СВОЈАТА ЗАДАЧА. И објаснува:

"...На пример, македонската историографија аргументирано ја обелодени големата одговорност на грчките и на југословенските комунисти за трагичната судбина на Македонците од егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна. Затоа таа и констатира дека, ако се избегнеа страшните настани во петте повоени години, за што постоеја објективни услови, денес во егејскиот дел ма Македонија ќе имавме едно компактно македонско малцинство, во компактна територија и ќе ги немавме денешните проблеми со актуелната грчка власт."

Ова најдобро ќе го разбере, секој што си го изгуби огништето и кога бараше одговор беше анатемисан (Наклеветен дека го клевети југословенското раководство на КПЈ и на КПГ), а еден сум и јас за мојата книга: "(Само) жртвувањето на Македонците под Грција 1994", со која барав одговор: Како и зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 година. (види: Кирјазовски: СК. ИВ-1118 од 8.04.94 година.)

Но, сега ќе добиеме одговор, ако ги изместиме зборовите и кажеме: ...Леле, колку зависела политиката од историчарот! Ке откриеме дека луѓето кои лесно даваат совети, се токму оние кои се најмалку квалификувани за тоа.

Но, овој историчар, со текстот во "Денес", ме потсети на мислата од СПИНОЗА: "Немој да се смееш,не плачи немој ни

да презираш, туку размислувај и сфаќај” Токму така. Познато е, дека историчарот Ристо Киријазовски има напишано доста трудови за Граѓанската војна во Грција и не би требало да биде засенчен и во ова иследување, но и да не биде сфатен спрема руската изрека: “Так сказал начаљник! Молчат и нерасуждат!”, да видеме како тој дошол до тоа дека: “... македонската историографија аргументирано ја обелодени големата одговорност на грчките и на југословенските комунисти за трагичната судбина на Македонците од егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна.”

Се поставува и сега прашањето:

1. Каква одговорност би можела да им одреди македонската историографија на грчките и на југословенските комунисти???!

2. Тогаш каква историска улога изигра НОФ, која беше создадена од КПЈ и уништена од КПГ???!

Во војните постојат некои норми - на пример да не бидат лични, да бидат сенародни, но за нас Македонците под Грција за кои преку НОФ е претставена Револуција (од истиот автор - историчарот Ристо Кирјазовски), па дури и аспирации за продолжување на традициите на Илинден значи досега беше бесмислено талкање низ историјата и потхранување на непотребните илузии. Повеќе од јасно е дека Македонците под Грција беа залог во таа војна и КПГ и КПЈ имаа монопол спроведуван преку НОФ.

Тој како историчар, дури сега, по полувек изнесе такви релевантни историски непобитни факти што недвосмислено говоре за настанувањето на геноцидот над Македонците под Грција и со тоа ги урна режимочуварските илузии на самоуверените идеологизирани “лидери” и покажа дека, навистина, не постојат големи, непознати за историјата на “Егејците” и секој паталец од тоа време ќе може да оцени; дали за нас, Македонците, под Грција, Граѓанската војна беше неминовна или безумие!

Едвар Халет Кар, во својата книга “Што е историја” вели: “фактите зборуваат само тогаш кога историчарот ќе ги повика: тој е, оној што одлучува на кои факти ќе им даде збор и по кој ред и во кој контекст”.

Ете навистина, на еден концизен и сублимиран начин, тоа го стори и нашиот историчар Кирјазовски, изнесувајќи ги појдовните стратешки цели на Граѓанската војна, направи извесна деконтаминација на идеолошкиот активизам и нивните актери. Тој вели: “Во април 1946, Захаријадис (генерален секретар на КПГ) се сретна со Сталин и со Тито, кои ја одобрија (Граѓанската војна) таа одлука на КПГ и ветија сестрана помош.” Понатаму вели: “Во Егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ, а под влијание на КПЈ-КПМ, дејствуваше силно македонско национално - ослободително движење предводено од НОф кое, во согласност со договорот меѓу Тито и Захаријадис, во октомври 1946, помина под непосредно раководство на КПГ.”

Што значи, политичките и воените стратези на Граѓанската војна биле Захаријадис** , Тито и Сталин. Не треба да имаме никаква апорија во изнесеното на историчарот Кирјазовски. Тој, сигурно, со чувство на професионален порив, преку својата специфична функција на истражувањето, а тоа се гледа од сентенцата на текстот и, најверојатно, бил соочен со листа од релевантни причини но, воспоставувајќи хиерархија, го утврдил заемниот однос на причините и како фундаментална причина за Граѓанската војна (1945-1949) ги посочи овие личности на Комунистичкото движење.

Ние, во полувековното минато се носевме со некакво задоволство од изјавите на тогашните политичари (стратези) и се однесуваше на личниот став и промените на политичката сцена, за што дури и научните стандарди (институциите) им биле прилагодувани на тие потреби за да полесно манипулираат со нас, а можеби тоа се должеше на тоа што не сме имале (не сакаа да имаме) со нив никаков сојуз, туку само да им го прифаќаме статусот нивни, без да бараме исполнување на нашите национални интереси.

Со респект кон секој обид да се создаде амбиент за реално расветлување на сите темни дамки и за трезвено вреднување на историските факти и со тоа да се прекине со понатамошното потхранување на нашите историски несреќи, од голема корист се фактите што ни ги нуди и книгата: “Југословенскиот комунизам и македонското прашање”, од американските автори: СТИВ Е. ПАЛМЕР и РОБЕРТ Р. КИНГ. Во главата 7 - Континуиран интерес за Егејска и Пиринска Македонија на страница 125 се вели:

“КПЈ била претпазлива во своето дејствување за присоединување на Егејска Македонија. Меѓутоа, кога КПЈ цврсто застана на власт, прашањето за обединување на Егејска Македонија било оживеано. Во средината на 1945 година, во статиите што се печателе во југословенскиот печат се оплакувале “неиздржливата ситуација” на Македонците во Грција што стенкале под “теророт на грчките шовинисти” за кои што се велело дека подготвуваат “оргии во краен бес” (40) (“Борба”, 19 јуни 1945).

Говорејќи во Скопје во октомври, Тито ја потврдил тезата дека Југославија никогаш нема да му го оспори правото на македонскиот народ да се обедини (41) (Јосип Броз Тито, “Изградња нове Југославије”, 1 стр. 158). Сосема природно, КПГ чинела се што било во нејзина моќ да го намали значењето на македонското прашање.

Подготвувајќи ја следната фаза на грчката Граѓанска војна, Никос Захаријадис, генералниот секретар на партијата, во почетокот на пролетта 1946 ги посетил Белград и Прага. Додека грчките комунисти се подготвиле, КПЈ придонела кон разјаснување на своите цели со тоа што “Борба” на својата прва страница објавила една карта на Егејска Македонија, на која што биле покажани “етничките граници” на Македонија, во коишто биле вклучени Солун и голем дел од северна Грција. Во статијата што била печатена заедно со картата се оплакувала судбината на “над 250.000 Македонци во Грција”. “Грчките реакционерни кругови имаа решено да ги уништат”. Грчките Македонци се бореле во грчките партизански единици за своето ослободување - продолжувала статијата - и тие го заслужиле

правото на самоопределување и обединување со нивните браќа во НР Македонија. Статијата завршувала со заканата дека Југославија “не можела да остане рамнодушна спрема уништувањето на нашето население во Грција” (42) (“Борба”, 26 август, 1946).

Кога пак започна Граѓанската војна во Грција, КПЈ јавно не инсистирала до тој степен на македонското прашање за да ја комплицира внатрешната ситуација на КПГ. Меѓутоа, Југословените продолжиле тивко да работат за зголемувањето на своето влијание меѓу Словените во Грција. Тие користеле логори за обучување герилци организирани на југословенска територија, со цел меѓу грчките Словени да стимулираат поддршка за обединувањето на грчката Македонија со НР Македонија (43) (Баркер, “Македонија”, стр.118). Тито бил готов да се користи со сите средства, со исклучок на општа војна за да му помогне на агресивниот водач на грчките герилци Маркос Вафиадис Југославија била во многу подобра ситуација да дава материјална помош од колку Бугарија или Албанија, поради тоа што базите на грчките герилци се наоѓале во планинското подрачје на границата со Југославија. Маркос станал зависен од Тито и очевидно на КПЈ и дал право да испраќа свои организатори во Егејска Македонија. Во почетокот на 1947 година СНОФ, кој што сега го сменил името во НОФ влегол во акција. НОФ прокламирал дека неговата цел е да ги обезбеди националните права на Македонците во рамките на комунистичка Грција. Меѓутоа, силното југословенско влијание преку инструктори и “доброволци” од НР Македонија, а исто така и пропагирањето на македонскиот јазик, воспоставувањето школи и честите барања за поголема автономија на Славо - Македонците, индицираат дека НОФ бил користен за унапредување на југословенските експанзионистички амбиции (44) (Кофос, “Национализмот и комунизмот во Македонија”, стр.166-167; 170-173).

Исклучувањето на Југославија од Коминформот ставило крај на акцијата на Југославија што била насочена кон обединување на Егејска Македонија. Иако КПЈ продолжила да го поддржува Маркос во текот на повеќе од шест месеци нејзиниот прекин со Коминформот, сериозна борба избила во редовите на КПГ меѓу

пројугословенската и прокоминформската фракција (45) (Избит, стр. 175-177). Прокоминформската група конечно се наметнала на петтиот Пленум на ЦК КПГ, на крајот на јануари 1948 година. Маркос бил сменет од својата командантска функција и исклучен од Партијата. ЦК им ветила на грчките Македонци "Целосно самоопределување", но истовремено ги предупредил против деструктивната акција што ја разбиваат "опортунистичките и реакционерските елементи, потикнати од странство, со цел да го разбијат единството на Македонците, Славомакедонскиот и грчкиот народ" (46) (Пијаде, цитиран во "КПЈ и македонското прашање", стр.98). Реорганизираниот НОФ се обидел да поведе една македонска политика слична на политиката што ја применувале Бугарите и Коминформот, повикувајќи на создавање единствена Македонија како независен, рамноправен член на федерацијата на балканските народи. Грчката реакција на оваа изјава била толку единствена и енергично негативна, што НОФ бил принуден да го повлече овој свој балон за обединета Македонија (47) (Хамилтон Фиш Амстронг, "Тито и Голијат", стр.192; Кофос, "национализмот и комунизмот во Македонија" стр. 179-183).

Кон крајот на јули 1949 година Југославија им ја затворила својата граница на грчките герилци и на тој начин мошне придонесла за нивниот конечен пораз. Но, Колишевски ги повикал егејските Македонци од НР Македонија да прават база за постигнување на своите национални цели (48) ("Нова Македонија", 3 август 1949).

Инволвирањето на Југославија во грчката револуција било толку големо што КПЈ се почуствувала обврзана да изнесе подробна анализа за неуспехот на револуцијата. Општиот заклучок бил дека КПГ не успеала поради што недвосмислено не ја признала македонската нација и што била сосема претпазлива во преземање воени акции, особено од кога Маркос бил сменет "под лажен изговор" (49) (Вукмановиќ - Темпо, "Како и зошто народноослободителната борба во Грција доживеа пораз", стр. 77).

Ете, тоа се фактите од таа блиска наша кобна трагедија, што ни покажуваат дека никогаш не бил присутен македонскиот

фактор во темата националната стратегија и дека немавме принципиелно единство, туку имавме луѓе кои лично се калемеа кон КПГ и КПЈ, и од тука произлегува таквата свирепост на идеолошката активистичка бруталност кон Македонците под Грција.

Таа злокобна игра на туѓите пропаганди, која прво постапи со лаги за да потоа проговори смртоносното оружје - ни го донесе геноцидот. Тоа се факти што треба да се уважат и со тоа да се создаде здраво македонско чувство. Всушност, што се случи: што ни беше ветено и што сме добиле?

Пред се се покажа, дека во Граѓанската војна рољите на НОФИТИТЕ биле често изигрувани, а не играни. Од друга страна на НОФИТИТЕ им се чинеше дека играат јуначки рољи и со тоа исконската желба - за обединување на Македонија ја подгреваа и пренесуваа на обичниот наш човек, кој навистина се ѕвва и се покажа херој во таа војна и тука е успехот на стратезите за нашиот геноцид.

Но, од сето тоа на македонскиот народ под Грција му остана да ја запамти како епоха на брутална пропаганда и полувековен страв, а практично тоа им било и крајна цел на стратезите - жртвата да остане во карантин, за да неможе да си ја види цената на грешките ни во сопствената историја. И, ете, под таквите полувековни услови, геноцидот над нас не го осудивме и не ја запознавме меѓународната јавност што е сторено со нас Македонците под Грција, туку сите тие дејствија ги одредивме како историска категорија на изгубена револуција.

Но, што значи сево ова за нас Македонците? Трагедија на незнаење или на поданичка свест кон Југословенството? Дали ние, Македонците, во историографијата за Македонците под Грција - “Егејците” - досега бранеевме Револуција (со која се надоврзувавме на идеите на Илинден) или нашето (само) жртвување? Дали овие комунистички лидери од висок ранг имаа оценето дека Граѓанската војна во Грција е историски неизбежна? Или сето тоа беа нивни апсурдни творби за колективни халуцинации: “Советизација на Балканот”, “Балканска федерација”, “Обединета Македонија” итн. Но, од

таквата конфузија на целите, ние Македонците, не треба да го исклучиме и прашањето што во тоа време го имаше покрената грчката буржоазија (Види: "Етникос Кирикас" во својот бр. од 21 мај 1946, каде што вели: Наместо иселување, треба да се бара протерување: "Од Грција треба што набргу да се протераат 80.000 Славомакедонци"), Граѓанската војна тоа го потврдува, можеби, се сакало да се разрешат малцинските прашања меѓу Грција и Југославија , како што тоа го сторила Грција по Првата светска војна со Бугарија и Турција и тогаш доведе во Македонија под Грција повеќе од 600.000 Маџири.

Несомнено е дека Граѓанската војна (1945-1949) во Грција од овие лидери беше дефинирана како класна револуција и со крајна цел: да се воспостави социјалистички систем. Тоа го потврди и Захаријадис во својата книга: "Проблеми на раководењето" од 1950 година стр. 81, каде што објаснува: "Постоењето на Советскиот Сојуз и Народните Републики на Балканот и во Источна Европа, претставуваат грандиозен, уверлив и решавачки фактор за нашето влегување во Социјалистичка револуција" што значи, Граѓанската војна и за нас, Македонците под Грција, беше револуција за социјализам во Грција. Ова е мошне битно за натамошната анализа, бидејќи во досегашната наша историографија, толкувањето на историските факти профункционира според познатите југословенски модели на владејачките клишеа и со тоа настана слепилото "судбински" како историска традиција.

На познавачите на историјата, преку грчките и другите историчари, одамна им се познати сите консултации и разговори што ги имал Захаријадис со највисоките комунистички лидери за почнувањето на Граѓанската војна или не. Тоа се Сталин, Молотов, Торез, Тољати, Тито и други. Сето тоа е добро објаснето. Види:

"Ксенократија", изд. 1975, познато дело на екипа стручњаци.

"Разговори со Захаријадис" изд. Атина, 1986, од Лефтерис Елефтерију.

"Саранда хронија агонес ту ККЕ", 1948 година.

“Еписима кимена ту ККЕ” (1940-1945) и други.

Во куси црти, еве како се развиваа тие средби: На 20 март 1946 во Прага пристигна Захаријадис и таму имаше можност да се сретне со европските лидери на комунистичките партии. Тој се среќава и со еден од најавторитетните личности, како што беа Торез од Франција и Тољати од Италија, кои го предупредија да не прибегне кон воен оружен судир. Но Захаријадис остана непоколеблив. На 31 март Захаријадис допатува во Белград, на средба со Тито. На таа средба е одредена стратегијата на оружената борба (според југословенскиот модел) и за таквата оружена борба на Захаријадис му била ветена материјална и морална помош (види: списанието “Данас” од 6.03.1990 б.418; 419 и 420 пишува: “Балкан на потезу” и “Корак у грчку трагедију” (непромисленим потезима свих актера, сукоб у Грчкој доведен је до тачке са које није могло бити мирног повратка), на стр. 64 пишува дека организираната мрежа под Раководство на Александар Ранковиќ (човек бр. три во политиката на КПЈ) ги снабдуваше грчките партизани од почетокот на војната се до 1948 година со 35.000 пушки 2.000 минофрлачи (германски), 7.000 противтенковски пушки, 10.000 нагазни мини, 12.000 комплетна војничка облека и 30 вагони храна. Потоа пишува за испратени 8.000, луѓе избегани од Грција (луѓето беа прибрани по скопските улици и испраќани на најдолен начин) и како најважно што тоа го потврдил самиот прв човек на новоформираниот Главен штаб на 28 октомври 1946 година, генерал Маркос. Но, не треба да се заборави дека учеството на Македонците во ДАГ беше повеќе од 50 отсто, а Грците учествуваа со 3-4 отсто во целокупниот период на Граѓанската војна, и тоа со сите партиски и воени функции раководеа и командуваа најчесто Грците. Се поставува прашањето: ако таа револуција беше за социјализам, значи ли тоа дека ние, Македонците, требаше да го решиме тоа прашање па потоа да ги добиеме сите национални права?

За средбата и ставовите на Сталин познати се од многу историографи. Еве како ја опишува Петре Галабов во “Пулс” од 27 октомври 1994 во својот напис “Граѓанската војна во Грција (1945-1949: “По Белград, Захаријадис отпатува за Москва, каде

што се сретна со Сталин, Жданов и Молотов. На оваа средба Молотов ја потврди критиката за неучеството на изборите. Захаријадис им одговори со познатите аргументи дека и тие биле однапред фалсификувани за да се легитимира власта на странците и на десницата, кои ни наметнаа Граѓанска војна”. За формите на Граѓанската војна и методите се дискутираше на посебен состанок меѓу Сталин и Захаријадис. Според грчкиот водач, Сталин ја одредил и тактиката на борбата: “ќе почнете постепено од село спрема град за да се избегне непотребната воена интервенција на Англичаните, а со насока на изнаоѓање компромис”. Но да ги проследиме другите факти што говорат за ставовите на Сталин спрема Грција и спрема КПГ, и како Сталин го гледа политичкиот интерес на СССР. (Види: стр.288/289. Но, исто така од голем интерес е ставот на историчарот Рој Медведев изнесен во својата книга: “Нека оцени историјата” Рos Медведев (Лет Хистоps јудге), Спокесман Боокс, 1976, /473.”

Но, исто така од голем интерес е ставот на историчарот РОЈ Медведев, изнасен во својата книга кога вели: “Нека отцени историјата” “Рos Медведев (Лет Хистоps јудге) Спокесман Боокс, 1976, 473”.

(Авт.превод - СТАВОТ НА СТАЛИН: “Ставот на Сталин спрема Грција и КПГ во периодот на војната, беше недвосмислен, дури сомнителен. Расположливите доказателства, во главно покажуваат дека ставот на Сталин е негативен спрема Грција. Сталин мислеше дека Грција е мала земја и можеби место положајот и микро - стратешката положбата за политичките интереси на Советскиот Сојуз е неинтересен.

Во 1944, преку англоамериканските средби во периодот време на година април -октомври, Сталин не донесе ниту едно суштинско спротивстваување на британските претензии за владењето со интересите во Грција. Кога Черчил и Иден ја посетија Москва во октомври, Молотов едноставно се пазареше со Иден за процентуалната поделба за влијание на поделба на сфери. Тоа беше основа за да така грубо да се сложат Черчил и Сталин на 19 октомври. Но штом се однесуваше за интересите

кон Бугарија, Југославија и Унгарија беа сосема други, а за Грција ниту Сталин, ниту Молотов не помислија за некаква поголема промена на влијание од веќе одредените 10% за Грција.

Рој Медведев, во книгата: "Нека оцени историјата", пишува за прволт круг на Ѓраѓанската војна во 1944 година. Тој вели: "Во судирот што продолжи, Грците комунисти не добија никаква реална помош од Советскиот Сојуз. Советскиот Сојуз се откажа дури и морално да ги поддржи грчките антифашисти. Силите на ЕАМ-ЕЛАС без никаква помош и надеж се принудија да ја прекината воената борба за власта. Потоа се образува Влада без учеството на ЕАМ. Политиката на владата по неке време придонесе да се создадат услови за Ѓраѓанската војна. Еве тоа е доказ дека уште еднаш пат грчките комунисти не добија морална и материјална поддршка која се бараше од Сталин и од СССР..."

Уште еден интересен податок што го дава Спиридон Благоев, (види: "Н.М.- фељтон од 17.05.1997, под насловов:" Третата и последна средба Тито - Сталин, мај 1946 година", пишува.

Сталин: "А Грција покренува ли барања во однос на Југославија?"

Тито: "А во однос кон нас имаме провокации, меѓутоа во последно време нема".

Сталин: "Англичаните таму држат армија, со цел да ја зајакнат реакцијата, возможно, и за други цели."

Тито: "(со насмвка): Ние кон нив имаме барање: Егејска Македонија и Солун".

Молотов: "Да, Солун, стар словенски град. Нужен е излез на Егејско Море".

Еден од најистакнатите грчки историографи - Тасос Вурнас, во својата книга "Историјата на денешна Грција - Граѓанската војна" на стр. 176 вели дека Сталин на 10 февруари 1948 година

на Југословенската делегација во Москва им рекол, буквално: “Не се согласувам со југословенските другари дека треба да продолжи револуцијата во Грција. Таа борба нема никаква надеж на успех. Што мислите, Велика Британија и Американците, најсилните држави на светот, ќе ви дозволат да ја урнете линијата на комуникација со Средоземното море? Глупости! А и немаме речиси ништо од морски сили! Не! Револуцијата во Грција треба да ја прекинете, што е можно побрзо. Тоа го потврдува и Владимир Дедиер во својата книга “Тито” (1953), но истото го вели и Милован Ѓилас во книгата “Разговори со Сталин” (1962). Тоа им го препорачуваше Сталин на Југословените, најверојатно базирајќи се на договореното, меѓу Сталин и Черчил, на Јалта и во Москва (Од 5-20 октомври 1944 за победа на балканот под влијание на сфери меѓу големите сили). И уште еден Сталинов став јасен и непобитен дека СССР беше против исфрлената парола на Захаријадис која беше изгласана одлука на 5-0т Пленум на ЦК на КПГ за “Независна и обединета Македонска држава во рамките на балканска федерација”. Тоа добро се гледа од преписките на советскиот амбасадор во Атина Чернишов со раководството на СССР и КПГ за таквото решение дека се против.

(Авт. Превод - СТАВОТ НА СССР ЗА ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА: “На 8 март 1949, Советскиот ополномоштен во Грција Чернишов телефонира во Москва, дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката Партија и андартското движење (ДАГ) за “македонското прашаније” за кое станува збор, односно за донесените решења на 5 -от Пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на Народниот Ослободителен Фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката Партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на дражавата. “Ставот по ова прашање за обединување на Македонија во овој момент”, продолжува Чернишов, “...Таквата пропаганда на владата Атина и дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите (ДАГ). Грчкиот народ кон ова прашање

за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите (ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно Ослободителниот Фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март во слободните територии кои се наоѓаат под ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига и изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција "прави предавство на грчка Македонија".

Согласно информациите што Чернишов ги доби од Москва, на организаторите на Конгресот им се укажува дека таквата намера е непромислена за да на Конгресот стане збор за такво прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им се препорачува дека делегатите на Конгресот треба да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција".

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање ние, Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја плативме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција и без присутност за националните интереси, и бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво; - за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која самите сме и сведоци.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни творби, кога во тоа време и на тој простор беше акумулиран голем историски фанатизам, акумулирани разни смртоносни идеологии. Но, што е за чудо,

во тоа време истите тие беа ангажирани со градење нови “цивилизации” во Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците во овие 50 години, не оценивме дека овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот договор во 1953 година, кога се создаде ЅИД НА МОЛЧЕЊЕ. Во февруари 1953 година се потпиша во Анкара тројниот Балкански пакт за пријателство и соработка помеѓу Грција, Југославија и Турција, а покасно во август 1954 година оваа спогодба се дополни и со потписот во Блед за воена соработка помеѓу погоре договорените држави. Со Балканскиот пакт од 1953 година на сите учесници во Граѓанската војна им беше гаранцијата само принудниот молк кои траеше 50 години што наполно и одговараше на грчката држава. Таквата југословенско грчка стратегија спрема нас Македонците, значеше намерно рассекување на македонскиот крвоток во полза на двете држави и затоа Грција, се до ден - денес, плачи по изгубената Југославија.

Организаторите за да го релаксираат политичкиот набој што доаѓаше од злоупотребата спрема страдалникот, криејќи се зад сожалувањето, ја применија филозофијата и политиката што се крие зад хуманитарната помош и важеше тезата: по војната - сите се заслужни, никој не е виновен! Но сепак, сожалувањето спрема “Егејците” за историјата ќе остане како трагедија на незнаење и на поданичка свест на денешната политика на посилните. Таа “желба” на Македонците да ги затвораа очите пред вистината, стигна дотаму што самите застанавме на позицијата како да бевме грешка на минатото и дозволивме со доминацијата на молкот, да не можеме да преземеме иницијатива по нашите национални теми.

Второто прашање што го потврди историчарот Кирјазовски е: “Во Егејскиот дел на Македонија надвор и независно од КПГ, а под влијание на КПЈ-КПМ, дејствуваше силно Македонско национално - ослободително движење, предводено од НОФ...” Истото ова одамна го имаше потврдено еден од ветераните на НОФ, Павле Раковски во својата книга “КП на Грција и Македонците” од 1990 година види 107 стр.). Но затоа беше анатемисан и најнехумано подложен, се до неговата смрт, со

методите на Берија. Еве што пишува Раковски: “Уште на почетокот на април 1945 престана да постои Политичката комисија. Наместо неа, при ЦК на КПМ, на 23 април се конституира Основачко биро на НОФ за Егејска Македонија од пет членови, без конференција и избори, по пат на кооптација.

Бев еден од нив. Со нашата активност, се до преминувањето на организацијата на НОФ, под раководство на КПГ, во ноември 1946 година, раководеше ЦК на КПМ/КПЈ преку свој претставник...”

По два месеца по формирањето на НОФ раководителите на КПГ, преку 12-от Пленум на ЦК на КПГ (јуни, 1945) во Резолуцијата грчките позиции ги прогласуваат несигурни и загрозени, односно границите на север. “Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот” (види: То ККЕ апто 1931-1952, стр. 210). Понатаму се вели дека Англија како “голем пријател” на Грција, односно воено - политичкото присуство на Британците го прогласуваат како неопходно нужно за да бидат осигурени нашите позиции и нашите граници на север.” Ете, сега сосема е јасно како го прифативме ритамот на глобалното индоктринирање и со тоа немаше назад. И тогаш ја изгубивме историската шанса за остварување на националните права во Грција, кои беа утврдени со меѓународните критериуми во рамките на меѓународното право. Нели сето, ова беше туѓински аршин за Македонците под Грција? Дали сега ќе можеме да го растајниме прашањето: Кој го активира “македонскиот синдром” за нашето (само) уништување? Дали сега ќе можеме да најдеме одговор на прашањето: Како и зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна (1945-1949)? Дали периодот од формирањето на НОФ (23.4.1945) се до октомври 1946 година, кога, како што вели историчарот Кирјазовски: “Во согласност според договорот меѓу Тито и Захаријадис во октомври 1946, НОФ помина под непосредно раководство на КПГ”, беше потикнат од КПЈ и КПМ за локална сцена и, со тоа Грчката влада да го ОЗАКОНИ НАСИЛСТВОТО ПРОТИВ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА?

Зарем тоа не е институционален расизам!?

Зарем ова не претставува триумф на една вистина за Македонците - не имаа научено прво да гледаме со стравопочит кон туѓинците, а потоа кон интересите на сопствениот народ. Тоа беше подмолно поткопување на македонското национално ткиво и, како крајна цел, не треба да ја отфрламе хипотезата дека со тоа се посакуваше да се остварат нечии долгосонувани цели: да се разрешат малцинските прашања со Грција и Југославија. (м.з. - Кој ни го намести името “малцинство”, тоа е сериозно прашање и се до денес никој не сака да се придржува на АСНОМ - ските определби, каде што се вели: Поради тоа што македонскиот народ не е малцинство, туку нација, затоа што Егејска Македонија претставува економска и историска целина со сите други делови на Македонија) таквата корекција во историјата за “Егејците” од историчарот Кирјазовски е за почит бидејќи, во суштина, до - сега ќе беше поинаку толкувањето во историографијата и за цели 50 години не сме добиле толку обемни сознанија за нашите македонски работи. Но, ако си припомниме на изјавата на Кирјазовски во “Вечер” од 1 јули 1989 година, каде што вели: “Еден ден, сакал некој или не, овој народ ќе мора да ја дознае целата вистина за сопствената историја”. Ете, тоа го стори сега што, расветли некои релевантни фактори, да останеме со уверување дека ќе проговори за сета вистина за Македонците под Грција и со тоа ќе се отворат сите “бели страници” од нашето минато.

Она што го нарекува “идентитетот на човекот и на народот”, таа исконска сила - македонска, ја открил токму НОФ (бидејќи таа вековна желба за обединета Македонија беше во свеста на Македонецот) ја мобилизира за наводно да ја носи својата историја, онаква, кава што и прилега на националните интереси, но тоа, по налог на Тито и Захаријадис, во октомври 1946 година. Сите тие ингеренции му се предадоа на КПГ и со тоа сите наши максимални национални програми што ни ги нудеше КПЈ и КПМ (за обединета Македонија) се најдоа во пат позиција. Практично - пропаднаа, само што тоа идеолозите и лидерите на НОФ не смееја отворено да му го соопштат на сопствениот народ. Но, што е најважно тоа го потврдува и дневникот на ОК на КПГ за Македонија “Лаики фони”

(Народен глас) во својата статија под наслов “Повторно за Судетите”, меѓу другото пишува: “...Група пратеници поставија прашања во парламентот во врска со Славомакедонците и бараат, ни помалку, ни повеќе, да се донесе решение за нивното прогонување од Грција”. Потоа, сите тие лидери кон новиот стопан КПГ, се јавија со друго пропагандно мерило: македонскиот народ ќе ја добие слободата, па дури и самоопределувањето по остварената Социјалистичка револуција во Грција.

Во “Нова Македонија” од 22 октомври 1985 година во 12 часот во Институтот за национална историја во Скопје, беше промовиран трудот на Д-р Ристо Кирјазовски: “Народноослободителниот фронт (НОФ) и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)”. Статијата е озаглавена со наслов: “На традициите од претходните Национално-револуционерни борби”. Во статијата се вели: “Без организираната борба на Македонците од Егејска Македонија преку НОФ не би можело да се објасни постоењето на посебни организми за македонската проблематика...” Тој, во својот труд, зборува за целокупната дејност на НОФ, но во овој компаративен преглед да се задржиме само на НОФ - развојот и политичките цели. Д-р Ристо Кирјазовски зборува за два периоди на развојот и тоа:

Првиот период (23.4.1945 - 21.11.1946) кога дејствуваше, организацијата на НОВ самостојна и независна (тука не станува збор дека била раководена од КПЈ/КПМ) од КПГ.

Вториот период (21.11.1946 до 2.4.1952) кога дејствуваше под раководство на КПГ и формално кога беше расформирана од КПГ. Тој за првиот период вели: “Според непотполни податоци, во почетокот на 1946 година Организацијата НОФ, покрај главното, имаше 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, НОМС и АФЖ. На територијата на Егејска Македонија беа организирани 220 села (половина од овие се уништени во времето на Граѓанската војна - м.з.) функционираа над 170 селски и градски организации, во кои членуваа 4.784 Македонци и Власи во НОФ, 4.823 младинци и младинки во

НОМС и 2.201 Македонки и Влаинки во АФЖ” Види стр.129. Во тој период за оружените состави вели: “Во подрачјето на Вичо, во август дејствуваа над 100 борци; Во Централна и западна Егејска Македонија, дејствуваа околу 500 македонски партизани на НОФ. Тие беа распоредени: Кајмакчалан 200, на Пајко 80 на Вичо 130 и на Грамос 80. Македонските партизани беа организирани во групи и од 10-15 и во одреди од по 40-50 борци. Поголема воена формација беше формирана само во Воденско - до батаљон. (Види: стр. 143.)

Во “Борба” од 3.9.1946 година во својот напис Вања Кралевиќ, под наслов: Положбата во Егејска Македонија” изнесува податоци за резултатите од теророт на грчките власти по војната кои имаат за цел искоренување на македонскиот народ во Егејска Македонија: Од Варкиза (12.02.1945) до јули 1946 година 20.000 Македонци и Македонки биле принудени засолништа да побараат преку границата, 22.458 се затворени, 21.202 се осудени, 225 се убиени, 1.309 најдоа прибежиште во планините и.тн.

Врз основа на законот за вонредни мерки од 6 јули 1947 година беа обвинети 200 иљади демократски граѓани, од кои 80.000 беа Македонци.

## 3.1 СЈАЈОТ И БЕДАТА НА “ВОЗВИШЕНИТЕ” ЦЕЛИ

Дали сето ова покажува дека ние, Македонците, бевме готови како народ за таков степен на револуција (војна) и да покажеме гордост со оган и меч?

За сето ова што се случуваше, пред да се објави Граѓанската војна, грчката држава за да ги спречи овие дејствија на НОФ - организирана од КПЈ - КПМ донесува најригорозни закони против Македонците и со тоа прави озаконување на насилствата против Македонците во Грција.

Ги донесува следните закони:

Закон 543/45 “Против организации и лица што дејствуваат за отцепување на грчки територии”.

Закон бр. 453 и Законот ТОД од јули 1945 "За обезбедување на јавната безбедност".

Декретот "Г" од 18 јуни 1946 "За вонредни мерки за јавната безбедност".

Принудниот Закон (КЗ) 4124/1945 "За кривично гонење на сомнителни лица".

Законот ПЗ 453 од 17 јули 1945 "Против автономистичка дејност" и со кој македонските организации НОФ, НОМС и АФЖ се прогласени автономистички, се ставија надвор од Законот и нивните членови се прогласени за бандити и им се судеше за велепредавство. И други закони. Но, тука треба да напоменеме дека тоа го сторија и комунистите кога, Резолуцијата на ИБ, сите членови на овие организации беа прогласени за "Титови агенти" и беа безмилосно прогонувани до без милост. Дали со сево ова се оствари целта што ја изнесе "Етникос Кирикас" дека "Од Грција треба што побргу да се протераат Славомакедонците"?

Во тој втор период на НОФ е период кога дејствуваше под раководство на КПГ (21.11.1946 година до 2.4.1952 кога и формално беше расформирана). Во својот напис Д-р Ристо Кирјазовски пишува: "На 31 март 1946 година една поголема група герилци нападнаа жандармериска станица во Летихоро - Катеринско, со што беше означен почетокот на Граѓанската војна во Грција". Во својата книга "НОФ и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949", на стр. 173 пишува: "На 28 октомври 1946 сите партизани, кој број изнесуваше околу 1.800 борци, беа обединети во Демократска армија на Грција (ДАГ), на чело со Главен штаб, составен од: Маркос Вафијадис, командант, Георгиос Протопапас - Кикицас, заменик на командантот, Ламброс Каникаридис - Ласанис, Ѓоргис Бланас - Кишавост и Панос Капетењос, членови на штабот. Основни задачи што ги постави ГШ на ДАГ, по конструирањето, беа зајакнување на регрутацијата на нови борци и склучување спогодба со НОФ за обединување, врз

основа на принципиелната согласност, постигната меѓу преставниците на КПГ и НОФ на 14 октомври 1946".

Така пишува во книгата Д-р Ристо Кирјазовски, а сега вели: "...Во согласност со договорот Тито - Захаријадис, во октомври 1946, помина НОФ под непосредно раководство на КПГ".

Врз основа на одлуката помеѓу Тито - Захаријадис од 14 октовмри 1946 година, на КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис (пак без Македонци) ја остварија следната спогодба: "Македонските организации НОФ и АФЖ и НОМС и нивните раководства да поминат во целост под КПГ, а вооружените единици под раководството на генерал Маркос. По ова, зачудува фактот: Како ќе можеше НОФ да ја реши рамнотежата на моќта? Нели по овој чин на КПМ/КПЈ, НОФ го оставија овчар без стадо? Повеќе од очигледно е дека, алката што не достига за да се откријат овие факти е поради прикривањето и прилагодувањето на фактите.

Значи, се поставува прашањето: Зарем со тоа нели на НОФ (Македонскиот народ) му се уништи секоја македонска иницијатива која се стремеше (требаше да се стреми) да го сочува самостојниот карактер на македонската борба, односно нели со тоа главниот удар беше насочен: ДА СЕ УБИЕ, ПРЕД СЕ, МАКЕДОНСКИОТ КАРАКТЕР НА БОРБАТА, КОЈА ЈА ПРОКЛАМИРАШЕ НОФ ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ НАРОД?

А ШТО ДА СЕ РЕЧЕ, ЗА УБЕДУВАЊАТА НА КОЛИШЕВСКИ, ДЕКА СЕГА КПГ Е ДОБРА, НЕМА ЛОШИ КОМУНИСТИ, СЕ ПОКАЖА САМО КАКО НАМАМУВАЊЕ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ДА ГИ ОБЛЕЧАТ УНИФОРМИТЕ НА ДАГ.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесно време денови, членовите на Главниот одбор на НОФ беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски на кои им го рече следното: "Вие сега одете долу (Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба (значи, најверојатно, сега не на Македонците за обединета Македонија) ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа... Борете

се со сите расположливи сили против шовинистите, сепаратизмот и локалните тенденции” (исто: Кирјазовски).

Се поставува прашањето: Со какви шанси влеговме во Граѓанската војна и зошто?

1. Ако се знае дека: учесниците на ДАГ беа 50-60% Македонци од вкупните ефекти на ДАГ и целокупните воени ресурси на ДАГ беа околу 25.000 борци од 17 до 55 годишна возраст, а владината армија на Грција броеше околу 270.000 војници од сите родови и наоружани со најмодерно оружје.

2. Политичките леви сили во Грција во однос на ЕЛАС, беа намелени за три пати и имаа политички рејтинг не поголем од 5-6% од вкупното население во Грција и во Граѓанската војна учествуваа не повеќе од 03-1, 5%.

Но, не треба да заборавиме, дека во тоа време и на Трумановата доктрина (види: Тодор Чепреганов 1997/178) што вели: “...Непосредно по прокламирањето на Трумановата доктрина во Грција е формирана известителна служба од агенти на ФБИ и ОСС. Била испратена и воена мисија. Преставниците на САД пристигнале во Грција на повик од грчката влада за давање помош во зачувувањето на суверенитетот на Грција како нација. Нивното присуство било со цел регулирање на материјалната помош, имале советодавна функција и биле невооружени. По пристигнувањето во Грција членовите на мисиите ги презеле најважните раководни функции во штабовите на армијата, морнарницата, воздухопловството и поставиле свои преставници во сите армиски единици и, ја презеле организацијата и раководењето со воените операции против востаниците...” Ние Македонците се најдовме во средина на еден најголем акумулиран фанатизам, па дури и недоверие од КПГ, поради тоа што до вчера, цела година НОФ и АФЖ, не само што беше создадено, туку и раководено од КПМ/КПЈ.

По ова, па се до ликвидацијата на ДАГ, дури и во емиграцијата, познато е како КПГ ни ја напиша црната страница на црвената книшка и не остави по светот со колективен статус на “грчки

политемигранти" во разни логори исчекувајќи го крајот на животот. Но, мошне интересно е и авторовото забележување за Париската Мировна Конференција. Историчарот Лазаров сосема искрено ќе забележи:

"...Југословенското раководство и на Париската Мировна Конференција и потоа не само што не го постави Македонското национално прашање, туку и во годините што следеа избегнуваше во општо да го иницира и поставува се со цел да не се нарушат добрите југословенски односно српско - грчките односи."

ЗНАЧИ, СО ПРАВО СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ - СТРАДАЛНИК ЌЕ СИ ГО ПОСТАВИ ПРАШАЊЕТО: КАКО, СО КОГО И ЗОШТО ТРГНАВМЕ ВО НОВ СМРТОНОСЕН ПОХОД?

- За туѓи политички цели - наша исторска бесмисленост - со наша крв да си испшуваат големи истории.

- Кои и како не водеа во Граѓанската војна?

- Војна со силен интензитет на исцрпување и опустошување на населението.

- Македонскиот воин низ историјата на ДАГ и невиденото херојство на Македонците не е регистрирано ниту во матичната историја на Македонскиот народ. ЗОШТО?

Настаните што уследија по Конференцијата, а посебно по сплетот на меѓународните околност со Резолуцијата на Информбирото од јуни 1948 година и потоа, мошне негативно се одразија во остварувањето на македонските национални права и обединувањето на Македонците во една самостојна држава."

СТРАТЕГИЈАТА НА КПГ ПРЕКУ НОФ И АФЖ, СО ДЕЈСТВУВАЊЕТО БЕШЕ (ДА СЕ ИЗМЕСТИ МАКЕДОНСКАТА СВЕСТ) ИНДИВИДУАЛНА ПРОМЕНА НА ЛИЧНОСТА. БОРБА ЗА ДУШАТА НА ИДНИТЕ СЛЕДБЕНИЦИ.

По договореното меѓу Тито и Захаријадис: Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето со оружје, облекла и храна. (Види: Кирјазовски "Мамакедонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949" стр.263), список на комплетна опрема за единиците на ДАГ, истото го потврдува и списанието "Данас" од 6.3.1990 година, број. 418, 419, и 420 пишува: "Балкан на потезу" и "Корак у грчку трагедију" (Непромишљеним потезима свих актера, сукоб у Грчкој доведен је до тачке са кое ние могло бити мирног повратка ), стр. 64. Значи, по овоа готова беше театарската сцена за војна. На крај од овие договори помеѓу Тито-Захаријадис, се вели дека било дозволено да се вршат мобилизации над Македонците кои биле политички бегалци во Југославија. Над сите тие луѓе, кои штотуку си го имаа спасено животот се, уште полни со страв од невољи. Под какви услови беа мобилизирани низ градовите Скопје, Штип, Велес, Битола и др. и носени до грчката граница во камиони покриени со цирада. Што значи, огромното мнозинство од пребегнатите Македонци биквално беа депортирани на боиштата во Граѓанската војна.

Во македонската историја не се памети, дека секоја преземена акција од туѓинците (Бугари, Грци или Југословени) да не ја реализирале преку Македонците - манипулирајќи или поткупувајќи ги таквите идеолошки поданици, а денеска тие и по полувек изигруваат војска на очајници. (Види: Ворјас: ФМ. во ИНИ СК.4.271/60 (стр. 73-76). Кога човек, ќе прочита како се вршеле овие мобилизации на околу 10.000 луѓе и по чии налог и критериуми ("…Јас, се разбира во почетокот, воопшто не испраќав другари се додека не дознам за нив и нивното минато, како и моменталниот став спрема денешницата во СФРЈ, па и покретот") - пишува мобилизаторот Ворјас), ќе се вџаши, и ќе се изреволтира од тоа дека се пропагира за одење во револуција, а мобилизираните револуционери ги кријат под циради и тоа од сопствениот народ. Такво нешто, досега нема забележано ни светската историја.

Со непомала кобна ароганција беше и чинот на оѕемањето на децата, кои денес се нарекуваат “Деца бегалци” ** , а беа земени со умисла, за да нивните мајки бидат испратени на фронтот, а не за да се спасат децата. Тоа преставуваше сечење на семејните корени. (Поговорката вели: “на лиотот земи му ги младенчињата, тој повеќе не навраќа на (леглото - седелото)...”). Но, за сите овие брутални ароганции над Македонците под Грција, да се надеваме дека судот на историјата нема да признае застареност, ниту одбрана со молк.

Трето: ПО ВОЗВИШУВАЊАТА И ПАДОВИТЕ, СЕГА НОФ ГИ ПРИФАТИ СИТЕ БАРАЊА НА КПГ И ОДЕШЕ ПО ЛОКАЛНИОТ ВОЗЕН РЕД И СО ТОА МАКСИМАЛНО СЕ ИСЦРПУВАШЕ МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Денес, многу истражувачи си го поставуваат прашањето: Зарем било можно, само од едно село да загинат во единиците на ДАГ толку луѓе од исто село? А, пак како доказ дека е нема македонско село (каде беше стратешки лоцирана војната и само и оттука се црпеа сите резерви) да нема од 60-100 жртви. Но, ете и тоа се случи и што е најважно за Македонците под Грција сето тоа останува неизбришливо од свеста и несфатливо, зашто сето тоа до ден денес е необјаснето: ни херојскиот македонски воин во ДАГ кој не е во ранг со тие што се во историјата на Македонија; ни национално политичките импликации; ни за сите нас Македоци под Грција, што значеше робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ и тоа во едно време на демагогија кое продуцираше: сила врз сила над обичниот човек, над селанецот преку двојниот идеолошки активизам (за КПЈ? или за КПГ?) кој не беше ништо помал од “калашников” најубиствениот руски производ, само, и само да се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено - стратешки надпревар меѓу идеологиите за туѓи цели. Целта на таквите идеологии им беше, едноставно, да влезат во колективната свест и да станат незаобиколена слика на општа еуфорија и страв за поинаку да мисли македонскиот селанец недај Боже да останеше аполитичен и идеолошки неопределен пред паролата: “Ако не си со нас, ти си против нас!”

Штом ќе се осознаат овие работи ќе се види, дека нашите заблуди претставуваат една голема трагична иронија. Се беше во една потресна големомаченичка легенда, која набргу по Информбирото и траеше дури и по ликвидацијата на ДАГ и која се претвори во уште една незапаметена наша трагедија, на која сме и свидители, кога за првпат во историјата е ставен Македонецот да е против Македонецот, а при што, сите се однесувавме како идеологизирани примитивци во интерес на нацијата. Еве еден таков пример од тогашните туѓи пропаганди кои настојуваа се да се претвори во сурово сознание, дури и во разделените семејства (побегнатите родители и деца во Југославија - Скопје да бидат во служба на пропагандата на КПЈ, односно нивните синови и татковци кои се мобилизирани во ДАГ, да бидат во служба на пропагандата на КПГ). Види: “Хронологија на Народноослободителната борба во Егејскиот дел на Македонија - (1945-1949), 1973г.) Пишува: На 1 август 1949 година, Органот на Главниот штаб на ДАГ “Прос ти ники” (Кон победата) бр.168 од 3.08.1949 г. го донесе одговорот од раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС, дека на 29 јули 1949г во Скопје е одржана Конференција на преставниците на околу 30.000 бегалци од Егејска Македонија на кои повеќето синови, браќа и сестри им се мобилизирани во редовите на ДАГ и гинат на боиштата на Грамос, Вичо и низ цела Грција и сега ја бранат политиката на КПЈ. На Конференцијата, покрај другото, е донесена резолуција во која се вели дека македонскиот народ од Егејска Македонија, никогаш нема да ја заборави укажаната помош и секогаш ќе ја зачуваат вечната љубов и благодарност кон југословенските народи на чело со марашал Тито. Конференцијата најостро ја осуди клеветничката кампанија и со најголемо гнасење ги отфрли најновите клевети од раководството на КПГ. Како одговор на оваа Конференција, Раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС (Борците на ДАГ, на кои повеќето од семејствата му се во Југославија, а сега ја бранат политиката на КПГ) издава соопштение во кое се вели: Ние Македонците ќе ги браниме позициите и ставовите на другарот Захаријадис и раководство на КПГ за земените ставови спрема Југославија и нејзиното раководство кои водат предавничка политика и ќе се бориме заедно со грчките комунисти, за справедливата борба што ја води КПГ и ДАГ за ослободување на Грција од монархофашизамот.

Значи, по Втората светска војна, се одеше се со цел да се создаде нова балканска заблуда, а за сето тоа , нели е премолчена вистината од интегралната историја на КПМ? Значи, повеќе од јасно е дека некој не натера да бидеме први што ќе одекнеме со воените барабани и труби за дигање на Македонците под Грција во сенароден ослободителен фронт. Кој е тој? Што не натера да прибегнеме кон воена опција? Ќе го посочи ли еднаш нашата историја? Ќе ни ја објасни, ли таа кобна, злокобна, несреќна, погубна, разорана и смртоносна национална стратегија или уште ќе си ги потхрануваме илузиите?

Само објективниот пристап кон нашето (само) жртвување, може реално да ја согледаме величината на манипулациите за нашиот конечен геноцид над Македонците под Грција.

Книгата на историчарот Лазар Лазаров е исклучтелна фактографска граѓа и значајна поука за иднината. Авторот се разликува од тие историографи, по тоа што, кога својата вистина ја соопштуваа само тогаш кога се совпаѓаше со таа на власта. Тој уште еднаш ни потврди дека во нашата историја не се памети дека секоја преземена акција од туѓинците, да не биде реализирана преку македонците -манипулирајќи или потплатувајќи ги таквите идеолошки поданици. Со исклучителна умешност ја разоткрива:

ПСЕВДОЗАГРИЖЕНОСТА НА КПЈ - ЈУГОСЛАВИЈА КОЈА ГИ КРИЕШЕ ДВОЈНИТЕ СТАНДАРДИ.

Што се вели во Тајните документи на ЦИА?

Тајните документи на ЦИА откриваат дека судирот меѓу Сталин и Тито беше поради тоа што Тито не се придржал на тоа дека советскиот водач не сакал проблеми со сојузниците од Америка и Англија спрема договорот во Јалта. Туку Тито вршеше снабдување на комунистичките бунтовници во Грција со оружје и опрема, и офицерски кадар, односно се бореа на стрната на грчките партизани. Сталин му испратил писмо на Тито во кое го критикувал отварањето на “грчката линија” и

помошта на грчките комунисти дека таа борба нема никаква шанса за успех, затоа што Атина ја има подршката од Америка, “најсилната држава на светот”.

Овие настани, во кои на драматичен нажин и со измама беа вклучени Македонците во Егејска Македонија, кои, се бореа во заедничките единици со грчките партизани, а потоа со крајот на Граѓанската војна се претворија во драматичен збег (геноцид), според разузнавачите оа ЦИА, ја прелиле чашата на трпението на Сталин, кој побарал од Тито да престане со “револуционерниот занес” и да се дисциплинира и да се придржува на одлуките на големите сили од конференциите во Јалта и во Потсдам. Работите понатаму се познати:во јуни 1948 година беше објавена резолуцијата на Инфорбирото, со која Југославија беше ставена во целосна изолација од социјалистичкиот блок.

Во документите на ЦИА пишува дека веднаш по исфрлањето на Југославија од Инфорбирото, Тито ја суспендира помошта на комунистичкиот отпор во Грција, дури ги затвори и границите. Со тоа беше и предодреден крајот на Граѓанската војна во Грција.

Ете, како и од кого НОФ и АФЖ беше идеолошки инструирано и не тераше да гинеме, а тие што остана живи и осакатени, никогаш не си ги видоа своите живеалишта, и не сиги посетија гробовите на саканите…

За нас Македонците, нашите живеалишта и планини, за навек останаа како историски печат натопен со КРВ и заборавен…

За на крај, еден висок функционер ни покажува, каква беше сета псевдогрижа и вели:

“...При посетата на југословенската парламентарна делегација на Атина, во септември, кога еден грчки новинар го прашал Моша Пијаде што мисли “за македонското прашање?”, одговорот според францускиот амбасадор во Атина Жан Белан бил следниот: “Грчката влада е сама надлежна да просуди дека тоа (македонското прашање, б.м.) воопшто е едно чисто

внатрешно прашање и секоја влада треба да го регулира според своите проценки...”

Денес, многу луѓе се прашуваат, дали Мошевиот став не е идентичен со сегашниот наш?

Ете така завршија манипулациите со нас Македонците и ужасните заблуди.

Трагајќи по таа нишка на судбината наша ни покажа колку била препуштена во туѓи раце на одредени личности, кои навистина низ целиот тој период за нас Македонците ни ја пишуваа црната страна на црвената книшка, во отсуство на македонскиот ПРОСТУМ.

Секој што ќе ги прочита таквите книги се препознава, се тревожи од тие дамнешни оглушувачки чекори. А можеби и на сите крвта ни замрзнува, зашто знаеме, дека се откриваме себе, без разлика на која идеолошка (поданичка) страна се наоѓавме и без разлика на тоа во каква политичка облека сме биле облечени, но сите не тераа да трчаме да стигнеме кон геноцидот и ниту еден не се најде да го поучи народот македонски под Грција, дека напуштањето на огништето е документ за НАЦИОНАЛЕН ПОРАЗ!

Верувам, дека “упатените” противници на мојата книга “(само) жртвувањето на Македонците под Грција” на моето поставено прашање пред македонската историографија и институции: “Како и зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 година”, а сега им е јасно, бидејќи тоа сега го потврди најкомпетентната личност, историчарот Д-р Ристо Кирјазовски. Секако, ќе треба да имаат респект спрема него, бидејќи нивните пишувања во “Нова Македонија”, во рубриката “Писма” беа полни со пасуси од неговиот материјал (41 стр.) што им послужил како адјуктивација во корист на неговата досегашна напишана историја за “Егејците”, а потоа од 8.04.1994 депониран во фондот “Мемоари”, бр. Ск.4.11118 во Одделението за документација во ИНИ - Скопје. Со поминувањето на НОФ под непосредно раководство на КПГ, цената на заблудите и на

погрешните патишта мораа да се платат сега пред КПГ. Тоа беше цената на сјајот и бедата на нашите “возвишени” цели што ги пропагираше НОФ, а секој обичен човек може да си претстави во каква положба беше по Резолуцијата на ИБ секој Македонец, кој беше член на НОФ, НОМС и АФЖ. Сега НОФ, од револуционерна сила, која се опираше на традициите од претходните националноослободителни борби, не натера (Тито и Захаријадис) да им ги предадеме сите македонски војници и пред нашите очи од формираниот Гш со ниеден Македонец, а сите ново мобилизирани Македонци да заминуваат длабоко во пределите на Грција, требаше да им ги оствaруваме задачите на ГШ на чело со Маркос и со тоталните насилни и незаконски мобилизации да извршиме пустош по македонските села, па дури во тогашната НР Македонија (особено во Скопје) од луѓето кои бегаа од злото - беа испраќани во прегратките на смртта со паролата “Сега или никогаш” - кое претставуваше чисто осакатување на македонскиот ум, да ги праќа луѓето во револуција, покриени во камиони со церади: “виа Скопје”-Грамос. Сето тоа траеше до март 1948 година кога им беа земени и малите деца од прегратките на мајките, за и нив да ги направат војници на ДАГ, да ја опустошат македонската куќа. Таквата сурова пропаганда што го имаше доведено македонското население, небаре го имаа доведено во одмазнички транс и со тоа ние, Македонците, не можевме да ги видиме (осетиме) наменетите сигнали во зоната на ужасот, кое се беше испланирано против нас.

Од друга страна на грчката држава и годеше да ги донесе и законите за да не можеме никогаш да се вратиме.

Декрет “З” од 7 декември 1947 “За лишување од Грчко државјанство на сите лица кои дејствуваа антинационално во странство”.

Декрет “Н” од 20 јануари 1948 “Околу конфискување на имотот на учесниците во бандитската војна”.

Законот 2536/53 “За раселување и населување на пограничните подрачја”.

Законот 3958/1959 "Околу имотите на бегалците".

Законот 660/1977 "Околу репарацијата и сопственоста на бегалците".

И на крај, Грчката влада во 1985 година го донесе последниот Закон бр. 1540, со кој се решава прашањето за враќање на имотите на политичките бегалци. Но, овој закон се поврзува со Уредбата на Министерството за јавен ред и Министерството за внатрешни работи, бр. 106841, од декември 1982 година на Грција може да и се вратат само "Грци по род". Со овој акт Грција правно ги нормира фактичките дискриминации спрема нас. Македонците, а зачудува фактот дека пред светот како да немаме факти и аргументи дека сме постоеле и - дека постоиме.

Што значи, како резултат на сево ова, ќе мораме дури по половина век да тргнеме од многу пониско скалило отколку што некогаш сме биле. Сите откорнатици од Македонија под Грција, долго живееле под пропагандите на стерилните и непродуктивни советувања и трибини. Сега многу нешта се изменија, познати се многу елементи на трагедијата, но не треба да зборуваме, дека уште има живи учесници на ДАГ, кои од самите Грци беа пофалувани за херојската борба. Никогаш не се слушна од воените и политичките стратези дека ги анализирале сите петна на погубената политичко - воена тактика, туку нашата судбина се виде кога не однесоа во Ташкент и не оставија и уште толку мајки со црни шамии и иљадници деца, откорнати од своите огништа, ги оставија низ Европа, без чувство на морал за да не вратат и да не престават пред грчката држава онакви какви што не признаа во времето на Граѓанската војна. Такво нешто во светот да си ги остават своите соборци и сограѓани на иста држава, не е сторено; ни од никоја армија - ни Комунистичката партија, тоа го стори само КПГ и генералот Маркос (Колонист од Средна Азија, грк по род). Тој, кога се врати во Грција, на Атинскиот аеродром го дочека началникот на Генералштабот на воените сили на Грција за време на Ѓраѓанската војна и од се срце прегрнаа. И пак ќе повторам: на прашањето од една новинарка од неделникот "Епикера". Во што беше смислата на неговата борба, Маркос одговорил: "Смислата беше во тоа што ги протеравме

Славомакедонците од северните краеви на Грција, Македонија, да остане Грчка”. Види “Нова Македонија”, 25.02.1992. Ете зошто се бореше генералот Маркос, доселеник како колонист - маџир, во 1927 година, а ние од него се надевавме дека Синдрофос (другарот) Маркос ќе ни го реши македонското прашање.

Но, интересно е мислењето и ставот на Тито изнесено на средбата со Маклен.

Студиските анализи за Граѓанската војна (1945-1949) стр. 336/337, статија од Јоже

(Авт. Превод - СО РАСКИНОТ НА ТИТО - СТАЛИН и ПО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ЃРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА.

(“...Ова беше како предуслов во мисијата на Маклен, што се оствари на 5 мај 1949 година, кога вечераше со Тито и беседеја за многу наталожени прашања, но и за ставот на Југославија т.е за односите со Запад. Тоа што се однесува за Грција, Тито не се откажува од тоа дека има дадено голема помош на андартите (ДАГ) во изминатите години. Но, се сложи дека сега положбата е сменета и рече дека, сама Југославија не можеше да им го откаже правото на азил на политичките бегалци, но тие сега се држат во внатрешноста на земјата и тоа подалеку од границите. Навистина, така го сватив, дека Тито можеше да даде ветување, дека во иднина не ќе им дозволи на тие луѓе да се вратат во Грција за да продолжат со војувањето. И дека повеќе не ќе им даде никаква помош на андартите (ДАГ). Ми зборуваше, дека ова изнесеното не ќе се обелодени пред јавноста, односно да се дознае, бидејќи ќе го доведе во многу сложена положба.” ФО371/78716/Р4691.

КПГ НЕ ДОНЕСЕ ПРОМЕНИ, ТУКУ ГО ОРГАНИЗИРА ГЕНОЦИДОТ

Чесно е, иако по 50 години, да му се каже на македонскиот народ дека сами сме си виновни за своите постапки и мина времето кога, по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за она што самите сме си виновни.

Време е историчарите да проговорат и да не им ги кријат злонамерите низ историјата на македонскиот народ на сите самонаречени стратези, политичари и на разни идеологизирани наивници од типот на Ворјасовци со својот инфантилизам, без чувство на почит кон иљадниците жртви на боиштата во неразумната Граѓанската војна и дури уште и ден - денес да имаат смелост да не советуваат да живееме во еден конфузен оптимизам и дека сме требале да го почитуваме Захаријадисовиот завет (комунистичко ветување: За обединета Македонија, што ни го дал токму во грчот на ликвидацијата на ДАГ. А зошто го сторил тоа Захаријадис, го разбира секој разумен човек).

Тоа се само најеклатантните примери од кои може да се поткрепи тезата за развојот и падот на НОФ. Преку целиот период на Граѓанската војна сосема добро беше позната политиката на сите грчки раководители спрема НОФ: “Зборувај благо, ветувај, а носи долг стап” и, како крајна цел на стратезите и наредбодавците, овие луѓе (НОФИТИТЕ и АФЕЖИТКИ) да го претворат пред сопствениот народ како воен барабанџија, само да им ги обезбедуваат воените резерви. Така, раководството на НОФ, вклештено меѓу двете моќни комунистички партии (КПЈ и КПГ), диригирајќи спектар од желби без визија за исполнување на татковиот долг спрема сопствениот народ. Тие му препорачуваа на сопствениот народ “Смрт или слобода” во оваа т.н. “Света војна”, односно Револуција за социјализам, а такви признаци таа војна немаше и не можеше да ги има, бидејќи 90 отсто од учесниците на ДАГ беа насилно мобилизирани и учеството на грчкото население не беше поголемо од 4 отсто од вкупното население на Грција. Тоа го потврдуваат сите аналитичари на Граѓанската војна во Грција.

И, како доказ, по се изгледа, успешно е оценет потегот за умислено вовлекување на македонскиот народ под Грција во оваа злокобна прегратка на смртта и прогонот се до ден - денес. Кога раководството на НОФ, ќе свати дека проблемите се далеку повеќеслојни и посложени и од сопствениот народ

направија жртви на туѓите идеолошки системи, се најдоа пред "комунистичката правда" во Сибир.

Тајна, чувана пед децении, и да не знае човекот кои се виновниците, тоа е сурово за секого, кога живтниот век ќе му биде покорен пред стравот на сопствената историја и, да не може да си го докаже своето историско наследство.

За оваа немилосрдна вистина, иако по 50 години, во својот фељтон историчарот Кирјазовски со право на КПГ ќе и забележи: "И, на крајот, со огорчување и револт можеме да констатираме дека двете комунистички партии на Грција не само што не ги зедоа под заштита своите соборци Македонци кои, заедно со Грците, се бореа и крвавеа кои поради заедничките идеали го проследија, не само што не се спротивставија на погорното решение (се мисли на Законот 400/76) на Владата на Папандреу, туку го оценија позитивно.

И овој пат Македонците од Егејскиот дел на Македонија беа изневерени од грчките комунисти".

Се поставува прашањето: Зошто отсекогаш КПГ бараше суров закон против сите членови на НОФ, АФЖ и НОМС? Или, дали ова беше последна изневера од грчките комунисти, што ја наведува историчарот Кирјазовски, или тие тоа го правеа со еден обмислен и до ден - денес план?

Ако на презентираните факти во весникот "ЗОРА" - Соботско, објавени во "Нова Македонија" од 8 април 1995 година им се пријде без сомневање, тогаш пред нашите очи излегува уште една ноторна вистина - а тоа се факти од нашите луѓе, кои останаа на прадедовите огништа и достоинствено се борат за опстанок како Македонци - тогаш ќе се увериме дека тоа се несоборливи факти за тоа каков однос имала и има сега КПГ спрема нас Македонците. Во оваа статија ќе видеме како на грчки начин се би требало да биде во "Одбрана на националните грчки интереси". Во статијата се вели: "Според КПГ за Леринско: САД ЈА ДЕСТАБИЛИЗИРААТ ГРЦИЈА. По повод средбата на вицеконзулот на САД во Солун Дејвид Сулер со раководителите на Виножито во Лерин, Окружниот комитет

на КПГ за Леринско издаде соопштение, во кое ги осудуваат САД за дестабилизација на Балканот со нивната империјалистичка политика “подели па владеј”. Делови: “Како класичен случај на различно искажување, лицемерие и непринципиелност, ќе го споменеме неодамнешното соопштение на Окружниот комитет на КПГ на Леринско (чии делови беа објавени и во весникот Ризоспатис), по повод средбата на вицеконзулот на САД во Солун г. Дејвид Сулер со раководителите на нашето движење во Лерин. Тоа е случај, кој ги боде очите затоа што КПГ е партија, која им ветуваше на Македонците од рамноправност па се до самоопределување. Факт дека КПГ ги истакна овие ветувања со цел да обезбеди сојузници за време на Граѓанската војна, со познатите последици, а потоа не ги одржа нив и стаса до таму да го негира нивното постоење, ни дава право оваа партија да ја определиме како партија со злосторничка нечовечност”. Понатаму се вели: ...На крајот еве еден карактеристичен дел од документите на КПГ за да се потсетат господата од раководството во Лерин, за составот на КПГ, тогаш, кога таа беше максимално и вистински револуционерна: За малцинствата: Организирање масовни организации кај секое национално малцинство (Македонци, Турци, Албанци, Евреи и др.) и сполтување на антифашистичките сили во нив..., а во поглавјето за македонското прашање се вели: ...ја довршуваат (владеачките класи) нивната тиранска политика со најнечовечно терористичко задушување на правата на националните малцинства, што живеат во Грција, а во прв ред на Македонците. Неограничената одбрана од страна на КПГ на правата на Македонците ја претставуваат како “национално предавство”. (Одлука на 6 Конгрес, 1935; “Комунистички Преглед” бр 2,3/1936).

Ако денешните господа од раководството на КПГ намаат храброст да се судрат заради “правата на Македонците”, барем нека не зборуваат за борба за човекови права, и нека не се заплеткуваат во “...најнечовечкото терористичко задушување на правата на националните малцинства, што живеат во Грција, во прв ред на Македонците”.

Но, добро е, денешните комунисти, да се присетат и на следното: На 8 јули 1945 година - Органот на ЦК на КПГ "Ризоспастис" објави статија под наслов "Вистината за Славомакедонците". Во статијата, меѓу другото, се вели дека македонската нација има свои обичаи и нарав, своја историја и дека националната свест на Македонците е доста развиена."

Ете, со оваа последна верификација, излегува на јавен очиглед континуитетот на КПГ по овие прашања. Меѓутоа пак преку фактите, се гледа и идеолошкиот активизам во македонската историографија, како се изразува тој во историски македонски позитивизам.

Нашата историографија (од поданички тип) беше таа, што успеа да го натера (преку едукативниот систем) целиот македонски народ да ја прифати одговорноста, затоа што правеше и за тоа што се случи во Граѓанската војна (дека НОФ раководел со военополитичката ситуација). А со тоа ги ослободи вистинските стратези и проектанти за нашиот македонски геноцид не само од историска одговорност, туку и од сомневање. На крај, би било редно да се постави и прашањето: Како гледаа (ат) историчарите на становиштата и дејствијата, што ги имаше КПМ, кога пред очи и беше жртвуван сопствениот народ; или беше само мост меѓу КПЈ и КПГ?

Еве, зошто, историчарите не треба да молчат и нешто барем по овој повод, да кажат:

Во недеелното списање "Сторт" година 2. бр. 62, страница 21, писателот Јован Павловски во своето интервју насловено "Со чисто срце и со мирна совест!"
со Колишевски се вели:

Старт: Кога сме веќе кај Ранковиќ: Неговото име тесно е поврзано со помошта што Југославија им ја пружеше на грчките партизани по завршувањето на Војната во 1945 година. А познато е дека меѓу партизаните имаше голем број Македонци од Егејска македонија.

КОЛИШЕВСКИ: За тоа малку е зборувано од автентични извори. Можеби за првпат, еве, сакам да кажам: Се работеше за опстанок на егејските Македонци, на кои им се закануваше иселување, па се залагавме таму, во егејска македонија, да се формираат партиски организации и партизански одреди заедно со Ранковиќ и со неколку генерали, во крајна дискреција, ја водевме таа акција. Да, формираме Покраински комитет и вооружени формации за одбрана на селата во Егејска македонија. Ги снабдувавме со оружје партизаните и ги примавме нивните ранети. Ги храневме, ги облекувавме, ги вооружувавме, ги префрлувавме со камиони од оваа страна на границата, кога беа потиснувани. Објективно, тие во 1946 година водеа војна под мошне поволни услови им го дадовме се она што нам, како партизани, во војната, ни недостигаша. Ќе раскажам една мала сторија, за која не сум зборувал досега: Кидрич во првата година по победата раководеше со стопанскиот живот на Југославија, па, во таа рамка, и со прехранувањето на луѓето во земјата. Беше одлижен математижар и не следуваше на храна за Македонија, повеќе отколку што ни припаѓа - вишокот го дававме на Македонците од Егејска македонија. Кидрич знаеше да се налути на моите постојани барања храна, и лут, знаеше да реже: “Аман, бе Лазо, па колку во Македонија има македонци, кога постојано бараш толку храна!” Ми стана не пријатно, па му реков на Ранковќ дека треба да му ја откриеме тајната на Кидрич. Ранковиќ се согласи. А кога му раскажуваше за што се работи, тој со смеење ја прифати нашата тајна и не правеше проблем, кога баравме повеќе брашно и дрг вид следување. Дури откако му објаснивме и се избакнавме тој и јас. Групата за снабдување со оружје на македонските и грчките партизани ја раководеше генералот Јово Капичиќ”.

Сфери на влијанија:

Винстон Черчил на престојот во Москва на 9 октомври 1944 година, во десет часот вежерта (9 октомври), вели. . . го одржавме првиот важен состанок на Крим. Бевме тука само Сталин, Молотов, Иден и јас со мајорот Берсон и Павлов како преведувач. Черчил рекол: “Ајде да ги средиме на Балканот. Вашите армии се во Романија и во Бугарија. Ние имаме таму

интересни мисии и агенти. Намојте меѓу нас да доаѓа до недоразбирања за ситни работи. Што се однесува до Британија и Русија, дали вам ви одговара вашето влијание во Романија да биде деведесет отсто, а ние да имаме деведесет отсто во Грција, а во поглед на Југославија педесет- педест?

Договорено било:

Романија Русија 90% другите 10%
Југославија Русија 50% другите 50%
Унгарија Русија 50% другите 50%
Бугарија Русија 75% другите 25%
Грција Русија 10% другите 90%

АРГУМЕНТИ И ФАКТИ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ВОИН ВО ИСТОРИЈАТА НА ДАГ

4.0 ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ЗА ВРЕМЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945-1949)

4.1 Личниот дневникот од Гл. Штаб на диверзанската бригада (Саботаристи) во која служев.

4.2 Извори: КПГ и македонското национално прашање (19 - 8 - 1974),

4.3 Архив на Македонија и приложената библиографија.

Ете, како и зошто нашата крв се пролеваше преку лажните идеолошки активисти на КПГ, КПЈ, КПМ и НОФ и АФЖ...

Датум - Опис на настаните или документ

12.02.1945

Во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од едната и владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба ЕАМ и ЕЛАС практично и ја предадоа власта на десницата.

Белешка: Единствен човек од тогашното раководството на КПГ е АРИС Велухиотис кој не го прифакал овој договор како капитулација на движењето на отпорот. Во Грција, покасно се потврди дека бил ликвидиран по наредба на некој од високото раководство на КПГ Арис Велухиотис на 25 јуни 1945 година е пронајден мртов на планината Пинд.

23.04.1945

Во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н

“Братство и единство” помеѓу НОФ и КПГ НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ се до нејзиното расформирање.

26.04.1945

Во Москва Маршал Тито даде изјава за “Њујорк тајмс” во која вели: “Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби.”

А на 20 јуни 1945 година во близината на Воден, Егејска Македонија, е одржана Окружна конференција на НОФ за Воденско. На конференцијата, на која зедоа учество 125 делагати од градот и од селата, реферат за идеолошките содржина на борбата и формите на борбата поднесе членот на Главното раководство на НОФ Павле Раковски, а за финасиската положба - секретарот на Окружното поверенство на НОФ Вангел Ајновски - ОЧЕ. Делегатите,покрај другото, побараа ликвидирање на терористичките селски пољаци. (Н.М/94)

28.06.1945

Се одржа X-от Пленум на ЦК на КПГ, и во одлуката се вели: “НОФ, со брзото омасовување и со неговите воени формации, опасно го загрозува грчкиот карактер на Македонија; грчките позиции и интереси во неа, територијалниот интегритет на грчката држава”.

29.06.1945

ПРОГЛАС од Окружниот комитет на КПГ за Воденско од членовите на КПГ и народот во Воденско, со кој се осудува организацијата НОФ.

1945

Грчката законодавна власт донесува закони против организацијата НОФ, АФЖ и НОМС. ЗАКОН 543/45: “Против

организзацијата НОФ и лицата што дејствуваат за отцепување на грчки територии”.

07.07.1945

ЗАКОН број 453 и ЗАКОН ТОД: /45 “За ред, мир и правда” За обезбедување на јавната безбедност.

18.07.1945

ЗАКОН КЗ 43: “Против автономистичката дејност” и со кој закон македонските организации НОФ, АФЖ и НОМС се прогласени за автономистички, се ставаат надвор од Законот и нивните членови се прогласуваат за бандити и им се суди за Велепредавство.

20.07.1945

ПРИНУДНИОТ ЗАКОН (КЗ) 4124: “За кривично гонење на сомнителни лица”.

20.07.1945

ДЕКРЕТ “Г” И други закони: ПЗ 433/45” Околу илегалното поседување на оружје”, ПЗ 753/45 “Околу илегалното поседување и употреба на оружје”. “За вонредни мерки и за јавна безбедност”.

16.12.1945

Во Костур, започна судскиот процес против 106 Македонци од гратчето Хрупишта, Костурско, обвинети за соработка со окупаторот и покрај тоа што од нив беа борци на ЕЛАС. Некои од нив беа осудени на казна доживотен затвор, а други на временски казни.

12.02.1946

Во Атина е одржан -от Пленум на ЦК и КПГ на кој се донесе решение да се апстинира на парламентарните избори и се донесе т.н. историското решение за оружено востание.

31.03.1946

Една од најкарактеристичните акции беше нападот на партизанските единици на Литохоро, каде владините сили имаа 23 мртви војници. Оваа како една од поголемите акции во грчката историја на ДАГ се цени како почеток на Граѓанската војна во Грција.

02.04.1946

Захаријадис, генерален секретар на КПГ, враќајки се од Москва во Белград се сретна со Маршалот Тито и разговараше околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција. Захаријадис од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материј ална помош. На оваа средба било договорено и за следното: 1. Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ-КПМ, да помине под раководство на КПГ. 2. Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали. 3. Слободна регрутација на борци од редовите на македонската И грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранети и болни борците на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

13.01.1946

РИЗОСПАТИС (Весник) истакнува во одбрана на македонците против страшното и неверојатно малтретирање на Славомакедонците. За гонењето на Македонците се вели дека е "Најголемо и најужасно гонење закакво што не знае и какво што не познава новогрчката историја..."

17.04.1946

Солунскиот десничарски весник “Неа Алитија” (Нова вистина) објави напис со наслов “Нашите Судети, во кој се зборува за Македонците и се квалификуваат како Судети и како такви, пишува весникот” во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани.

04.05.1946

Во Трсјанско - Турјанската планина, Леринско, беше формиран првиот партизански одред на чело со Петре Марков од селото Нерет, Леринско.

21.05.1946

Весникот “Етникос Кирикас” пишува: Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славомакедонци. Истото се вели и во неделникот - републички весник “Елефтерос типос” од 28.01.1946 година во статијата: “Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија - нека си одат каде што сакаат”.

27.07.1946

Воениот суд ја осуди на смрт Ирина Гинова Мирка, учителка од с. Росилово, Воденско, секретарка на АФЖ за Воденскиот округ.

24.08.1946

Врз основа на договорот Тито - Захаријадис, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Генерал Маркос Вафијадис кој во јуни 1946година од Захаријадис беше назначен за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ. Во септември се префрли во Егејска

Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици, односно ДАГ. Но, на 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946-1947 гдина дане се омасови, бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

21.11.1946

Заедничко решение на КПЈ и КПГ - врз основа на одлуката меѓу Тито - Захаријадис од 14 октомври 1946 година на КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја оствари следната спогодба: "Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под КПГ, а вооружените единици на ДАГ под раководство на генерал Маркос.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски на кои им го рече следното: "Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа. Боретесе со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции..."

27.12.1946

Со наредба Бр. ЕП 13 од генералот Маркос гласи: "Сите партизански единици од денеска се ставаат во составот на ДАГ".

02.1947

Главни настани во 1947 година Велика Британија ја извести владата на САД, дека од економски причини на 31 март 1947 година ќе прекине да ја помага Грција. Владата САД, оцени дека долколку не ја наследи улогата на Велика Британиа Грција неминовно ќе падне под влијање на Русија.

20.02.1947

Во Атина меѓу владата на САД и грчката влада, е потпишана спогодба за помош на Грција и САД и почнаа да ја остваруваат доминацијата во Грција, истиснувајќи ја Велика Британија.

До 01.01.1948 Воена опрема и помош дадена од Југолсавија на ДАГ. (Види: список на комплетна опрема во книгата "Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949", стр. 263 од Д-р Ристо Кирјазовски), "Преглед на воената опрема и друга материјална помош за ДАГ".

24.02.1947

Кралот на грчката држава и грчката влада јавно ги повикува борците на ДАГ да се предадат до 15 март 1947 година. Во повикот се вели, дека сите сторени дела против државата и народот ќе им се амнестираат, ако до одредениот рок се придржуваат на повикот и се вратат во своите домови.

01.03.1947

Во текот на февруари, Велика Британија ја известува владата на САД дека од економски причини од 31 март 1947 прекинува да ја помага Грција.
На 20 февввруари во Атина мегу владите на САД и Грција е потпишана спогодба за помош на Грција и оттогаш САД почнуваат да остваруваат доминиција,заменуваки ја Велика Британија во Грција.

Претседателот на САД Хари Труман објави решение со кое се прокламира "Трумanската доктрина" за ангажирањето на САД во Грција. На Грција и беше доделен кредит и современа воена опрема за опремување на владината војска. Истовремено на грчката влада и беше ставен на располагање американскиот генерал, специјалист за борба против герила господинот Ван ФЛИТ.

Со неговата стратегија и применетата тактика во последните битки на фронтовите на Вичо и Грамос, беше ликвидирана ДАГ и исфрлена надвор од границите на Грција.

На 23 мај 1947 година излегува првиот број на весникот, „Непокорен,, орган на НОФ. Негов уредник е Павле Раковски. Тираж околу 500 примероци.

15.09.1947

Од 15 до 17 септември е одржан -от Пленум ИИИ на КПГ, на кој се расправаше за воените прашања. На пленумот е истакната паролата: "Сите на оружје, се за победата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Пинд, Пиерија, Каракемен, Кајмакчилан и Вичо.

27.09.1947

Главниот штаб на ДАГ издаде наредба за мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Со не помал интензитет, за веќе неколку месеци (од 4-9 месеци) се вршеше мобилизација на бегалците Македонци (политичка емиграција во Југославија) низ Скопје, Велес, Штип и Битола, од разни Ворјасовци и се испраќаа во единиците на ДАГ (Види: Ф.М во ИНИ, СК.4-271/60, стр.73-76).

23.12.1947

Привремената демократска влада на Грција е формирана во Преспа, во Асамати (Н.Р.Македонија - Југославија), во зградата на предвоената пристанишна капетанија. Седиштето на Владата требаше да биде во грчкиот град Коница. Единиците на ДАГ водеа тешки борби, со големи загуби, за да го освојат овој град, но безуспешно. Поради тоа изостана формирањето на владата во овој град. Доаѓањето на членовите на Владата во Преспа го обезбедуваше потполковникот на УДБ Слободан Крстиќ – Учо (Југословен, офицер на ЈНА). Владата првобитно беше составена од осум членови и тоа: за претседател е поставен Маркос Вафијадис, а за членови: Јанис Јоанидис, Петрос Русос;

Милтијадис Порфирогенис; Петрос Кокалис; Василис Барџиотас; Димитриос Властас и Леонидас Стрингос. Исто така со декрет се унапредени 25 лица во чин на полковници на ДАГ, но ни во владата, ни во овие офицери кои пратставуваа военополитички фактор на ДАГ, нема ниту еден Македонец, а ги стретнуваме само во историјата за "Егејска Македонија" дека НОФ бил военополитички фактор. Зошто?

Забелешка - Привремената влада начело со Маркос, не беше признаена од никоја држава се до крај на војната, а таа вршеше незаконски мобилизаа, посебно во Македонија, но не и во Грција.

НОФ и АФЖ, за таквиот незаконски чин молчеше. На почетокот на 1948 година.

13.01.1948

На почетокот од 1948 година во Грција пристигнува командантот на Американската военосаведавна и програмска група, генерал Ван ФЛИТ Американскиот план за ликвидација на ДАГ во 1948 година предвивува а) Да се продолжи со иселувањето на населението од селата блиски до планините, со што ДАГ би били - золиран од него. в) големување на теророт, спроведување почесто воени операции и други вонредни воени акции.

Главни настани во 1948 година

На 13 јануари 1948 година,во црквата на селото В'мбел, Костурско, одржан е првиот конгрес на НОФ и е констатирано дека во единиците на ДАГ се мобилизирани повеќе од 20.000 Македонци. Во тоа време според податоците на ГШ на ДАГ, низ цела Грција немало повеќе од 25-28.000 борци на ДАГ.

24.02.1948

Во Грција пристигна командантот на Американско – воено - Саветодавна и програмска група предводена од генерал Ван ФЛИТ.

15.03.1948

Весникот “Ексормиси”, кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави сопштение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов “Родителите и децата ја молат владата” и понатака се вели дека “Од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободнататериторија родителите дадоа 4.784 деца”, а исто така на 20 март привремената влада донесе решение за евакуација на сите деца што се до возраст до 14 години да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска и, според податоците биле испратени околу 28.000 деца.

29.04.1948

На слободната територија на Вичо е одржан и конгрес на АФЖ на жените од Егејскиот дел на Македонија.

01.06.1948

Политбирото на ЦК на КПГ донесе решение со кое се суспендираат Михаило Керамитчиев од претседател на НОФ и Паскал Митревски од секретар на Главниот одбор на НОФ, “Поради непринципиелна фракционашка борба”

27.08.1948

Заседаваше ПБ на ЦК на КПГ со дневен ред:

а/ Борбата на Грамос која се нарече: “Епопеа на Северен Пинд, политички и воени прашања и укази”

б/ Отстранувањето на Маркос Вафијадис од генерал и водач на ДАГ, поради болест и неговото заминување за Москва

в/ Новиот воен Совет ќе го сочинуваат:

1. Никос Захаријадис - Претседател и врховен командант на ДАГ.
2. Георгиос Вондициос - Раководител на воените битки.
3. ВасилисБарџиотас - политички Комесар на Главниот Штаб.
4. Мичос Вландас - Одговорен за воените ресурси.
5. Леонидас Стрингос - Државната управа.

Г/ Реорганизација на Главните Штабови по околии и создавање на воени дивизии. Унапредување на офицери во воени високи чинови на ДАГ.

Прилог

Наредба (27 август 1948 година)

Имајќи во предвид на ново создадената ситуација на 23 декември 1947 година и предлогот на Главниот Штаб на Демократската Армија на Грција.

Решаваме:

1. Разрешување и реорганизација на Главните околиски штабови и создавање на дивизии.

2. Дивизиите се наименуваат како што следи;

И Дивизија: Тесалија
ИИ Дивизија: Румели
ИИИ Дивизија: Пелопонес
ВИИИ Дивизија: Епир
ИЏ Дивизија: Македонија
Џ Дивизија: Македонија
ЏИ Дивизија :Македонија

Во седиштето на Привремената Демократска Влада 27 август 1948 година.
Претседател и Министер на воените сили на ДАГ
Генерал Маркаос

15.11.1948

Политбирото на ЦК на КПГ донесе одлука да ги исклучи и да го суспендира генерал Маркос од функциите главен командант на ДАГ и член на ЦК на КПГ.

Маркос во март 1949 година со специјален авион од Тирана е префрлен во Москва.

23.11.1948

Главниот штаб на ДАГ нареди само за реонот на Вичо (Е. Македонија) да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години; повеќе се однесуваше на мажите кои беа оставени за изградба на фортификациите или поради болест. Со оваа мобилизација, практично беа мобилизирани сите Македонци од костурскиот и леринскиот реон.

30-31.01.1949

Одржан е петиот Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за “Независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација”. Поради тоа на 3.02.1949 година свикан е - ИИот Пленум на централниот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција.

09.02.1949

На барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците што беа избегани во Југославија, но не се реализира.

На 12 февруари 1949 година, единиците на ДАГ го напаѓаат и влегуваат во градот Лерин. Акцијата е неуспешна. Единиците на ДАГ, поради лошата координација и стратегија на битката, претрпуваaат атастрофален пораз. - ДАГ имаше околку иљада загинати и ранети борци.

07.03.1949

ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на 5-от Пленум и ставовите на -ИИот Пленум на НОФ од 3.2.1949 година. Во март 1949 година, извршена е реконструкција во привремената партизанска влада на Грција.

27.03.1949

Свикан е основачки состанок од 163 комунисти, делегати на - ИИот конгрес на НОФ, на кој едногласно е решено да се формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема нас Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана “светла”...)

29 04 1948

На 29 април 1948 година, во атарот на с. Трново леринско, одан е Првиот конгрес на АФЖ на Егејска Македонија.

16.06.1949

Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

10-14.08.1949

Владината војска под команда на генерал Ван Флит со, 60.000 војници, организарана во 6 дивизии од сите родови, 200 тенкови и блиндирани коли, околу 100 авиони од сите типови, почнаа офанзива против ДАГ на планината Вичо со која командуваше Мичос Взандас и располагаше со 9.863 борци и 40 топови. На 13-14 август во четири часот, рано, на пешачкиот пат меѓу Голема и Мала Преспа од селото Раби до мостот кај Кула, е преполн со борци на ДАГ кои пристигнуваат и се

концентрираат меѓу мостот и селото Винени. Очите на сите се вперени кон небото да не се појават авионите пред да го преминат борците мостот за да не бидат измасакрирани. (Во тие мигови бев присутен и јас со група диверзанти (Самботаристи) на чело со командантот Врацано и го имавме минирано мостот, со цел да се спречо преминот на владината војска.)

Во 4,30 часот, една група авиони долетаа од аеродромот во Лерин и за миг пристигнуваат во Преспа и веднаш почнуваат да стрелаат каде што ќе видат движење. Отвараат жесток митралески оган и вр партизаните што се движат по тесниот пат меѓу Голема и Мала Преспа. Тука, се случи и една невидена случкач еден од пилотите од ниското и недозвливо летање удри во карпите и се запали.

Целата околина тука се претвори во кланица, невидено масовно гинење на цивили и воени лица, а луѓе исцпени борци, ранети, облеани со крв, едвој прави чекор да спаси живот...

Авионите создадоа страв со ТРИКОТ - фрлање т.н кукли. Кога таквите кукли паѓаа наземи активираа автомат и испукуваа рафали, се додека саржерот им е полн. Тоа беа американски новитет во партизанското војување.

ДАГ беше поразена со загуби од 1.859 (мртви, ранети, исчезнати и заробени). Владината војска имаше само 256 мртви и 1.336 ранети. На 15-15 август единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија, но во наредните денови беа префрлени околу 6.000 борци на ДАГ да ја продолжат борбата на Грамос. Во тие мигови беше исфрлена паролата дека: “Грамос ќе стане гробница на монархофашисти те-Владината војска”.

24-29.08.1949

Владината војска во ноќта на 29 спрема 30 август почна нов поход за конечно освојување на Грамос и за конечната ликвидација на ДАГ. Владината војска пак под команда на генерал Ван Флит и сега вкупните сили беа поголеми уште за три баталјони од оние што ги имаше во нападот за освојување на Вичо. На Грамос со главниот Штаб на ДАГ сега

командуваше генерал Георгиос Вонтисиос - Гусиас, со околу 12.500 борци (6.000 кои беа префрлени од боиштата на Вичо, бидејќи досега Грамос го бранеа само околу 6.500 борци). Последните битки беа на 29 август и на 30 август се повлекоа во Албанија. Загубите на ДАГ: 922 мртви, 944 заробени и 650 потешко и полесно ранети и околу 400-450 доброволно се предале. Загубите на владината војска: 243 мртви и 1.452 ранети.

30.08.1949

Со последните битки на Грамос Главниот штаб на ДАГ објави дека единиците на ДАГ се повлекуваат, бидејќи ја извршија предвидената задача. Се поставува прашањето:каква задача сме извршиле? И тоа беше крајот на ликвидацијата на ДАГ и сите единици влегоа во Албанија.

07.10.1949

На 2 октомври 1949 година во логорот Бурели од страна на КПГ, беше организирана јавна осуда и ги прогласи за шпиони и предавници на револуцијата, 11 членови на раководството на НОФ, АФЖ и НОМС и тие поминаа низ Сибирските логори, обвинети без вина, а сите ние борците на ДАГ, останавме во емиграција уште неколку години (еден дел останаа за вечно таму) придржувајќи се на паролата од КПГ: "МЕ ТО ОПЛО ПАРАПОДА!"

16.09.1950

Лидерот на левите либерали во Грција, Јоанис Софијанопулос и бивши министер за надворешни работи на Грција во една дебата во грчкиот парламент од септември 1950 (Види: "Димократикос типос" од 16.09.1950) признава дека "во Грција постои македонско малцинство, но дека според меѓународното право тоа малцинство не постои и не може да претендира на никаква заштита, бидејќи не се покажало лојално спрема државата во која живее", имајќи го предвид (на мисла) неговото масовно учество во Граѓанската војна во годините 1945-1949 година.

05.11.1988

Во Солун, генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис на новинарот на весникот “Месимврини” му изјави: “Во оваа пригода, сакам да кажам, дека за нас, за нашата Партија, “Македонско” малцинство во Грција нема и ниту има “Македонско прашање” не постои!” (Види: Герги и. Минтси 1991/141 и “Вечер”, од 5 ноември 1988 година, с.9). Овие беа последните зборови од некогашниот наш (се разбира и на оние наши соборци кои се вратија заедно со него како “Грци по род”) командант на ДАГ, сега ген. Секретар на КПГ, за нас Македонците од испишаната црна страница од ЦРВЕНАТА КНИШКА.

Повлекувањето на единиците на ДАГ во Албанија

На 30 август 1949 година, владините трупи со целата своја расположва воена сила, го напаѓаат западен Граммос. Алтилеријата и Авијацијата наизменично непрекинато ги бомбардираат позициите на ДАГ. Настапува пеколна ситуација. Единиците на ДАГ, не можејќи да го издржат огромниот притисок на многу посилниот противник, на 30 август 1949 година, вечерта, го напуштаат Грамос и се повлекуваат на просторот на Република Албанија. Со тоа престанува и воената активност на ДАГ.

Во септември и во октомври 1949 година, ко Република Бугарија се повлекуваат и 6-тата и 7-мата дивизија на ДАГ, додека некои отцепени групи и помали единици од подалечните краишта на Грција се повлекуваат дури до почетокот на 1950 година.

Според овој хронолошки преглед ќе треба да се каже и за т.н и многу најавуваната воена сила на ДАГ низ целиот тек на Граѓанската војна. Ете што ни потврдуваат следните извори:

1. Тасос Вурнас, стр. 159-160; есента во 1948 година воените сили на ДАГ имаа околу 18.000 борци;

2. Василис Барџиотас, како втор човек на ДАГ, пишува дека до крајот на 1949 година, силите на ДАГ имаа достигнато до 30.000 борци;

3. “Неос козмос”, од 1950 година, стр. 624, 637; пишува дека вкупната бројка на силите на ДАГ во 1948-1949 година достигна до 25.000 борци;

До 1947 година од 90% борците на ДАГ биле НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, а после овој датум нема потврдувања дека се јавувале како доброволци во редовите на ДАГ, низ текот на Г. војна.

Се поставува прашањето: Зарем можеме ние Македонците, таквата состојба и иреалност да ја нарекуваме Граѓанската војна, револуција и продолжување на славниот Илинден?

На крај, на место ЕПИЛОГ, составениот ХОДОГРАМ од аргументи и факти, јасно се гледа конечниот ишод на настаните, низ кои минал македонскиот воин низ историјата на ДАГ и како го дожиеа геноцидот.

Во таа долгогодишна борба, нека ми биде дозволено (од сите храбри македонски јунаци како Коста Солев – Суљо (Роден во село черешница) и Тина Андреевна -Цвета, родена во селото Мокрени) да спомнам една девојка од многуте херој и да им дадам висока почит на моите соборци,посебно на младата и неустрашлива Македонка како храбар борец во нашите редови во ДАГ, загина на Турјаската планина Колкутурија над селото Турје.

Таа беше внука на војводата Никола Андреев од Илинденското востание.

* * *

Можеби сето ова за нас Македонците, го објаснува чинот за кој старите Латини рекле (дефинирале) дека “Во одредени времиња, постојат состојби на трошење на националната енергија, од кои национот има најмала корист!”

5.0 ЕПИЛОГ

Тајните на црнилата од минатото од фаталната појава на органициите НОФ и АФж, ишодот на настаните.

Кои и како не водеа во Граѓанската војна? Дали ние Македонците, ако по Втората светска војна, не влегувавме во сенароден фронт преку организацијата НОФ (формирана во Скопје на 23 април 1945 година при ЦК на КПМ/ КПЈ) ќе ја препуштевме историската шанса во разрешувањето на македонското прашање во Грција? Како пред овој тежок оклоп на историјата да ја согледаме трагичната грешка, нашето бегство од историјата и откривање на полувековните заблуди? Кој, всушност не мобилизира и со каква стратешка цел ја оформивме НОФ (сенароден фронт) и тргнавме во оружен отпор, а ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата, ако непријателот го победевме со не напуштање на вековниот стремеж сопствено парче земја? Зошто сме се натопориле со оружје за време кога уште не е почната Граѓанската војна? Дали опцијата на воен отпор беше наша стратешка цел или на тугинците, организирана преку идеолошките активисти (оперативци на стратешки задачи ) со поданичка свест кои по полавек не принудија да водиме конфортабилна политика спрема извршителите на нашиот геноцид? Дали ние, како народ преку таквата опција бевме интелектуално и воено политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет на Македонија под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна? Кога големите сили по делбата на сфери на влијанија, ставот им беше: “Политика на статус КВО”. Кога меѓународните државни граници на Грција и Југославија истовремено по Втората светска војна станаа и воени граници на двата табора?

Дали со таквата стратешка цел, на НОФ и не сме ја лоцирале војната (спрема измисленото сценарио на “Пекол и изгорена земја” во регионот кои на туѓинците им беше како главна цел - етнички да го преуредат и да ја закрепат граничната линија на железната завеса по меѓу двата табора? Ако во историјата нема

“Ако било”, ами има “како било”, тогаш и во тоа е нејзината врвна мудрост. Но, во оваа анализа можеби за оние “Чуварите” на “Историјата за Егејците”, кои уште велат, дека немаше друга алтернатива, остана едно, навистина сериозно и тешко прашање: “Ако би било”. Дали ако, од демократските сили на Грција, Граѓанската војна би била лоцирана во други делови на Грција и се разбира да ја немаше претходницата на НОФ раководена од КПМ/КПЈ, не ја доживеевме таквата масовност (принуда ) и таквата катастрофа?

Прашањата се толку чувствителни и набиени со емоции, па дури и во овој миг кога ќе помислиме да му пристапиме со еден конструктивен став, кон тајните на црнилата од минатото, се соочуваме со жестока реакција на поедини идеолошки активисти, кои и ден - денес се против секаква корекција на историјата,изигрувајќи ветерани низ туги војски грконосталгичари (Ворјасовци), а од сосема јасни цели, сега се декларираа како југословеноносталгичари и само тие знаат зошто… Можеби, сите овие противречности ја, најмногу се должат на тоа што нашата историја пишувана под цензурата на комитети теза арбитража со историската вистина и по полавек не смогна да ги открие корените на злото и мрачните тајни на нашиот геноцид наш и со тоа бевме одвлечени во некаква мистификација, односно цинизам, обмислен за истуркување на фактите во корист на дневната политика.

Од историјата знаеме, дека сите успешни или погубни војни, секои цивилизирани народи преку критичкиот суд на историјата има дадено историска оцена, па време е и македонската историографија да го разреши тој политички рубикон за да остави поука за иднината, бидејќи специфичната функција на историјата е токму, истражувањето на тие причини. Ако земеме во оглед, дека ниедна тема во Грција не беше толку релевантна во текот на столетието и остана толку жива колку; освен како да се сотрат Македонците и присвои Македонија. Ние Македонците одамна требаше да си ги избришиме илузиите, дека некои друг ќе биде повеќе заинтересиран за нас и токму на тоа се должи успехот на елинизмот. На феноменот на нашите делби, неединство и поданичката свест. Дали нашата стратешка цел ја имаше истата

функција да стори се за да не се напушти прадедовото огниште, зашто тоа пред светот ќе биде и конечен документ за национален пораз. Сведочењета на настаните во три и полгодишната Граѓанска војна ни ја потврдуваат старата вистина дека војната не беше никаква случајност, дека идеолошкото насилство, бруталните мобилизации над Македонскиот народ, кој даде се од себе, а за возврат да добие смрт на своите синови, доби прогонство и разурнување на своите огништа, да не може, се до ден - денес да им запали свеќа на своите синови и браќа кои загинаа. Па зарем тоа, нели е добросмислена политичка акција. Политичката трагедија на НОФ. Дали во три и полгодишната војна НОФ имаше своја автономна програмска цел или еволуираше спрема интересите на туѓинците и зошто? Првиот период на време од 23 април 1945 година кога беше формирана и раководена од КПМ/КПЈ, до 21 ноември 1946 година програмската цел и беше: НОФ, да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. Ова е период кога дејствуваше надвор и независно од КПГ и беше раководена од КПМ/КПЈ (Види: Кирјазовски 1995/10). Нема сомневање, дека оптималната стретешка цел на НОФ (КПМ/КПЈ) им беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и ги стави во функција на сенародниот фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел ја прифативме како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само за неполни три месеци, овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: “Да го свртиме оружјето кон Солун”, односно: “На Солун, не на Сремскиот фронт!?” Тие македонски војници, беа немилосрдно казнети и ликвидирани. Тоа го направија против сопствената армија “Титова”, знаејќи ги последиците од поделбата на сфери, а сега по три месеци, од кои интерес го правеа спрема Македонците под Грција? Ете зошто е апсурд во историјата, кога од една се оди во друга крајност и затоа е повеќе од јасно, дека формирањето на НОФ, беше уште една НОВА БАЛКАНСКА ЗАБЛУДА. (Види ЦИА Тајните на на ЦИА). Така изабраната елита на НОФ, навистина уште во почетокотостварi завидни резултати, а тоа говори дека кај македонскиот човек беше допрено исконското национално чувство и мирно ги прифати сите мобилизации, верувајќи им на

кадрите на НОФ. Но со тоа се покажа, дека веќе е створено локалното жариште на идната војна, но дали елитата на НОФ како македонски фактор можеше да се носи со барањата и целите на сенародното национално ослободително движење за обединета Македонија? Ќе можеше ли македонскиот субјективен фактор, сега по Втората светска војна, да се соочи со многуте сложни проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори? Ќе беше ли во состојба да ги процени нивните сили, стратешките интереси и планови и врз основа на тоа да ја гради својата политика, стратегија и тактика? Но, се поставува прашањето: Зошто КПМ/КПЈ го охрабруваше се подлабокото воено ангажирање на НОФ во Грција, кога знаеше дека во тој период на време беш склучен договорот во Варкиза и со таа спогодба левите сили му ја имаа предадено власта на десницата. И, кога уште се знаеше и Московскиот договор меѓу Сталин и Черчил во октомври 1944 година, дека Грција подпадна под сферата на влијание на Велика Британија и САД. Ние Македонците, можеби не знаевме за постоењето на политика на “Статус - КВО”, но како можеле да не знаат КПМ, КПЈ и КПГ? Но, од друга страна зачудува изјавата на Маршал Тито, дадена во Москва во “Њујорк Тајмс” во која вели: “…Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци од Југославија, ќе ги почитуваме нивните желби…”. Но, како да се протолкува оваа изјава кога самиот Тито на средбата на 15 септември 1944 година во Белград, по меѓу него и Стериос Анастасијадис (член на ПБ на ЦК на КПГ) , Тито го изнесе следниот став: “Југославија нема никакви претензии кон грчка Македонија и целата кампања (околу обединувањето) нема ништо заедничко со неговото мислење... Можете да му соопштите на грчкиот народ дека тој нема никакви претензии за грчка Македонија. Прашањата за границите се меѓународни и не треба да се брза со поставувањето на тоа прашање.”

А еве што за ова вели историчарот Д-р Иван Катарџиев во својот фељтон во “Н.М.од 1.10.1994г.” – “Македонското национално движење и територијалниот интегритет” - ГРЕШКИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОБЕДИНУВАЊЕТО: Ова од академик се вели: “Разумно голтање на лагата. Сосема нереално беше да се бара обединување на другите делови на Македонија

во рамките на Југославија, а вардарскиот дел да се прогласува за пиемонт на обединувањето. Во НОБ постојано е присутно прашањето за обединувањето, но дали поради отпорот пред се од Англија можело да се направи неште повеќе од тоа што е направено?"

Во овоа катастрофално сценарио, злото да биде поголемо, сега македонскиот човек под Грција, од идеолошките активисти на сенародниот фронт е предупредуван: "Ако не си со нас, Ти си фашист и против нас!" Во тој матен временски период се преплетуваа новите и старите термини и доаѓааво судир и нејаснотии. Тука беа и конфузните околу обединувањето на Македонија, во Балканска федерација, Конфедерација, Автономија и на крај за сецесија и.т.н. Секако сите тие контрадикции не беа само академски и терминолошки, зошто противното толкување не беше прашање на вистината, туку политичко средство за спекулирање или зачувување на идеолошката активност. Аргументите беа излишни пред таквата идеолошка бруталност на тугинците. Лозинката "Лесно ќе биде. "и навистина се случи со нас Македонците кога преку агитацијата на НОФ, ни се внесе како сопствен мит за воената сигурност и тоа исклучиво без вербалните ветувања и упорно неприфаќање на реалноста на мигот во кој живеевме и ете зошто проектантите на геноцидот им успеа стратегијата" ќе биде лесно со нас Македонците". По ова, во поход против Македонците, со најголема жестокост беа ангажирани најцрните оружени банди и целокупниот десничарски печат и другите средства за информирање. Грчките обвинителства и истражните органи ги обвинуваат Македонците, дека тие биле бандити, предавници, авантуристи, сецеонисти и крипто фашисти. Грчката влада настојува потфатот на НОФ, АФЖ и НОМС да го озакони со цел да ги уништи Македонците, како физички, така и духовно да ги деградира преку донесените закони: 4124/45; 753/45; 453/45; 43/45; ТОД/45; Декретот Г/46 И други. Но, како што се гледа, дека сите овие закони се донесени пред да почне Граѓанската војна (31.03.1946 година е почеток на Г. војна). Но, трагедијата е во тоа што политичките решнија се донесуваа во Белград и се до денес историографите на КПМ/КПЈ, не презема одговорност, сакаат да останат молчаливи, бидејќи ишодот на настаните се покажаа дека

формирањето на НОФ, беше најголема грешка во историјата и развојот на македонската нација и затоа е нејасен, не објаснив, премолчен и во корист на дневната политика, туркајќи го проблемот надвор од интересите на матичната историја на Македонците во некаква "Историја за Егејците" и сета вина е посочена на членовите на НОФ. Зошто? Тоа уште еднаш потврдува, дека во историјата за Македонците под Грција, со политичка умисла запретани се уште многу тајни за извршениот геноцид и за навек напуштените огништа. Зошто едноставно, не можам да сфатам како македонскиот проблем би можел да се реши со оружена сила. Вториот временски период на НОФ е од 21 ноември 1946 година, се до 23 декември 1947 година кога се формира ПДВ (Привремената демократска влада ) на Грција. Првото соочување со националниот пораз на НОФ. Овој временски период не претставува само гордо потклекнување на НОФ, туку и политичка трагегедија. Сега настана една деликатна рамнотежа помеѓу НОФ и КПГ и КПЈ и се очекуваше само ефектот од големиот стап спрема НОФ од КПГ за ненаучената лекција. Зошто сега КПГ бараше суров закон против сите членови на НОФ? Што значи, за НОФ беше и поуката од КПЈ, спрема логиката: Ако една управа е создадена (наложена) од политиката, таа секогаш ќе биде слуга на политиката. Почна да се спроведува ригорозната политика која не признаваше противници и така стотина политички и паметни кадри се поминати низ чистилиштето како "Најголеми Македонски синови", а потоа фрлени како "Предавници на македонството". Сурова правда. Сега КПГ, преку овие НОФИТИ, посака народот да го натерат да гледа како на единствен и вистински претставник на Македонците е КПГ, а сите други се предавници, или помали Македонци и што е најважно да го натераат целокупниот народ да ја прифати одговорноста за да даде се од себе, и за се поголем потик за локалната сцена на разулавениот ритам на огнот. За да по војната бидеме сите заслужни, никој не виновен, а всушност, се беше поинаку, и проблемите се далеку повеќеслојни и посложни.

На 21 ноември 1946 година, спогодбата ја спроведоа преставниците на Југославија и Грција т.е на КПЈ (Иван Караиванов) и претставникот на КПГ и Јоанис Јоанидис) и со

тоа програмската цел на НОФ се смени и сега се прокламира дека ќе се бори во борбен сојуз со грчкиот народ и ќе се бори за спасување на македонскиот народ од физичкото уништување, односно за целите и задачите на КПГ. Но по таквото “Обединување”, не треба да се заборави дека за многу Македонци проработи и кадровската метла. По ова дојде и времето на неподобните и непожелните. Жигот стана секојдневна работа: водачите односно (стопаните на КПГ и КПЈ) инсистираа на секој (од своето стадо) да си го добие вжешниот печат, за да нема забуни при броението на примероците, односно да не се меашата грлата, на кој од очувите им припагаат. Просто речено: Снофитите, Нофитите, афежитите и Номситите: - со години се именуваа: на Титоисти и Захаријадовисти.

По Граѓанската војна времето ни потврди: дека програмските цели на НОФ не беа автономни со македонски стратешки фактор, туку сме биле турнати во реализација на туѓи интереси, па тогаш се поставува прашањето: Со каква сигурност сме го повикувале народот на револуција како продолжение на нашиот светол Илинден? Дали таквата “Братска” тактика на тугинците имаше крајна цел да македонското прашање дојде до македонско - македонско предавство, односно катастрофален судир? Зошто предавство? Затоа што сега од Македонците беа создадени грконосталгичари и југословенски носталгичари и не зедоа во игра од една страна КПГ и од друга КПЈ, а од трета жестоко не прогонуваа.

Атинскиот режим - легитимната власт на грчката држава, што значи, сега против Македонците беше вклучен комплет грчкиот етнички инжењеринг со најсурова акција и динамика на прогон.

НОФ како елита формирана од КПМ/КПЈ, досега ја исполнуваше нивната програма, а од сега исклучиво ќе ја исполнува само програмата на КПГ, со која ќе и ја обезбедува нејзината моќ, како на семоќен господар над Македонците и совршено така стана. По извршените тотални мобилизации над Македонците, КПГ ја измисли категоријата “Одговорни за Славомакедонците” и како сатисвакција сите членови на НОФ во редовите на ДАГ ги поставуваше за такви одговорни. Сега

како основна задача од КПГ на НОФ и беше наложено со приоритет; од Македонците да направи идеолошки војници за полесно да ги приклучи во катастрофалното сценарио на Граѓанската војна. Сега верноста на НОФИТИТЕ се мереше со (само) жртвувањето и важеше паролата: “Ола гиа тон агона, ола гиа ти ники!” (Се за борбата - се за победата).

Всушност, се покажа дека роλите на НОФИТИТЕ биле изигрувани, а не играни. На НОФИТИТЕ им се чинеше дека играат јуначки роλи, тоа го пренесуваа и на обичниот човек кој се до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца живееа со исти дух; да го негуваат македонскиот национален идентитет и да бидат единствени. Тој наш обичен човек, сега верувајќи на тие наши НОФИТИ во паролата: Сега е момент…, “се покажа повеќе од херој, но на крај беше оставен по светот. Во “Името на народот!”, тој збор беше задолжителен дел од политичкиот вокабулар, мотив и алиби за многубројните идеолошки превирање и воени цели. Тоа се случи за прв пат во историјата на војувањето и денес секој си го поставува тоа прашање:

“Зарем било возможно, само од едно село да загинат во единиците на ДАГ толку лиѓе од исто село? А, пак што како доказ е ,дека нема село кое не даде од 60-100 жртви. Но, ете тоа се случи и што е најважно за Македонците остана; неразбирливо и несфатливо, затоа што не се објеснети: ни херојскиот македонски воин низ историјата на ДАГ, ни национално политичките импликации; за нас Македонците што значеше робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ.

Третиот временски период на НОФ е кога по 23 декември 1947 година се до ликвидацијата на ДАГ, кога НОФ ја прифати програмата на ПДВ (Привремена демократска влада), која од никоја држава не беше призната, и не се призна, одсем што самата себеси што се признаваше) по националното македонско прашање: “Признавање на целосна рамноправност на националните малцинства и на нивните слободни национални активности” (Види: АЕ:179/47).

НОФ потпирајќи се кон КПЈ или кон КПГ, напуштајќи ја едната или другата и безрезервно спроведувајќи ја нејзината политика, придонесе да ја изгуби својата самостојност. Трагајќи по таа нишка на судбината наша ни покажува колку била препуштена во туѓи раце на одредени личности, кои навистина низ целиот тој период за нас Македонците ни ја пишуваа црната страница на црвената книшка, во отсуство на македонскиот фактор. Сега, КПГ измисли нов поредок, своја филозофија за сите НОФИТИ: "…за сега треба да се успие нивната будност, да се појави грижа и внимание спрема нив…" Сето тоа се правеше со умисла преку колективното замолчување на свеста над Македонците. Стратешки беше отстранувано тимското ангажирање на колективниот ум и уништуван преку манипулациите што значи Граѓанската војна, беше прерасната во полигон на кој од една страна големите сили си ги одмеруваа силите и оружјето, а комунистичките партии своите идеологии над обичниот голорак македонски човек.

Овој долг период на неизвесност (време на идеолошка пропаганда, која беше спроведена со таква динамика на жестокст и разузнувачка акција само и само со цел да се изгуби од лицето на таа земја индентитетот на Македонецот), претставуваше еден облик на ПОСТОЈАНО ИСЦРПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ СЕ ДО НАЈБРУТАЛНИОТ ЧИН СО ОЅЕМАЊЕ НА МАЛИТЕ ДЕЦА (ПРОГОН СПРОВЕДЕН ВО МОЛК) ШТО И ДЕНЕС ОСТАВИ ЛУЗНИ ВРЗ МЛАДОСТА НИВНА. Тоа беше катастрофален национален чин, со што конечно беше обезмакедончена Македонија под Грција. Вистинската вина пред историјата треба да ја носиме во поголемата мера само ние Македонците!

(Авт. превод. "Педомазома (масовно оѕемање на малолетни деца) на андартите и дадилките (девојки и жени) назначени од кралицата Фредирика.

"...Секако еден дел на тие дејанија се однесуваа и за спасување на децата, во условите на војна и од сите опасности и страдања. Но и за двете страни не можеме лесно да ги игнорираме човековерувањето и аргументите дека станува збор и за едно обмислено преместување на децата. За андартите, е многу

веројатно дека децата ги сметаа за една идна воена човечка резерва, бидејќи во март 1949 УНСЦОБ прими многу известувања и жалби за ѕемените деца и дека биле принудени од страна на андартите да се вратат за да се борат во нивните редови. Во 1948, веројатно се очекуваше дека војната ќе потрае, од колку што можеше бргу да заврши и така од ѕемените деца постојат веродостојни докази дека биле по бројно вратени во Грција да се борат."

Таквото сеќавање на вистината, од ова кривулкање низ нашето паметење низ измешаната историја, главната причина за нашата судбина треба да ја бараме во нас, што ние Македонците не се организиравме и не се изборивме да го задржиме нашето опстојување како интегрален дел во грчката држава и тоа требаше да ни биде единствена алтернатива.

Ако вековниот од на нашите предци низ историјата беше кондензирана максимата: "Свиткај ме, но нема да ме скршиш!" и го издржаа турското ропство, ние под туѓите пропаганди во Граѓанската војна ја прифативме како начело кое никаде и никогаш непримenетата максима во националната историја: "Скршиме, но нема повеќе да ме виткаш!", си го изгубивме огништето со гордото (Само) жртвување, но и останавивме документ за национален пораз, оти денеска не е случајност дека политиката калкулира со таквите реални состојби, па дури и за името. Но, ако сакаме да резимираме за животот и борбата во служба на КПЈ и КПГ, од бегството по Граѓанската војана, за нашата "гордост" не стоеше ни нацијата, ни политиката, ни идеологијата, тоа беше бегство од смртта. По ликвидацијата на ДАГ од КПГ и од генералите "наши" добивме билет во една насока и тоа само ние Македонците. Па зарем тоа не беше обмислена политичка акција за да не остават по светот, а тие да се вратат на своите огништа. Зошто тие генерали (Гусиас, Маркос, Вландас и др.) кои не водеа во битките за освојување на Лерин, Воден, Соботско, Негуш, Грамос и т. н, не вратија и да не претставaт какви што не познаваа и не пофалуваа на бојното поле?

Денес, секој воин на ДАГ си го поставува прашањето:

Која комунистичка партија во светот, тоа го направи со своите членови што гинеа за нејзините цели?

Кои генерали ја оставија армијата по светот, а тие се вратија како херои?

Зошто и ден - денес наследниците на КПГ, се плашат да му ја кажат вистината на грчкиот народ историјата на ДАГ, таква, каква што беше и која претставуваше еден историски непобитен идентитет за Македонците во Грција?

Но, што е најтрегичното, дека човекот кој се викаше воин на ДАГ, кој беше мобилизиран во Граѓанската војна од нашите НОФИТИ и тие не оставија по светот, а тие се вратија во Југославија, односно во СР Македонија. Секако со почести. Борците и иљадници (oѕемените деца, стари немоќни родители што ги изгубија своите чеда) останаа по светот со колективен статус на "Грчки политимигранти" во разни логори исчекувајќи го крајот на животот... Ете зошто годините на Граѓанската војана, беа време на македонската "гордост" во рацете на тугите политичари. Зашто и говорат овие факти. Дали сите овие дејанија на стратезите ја постигнаа својата цел? Ишодот на настаните покажува: ДА. И затоа бев обземен од неодоливата желба да покажам како беше во реалноста, а не како што е прикажана во нашата историографија.

Ќе се согласам со "чуварите" на нашата "Историја за Егејците", само тогаш, кога ќе ми предочат поуверливи факти од овие што ги користев јас. Оваа истражувачка студија, не сакам да се свати како судски процес пред историјата, но тоа е документ за горчливиот вкус на полавековното идеолошко робување. Таа лекција многу мина ја научија, но многу мина и не ја научија и се уште многу инфантилни Ворјасовци не ги разбираа: МАКЕДОНСКИТЕ ПОДЕЛБИ И РАСКОЛИ!

Верувам, дека овие две мои книги: "(Само) жртвувањето" и "идеолошкиот активизам над Македонците под Грција" е можност да бидат скромен прилог во сменоста на генерациите да се создаде сопствен и колку е можен поразумен суд за Македонците под Грција, за да и тие луѓе се најдат во

интегралната историја на македонскиот народ. Без да имам особени научни претензии, моето иследување е засновано врз еден стремеж да им се каже на младите луѓе вистината за Македонците под Грција. Зошто ние Македонците (во отсуство на интегралниот фактор) дозволивме во Граѓанската војна (1945-1949) да доживееме сила врз сила од КПГ и КПЈ и со тоа ја обезмакедончивме Македонија под Грција. Ние! Ние, Македонците дозволивме да бидеме:

1. Еден голем дел жртви (загинати по бојштата на Граѓанскат војна), а ни вните семјства по извршениот геноцид кон целокупниот македонскиот народ се најдоа масовно раселени низ европските земиј.

2. Еден дел извршители (под туѓи идеолошки замки пребегнаа во Југославија, а најголемиот дел од активните обични борци се најдоа во емиграција).

3. За геноцидот на Евреjте и за геноцидот во сребреница знаеме, а дали ќе проговори нашата историја за нашиот македонски геноцид!?

4. Најголемиот дел (гледано интегрално од целокупната етничка Македонија) останаа полувековни набљудувачи: за народот што ни се ретчи и просторот што ни се тесни.

6.0 ПРИЛОЗИ

6.1 ДЕЛА НА АВТОРИ КОИ БЕА ПОВОД ЗА ЛИТЕРАТУРНА КРИТИЧКА АНАЛИЗА НИЗ ФЕНОМЕНОТ НА ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ (ВИДИ КНИГА: “ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА”

ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ “НЕБЕСКА ТИМЈАНОВА”. ИЗДАВАЧ НАША КНИГА”, СКОПЈЕ, 1989 ГОДИНА.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ “УМЕТНОСТ И ЧОВЕКУВАЊЕ”, ИЗДАВАЧ “МАКЕДОНСКА КНИГА”, СКОПЈЕ, 1992 ГОДИНА.

СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ “СТАТУТОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК” (1913-1987), ИЗДАВАЧ МИСЛА”, СКОПЈЕ, 1987 ГОДИНА.

ИВАН ЧАПОВСКИ “ВРАЌАЊЕ НА ПОЕТОТ ВО МЕГЛЕН”, ИЗДАВАЧ “МАКЕДОНСКА КНИГА” СКОПЈЕ, 1994 ГОДИНА.

НИКОЛА КЉУСЕВ “КАМЕН ОСТРОВ”, ИЗДАВАЧ “МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1994 ГОДИНА.

ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ “АНГЕЛИ НА ПРОГОНСТВОТО”, ИЗДАВАЧ “ДЕТСКА РАДОСТ”, СКОПЈЕ, 1993 ГОДИНА.

ПЕТАР НАКОВСКИ “И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА”, ИЗДАВАЧ “ОГЛЕДАЛО”, СКОПЈЕ, 1988 ГОДИНА.

ЈАГНУЛА П. КУНОВСКА “ПЕСНИ”, ИЗДАВАЧ “МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1995 ГОДИНА.

ДИМИТАР ЈОНОВСКИ “ОДРАСТОК”, ИЗДАВАЧ “КУЛТУРА”, СКОПЈЕ, 1990 ГОДИНА.

КАТА МИСИРКОВА - РУМЕНОВА “КАТАРНИ ГОДИНИ”, ИЗДАВАЧ “МИСЛА”, СКОПЈЕ, 1992 ГОДИНА.

КОЛЕ МАНГОВ “ВИК”, ИЗДАВАЧ “КУЛТУРА”, СКОПЈЕ, 1979 ГОДИНА.

ВАСКО КАРАЏА “СО Д'МБЕНИ ВО СРЦЕТО”, НА ДВА ЈАЗИКА: МАКЕДОНСКИ И АНГЛИСКИ, САМОИЗДАТ, “НОВА МАКЕДОНИЈА”, СКОПЈЕ, 1993 ГОДИНА.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ “МЕЃУ ТОТАЛИТАРИЗАМ И ДЕМОКРАТИЈА”, ИЗДАВАЧ “МАКЕДОНСКА КНИГА”, СКОПЈЕ, 1994 ГОДИНА.

КОЛЕ МАНГОВ “ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ЧОВЕЧКИ ПРАВА”, ИЗДАВАЧ МРТ-МАКЕДОНСКО РАДИО, СКОПЈЕ, 1995 ГОДИНА.

ФАНИ МАРТИНОВА-БУЦКОВА “МИТРЕ ПЕНЏАРОВ КОСТУРСКИ ВОЈВОДА”, САМОИЗДАТ, СКОПЈЕ, 1995.

ЛОРИНГ М.ДЕНФОРТ “МАКЕДОНСКИ КОНФЛИКТ”, ИЗДАВАЧ “МАКЕДОНСКА КНИГА”, СКОПЈЕ, 1996 ГОДИНА.

НИКОЛА КЉУСЕВ “ПРЕДИЗВИЦИ”, КНИГА “ВЕРБА И ИЗМАМА”, ИЗД. “МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1997 ГОДИНА.

БУНТЕСКИ РИСТЕ-БУНТЕ”МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО (ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ), издавач” Друштвото за уметност Прилеп, Скопје, 1996.

ДОНЕВСКИ ЃОРЃИ, “БАПЧОР”, МОНОГРАФИЈА, ИЗДАВАЧ “ЗДРУЖЕЊЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА”, СКОПЈЕ, 1996

НИКОЛА КИЧЕВСКИ, “ТРСЈЕ И ТРСЈАНИ”, СКОПЈЕ, 1998

КОЛЕ РОШЕВ, “ВОЈВОДИТЕ НИЗ СОБИТИЈАТА И НАРОДНИТЕ ПЕСНИ”, СКОПЈЕ 1998.

6.2. Костурчани низ вековните опстојувања, 20-от век како почеток на погрчување, со цел за тотална асимилација по поделбата на Македонија (1913) и воената катастрофа со геноцидни размери во годините (1940-1949), како феномен на Балканот.

“...О, Боже!!! Перото е бесилно да ги опише ужасите, злоделата на тие ѕверолики луѓе вооружени од глава до пети. Тие извршија ужаси нечуени досега во светската историја на човештвото…” (Од руски преставник на посолството - во Битола, за андарскиот колеж во с. Загоричани).

Повод: Книгите од неколку автори кои се предмет на овој краток преглед се со цел да се разјаснат некои од причините за нашиот геноцид во отсуство на македонскиот фактор.

Истовремено да се презентираат толкувањата и на овие автори кои зборуваат токму за Костурската околија во Македонија под Грција.

По девет жилави децении, само крвта наша остана сведок за геноцидот над Костурчани. Костурската околија го зафаќа нај-јужниот дел на етничка Македонија. Во исто време Костур бил седиште и на костурската Епархија. Ете сега на крајот од веков, многу луѓе си го поставуваат прашањето: Зарем било возможно само од едно костурско село да загинат толку многу луѓе во Граѓанската војна (1945-1949)?

Но ете тоа се случи и ние треба да ги побараме корените на злото барем од основните причини што некои стратешки ги планираное уште од почетокот на веков со појавувањето на грцизмот во Кастуррско, бидејќи од тогаш се до ден - денес Македонците добиваат билет во еден правец и за навек се збогуваат со прадедовите исконски жилишта на тој македонски простор. Нели таквиот вековен чин спаѓа во етничкото чистење на еден народ со вековна култура, кој опстојувал во компактни заедници (села) се до извршениот геноцид во Граѓанската војна (1945-1949)?

Читајќи ги овие книги се препознаваме. Крвта ни замрзнува зашто знаеме дека се откриваме самисебе, без разлика на која идеолошка страна се наоѓавме и без разлика на тоа во каква политичка облека сме биле облечени, но сите како да трчавме да стигнеме до геноцидот и ниту еден македонски лидер не се најде, да го поучи народот Македонски, дека: Напуштањето на огништето е национален пораз!!!

## 1. КНИГА: “ИЛИНДЕНСКАТА ЕПОПЕЈА” (РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ) ТОМ ПРВИ. ОД АНГЕЛ ДИНЕВ.

Авторот зборува со пиетет за Илинденското востание, за величината на македонскиот дух, за развојот намакедонскоослободдителното движење од 1893-1903 година и борбата на Македонците за ослободување од отоманското феудално ропство.

Во поглавјето за Костурско, зборува за чисто револуционерниот дух носен во длабочината на душата од костурските војводи:Васил Чакаларов, Лазар Поптрајков, Манол Розов, Пандо Кљашев, Мишо Николев, Митре Влаот и редица други и дека само во костурската околија, активни востаници имало повеќе од 4.170 луѓе. Се покажува, дека навистина кај нас Македонците постоело во тоа време оптимална стратешка програма со крајна цел за создавање на македонска држава на целиот етнички простор на Македонија. Ги опишува стратешките пунктови: Клисура, Невеска и други кои беа заземени од илинденските востаници. Ја опишува масовноста на цалокупното население и дека првата бомболеарница била создадена во с. Смрдеш.

Таквото сведоштво за Илинден го потврдува во својата подолга статија во весникот "Зора" од иули 1995 година ГРЧКИОТ ИСТОРИЧАР.

2. КНИГА: "МИТРЕ ПАНЏАРОВ - КОСТУРСКИТЕ ВОЈВОДИ", 1994 година, самоиздат, од Д-р Фани Мартинова – Буцкова.

Оваа книга не враќа во храмот на македонската историја. Врши раслојување на историските настани и ни покажува дека македонскиот народ има платено крвав данок за создавање на македонската држава.

Ни ги опишува херојствата на нашите војводи и нивната преданост. Немилосрдната борба против туѓите пропаганди. Сите тие наши претци - илинденски војводи биле против покорноста и за нив тоа било најниска форма на човековото однесување.

Во духот на објективноста д-р Буцкова издвојува најкарактеристични периоди за с. Кономлади:

1. Македонците во Илинденското востание биле масовни со душа и со срце;

2. Во текот на ЕЛАС (1941-1944), слаб бил озивот, поради недовербата кон грчкото раководство; (Види стр. 228 Меморандум. Тука се опишани сите дејствија на Еласитите спрема Македонците, што значи и одговорот е даден на ова прашање.)

3. Како најкарактеристичен е периодот на идеолошкиот активизам (Граѓанската војна 1945-1949) како резултат од Кономлади имало вкупно погинати 68 борци на ДАГ и имало повеќе од 367 мобилизирзни во редовите на ДАГ и на крај го соопштува и најтрагичното, дека денес по збегот од војната никој не може да се врати на своите огништа спрема законите на грчката држава.

3. КНИГА: "Ο μακεδονικος αγων (Απομνιμονευματα) Αρχειον Μακεδονικον αγωνος Πινελοπι Δελτα, Θεσσαλονικη, 1959, ΓΕΡΜΑΝΟΣ ΚΑΡΑΒΑΝΓΓΕΛΗΣ"

Во книгата ги опишува своите дејствија што ги имал како основна задача за погрчувањето на Македонците во Костурско. Познат како костурски Владика - Каравангелис.

Тој со својот обмислен концепт, преку црквата и државната политика, се идентификува со еден загрижувачки модел и во историјата важи како архитип во разбивањето на македонското единство; со крајна цел да изврши ерозија во македонското јадро и да ги доведе Македонците до македонско - македонски судир за да после направи политички пресврт во револуционерните традиции. Каравангелис заедно со андарските чети беше првата комплетна структура во Македонија која се појави во 1900 година со својата софистичка програма преку која посакуваше да ја реализира стратешката концепција за освојување на македонскиот исконски простор и да воспостави власт, за да ја одржува со решителните акции на андрските чети, како што тој самиот ги опишува восвојата книга.Тој модел на Каравангелис,не само што вирееше во почетокот на XX-век се до поделбата на Македонија во 1913 година, туку таквиот модел доживува и кулминација на еден долг временски период од 1900-1950 година. Не давајќи да станеме политички субјект во грчката држава, се со цел да го

скршат тој оптимум за обединето македонско јадро Таквата полжба се до Втората светска војна, многу јасно ни го покажуваше нашето политичко опстоување во грчката држава, но сепак бевме компактни во прадедовите жилишта и тоа влеваше надеж дека не сме биле национално победени.

Со појавата на идеолошкиот активизам (на тугинците и во годините на Граѓанската војна-1945-1949) ние го доживеавме геноцидот. Но најкарактеристично за нас Македонците е кога се појавивме разделени на идеолошка припадност на Комити - Комунисти, (скоро по исти модел на Македономахи и Илинденци) бидејќи ни беше наложено пак од тугинците сами да се испоколиме, а тие за нас го имаа истиот став:да не нема од Костурските прадедови огништа.

Ете зошто за Костурчани овој период е најкарактеристичен во нашата истарија и покажува како е изгубена и сотрена мислата на македонското единство. Тоа им се случи на Костурчани на еден народ кој имаше блескави победи во Илинденското време, кој ги имаше најсветли ликови во македонската историја (за жал сега заборавени од нашата матична историја).

* Германос Каравангелис роден е во 1866 година во с. Стипси на островот Лезбос. Го завршува минхенскиот Универзитет со голем успех и желба му била да се оддаде во просветата како професор по теологија, но по барање на грчката влада во 1900 година е назначен за Митрополит на Костурската Епархија. Познато е и тоа дека за владици во епархијата костурска, Цариградската грчка патријархија редовно назначувала грчки архииjереи, кои биле најдобри спроведувачи на елинизацијата на Христијанското население во Кастурско.

Каравангелис за кратко време по сите костурски села создава цела мрежа од свештеници, учители и други, кои ги поткупуваше со златни лири. Тој во овие свои спомени детално ги опишува акциите и најсуровите методи што ги вршел при погрчувањето заедно со Павлос Мелас, началник и организатор на грчките андарски чети, кои се појавија во Македонија во 1901 година.

Павлос Мелас (Микис Зезас) се родил во Массалиа на 29 март 1870 година во угледно семејство кое било дојдено од Епир. По завршувањето на Гимназијата во Атина се определува за воени студии. Во 1891 ја завршува високата воена школа и е произведен во чин на водник од родот на артилеријата. На почетокот во 1904 година владата на Грција донесе решение да испрати четири офицери за да ја проучат на лице место полижбата во Западна Македонија (Костурско) за начинот на борбата за погрчување на Македонците. За началник на групата бил одреден капетанот Александрос Кондули (Алекос Скурис). Другите тројца се Павлос Мелас (Микис Зезас), Гергиос Колокотронис (Георгиос Панос) и Анастасиос Папулас (Тасос) убиен е од турската војска во селото Статица на 13 октомври 1904 година на возраст од 24 години. Процесот за убитството бил монтиран од војводата Митре Влаот.

Павлос Мелас бил зет на Драгумис. По неговата смрт го заменува Г. Цонтос (капетан Вардас). Каравангелис, тесно соработувал и со грчкиот конзул во Битола Д. Калерис, со конзулот во Солун Ламброс Коромилас, со капетан Дукас, капетан Рувас, Каудис, банкарот Саропулос, Јон Драгумис и Калапотакис (уредник) на весникот "Емброс".

## 4. КНИГА: "АНДАРСКИОТ КОЛЕЖ ВО ЗАГОРИЧЕНИ-1905 ГОДИНА" ОД Д-Р АЛЕКСАНДАР ТРАЈАНОВСКИ.

Кај овој автор, е карактеристично, тоа што, како историчар строго се придружувал на фактографијата за да ја открие големата трагедија не само на андарскиот грчки колеж 1905 во село Загоричени, туку и над целокупното македонско население во Костурско.

Со овие непобитни факти пред светската јавност го презентирана силничкото погрчување, но и непокорот на македонскиот човек во Костурско.

## 5. КНИГА: "ГРЧКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1913-1940)", ОД Д-Р СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ.

Годините на тотална асимилација по поделбата на Македонија (1913), д-р Киселиновски за асимилаторската политика на Грција ја објаснува со исклучителна аргументираност, го објаснува проблемот што настана и продолжува за десловенизација и демакедонизација на македонскиот простор. Тој вели:тоа е геноцид без преседан во историјата. Теророт врз македонското население во периодот по Балканските војни зеде такви размери штодури и мајчинското чувство се колебаше пред ѕверското однесување на грчката војска. Луѓе, села, градови беа уништувани само за да се реализира идеата;една држава, една нација, еден јазик и една политичка волја.

Тоа се акти на непризнавање,дискриминација и асимилација на Македонците. Киселиновски, зборува за опасностите од современите поместувања, што се случија по Граѓанската војна и доведоа до менувањето на историскиот статус на Македонците и како аргументи наведува дека 30.000 Македонци (меѓу кои 8.000 деца) грчките власти принудија да емигрираат во источно европските земји, а со тоа се појави и нова колонизација со цел да се уништи етничката компактност на последните оази во Костурско, Леринско и Воденско.

6. КНИГА: “НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1945-1949)”, ОД Д-Р РИСТО КИРЈАЗОВСКИ

Авторот вели: Главната поента ја насочив кон организацијата НОФ како главен раководител на македонското национално ослободително движење…, настојував, во трудов, документирано и автентично да ги изнесам многу сложените настани и да дадам аргументирани оценки.

Во истата книга (стр. 338) се цитира од “Нова Македонка”, од 1 април 1948 година: “НОФ и АФЖ имаат историска важност на денешниот ден и наложува на македонскиот народ, да стапи масовно во редовите на ДАГ, зашто само оружената борба и гарантира слобода и живот!” Но, тука се поставува и прашањето: Кога се знае дека НОФ и АФЖ во тој период немаа

ниту политичка, ниту воена власт и не пратставуваа никаков Фактор за кого го повикуваа македонскиот народ!?

Уште еден историски податок што го подврдува П. Раковски: Во 1945 - Во близината на Воден, Егејска Македонија, е одржана Окружна конференција на НОФ за Воденско. На конференцијата, на која зедоа учество 125 делегати од градот и од селата реферат за идеолошката содржина на борбата и формите на борбата поднесе членот на Главното раководство на НОФ Павле раковски, а за финансиската положба на окружното повереноство на НОФ вангел Ајановски - Оче. Делегатите, покрај другото побараа ликвидирање на терористичките селски пољаци. (20 јуни 1994 . Н. М. )

7. КНИГА: “ΟΙ ΑΘΑΝΑΤΟΙ ΤΗΣ ΚΑΣΤΟΡΙ ΑΣ (1940−1949)” од Г. Гкасис

Овој автор ја посветува книгата на “Бесмртните Костурчани” кои се бореа со пушка во рака за слободата, демократијата и за промена на општествениот систем за социјализам во Грција. Тој пишува дека тие луѓе умираа со зборовите: Да живее Слободата да живее Социјализамот, да живее КПГ! Да живее Грција! И со тоа ја посветува исклучиво што се бореа на линијата и во редовите на ЕЛАС и на ДАГ на планините Грамос и Вичо.

Авторот со особена грижа ги наведува сите погинати (со доста неточности) од секое костурско село и како документ е од голема важност, бидејќи може да се види вистинската катастрофа што ја доживееа Костурчани (види: прилог табеларниот преглед од погинатите за секое костурско село). Низ целиот опис во книгата им оддава висока почит на херојската борба на КПГ која го дигна народот (а не НОФ и АФЖ, како што погоре видовме од Д-р Кирјазовски) на оружје за многуиљадната ценета слобода, (Но тука авторот “заборава” да каже дека тие паднати борци се Македонци и нивните семејства и соборци КПГ ги остави по светот и се до ден денес не можат да се вратат на своите огништа). Не само комунист, соборец и граѓанин на Грција, туку и секој добронамерен човек од светот ќе се запраша: ЗОШТО ОВИЕ ЛУЃЕ СЕ ОСУДЕНИ НА ВЕЧНА НЕПРАВДА!?

Зборува за основоположниците на КПГ и за високото партиско членство во Костурската околија и ги наведува како главни:

1. Цимас Андреас - Самариотис, адвокат, функционер на КПГ, член на ЦК на КПГ, член на ГШ на ЕЛАС. Бил член на делегацијата на ЕАМ, ЕЛАС и КПГ за преговорите во Каиро, во август 1943 година. Костурчанец, организатор на ЕАМ и ЕЛАС.

2. Андонопулос Антонис - Периклис, работник, активист на комунистичкото движење од пред војната. Од почетокот на 1943 година до крајот на војната е секретар на окружниот комитет на КПГ за Костурско. Во Граѓанската војна бил комесар на дивизијата на ДАГ.

Така не осведочи комунистот синдрофос ГКАСИС, нас Македонците, историчарите и балканолозите кои посакуваат да ја дознаат вистината за нас Македонците. - КОСТУРЧАНИ.

Тој, со особена почит го направи прегледот (со доста голема приближност на спрема досегашните монографии што се издадени во Р. Македонија иницијаторите на истете села) на паднатите борци и го прикажа во следниот табеларен преглед за сите костурски села и неправи разлика на Македонци и Грци, сите ги именува со грчко име и презиме.

Во последната колона поради компарација се прикажани паднатите борци Илинденци, спрема книгата: “Илинденска епопеја” (Развојот на македонското ослободително движење), Том И, од Ангел Динев.

ΟΙ ΑΘΑΝΑΤΟΙ ΤΗΣ ΚΑΣΤΟΡΙΑΣ (1940−1949)

| | | |
|---|---|---|
| АПОСКЕП | 8, | 5 |
| БАБЧОР | 64, | - |
| БОБИШТА | -, | 17 |
| БРЕШТИНА | 23, | - |
| БОМБОКИ | 39, | 7 |
| ВИШЕНИ | 43, | 7 |
| ГАБРЕШ | 31, | - |

| | | |
|---|---|---|
| ВМБЕЛ | -, | 24 |
| ГАЛИШТА | -, | - |
| ГОРЕНЦИ | 21, | - |
| ДОБРОЛИШТА | 28, | - |
| ДРЕНОВЕНИ | 29, | 15 |
| ДМБЕНИ | 52, | 46 |
| ЖЕРВЕНИ | 2, | - |
| ЖУПАНИШТА | 60, | 8 |
| ЗДРЕЛЦИ | 14, | - |
| ЗАГОРИЧЕНИ | 53, | 22 |
| ИЗГЛИБЕ | 20, | - |
| ЈАНОВЕНИ | 26, | - |
| КЛИСУРА | 234, | - |
| КОНОМЛАДИ | 52, | 10 |
| КОСИНЕЦ | 27, | 45 |
| КОСТУР | 8, | - |
| КУМАНИЧЕВО | 25, | 6 |
| КРЧИШТА | 17, | - |
| КОСТУРАЖЕ | 23, | - |
| ЛОБАНИЦА | -, | 15 |
| МАЊАК | 6, | 2 |
| МОКРЕНИ | 65, | 71 |
| НЕСТРАМ | 91, | 71 |
| НОВОСЕЛЕН | 9, | - |
| ОЛИШТА | 15, | - |
| ОМОТСКО | 9, | - |
| ПЕСЈАК | 15, | - |
| ПИЉКАТИ | 19, | - |
| ПОЗДИВИШТА | 46, | - |
| РЕВАНИ | 3, | - |
| РУЉА | -, | - |
| СЕТОМА | 17, | - |
| СМРДЕШ | 36, | 96 |
| СЛИМНИЦА | 24, | - |
| СТАТИЦА | 43, | - |
| СТАРИЧАНИ | 35, | 5 |
| СТЕНСКО | 26, | - |
| ТИОЛИШТЕ | 36, | 4 |
| ХРУПИШТЕ | 35, | - |
| ЧЕРЕШНИЦА | 15, | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| ЧЕРНОВУШТА | 11, | 2 |
| ЧЕТИРОК | -, | - |
| ЧУКА | 17, | - |
| ЦАКОНИ | 6, | - |
| ШЕСТЕОВО | 29, | 8 |
| СНИЧАНИ | -, | - |
| СВ. НЕДЕЛА | -, | - |
| ЗЕРЕЦ | -, | - |

Првото и чесно признание на оваа човекова катастрофа не само на костурчани, туку за сите македонски села ја потврдува и списанието “Схоластис” од 18 јануари 1989 година пишува: “Славомакедонските села поднесоа несразмерно голем товар на борбата на демократската армија на Грција (ДАГ). Тоа е за почит, бидејќи досега грчките историографи (комунисти), официјално тоа по Граѓанската војна не го сторија.

Но, тука треба да се каже дека и самите факти, потврдуваат дека баш во овие села беше лоцирана војната, а тоа го потврдуваат и следните извори дека всушност спомenуваната т.н “Слободната територија “ на силите на ДАГ, односно села што биле под контрола на овие сили, се и следните села од Леринската околија, покрај наведените костурски села во погорните табели и овие села имаат претрпено не толку по број на жртви, но и повеќето останаа опустошени и доживеа најголема миграција. Тоа се селата: Сите села на мала Преспа, Желево: Ошчима; Трњаа; Бесвина: Руља; Брезница; Псодери: Трсје; Турје; Лаген; Нерет; Г. Котори; Д. Котори; Негован; и други.

Под заштита на владините сили во региони на Костурската околија се наоѓаа: Рупишта; Костур: Нестрам и други помали места.

Како го има прикажано нашата матична историографија целиот тој вековен тек на историјата (за костурчани) е познато, но со посебна почит, тоа го направија самите Костурчани, скоро сите села со сите етно - историски настани, процеси и етнички феномени што се случувале и се уште се случуваат,сите тие луѓе се враќаат во матицата и можеби тие заеднички со

издавањето на монографиите за своите села ја пишуваат (напишаа) и ХИМНАТА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО.

Во сите тие монографии има и по едно поглавије “Загинатите наши селани во Граѓанската војна”, кој го стаписува нашиот поглед, бидејќи тие беа наши соборци, браќа и родители во суровата и геноцидна Граѓанска војна (1945-1949) за нас македонците под Грција, но во тие написи нешто е речено за човекот во војната и за човекот излезен од војната, а тие места се во видлива степен на одредени, присенчени, нејасни или отежнати, од гледна точка на знаењето во однос на: Херојската борба на македонскиот воин низ историјата на ДАГ и национално политичките манипулации за нас Македонците од робувањето на НОФ кон КПЈ и на КПГ. Но, сето тоа е повеќе од јасно, дека авторите на монографиите го пренесуваат од историографијата која денес ја негираат тие историчари кои сами ја пишуваа под конвенционално - дневнополитичките гледишта. Затоа, за нас Македонците под Грција напишаната историја е толку јасна колку и мрачна. Тоа ќе го забележи секој од овие автори кои и самите бараат одговор и се запрашуваат: “…Сепак најтежок и најболен е податокот дека бројот на погинатите борци во редовите на ДАГ од своето село, за време на четригодишната Граѓанска војна, која за Македонците под Грација, посебно за секое од овие села која заврши трагично и без право на враќање на своите огништа. Но, прашањето кое им остана длабоко во свеста на секои од нас е: Зарем било можно, само од едно село (како што е прикажано во монографиите, па сега и во прегледот што ни го дава Гкасис да има загинати толку луѓе?! Од исти род и од исто село? Што досега во историјата на Македонците не се памети ни од времето на Илинденското востание, т.е во соопствената револуција исклучиво за интересите на Македонија и Македонците?!

Некои заради спокој си даваат и одговор: “…Но, ете тоа се случи поради никогаш неразбирливите и недофатливите за човековиот разум, разорувања што ги носи секоја војна…?” Но, ако навлеземе во суштината на проблемот и малку ѕирниме во некои политички процеси кои за нас Македонците беа: Туѓите политички цели -наша историска бесмисленост, можби ќе дојдеме до некаков одговор.

ПРВО: Зошто КПГ повикува на вооружен отпор, точно една година по договорот во Варкиза (12.02.1945).

Досегашните оценки на грчките истиографи, од политичко становиште и оценките на генерал Штабовите на грчката владина армија и на ДАГ, Граѓанската војна (1945-1949) во Грција е оцената како најголема историска грешка, бидејќи сето тоа се случи по Втората војна кога се беше договорено помеѓу големите сили; за подела на свери на влијанија и за државните граници на Балканот меѓу државите да останат:статус КВО, а границите на Грција и на Југославија во тој период на време станаа и воени граници помеѓу двата табора.

Од таквата глобална оценка се набројуваат некои основни проблеми за историјата на ДАГ, но нас Македонците не не споменуваат воопшто како народ што учествуваше со повеќе од 50% од воените ресурси на ДАГ. Но, време е барем и ние низ тие проблеми на историјата на ДАГ, да ги согледаме и нашите македонски проблеми и грешки од нашата политика национална историска бесмисленост и низ сето тоа да најдеме одговор на поставеното прашање: Зарем било можно само од едно македонско село (Костурско) да загината толку луѓе…?! Секој паталец ќе рече: Повеќе да не се повтори!!

1. Проблемот за аналитичарите - историографичарите на историјата на ДАГ е заземеното така нареченото историско решение на вториот пленум на ЦК на КПГ за вооруженото востание кое почна на 31 март 1946 година, точно една година по договорот во Варкиза на 12.02.1945 година кога левите сили ЕАМ И КПГ му ја предадоа власта на десницата и е оценето како историска грешка.

Дали ние Македонците во овие договори бевме некаков фактор. Одговорот е НЕ. За вољата на вистината, треба да се каже дека за целиот тој период на време ние Македонците се боревме како антифашисти во редовите на ЕАМ и ЕЛАС, но за нив не бевме никаков борбени сојузници. Според тоа СНОФ не преставуваше релевантен фактор и политички субјект за сите преговори што

се водеа помеѓу ЕАМ, ЕЛАС со сојузниците (грчката влада во бегство и англиската воена мисија).

2. Проблем за грчките аналитичари е и решението на 3-от Пленум на ЦК на КПГ што се одржа во Белград во септември 1947 година и како што пишува Гусиас (стр. 251), на пленумот присуствуваа само шест членови на ЦК на КПГ и неколку воени лица, но ниту еден Македонец.

Пленумот реши и го задолжи Г. Штаб на ДАГ да почне со мобилизацијата во целата земја и до март 1948 година наоружените сили на ДАГ да нарасна на 60.000 борци. На истиот Пленум се донесе решение, да го пренесе централното тежиште од самоодбрана да се премине во напад, во борба за власт. За постигнување на таа цел, "беше изработен воено - оперативен план" односно познат како "Езеро". На овој Пленум се истакна и паролата: "Сите на оружје, се за слободата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, окружена со планинските масиви на Пинд, планината Пиерија, Каракамен, Кајмакчалан и Вичо, и со тој план требаше да се ослободат градовите Лерин, Воден, Негуш, Соботско, Коница и други. Тоа би било како прва етапа за ослободување на Грција.

Ете, сето ова ни потврдува и е уште еден непобитен факт, дека Граѓанската војна да биде лоцирана во Егејскиот дел на Македонија, било решено во Белгра на ови пленум, без никаков обзир спрема македонскиот народ и неговата судбина, туку се во интерес на туѓите политички цели.

ВТОРО: Македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв.

1. За нас Македонците како полувековен проблем е што не е докажано со каква национална стратегија на 23 април 1945 година е создадена во Скопје организацијата: НОФ Народно ослободителен фронт за егејскиот дел на Македонија надвор и независно од КПГ и од било каков политички субјект во Грција и повеќе од година делува и се раководи од КПМ/КПЈ и програмската цел на НОФ, беше: да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на

Македонците под Грција. За остварување на таа стратешка цел, беше применета и оружена форма на борба, за што раководството на НОФ по неколку дена, односно на 28 април 1945 година реши да формира македонски партизански единици.( Види: Кирјазовски 1995/202)

Се поставува прашањето: Како сето тоа ќе го оствареше НОФ? Кога повеќе од јасно е дека еден дел од македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонското национално - ослободително движење. Тоа се потврди дека не успеа да се соочи со многу сложни проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Ниту беше во можност да ги процени нивните сили, стратешките интереси и планови и зошто до сега никои од овие стратези како НОФ, КПМ и КПЈ не дадоа одговор? Само секој од учесниците на таа војна останаа да си ги поставува прашањата:

а) Ќе беше ли во состојаба НОФ да го оствари самоопределувањето во еднаново создадена положба во Македонија под Грција со извршената етничка промена на населението преку 600 иљади доселеници - колонисти и со тоа грчката држава од Македонците направи малцинство?

б) НОФ не знаеше ли дека скоро тие колонисти се на чело на левите сили во Грција како ЕАМ И КПГ како Захаријадис, Парцалидис, Иоанидис, Маркос и други и како можеше да очекува поддршка за таквата оптимална програма за самоопределување на Македонците?

в) Зошто тоа го прави сега кога тие истите членови на НОФ, како учесници во редовите на ЕАМ и ЕЛАС не им даваа да добијат никаков политички субјект во годините на антифашистичката борба и зарем имаа заборавено дека беа прогонети кога побараа национални права и беа наклеветени и анатемисани како: автономисти, сецонисти, комитации и славофони?

Но да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ кога на 2 април 1946 година на средбата Тито-

Захаријадис се договорија во Белград без присуство на Македонците решија:

1.1 Македонското народноослободително движење од егејскиот дел на Македонија предводено од НОФ, а раководено од КПЈ-КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи: НОФ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување.

Тоа е вистина, и можеби е дел од стратегијата на туѓинците кои посакаа преку манипулацијата на НОФ, да си ја остварат целта, бидејќи од таквото делување на НОФ, грчката држава имаше преземено законски мерки со невиден терор и прогон и таквите воени зафати наликуваа на физичко истребување, а народот беше принуден да го напушта родното огниште и да бега во Југославија или владините сили за безбедност ги испраќаше по островите.

1.2 Договорено е: слободна регрутација на сите пребегнати луѓе за испраќање како борци на ДАГ од целокупната политичка емиграција во Југославија. Од лугие кои што еднаш успеале да сеспасат од теророт,но тоа сега се мобилизираат од разни Ворјасовци да ги враќаат во пеколот. Значи; со Македонците се случуваше нешто необично и од грчката држава и од самите нас, па човек ќе запраша: Што е со нас Македонците?

2. За нас Македонците, коренито беа изменети условите по договорите меѓу Тито и Захаријадис, односно КПЈ и КПГ и импликациите од робувањето кон еден или кон друг беа катастрофални. Но сега по сето ова НОФ за чудо станува по гласен во паролите за тоталните мобилзации над Македонците. Ги повикува и ја прогласува КПГ како единствен спасител и добронамерник за разрешување на македонското прашање на Македонците под Грција, а такви беа и прапораките од КПМ/КПЈ (Види: Директивите и препораките на Лазар Колишевски во книгата на Кирјазовски 1995/29)

На 27 септември 1947 година, Г. Штаб на партизанските единици на Маркос (бидејки уште не беше прогласена

Демократска влада, а тоа е незаконито и недозволено) издава наредба од 17 до 35 години да се изврши моболизација. Но и по оваа мобилизација бидејќи таа се спроведе само во македонските села одвај ја достигна бројката на учесниците во ДАГ од 15 до 17.000 борци. Само за споредба:пролетта во 1946 година кога почна Граѓанската војна, владата на Грција располагаше со следните оружени сили:

27.000 милиционери од кои 14.000 имаше во Ворија Елада (Е. Македонија);

Парадржавни организации околу 5.000;

Национални воени единци 17.000 (оклу 40 батаљони); Редовна војска од 75.000 војници (7 армии и 2 слободни бригади), (Види: "ДАГ- стратешките прашања и тактиката на раководењето", од Г. Малтезос - Џумеркиотис) стр. 60. Тој понатаму пишува: "…Познато е дека во 1947 година ДАГ, не само што го немаше решено прашањето за воените резерви, туку го немаше решено и прашањето на вооружувањето со обичните бојни пушкомитралези и други бојни средства, но и муниција и тоа останува необјаснето, зошто од една страна Захаријадис му даваше на Маркос наредба да го зголеми бројот на силите во единиците на ДАГ до 60.000, а Иоанидис на Маркос му даваше (обезбедуваше) вооружување само за 4.500 иљади борци, а пак тој Маркос се до крајот на 1947 година враќаше иљадници симпатизери војници кои сакаа доброволно да стапат во редовите на ДАГ" стр. 354. Се поставува прашањето: Зошто тој генерал Маркос само во Македонија вршеше незаконски мобилизации, од старо до младо и направи пустош од Македонците?

Треба да се напомене дека, само во Македонија во т.н слободна територија се правеа масовни мобилизации кога уште не беше формирана демократската влада (23 декември 1947 година се формирана ДВ.)

На 23 ноеври 1948 година Г. Штаб во реонот на Вичо издаде наредба да се изврши "мобилизација на сите мажи и жени кои не беа мобилизирани поради болест". Со таа наредба практично

беа мобилизирани сите Македонци од Костурско и Леринско. Со оваа мобилизација беше опфатен и целокупниот професионален кадар на НОФ и со тоа родните огништа на Македонците останаа пусти. По оваа ТОТАЛНА мобилизација во ДАГ населението македонско, учествуваше во ефективите на ДАГ со повеќе од 50%, а грчкото население во Грција, Грците учествуваа само со 4%, тоа се основните вкупните ефективи на ДАГ, според грчките официјални податоци биле од 25-30.000 војници. По еден таков зафат на ДАГ со мобилизациите, сите македонски семејства беа растурени и се најдоа во разните единици на ДАГ, па дури и во длабината на Грција. Сите тие ново мобилизирани луѓе беа неспособни за војување, бидејки не само што немаа знаење за воено сложни операции а се бореа против една добро опремена и обучена војска, пред нивното современо оружје, сите подоцна во битките беа испокасапени, бидејќи сите тие беа подложени на неподносливи услови, но најмногу е тоа дека тие немаа минимални знаења и во ракувањето со оружјето. Како што се гледа и во книгата на Гкасис за местото на погинувањето, најголемиот дел од овие херојски борци погинаа во следните најстрашни битки, во кои непријателот беше со своите сили за 10 пати повеќе и понаоружан Ете например да наброеме неколку битки од тие во кои сенаведуваат погинатите:

1. Битката на Северен Пинд, (26 јуни-22 јули 1947);
2. Битката за освојување на градот Коница, (24.12.1947-4.01.1948);
3. Битката во Кајлари, (18 октомври 1948);
4. Битката на Буковиќ, (10-14 ноември 1948);
5. Битката за пречекот на Херојската фаланга на невооружени од Румели, на планината Пиерија, (16 март 1948);
6. Битките на аграфа С.хи планината Нијала, (8-22 април 1947);
7. Битката на проф. Илија, Фурка, Табури - Греко, (31.7.1948);
8. Битката на Гољо - Каменик, (21 јуни 1948);
9. Битката на Клевти, (28 јуни-1 август 1948);
10. Битката на Таљаро - Ликокремасма и источниот дел на Смолика, (31 јули 1948);
11. Битката на Алевица, (14 јуни 1948);
12. Битките за освојување на градовите: Воден, Соботско и Негуш, (22 декември 1948 - 14 јануари 1949);

13. Битката за освојување на Лерин, (12 февруари 1949);
14. Битките на Кајмакчалан, (4 јуни 1949);
15. Големите битки за повторно освојување на Грамос, (1-2 април 1949);
16. Битките на височините, Вулгара, Котелско - Грамос, (4 април 1949)
17. Битките на Патомата - Грамос, (2 јуни 1949);
18. Битките за задржување на Вичо. Тие битки беа најжестоки на Лисец и Јамата, (10-14 август 1949);
19. Најдраматичната битка на Кулата - Преспа, меѓу двете езера, (14 август 1949);
20. Битките на Црно - Грамос, (24 август 1949);
21. Последните битки на Грамос, 24-29 август 1949);
22. Битките на Ќафа (кота 23220), Грамос, (30 август 1949 година, пред само неполни 10 часа пред ликвидацијата на ДАГ).

На овој ден историјата ќе забележи уште една кобна вест: Херојски загина командантот на батаљонот 426 во составот на 118 бригада Пецо Ромев, роден во1919 година во селото Горничево, Леринско.

Но таа катастрофална војна се поставуваше едно сериозно прашање од стотици борби, членови на КПГ и многу демократски сили што ја имаа осудено КПГ за одлуката: дека не требаше да се дадат последните битки во август 1949 година, што редизвикаа пораз на двете фронтовски линии на Вичо и Грамос, за префрлувањето на силите по игубената битка на Вичо во Грамос со специјална наредба на КПГ и ДАГ кои се најдоа по поразот во Албанија, беше оценето тоа прашање дека не треба да се бара; ни во стратешката ни тактктичната мудрост на овие раководстава, тоа нешто не објаснето: Зошто се туркаа борците на ДАГ во пеколот? Што се сакаше со тоа? Можеби се имаше сознање од високиот врв на ДАГ и КПГ, дека ќе се задржи фронтовската линија на Грамос по командата на генерал Гусиас? Или се имаше убедување во издигнатите пароли на вториот човек на ДАГ Василис Барѕиотас: Грамос не е што и Вичо, Грамос ќе стане гробница на манархофашизмот! Да живее КПГ и ДАГ!”

По катастофалните загуби на Вичо и на Грамос со години висеше паролата: “Ние сме војници на Грција и во секој момент не чека да ја ослободиме од монархофашистите!” и најпосле си останавме ние Македонците со најпознатата парола: “То опло парапода!” Таа парола траеше се додека Грците по род не се вратат во Грција, ние преку нашата историја бевме советувани: “да не ја сечиме гранката…” Значи, Македончето да си молчи и навистина половина век си молчи за тоа што од секое село имало толку жртви!?

Значи за нас Македонците е најтрагичниот настан на македонскиот народ и таа е во корелација со моделот на Владиката Каравангелис, бидејќи сите нас од Македонија под Грција (посебно Костурчани) не направи луѓе без корен и кај сите е всадено чувството на оттуѓеност. Таа војна беше нов тест за нас Македонците и таа имаше две димензии (барем сега тоа го потврдија ишодот и фактите). Таа се водеше и за размена (преуредување на населението и затоа беше лоцирана баш тука воКостурско), а целта на власта воГрција беше сосема јасна: Што повеќе Македонци да се протераат.

Грчката држава добро ги искористи:

1. Формирањето на НОФ, на 23 април 1945 година и

2. Решението на вториот Пленум на ЦК на КПГ на 31 март 1946 година и стратешки умешно го стегне обрачот, пеколот да се одвива во Костурскиот дел и да се истоштат сите национални резерви на македонскиот народ. Прашање е дали со нас Македонците ќе можеше ова да се случи, ако овие два настана не беа потикнати од корист на туѓите цели. Но ако ова не се случеше денес ќе имавме едно компактно македонско население, составено од неколку стотици иљади и ќе имавме компактна македонска територија.

Ете низ овие горе изнесени факти е целата вистина и може да се одговори на прашањето: Зарем било можно само од едно село да загинат толку луѓе…?!

Тоа ни го направија сите тие на кои неизмерно им верувавме… И жртвите што ги набројува г. Гкасис се токму тие наши браќа, татковци, мајки, сестри, селани, роднини, соборци и земјаци и се поставува прашањето:

Какво зло сме направиле ние прогонетите, да не можеме и да немаме право цели педесет години да им запалиме СВЕЌА!?

Но, за Костурчани не се само овие жртви што ги признаваат комунистите, кој ќе ги признае жртвите што ги направија ЕЛАСИТИТЕ и други разни вооружени воени групи кои беа крвно против Македонците што во одреден период се најдоа во позиција да си го одбранат човековото достојнство а такви исто така ги има многу, а тие беа исто Костурчани и синови на македонскиот народ.

8. Книга: БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА ВО ЈУГОЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА (1941-1944), од Ташко Мамуровски.

Но, сакам да подвлечам дека е едиција на Институтот за национална историја, Скопје, 1989 година и какви импликации имаше и ќе има во македонската свест, кога тоа сега сами ние Македонците го правиме и тоа баш по моделот на Владиката Каравангелис и други автори кој тоа ни го посакуваат да не направат Бугари или идеолошки војници, но не и Македонци.

По исчитувањето на овој материјал кој е набројан од сеќавања и голем дел од книгата која е исклучиво напишана за судењето на Костурчани.

Се поставува прашањето: Зарем за вистината има потреба некој да не уверува, да ни објаснува, дека тие делби и меѓупресметки биле желби на Македонците? Дека тоа го вршеле од некакви интереси? Не, тоа се приказни кои и денес се наогаат по некои заведени и несовесни наши современици, со цел да си ја сочуваат синекурата. Но, веќе таквите приказни и сфаќања денес не поминуваат пред современата македонска интелигенција.

Во третата глава на оваа книга се вели: “Дејноста на бугарската агентура во костурско, односно активноста на бугарските емисари за формирање на вооружени чети во костурско. На 5 март 1943 година во Костур се оформила првата чета и броела оклу 80 контрачетници и на чело бил Живко Шеќеров”. стр.43.

Овој “научник” ингерира, се сплеткува во нешто што нема основно познавање и посакува да симулира идеолошка надградба и ги опфаќа облиците на општествената свест. Од таквата догма и апсурд не е само грев спрема овие луѓе, туку и национално зло. Од стотици што ги има, ќе го наведам примерот со Д-р Христо Ивановски, човек со висока доблест, научник, професор и награден со високо републичко признание, а неговиот татко Васил Јанакиевски - Мусолини, е набројан како бугарски агент, односно спрема југословенскиот модел на пишување “Историја за Егејците”, како: четник, контрачетник (општа терминолшка збрка) и оцрнет за доживотно. Човек ќе се запраша: така ли треба и со таква плиткост да ја градиме македонската историја и до кога така ќе се постапува со македонскиот човек?

Комити (борци за ослободување од турското ропство) ги нарекува Четници (За време на народноослободителната борба - припадници дразицевог или недицевог пократа)

И ете каква врска има со нас Македонците, таквото стигматизирање од овој “научник”, кој фрла клевети, оцрнува еден народ, за кои дури и чесните Грци имаа поинакво мислење за Македонците (види списоците за погинатите во ДАГ што ги нуди г. ГКАСИС, тоа е чин од големата почит кон своите соборци), но ги нема никаде списоците од масовните гробници на Комитите, кои на многу од оние што ги наведува Гкасис им се татковци или браќа на Комитите) на луѓето што се имаа наоружано за тој период на време, бидејќи не гледаа на друг начин да се одбранат од разни тн црни банди. Но најтешко е за живите изгонети семејства Македонци - Костурчани кои имаа дадено жртви и на двете страни и за нив во полавеков баше најстрашно ако се спомнат жртвите Комити, од тука се поставува прашањето: што народ сме ние Македонците и кога нашата Историја ќе се ослободи од такви скрибомани кои

внесуваат лош дух во нацијата? Во тој период на време се имаа наоружано повеќе од 4.700 комити за одбрана на македонската чест. Таквото наоружување не беше случајно и инцидентно, тоа се случи по извршените незапаметени насилства и затоа не случајно се најдоа скоро сите костурски села во одбрана на македонското достоинство како синови и внуци на Илинденците а не на дражевичевците и недевичевците.

Еве на пример кои села беа наоружани и ставени во заштита на населението. Тоа беа селата: Тиквени, Изглибе, Мањак, Косинец, Лобаница, В'мбел, Брезница, Горенци, Старичани, Добролишта, Четирок, Горно и Долно Дреновени, Поздивишта, Черновишта, Кономлади, Горно и долно Статица, Апоскеп, Сетома, Тиолишта, Блаце, Черешница, Прекопана, Олишта, Загоричани, Мокрени, Бобишта, Куманичево, Горенци, Бомбоки, Личишта, Кондораби, Галишта, Здрелца, Жеегоже, Старичани, Рупишта и др. а централните Штабови беа лоцирани во Костур, Рупишта и Корештата и сите тие тогаш преставуваа како политички македонски субјект на тие сите костурски села и неслучајно беа ликвидирани уште пред преговорите со владата во бегство и со предавање на власта на десницата, оти тие несакаа да имаат работа со таков македонски политички субјект.

Мамуровски, авторот по нарачка на оваа книга денунцира, ги обвинува тие луѓе и ги клевети пред македонската јавност преку инфорамциите на трачот (спрема сеќавањата) што му беа давани да ја напише оваа кобна клевета за еден цел народ и да всади туѓа свест. Впрочем, за овој автор и за неговото ератантно (конфузно) разбирање и пишување на историографијата за Македонците под Грција, види критичкиот осврт од историчарот Д-р Кирјазовски во Гласник: год. 39, бр.1 -2/ стр. 157, од 1997. Тоа не можат да го сватат само оние на кои им недостига научно и логичко разбирање на причините и последиците. Тоа наше минато, науката треба темелно да го проучи и со тие нови сознанија да ги отстраниме штетните последици од минатото и делбите на Комунисти и Комитации.

Во кратки црти, ова што го изнесов, целта мие да им посочам да повелат и ИНИ и овој пишувач, ако стојат на здрави

македонски позиции, нека повелат да му одговорат на аторот од следната книга под број 10, од бугарскиот автор Ѓорѓи Даскалов дали навистина во Костурско имаше Бугари и во Граѓанската војна дека Македонците се бореа со бугарска свест?

Но пред тоа сакам да ги изложам моите критички погледи за:

Книгата 9 од Коле Рошев: “Македонските војводи низ собитијата на народните песни во Воденско, Мегленско, Леринско и Косурско, издадавач: Аз БУКИ ВЕДИ, Скопје, 1997.

Оваа книга самоиздат, но ќе видиме дека не му припаѓа на ничија туѓа пропаганда, туку зборува за културното откритие на националниот идентитет на Македонците под Грција и можеби со тоа ќе се осознаеме, дека не треба да не му годиме на туѓите пропаганди, бидејќи и ние Македонците имаме зад нас едно големо културно наследство од нашите славни претци:

Духовно и животно распнатво своето време, авторот на овој труд со голема љубов и умеење го обликува и му даде исконска поврзаност со вековната борба на македонскиот народ и за таа цел; против ропството и жилавоста за неодродување од прадедовите огништа, тој со неизмерна љубов собрал огромен број песни кои во себе ја содржат магичноста, правните - животни услови, ритуално - игровните обреди и свечености, песни кои од уста на уста се усовршуваа, за денес преку овој труд да ги видиме тие високи естетски вредности.

Трудот на Коле Рошев, несомнено претставува едно новооткриено национално богатсво. Тој со својот аналитички и мобилен дух, ставен во одбрана и докажување на слободарската мисла, на правата за опстанок на нашиот човек, со својата човечка филозофија како хроничар на своето време, сиотво акција и како сведок кој учествуваше со несреќите на сопствениот народ на еден најсублимиран начин, како извонреден истражувач и собирач, ни приоопшти изворни и непобитни докази за нашата култура и за нашето вековно

опстојување во солунско, воденско, леринско, костурско и низ целиот простор на Македонија под Грција.

Овие величални (импозантни) песни низ кои блика лирика и револуционерност, добро се објаснува и взаемната врска со вековната борба и поетската содржина што е во функција на херојската борба за јунаците на македонскиот народ. Текстовите се групирани по реони, што несомнено се потврдува и вистинитоста за изворноста на песната и битот и дава можност за подлабока анализа во сите сфери на животот за долгогодишно жилаво опстојување. Низ овие песни предано е целеото богатство на човековите чувства: жалоста и радоста, мечтаењето за среќа и слобода, силната воља и протестот против угнетувачите. Песните од Македонија под Грција се одликуваат не само со својата богата содржина,но и со високата уметничка и естетска вредност. Во нив се чувствува македонската праведна, топла душа, ѕунеше и уште ѕуни и диши а таа магичност, таа љубов го фаќа човека за срце, право за неговите македонски струни…

Посебно на историските песни, овој автор му посветил навистина едно фундаментално иследување. Таквото, комплексно изучување на историската песна, во која е сврзан текстот и напевот, произлегува од мудроста на народот и така постана дел од фолклорот на тоа наше поднебје. Исто така, тоа не ја исклучува можноста за изучување на песната како појава на уметничкиот збор, особено нејзината композиција и богатството на поетскиот лик. Кога се читаат овие песни, небаре на човека му навираат спомените на ехото што ечеше низ нашите роднокрајски планини и полиња, оти со песна се жнееше,се косеше, се кастреше шума, се сечеа големи дрва, се палеа огништа, се пасеа стада овци, се грлеше, се ораше, се свиреше, плевеше, се стишеа живеалишта, се пеленеше, се китеа комити и се испраќаа во борба и со песна се закопуваќе македонскиот човек и затоа овој труд на Коле Рошев претставува едно општествено културно откритие за нашиот национален идентитет на Македонците под Грција и носи национална стојност. Авторот, работејќи со љубов кон овој грандиозен зафат,кој претсставува дел од културното богатство, ни подари дело со висока автентичност и ќе претставува доказ

за нашата историја, за нашето постоење на тие простори и ги елиминира сите шпекулуации на туѓите пропаганди за нашиот национален идентитет и македонската свест, што упорно ја негираат нашите поробувачи. Тој, грижливо и одбирливо направил селекција на основните карактеристични показатели од многуобемната светска пупбликација и разна друга литература, посочувајќи ни ги авторите (Слависти, Етнографи, Историчари, Фолклористи, патеписци,видни личности од политиката и религијата и разни други трудови) за да ни ја соопшти автентичноста и зародишот на македонските села и градови со најрелевантните и проверени (компарирани) податоци: од географијата, топологијата, етнографијата, историјата, религијата, легендите, фолклорот, јазичните дијалекти и со сето тоа од аспект на нашето вековно национално битие на просторите: Магленска околија: Воден и воденско: Лерин и леринско: Костур и костурско, тоа го стори по области поради обемноста на презентирениот материјал, но прикажувајќи ги конкретно интерпретираните песни и интрепретаторите, нивниот повод и локацијата на запишаната песна, со најизворниот јазик и фолклорни белези.

Овие збирки: "Војводите во народните песни" за: Мегленска околија: Боден и воденско: Лерин и леринско: Костур и костурско, се исклучителни и по тоа што авторот, преку своите истражувања, изврши анализа на најситните детали од битот, традицијата на усменото пренесување на културните текови и морални навики, на животот, кои се токму таков белег што ја потврдуваат нашата самобитност на овие простори како староседелци со автентична култура и традиција и како доказ дека и под силните туѓи окупатори не сме прифатиле нивни елементи.

Моделот на постапката и целта на синтезата (соединувања на повеќе разни елементи во една целина) речиси е иста за сите села и градови што се предмет на овој труд и како најкарактеристично, тоа го направил за своето село Саракиново, и тоа:

- Опишана е географската околина, со дел од биолошката географија: со опис и значај на растителниот свет, природните

извори и климатските услови. Но, дури има и елементи од политичката географија во која ни ги прикажува општествените и државните односи во вековниот развој на Мегленската околија.

- Историските елементи доминираат во описите, со сите духовни и културни творења (моралност, религија) и животот што памти како сведок на времето, т е, како светлост на вистината.

- Етничката култура е опишана со неверојатна проникливост кон легитимирање на поединецот и групата, до степен на таков реализам, што го наложуваше животот: првичност, вистинитос, чесност и взаемно почитување (како завет спрема потомството, почитување и за чувување на сите стари обичаи).

Авторот ни презентира такви детаљи од општествените навики, норми, закони, системи на комуникација и симболи, знаења,верувања и сфаќања: како тоа на човека да му било одредено со доаѓањето на свет, а тоа имало и одредено суштинско занчење и како крајна цел - опстанок пред суровите поробувачи.

- Раѓањето на песната, се појавувала од гневот спрема, бруталноста, самоодбраната, одважноста, херојството, со еден збор, така се раѓал крикот на нашиот човек во долините на Мегленско и на секаде.

Од овие песни, може да се види, колку немоќни се покажаа туѓите пропаганди пред овој жилав народ и дека не можеа да проникнат во свеста на Македонецот, па дури и ден - денес кога историјата си го продолжи својот тек, па затоа овој труд ќе не врати во размислувањето: дали треба да го премолчиме едно такво културно наследство што ни го оставија нашите предци? Значи, да се одмакедончиме, да се отутѓиме и да молчиме како во овој полавек под туѓите идеолошки пропаганди и со тоа постепено да си го изгубиме својот идентитет?! Секако, не!

Со овој многузначен труд од Коле Рошев кај секој откорнатик и родољубец ќе го почувствува гласот на нашите војводи кои гинеа пеејќи за Македонија.

Ете, преку оваа компарација за овие две книги (8 и 9) можеме да се увериме, како еден идеологизиран пишувач врши оутѓување на Македонците нарекувајќи ги Контрачетници и, во овој труд “Војводите во народните песни” како авторот достоинствено го брани своето македонско национално и културно наследство.

10. Книга: “БЕЛГАРИТЕ В ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (Мит или реалност)”, издавач “Македонски научен институт”- Софи. 1996. од ГЕОРГИ ДАСКАЛОВ.

Авторот, со каква цел ја напишал оваа книга е повеќе од јасно, бидејќи се гледа на што тој не упатува кога вели за нас Македонците: Тие од Атина се нарекувани “грко словени”, од Белград, Скопје и Москва “Македонци”, од Вашингтон “Славо-Македонци”, и денес се реален факт во демографската структура на Грција, но тој посакува да каже дека тие се нешто друго…? А тоа го највува во целиот тек на книгата, но посебен впечаток остава поглавјето: 7. Белгарското самосознание во бурѓ та на гражданската војна и во капана на мира. Тој зборува за бугарското самосознание во бурата на Граѓанската војна и зачудува со таквата научна смелост, бидејќи во аналите на историските настани низ таа војна такво бугарско сознание не е било регистрано, тој сето тоа го поткрепува со тоа дека Славјанскиот комитет во Софија, по ликвидацијата на ДАГ (Граѓанската војна) ги згрижи сите тие луѓе и бугарското самосознание го елаборира преку приложената целокупна кореспонденција од тие наши луѓе што имале со бугарските конзуларни служби за нивното доселување во Н.Р. Бугарија, бидејќи од КПГ и од ДАГ, беа оставени по светот. Што значи, тоа што требаше да го направиме ние:да си го прибериме народот во македонската држава, грижата на КПМ/КПЈ кои го натераа НОФ да ги мобилизира Македонците и му ги стави на располагање на КПГ за да ги распореди во единиците на ДАГ. Тие луѓе беа искористени и на крај ги оставија по светот, а сега борците на ДАГ, во С.Р.М, можеа да се вратат само по

одобрение од органите за безбедност, само оние Македонци кои не биле огрешени за време на идеоллошките разидувања по ИБ. Зарем, во сето тоа не е ли применет истиот модел на Каравангелис: да се доведе до уште еден (можеби и последен македонско - македонски судир за конечно разбивање на македонското јадро, од таа маса на луѓе да искористи кој колку може да направи: “Грци по род”, “Луѓе со бугарско самосознание” и идеолошки војници кои не се погрешиле спрема Југославија за време на ИБ. Значи се случи тоа што туѓинците одамна го посакуваа.

1. Еве што пишува Лоринг Денфорд,во својата книга: “Македонскиот Конфликт” 1996/90:

“…Троиниот натпревар меѓу Србија, Бугарија и Грција за таа, која земја ќе воспостави контрола врз Македонија почнува уште во 1890 година и сите три нови национални држави испраќаат нерегуларни групи герилски борци (Сега идеолошкиактивисти м.з.).

…Овие три земји водеа жестока пропаганда чија цел им беше да влее “право” чувство на национален идентитет кај христијанските селани во Македонија со цел да ги оправдаат своите права на територијата во која што живеат овие луѓе, само со една цел, сите тие луѓе покасно да го реинтегрираат националното да значи “Грк”, “Бугарин”или “Србин” во национална смисла.” Но сега по граѓанската војна од нас Македонците под Грција посакуваа многу работи, но најбитно им беше прво да не направат идеологизирани војници и како крајна цел да си ги доразрешат малцинските прашања по меѓу овие држави, со крајна цел Македонија и македонската нација да ја снема.

2. Во книгата на бугарски јазик: Фондациѓ “КАРНЕГИ”, Другите балкански војни - Софиа 1995 година, во Вовед: Кризите на балканите (1913-1993), од Џорџ Ф. КЕНАН, на страницата бр.8.

“Поражението на Турците завршва при положњние, при което веоржените сили на Серби, Белгари и Грци завземат територии

на беспомошната Македонци и трите држави има свои аспирации спрѓмо тези територии, които тогаш да се задоволи само со сметка на другите. Ете зашто не е никак изненадваќо, че през лани 1913 г. се стигна до војна между дотогашните сеџзници. Това е т.нар. Втора Балканска војна."

Се поставува прашањето: како можела Бугарија да се бори со сојузници за поделба на своја земја ако Македонија била бугарска земја?

3. Ако од секогаш била Македонија грчка или бугарска, Грција во анектираниот дел од Македонија изврши уште едно етничко чистење. Со таквото етничко чистење во 1927 година, помеѓу Грција и Бугарија со договорот (Молов - Кафандарис) и со договорот Грција Турција во 1923 година во Лозана, во тој дел на Македонија се населија повеќе од 600.000 лица од инородно население и со тоа овие земји меѓу себе си ги разрешија малцинските проблеми. Но да се вратиме на прашањето: Зарем е можно да се врши етничко чистење од сопствениот народ? Како можела да дозволи Бугарија (Владата на таа држава) да си го зема народот, а земјата да и ја остава на Грција? Човечанството до денес нема забележано таков феномен. Но секој добронамерен читател, ќе се запраша: Зошто по полавек пак се шпекулира со овоа прашање, и зарем можела бугарската држава така долго да си го заборави својот народ и својата земја и ниту еднаш да не проговори официјално пред меѓународните институции?

Но, едно од најсериозните прашања е следното: Зошто Словените така лесно дозволија (скоро еден век) да се врши изгонување на Македонците од својот исконски простор кои имаа многу заеднички одлики како блиски народи?

## 6.3 ЗА ЕДНО ТИПИЧНО АКТИВИСТИЧКО ДЕСТРУКТИВНО ПОЛЕМИЗИРАЊЕ

(Повод "Памфлет со опасни намери и цели", 29 мај 1994 година во "Нова Македонија", во врска со книгата "(Само) жртвување на Македонците под Грција".)

Текстот (прилог) е еден еклатантен пример што зборува за начинот на размислување од годините на трагичната Граѓанска војна (1945-1949). Па затоа и посакав да го вклучам во иста функција, како и другите критички огледи во оваа книга, од причина што тука мошне впечатливо се разјаснува злото на активизмот. За преку тоа да се разјасни и деструктивноста на полемизирањето за мојата книга, што стори овој активист (осоколен повеќе и од еден сталинист), со груб и невкусен, не само наслов, туку и со примитивен приод и јазик, својствен само на таквите како него, набројувајќи повеќе од триесетина прашања, кои не се предмет на мојата книга, со нечесни пропагандни мерила да ми импутира работи, не без присутност на злоба, насилништво и непознавање, што никому не му служат, туку со тоа само ги девалвираат и самите борци од ДАГ. А, гледано судбински, ми бил мој соборец. Токму така, за односниот активист ќе стане збор во прилогот (само за еден детаљ од неговата активност) а врз непобитни аргументи и факти, што самиот аподиктично ги потврдил уште во шеесетите години во ИНИ, фонд "Мемоари" бр.Ск.4-271, фонд што има за цел да претставува општествено добро за проучување на нашата историја. Од овие две негови искажувања ќе се види што брани: Револуцијата или измамата за нашето (само)жртвување? А со тоа ќе се разјасни и неговата анимозност, ако и зошто сега во неговиот сикофонтски напис доцира уште со неговата сознајна вредност, што ја имал како контаминиран активист со поданичка свест, а според тоа се уште живее со еден конфузен оптимизам, со еден регистар од партиски ставови, и сето тоа го вреднува меѓу революционерните придобивки во името на народот, без трошка чувство за вина и дрско одбивајќи секаква помисла за македонско национално помирување. Сега фрустриран поради: "Дадениот ум под наем" му пречело секој што поседува сопствена глава.

Моите истражувања, што ги изнесов во книгата, анализирајќи го злото на активизмот, кој се одвиваше во корист на туѓите идеолошки интереси, а тоа со сета жестокост се одрази врз нас Македонците под Грција, и ни го донесе геноцидното истребување, овој активист го наведуваат на оценката дека книгата има опасни намери и цели. Можеби. Ете и зошто!

ОТКРИТИЕ НА ПОЛУВИНАВЕКОВНИОТ МОЛК (КОЈ Е ВОРЈАС?)

Во последно време, односно на 29 мај 1994 година, се дозволи да се погази моралниот кодекс на рубриката "Писма", со отстапување простор на човек кој со својата вродена облепсија адјудицира и бламира со својствена вулгарна лексика, без елементарна пристојност, со неконтролирани; изливи, само со единствена цал: За да заработи некој полтронски поен (газење по самиот себе), во неговото писмо ме укорува и пред крај вели: "И уште нешто. Наместо г. Кочов да изрази благодарност за богатото историско дело, создадено со огромен труд од Д-р Ристо Кирјазовски, кој создаде услови за создавање за севкупното минато во споменатите движења во Егејска Македонија, г. Кочов како демон се нафрли врз него со цел да го прикаже како приклонет кон некого или режимот"

И според тоа што на многу аргументиран начин, јавноста имаше можност да прочита во списанието "ДЕЛО" за дејанијата на идеолошкиот активист Димитар Угриновски, во статијата: ОТВОРЕНО ПИСМО КАДЕ ОСТАНА "Нова Македонија" од 26 мај 1995 година од професорот Димитар Димитров, нека ми биде дозволено со неколку збора и јас да му се обратам на декларираниот активист Димитар Угриновски, кој сега изигрува чувар на напишаната историја за Егејците, од две причини: прво што темата на моето истражување е идеолошкиот активизам и самоволието во името од народот (а човечанството знае, дека сите револуции се кревани од името на народот, но ниту една не кренал народот) и како е можно во едно полувековно време здравиот разум да прифати таков историски фалшификат и да им го предава одново на идните поколенија како историска вистина и второ, што сум обвинет, баш од еден таков "теоретски" поткован активист на неприфатлив и дрзок, насилнички примитивен начин. Од неговото писмо, очевидна е умствената кадарштина на овој псевдо борец и комунист, дека некој друг (како и за време на војната) му го ангажирал органот за омраза;за да на бизарен и со крајно вулгарна тенденциозност, без основна елементарна култура на човечко општење или полемизирање.

Првото етичко прашање што се поставува: Како и зошто сега овој дезертер ја брани историјата на Граѓанската војна? А познато е дека во светот на народите - нациите, никој не дозволил историјата да ја пишуваат и бранат дезертери.

Едно време помислив да го дадам на суд поради клевета, но се предомислив. Ако тој навистина верува во она што го напишал во своите т.н "мемоари" (СК./4-271), а сигурно верувал во она штом го дал во архивот на ИНИ - Скопје, нему, навистина му е местото за пред Хашкиот суд.

Тоа е г. Димитар Угриновски – Мичо - Псевдогрижник, од порано познат со конспиративното име "ВОРЈАС" во написот: "Памфлет со опасни намери и цели" по повод мојата книга: "(Само) жртвување на Македонците под Грција", во која се зафаќам со прашањето - како и зошто бевме изманипулирани и жртвувани ние Македонците под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 година.

Редно е, да му се постави прашањето на господинот (Синдрофос) Ворјас: Кој сте, навистина вие, што можете секому да му кажете: Молчат и не расуждат!!! За сопствената судбина; за трагедијата на иљадниците Македонци, кои што минаа преку ваши раце во прегратките на смртта во герилата во Грција? Бидејќи вие самиот сте дезертер, па самиот не дочекавте да уживате во Захаријадисовиот завет (комунистичко ветување: за обединета и независна Македонија) токму два месеца пред ликвидацијата на Демократската армија на Грција.

Господине Димитар Угриновски - Ворјас (некогашниот грконосталгичар па сега Мичо); вие само едно прашање од мојата книга засегнувате, при што најверојатно се препознавте, велејќи: "Јас лично ќе го наведам следното: од мај 1947 година па до крајот на август истата година ја имав довербата на НОФ и на штабот на 24-та бригада на теренот Пајак - Кајмакчалан планина, а со знаење на овдешните власти, дојдов во Скопје и за четири месеци испратив стотина борци во редовите на партизанските единици на НОФ-ДАГ."

Господине Ворјас, многу несериозно е дури и сега да ширите дезинформации, бидејќи повеќе од јасно е дека НОФ немаше свои единици, туку беа само воените формации на ДАГ на чело со Маркос.

Но, дозволете, г-не Ворјас, да ја дознаеме неправената вистина за вашето дејание од вашата приложена “Афтобиографија - сеќавање од покретот ЕЛАС-ДАГ за периодот од (1942-1949) година”, што се наоѓа во одделението за документација на ИНИ (Институт за национална историја), фонд “Мемоари” заведена под број Ск./4-271 од 1960 година на 122 страници со писмо латиница.

Ете што пишувате на страница бр.73: “...Но уште на почетокот на мај месец дојдоа двајца другари грчки претставници од покретот во Скопје, по име Менелаос и Ираклис”. Види што пишува Вангел Ајановски - Оче во својата книга “Егејски Бури” стр.139.

“Од страна на раководството на КПГ и ДАГ, Грците не само што ги потценуваат македонските раководители и борци туку над нив се вршат и неправедни стрелања, како што е со примерот Киријакос, бившиот командант на Кајмакчаланскиот одред во 1947 година, кој без причина стрелаше преку 10 македонски борци. Убиените од страна на Ираклис Мелтијадис (Киријакос) се: Ташо Панајотов од гр. Воден; Ристо Зајков од Воден; Гели Утов од Воден; браќата Биризови од с. Теово; Тоши Лушев од Теово; Крум од Понадско; Бангиев од с. Тресино.”

Истото го потврдува и Д-р Ристо Кирјазовски во својата книга: “НОФ и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949” на страницата 279.

“Откако се поврзаа со мене, тие ми прочитаа една белешка, која беше испратена од штабот на Пајко - Кајмакчалан Планина, со задача да вршам мобилизација на борци во градот Скопје и Титов Велес. Јас ја прифатив директивата и позитивно одговорив. Веднаш,уште утредента, почнав со исполнување на оваа многузначајна задача и да спремам борци за испраќање,

односно префрлување за преку граница во покретот. Јас станував во Американ палата близу до кино “Култура”, а склад за собирање на оставени облеки и други работи од оние што ги префрлував преку граница, беше организирана на улица ЈНА бр.14 наречен “Херојски стан”. Местото на поаѓањето на борците ни беше одредено во вториот дел од паркот до реката Вардар (зборно место). До зборното место борците не одеа групно, туку поединечно и веднаш штом ќе се соберат доаѓаа камиони затворени со циради ги префрлуваа и поаѓаа, додека снабдувањето со ишрана беше обезбедено во една крајна куќа во Маџари. Пренесувањето се вршеше и дење и ноќе. А кога беше во прашање за поголема група, како на пример една група во состав на околу 80 борци, кога се вратиа од акцијата на пругата “Брчко - Бановиќи”, за да не би се компромитирала работата, целата група ја сместив во сегашниот Ветеринарен институт и оттаму беше испратена за Кајмакчалан. Мене ми беше напорно со оваа работа, но за таа цел ми помагаа и другарите Г. А; и А. Г, а како записничар ми беше Т.Ч; кој денес се наоѓа во Егејската зграда “Зелен Пазар” во Скопје. Од разбирливи причини, овие луѓе (неговите другари соучесници во таа акција), решив во мојата книга да не ги претставам со полно име и презиме како што се во оригиналот (Автобиографијата) на Угриновски, бидејќи и самата книга нема таква цел и функција за иселување на личности кои оствариле позитивен или негативен допринос во тоа време, туку да се види дека активизмот наметнат од туѓинците ни донесе национално зло.

“…За ова движење и работа имаше на знаење и Централниот комитет на СКМ и неколку другари, односно УДБ. Со оваа работа јас се занимавав се до почетокот на месец август и бев мобилизирал не помалку од 700 Егејци - борци и префрлив преку граница. Целата оваа работа се вршеше под строга конспирација. Но, и покрај тоа, јас лично бев доста компромитиран и многу другари борци, без да ги познавам, се јавуваа пред мене со желба да добијат врска и да бидат префрлени во покретот. Јас, се разбира, во почетокот воопшто не испраќав другари, се додека не дознаам за нив и за нивното минато, како и за моменталниот став спрема денешницата на ФНРЈ, па и покретот.

При префрлувањето, пред нивното заминување од Скопје,многу од борците имаа оставено и доста сума пари. Со тие пари јас им помогнував на оние, чии што семејства испратиле свои синови во покретот. Таа помош се состоеше во купување на платно за облека, обувки и друго”. (Подвлекол С.К.).

Кога посакав да дознам кој е г. Димитар Угриновски - Мичо и како со својствената инвектива ми импунира работи, кои не се предмет на мојата книга, и кога ја прочитав неговата “Автобиографија”, односно погорниот текст, останав вџашен и се запрашав: Кој друг народ би го дозволил ова, што го правел тој?! Навистина, не сакам да коментирам, ниту сакам да се занимавам со откривање на луѓе со такви дела. Мојата книга е јасна, и се зане кому му го упатувам големиот спектар од прашања; т.е на историчарите и на институциите, кои ценам дека се компетентни да дадат историско вреднување. Но, нека ми биде дозволено да му поставам неколку прашања на г. Димитар Угриновски - Мичо, односно Ворјас.

1. Дали мислите дека ова дело: мобилизацијата на Егејците бегалци и нивното праќање од суверена Југославија во суверена Грција за војување во Граѓанската војна, дека е тоа кривично дело против човечноста и меѓународното право?

2. Дали мислите дека ова дело спаѓа во кривичните дела против слободата и правата на граѓаните, повреда на рамноправноста на граѓаните, зошто вие велите: “...воопшто не испраќав другари се додека не дознам за нив и нивното минато, како и моменталниот став спрема денешницата на ФНРЈ, па и покретот”. Тука спаѓа и противзаконитото претресување, зошто велите: “...пред нивното заминување од Скопје многу од борците (тука грешите, бидејќи тие уште не беа борци, туку обични граѓани) имаа оставено и доста пари...” Па вие на тие семејства, што испратиле синови, сте им купувале басма (платно). Можете да објасните под сума какви пари биле:динари, злато, сребро, долари, марки, драхми итн? И зошто не сте им ги вратиле на нивните семејства, туку сте им купувале вие разни басми?

3. Велите дека "Целата оваа работа се вршеше под строга конспирација и за ова движење и работа имаше на знаење и централниот комитет на СКМ и неколку другари, односно УДБ". Можете да наведете кој ви беше шеф и соработници на УДБ, и кои другари беа задолжени со истата задача за другите градови? Или мислете дека е тајна?! Но, цивилизираниот свет тоа го направи.

4. Во вашето писмо од 29 мај 1994 година велите дека сте биле испратени од НОФ; додека во вашата "Афтобиографија" пишувате: "...Уште во почетокот на мај 1947 г. дојдоа двајца другари грчки претставници (значи туѓи прсти - С.К.) од покретот во Скопје по име Менелаос и Ираклис..." По нивните иструкции што сте правеле вие, погоре објаснивте.

5. Зошто сето тоа го вршевте толку тајно, зошто го криевте од сопствениот народ? Зошто тие луѓе не беа испраќани со гордост, ако се одеше во револуција и, како што се пропагираше, дека стануваше збор за продолжение на Илинден за ослободување на Егејска Македонија? Зошто самите вие дезертиравте, ако бевте толку многу за ослободувањето на Македонија, туку му ги предадовте нашите луѓе на чевларот, унапреден во генерал, Гусјас и на тутуноберачот генерал Маркос, и понатаму се знае нивната судбина? Јас лично познавам многу од нив, бидејќи тие дојдоа во единиците на ДАГ на Грамос. Имате ли барем сега макар и трошка сознание, дека таа војна за нас Македонците беше катастрофална?! Мене ми изгледа уште сте во заблуда; бидејќи и тврдите, а и високо мислите, дека Захарјадис ни даде право на отцепување, и дури да направиме обединета Македонија. Не знам, треба ли со вас воопшто да се разговара?!!!!!

6. И, на крај, да ве прашам:дали не чувствувате потреба да ги објавите списоците со имињата на луѓето, што ги испративте на гибел, барем да се споменуваат при Панихидите. Оти многу луѓе уште ништо на знаат за своите чеда, татковци, браќа и другари. Да ви кажам искрено, на Панихидата за 150 млади од "Трите чешми", што се одржа во Штип ме трогна, кога камерата ја прикажа една старица со избледени насолзени очи. Таа ми заличи на еден мој храбар соборец, кој беше покосен од рафал

во месноста “Клефтис” на Епир. Господине Угриновски, очигледно е дека уште сте обземени со кулминацијата на цинизмот. Дека: “Народот конечно ќе заборави! И ќе продолжи да игра во сопствената драма!” Впрочем, евидентна е и вашата фрустрирана намера: со инсинуации, посакавте, и со импровизирани умозаклученија да одбегнувате да ги вреднувате проблемите, што се покренуваат пред нашата историографија и сите државни институции, а кои се од витален интерес за нацијата, по полувековниот молк, и ги поведовте нив на тотална маргинализација, со невиден сарказам и со неморална иронија.Следејќи ве низ вашето писание, така осоколен со некаква Сталинистичка Коминтерност, уште со тоа пропагандно мерило, мојот критички осврт кон слабостите (дури промашени работи во интерес на дневната политика) го толкувате како политички акт врз историјата и, за да се одбрани сето тоа, манипулирате со емоционалната тензија кај обичниот страдалник, со уфрлање на прашања и на такви личности, на кои јас им оддадов признание на првата страница од мојата книга, и тука завршуваат вашите амбиции. Па, откога ја прочитав вашата “Автобиографија” во ИНИ, познавајќи го крикот на тоа време, решив дека е бесцелно да го разглобувам вашето дејание, туку, откривајќи го проблемот со незаконската мобилизација, го нареков: Откритие на полувековниот молк. И затоа г. Угриновски со славното име Ворijас, останете да уживате во славата на антифашистички херој и маченик. Но, судбината сепак си поигра со вас (ве натераа), како бумеранг отворајќи го ова болно прашање за Македонецот. И ви се вратија “најтемните” сегменти во моментот кога тоа најмногу не ви требаше. Значи времето не простува, тоа е жестоко, ужасно. Сурово е проклетството, со кое ги проколнува народот тие што посегнаа по засечувањето на македонскиот корен. За насилно оsемените деца, како што велите и таму бевте главен актер - не сакам да зборувам. Тоа е објаснето во мојата книга: колку беше сурово во очите на мајките и на децата; и кога на 20 деца сте им одредувале по една мајка. А другите сте ги испраќале на фронт и повеќето не се вратија. Тие тогаш мали деца уште трагаат по ликот на нивната мајка. И како резултат им подаривте да носат храм од патила, и немоќ да се вратат во татковите огништа.

Господине Угриновски, велите дека длабоко сте биле навредени од мојата книга и ја нарекувате ненаучен памфлет (во кој можеби се препознавате?) и дека сум се освестил по 45 години да ги покренам овие неправилности, па затоа ја оценивте за невалидна. Тоа е ваш проблем. Но, не ви доликува на годините да поганите; па дури да ги клеветите и да им сугерирате и со познати трудови од висок ранг. А, иронијата да биде поголема, тоа го правите токму вие!? Ете зошто нема никогаш да прифатам во иднина полемика со такви Ворјасовци. Ова, што го сторив сега г. Угриновски, мислете оценив дека требаше да се објасни целото ова прашање со вашите непобитни аргументи и затоа вашето писмо треба да се сфати како врисок на нечиста совест г. Угриновски, жалам, но на тоа е крај, за еден СИКОФАНТ!

П.с. Да се надеваме, ние сите што ги изгубивме најблиските, дека еден ден ќе ги достигне раката на македонската правда, до сите овие Псевдогрижници - Ворјасовци.

## 6.4. БИБЛИОГРАФСКА БЕЛЕШКА ЗА ПРИЛОЗИТЕ ВО КНИГАТА

По магистралата на злото: Вија Костур - Иркутскаја област, објавен во македонско сонце, 7.10.1994 година;

Повик за човекување, објавен во македонско дело, 28.1.1994 година;

Конзистентна аргументација на нашето битие, об јавен во македонско дело, 4.2.1994 година;

Со златно цвеќе до тајните сили на духот, објавен во македонско сонце, 14.7.1995 година.

Молитва: да ни се врати божјото потекло, об јавен во македонско сонце, 25.11.1994 година;

Одблесок низ обрачот на нашево доба: ИТИС ТИМЕ ФОР ЧАНГЕ!, објавен Македонско сонце 9.12.1994 година;

Зрело и смело забраздување низ збигорениот забо рав на злата коб, објавена во списанието “Современост” октомври - ноември бр. 7-8, 1993 година;

Осаменички вик низ ветриштата на глуво раздобје, објавен во Македонско сонце, 23.9.1994 година;

Најчистиот спомен на едно детство во едно утро на големиот рид, објавен во Нова Македонија “ЛИК” 18.7.1993 година;

“Црвениот коњ” до работ на успехот, објавен во Нова Македонија, 13.6.1981 година;

За некои карактеристики на македонските свадби во леринските горски села, објавен во иселеничкиот календар 1978 година;

Геноцид над македонците под Грција (1945-1949) во Граѓанската војна:

1. Време на растајнување, објавено во македонско дело, 17 март 1995 година;

2. Сјајот и бедата на “возвишените” цел, објавено во македонско дело, 24 март 1995 година;

Трајно сведоштво за (не) човештината на човекот, објавено во македонско сонце, 5.05.1995; Аус тралиум Мацедониан Њеeклѕ 17-24 мај 1995 година;

Со возвишена ода низ тајните глетки на судбината, објавена во македонско сонце, 7.07.1995 година;

Агонијата на верноста и отпадништвото, објавено во “Дело” 23.06.1995 година; “Македонско сонце” 23.06.1995 година;

Конечно, во храмот на македонската Историја, об јавено во “Македонско сонце” 25.08.1995 година.

Скенирање по изгубеното за човекување,објавено во “Дело” 13 .02.1997 година.

## 7.0 КРИТИЧКИ ОЦЕНИ
(Рецензии и лични видувања)

### ПРВА РЕЦЕНЗИЈА

За трудот под наслов “Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција 1945-1949 година” од Стојан Кочов.

Трудот под горе цитираниот наслов претставува синтеза на досега објавените со критички осврт написи во научните и јавни гласила за дел од македонската литература кон која што авторот има соодветен афинитет, но и критички осврт за историските настани за политичкото минато на македонците во Егејскиот дел на Македонија. Пасионираниот истражувач Стојан Кочов, кој во македонската историографија внесе нови ветришта во однос на историските проблеми во Егејскиот дел на Македонија, во овој труд, посебно во вториот дел ни се претставува како зрел историски аналитичар на настаните во кои што бил и непосреден свидетел. Но тоа не значи притоа глорифицирање на неговото учество и прикажување на настаните во позитивна конотација, туку јасно, конкретно, објективно и смело изнесување на фактите за кои досега се молчеше. А тоа се должи пред се на објективниот пристап на авторот, со силата на аргументите да го објасни прашањето зошто почнала Граѓанската војна во Егејскиот дел на Македонија кои беа нејзините носители, улогата на политичкото и воеhistoto раководство на Југославија и Македонија и, се разбира, на Грција, и на она најважното, кој тоа сакаше македонскиот народ од неговите вечни огништа да го протера, вршејќи над него класичен геноцид, поголем и од оној што го направиле Германците над Евреите. И што е важно, за т.н. Демократска јавност од целиот свет која ни збор не кажала ниту пак имала свои репортери и известувачи од самото место. Значи, тоа била една голема политичка игра, која катастрофално се одразила врз националниот, социјалниот и бројниот состав на Македонците, а која авторот Стојан Кочов успешно ја разоткрива.

Иако трудот е коципиран од критички осврти и пишани материјали презентирани на јавноста преку јавните гласила и посебни изданија, сепак тие не ја намалуваат вредноста на овој труд, туку напротив му даваат уште поголема тежина. Авторот поставува солидни основи за натамошни доистражувања на овие проблеми во македонската историографија и го отвора прашањето за конечно расветлување на многу историски проблеми кои денес се и тоа како актуелни посебно на релацијата на двете држави Македонија и Грција. Затоа оваа книга ќе биде извонреден прилог кој по ред прашања ќе даде и ред одговори толку потребни за овој сегашен момент, но и аргумент повеќе дека со војна не се решаваат било какви прашања, дотолку повеќе ако таа војна, како што беше Граѓанската војна во Егејскиот дел на Македонија, не беше доволно подготвена и згора на тоа со однапред познат резултат, се разбира на штета на Македонците. Токму од ова гледиште, оваа книга, иако не директно, туку индиректно, носи една порака, дека било какво натамошно делење на Македонците ќе има катастрофални последици.

Врз основа на горе изнесеното, имајќи ги предвид дека овој труд ќе има научна и општествена корист, со задоволство го предлагам за печатење.

Скопје, 19.04.1993 год. Со почит,
Д-р Ѓорѓи Малковски

Втора Рецензија на ракописот: Стојан Кочов: Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција

Рецензент: Д-р Симон Дракул

Прв основен авторски предговор, за овој вид книги од битно воведничарско и обединувачко значење, ракописов се состои од шеснаесет посебни текстови (рецензии, осврти, полемики, статии итн.), во нивниот претежен повеќе публикувани, најчесто во “Македонско сонце”. Според својот карактер, тоа се главно осврти и оценки на бележити изданија (плус еден филм) - обединети, на еден или друг начин и нормално со единственост на доблестите на својот интерес - т.е. големата

тема на македонската трагедија од пред 50 години од Егејскиот, Беломорскиот, јужниот или “Грчкиот” дел на етно-историската извесна македонска територија. Почнувајќи со оценките на книгите од Петре М. Андреевски “Небеска Тимјанова”: на Димитар Димитров: “Уметност на Човекување” и “Меѓу тоталитаризмот и демократијата”; Стојан Киселиновски “Статусот на македонскиот јазик (1913-1987)”; Иван Чаповски “Враќање на поетот во Меглен”; Никола Кљусев “Камен остров”; “Анѓели на прогонството” од Паскал Гилевски; “И каменот е земја” од Петар Наковски; “Катарни години” од Ката Мисиркова - Руменова; “Вик” и “За македонските човекови права” од Коле Мангов, заедно со опстојниот осврт на некои од прашањата, што ги покренува филмот “Црвениот коњ” на Столе Попов а врз сценариото на истоимениот роман на Ташко Георгиевски, се содржините на првиот дел. Вториот дел, меѓутоа, ги содржи фундаменталните текстови на оваа книга од кои е најзначаен обемниот текст од наслов: Историјата (сепак) треба да каже кој го активира “македонскиот синдром” за нашето самоуништување во годините (1945-1949) во Граѓанската војана во Грција. (Повод: Реакциите на книгата “(Само)жртвувањето на Македонците по Грција”), врз кој непосредно се надоврзува текстот “Време за растанување”. Меѓу завршните и веќе сосема јасно излачени акорди на оваа книга се поместени двата текста под еден повод, со наслови: “За еден тип на активистичко деструктивно полемизирање” и “Откритие на полковниковиот молк (Кој е господинот Ворија с?)”.

Вториот наслов на прв поглед сосема логично ќе се пристори потешкотијата на присобирање на една целина на вака распнатите на различни редови и области единици од содржината на предлаганиот ракопис. Но само на прв поглед; бидејќи суштината на неговото содржинско единство не само што ја надвишува хетерогеноста, туку имено од таквите повеќестрани содржини и се состои единствената вредност. И токму богатството на областите и на видовите и на деловите, од кои е составен ракописот, само и придава сила на единственоста на неговиот предизвик и на неговата порака. Разноликоста, престорена во квалитет, само од многу страни присобрана енергија за единственоста на настапот и на

императивот, всушност, што го носи во себе овој крајно актуелен, битен и бескомпромисен ракопис. Во него, како основна интонација, независно за каков вид наслов станува збор, се јавува полемичноста не со поединечни гледишта (иако ги има и нив) туку полемичност со единственоста на едни состојби, устоличувани цели 50 години во нашата историска наука, пред се, но не и само во неа, туку во сета општествена јавност, устоличувани како жестоко, лажно и индоктринирано, идеологизирано сознание за тоа - што лежеше во пројдовната, па и во предпројдовната основа за да се дојде и до беспримерната трагедија, која заврши со најжестокиот можен прогон на македонскиот народ од неговите предедовски огништа на најхеројскиот, највостаничкиот, најслободољубивиот и најпатриотскиот крај на Македонија низ сета нејзина историја - Костурскиот, Леринскиот, Воденскиот, Преспанскиот, Еницевардарскиот, Солунскиот, Серскиот - со еден збор македонскиот Егејски крај.

Се покренуваат прашањата, без чие што разрешување во македонските традиционални состојби, всушност историското искуство не ќе стаса само уште еднаш да се престори во историска поука. Во единствена можна цена на секоја жртва; бидејќи и нема поголемо обезвреднување на жртвата, од нејзината бесмисла.

Историјата на својот народ и се познава, всушност, преку најстрого критички процедените конечни сознанија и суштини. Во историјата аргументот вреди само толку, колку што обезбедува подлабоко проникнување во тајновитоста на најпротивречните сочетанија на безбројните компоненти, од кои е составен историскиот миг; значењето на најневидливите сочинители во оваа смисла само толку повеќе стануваат значајни, колку што ерезултатот по малку соодветен на декларираните и од пропагандната машинерија широко распространувани ветувања на предизвикувачки перспективи.

Значењата на прашањата, што всушност во оваа своја втора книга по овој предмет авторот само ги продлабочува и продолжува да ги лоцира, - крај сета нивна конкретност, во случајов - поттикнуваат спрема размислии за единственоста на

прашањето за севкупноста на македонската територија. Независно во границите на чија држава, кога станува збор за конкретниот историски и за хетерогеноста на неговиот историски резултат, еден или друг македонски кат припаѓаше. Поделеноста на македонската територија доведе и до поделеност на македонската народно ослободителна антифашистичка борба во Втората светска војна во зависност од државата, на која претходно и се припаѓаше: но, сега веќе и од партиската припадност на македонските кадри меѓу грчката, бугарската и југословенската комунистичка партија, членки на Коминтерната, при непостоењето ни на македонска комунистичка партија, ниту пак на каква и да било обединувачка нишка, по формалното распуштање на ВМРО (об).

Погледнато на овој начин, како што и несакајќи потикнува овој ракопис, се претпоставува во сета далекусежност евидентните иницијатививо македонските комунистички средини кон сосредочување макар и на најлабаво единство во четиристраната, всушност, македонска антифашистичка народноослободителна војна. Како што се прикажуваат во највистинска светлина и жестокостите на средствата, со која се наложуваше четиристраната лојалност кон единствено можната партиска припадност.

Состојбите ги усложнуваше докрај и зоната на краен ризик, во кој, по формалното завршување на војната се најде Егејскиот дел на Македонија; додека двојственоста и недефинираноста и на самата припадност, па и на силите и во самата неа, создава од Грција земја со предизвик и спрема судир довчерашните најголеми антифашистички сојузници. Сознанијата на авторот на овие редови зборуваат за сеуште длабока потиснатост и на многу фундаментални вистини за односното време и за односниот простор со определени значења.

Граѓанската војна во Грција, меѓутоа, како и појавата на ДАГ, што, продолжувајќи ја војната уште цели 4 години, од Егејскиот дел на Македонија создадоа поприште на герилска, на идеолошка, на фракционашка, но и на национална пресметка, со најжестоките последици имено на овој план.

Зад идеолошки пораз, всушност, се прикри и долго потоа продолжуваше да се прикрива еден класичен пример на - етничко чистење. Како беше можен еден таков трагичен и непоправлив разултат? - се прашува авторот. Него не би бил во состојба да го постигне ни со најригорозни средства - ниеден туѓинец. Тогаш, кој беше оној, што најпрвин го подлага македонскиот народ да се крене во националноослоботителна борба, на еден ваков крајно загрозен терен и во најексплозивниот можен миг? А како маѓијата на оваа парола го даде својот полн учинок; кога народот стана со сите свои сили - тогаш од раководењето со оваа борба беше исклучено секакво македонско учество. Со борбите раководеше “чевларот Гусјас” и “тутуноберачот Маркос”, сега унапредени во генерали стратегијата ја создаваа се грчки стратези; 50-те проценти од составот на воените сили на ДАГ, Македонците, според тоа, долго и упорно продолжуваа да гинат по пропиштата на Грамос, на Вичо, по целиот егејскомакедонски, па и појужен грчки простор; а специјални луѓе врбуваа партиотски настроени млади луѓе и од меѓу бегалците во ослободената НР Македонија; додека по македонските села таму се оѕемаа од нивните мајки и се испраќаа во неврат по светот... Како беше сето тоа можно? Но, и како беше можно цели 50 години потоа сето тоа да се објаснува со најцрните идеологизирани невистини, чии што корави носители од понекои страни и денес креваат глас? На прашањата, што е и логично при самата помисла на една ваква трагедија, им нема крај. Беше ли во прашање всушност имено стратегијата на етничко чистење во основата на целокупниот однос на ДАГ во Егејска Македонија; каква беше улогата на Југославија; каква на НР Македонија, на нејзината политика, на нејзината полиција, во сето тоа? Конечно, со какви последици се одрази Резолуцијата на Информбирото, во крајноста на учинокот на заговорената стратегија? Па и со прашањето - кои беа оние индоктринираните поединци од меѓу македонските комунистички кадри, мислејќи вршат херојски дела, и повладуваат всушност на нејзината сила појдена во истребувањето на нивниот народ од неговата татковина и дедовина?

И од сето кажано довде можно е да се сфати за ракопис од кој вид е во случајов збор. Неговите формални карактеристики се: јасноста, доживеаност, аргументираност, ангажираност, како и упатеноста во најпринципиелната можна насока на вистинољубивоста и највисоката можна објективност на историскиот суд. Се разбира, ништо од тоа не е можно, без усилби за излекување од коравата идеологизираност и индоктринација: без длабоко и добронамерно вистинољубиво и човекољубиво застругување и сплакнување на таквата наслојка, што не ќе може да мине ни без отпор, ни без бол. Бидејќи само со неа можело да се живее во заблудните самоуверености, дека се однесло во судбинскиот миг - херојски! Да, херојски! Но, за кого? И против кого? - Прашува авторот Рецензентот во случајов е исцело на страната на авторот на овој ракопис. Како што ќе биде секогаш на страната на авторите, што и со страст, но и со полно право - прашуваат.

Прашањето е овде, колку историско, толку и денес подвлечено актуелно; а такво ќе биде тоа уште долго, крај еден сосед, каков што е нашиот од југ.

Прашањето, меѓутоа, е во состојба да претставува и предизвик, па и императив, кон едно општомакедонско себеосознавањето и за глобалните состојби од времето, за кое станува овде збор, но исто така и за една цела и мошне едноставна, сложена и компликувана хроника на македонското суштествување оттогаш па до денес.

Бидејќи без таквите сознанија ќе биде само се потешко отстојувањето утре; но и отстојувањето воопшто на овој народ на неговиот балкански традиционален роден крај.

Конечно, станува збор за предизвик од императивен вид, што недвојбено сугерира и некакви начелни македонски себесочуствувачки принципи и договори, во кои би се наоѓале начелата барем на тоа што својот човек спрема својот народ може и смее; а што не може и несмее бидејќи севкупната наша досегашна историја на народните страдања и не зборува друго, освен дека се најчесто и се доживувало - од својот.

Како што и вистините се прикажувале; како и заслугите на заслужените им се ѕемале; како и што се повластувале оние, од кои народот ниеднаш не дочекувал за себе добро... Според мене токму во таквиот предизвик се крие највисоката вредност на овој ракопис, што го препорачувам за незабавно публикување.

Д-р Симон Дракул

Со лично видување

На трудот под наслов "Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, (1945-1949 година)" од Стојан Кочов.

М-р Јагнула Паскал Куновска

Револуција или измама! Тоа е дилема која авторот Стојан Кочов, прв се осмели да ја постави како писан збор, пред свеста и совеста на сите нас, кои, во долгиот педесет годишен историски личен молк, лицемерно се однесувавме самите кон себе, затворајќи ги очите пред сопствената судбина и амбис, над која сеуште сме надвиснати.

Назад - по историските траги на нашиот погибел, не враќа авторот, до фактите, кои недвосмислено не исправаат пред ПРОСТУМОТ на Македонскиот народ, во периодот на Македонците под Грција и на Граѓанската војна од 1945-1949 година, и ни помага, да смогнеме сили, сами пред себе да си признаеме дека единствено ние сме за сопствената трагедија, соспственото истребување од прededовските огништа, за неизвесноста (како директна последица од минатото) пред која и денес сме исправени со ѕеменото право да се спомнува дека Солун, Костур, Лерин, Воден... се наши и дека немаме право да се откажеме од нив, зошто, домовите, кои по туѓа волја и сила ги напуштивме "долу", се градени од нашите претци, врз наша земја.

Првично поставената дилема се отстранува пред непобитните историски и политички факти на овој неуморен трагач по вистината на сопствената трагедија - по се што има литерарен или било каков спој со Граѓанската војна во Егејскиот дел од

Македонија и сопственото страдање кое произлезе од неа, кога категорички го избира гледиштето да Граѓанската војна ДАГ (1945-1949 година), е саможртва на Македонскиот народ. Во тој смисла, авторот Стојан Кочов апелира за прекин на историско фалсификуваните факти и будење на сопствената смисла исчистена од идеолошките подредености, чија жртва станавме и ние Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Овој труд, кој значи елаборирање на написите од македонската литература за чија содржина авторот посебно се интересира бидејќи се однесуваат на историското минато на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, во првиот дел, преку критичките осврти, ја истакнува не само вредноста литерарна на делата со егејска тематика, туку посебно ја апострофира и сета своја љубов и тага како непосреден свидител на трагедијата на сопствениот народ и како зрел историски коментар на фактите - документите, кои неуморно ги истражувал и собирал, за да ги пласира пред јавноста. Тој со жал која извира од личната болка, ни ги расветлува сите документирани дејствија од нашето минато, спротивни на македонската стратегија, директно сврзани со процесот на самоуништувањето - самоистребувањето на македонската нација - народ, на геноцидот врз него и манипулациите со него до ден денешен, како и фактот дека последиците од Граѓанската војна се експлоатираат политички, кому како одговара, како во историографијата, така и во литературата која е напишана од тие мотиви.

Притоа, авторот посебно се осврнува и апелира да се фрли “революционерната гордост” на измамените, изманипулираните и жртвуваните Македонци, таа трагедија на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, бесрамно обработена во “Историјата за Егејска Македонија”, од луѓе кои сопствената трагедија се обидоа (а тоа им успеваше цели 50 години!) да ни ја сервираат како гордост. Вџашен од несфатливата заблуда, авторот извикнува: - О зар е можно тоа? - мислејќи и на политичката манипулација со страдалниците. Во таа смисла, вториот дел од трудот е сликовит приказ за историската ветрометина и тврдењето дека политиката може гордо да манипулира со човечката судбина. Па, следствено, се

обработува растот и падот на активизмот, кој како повик за борба - да се бара правдата со оган и меч, не однесе до сопствениот пекол, до злото кое се вика самоистребување.

Каде е националната стратегија? - се прашува авторот, повеќе поради нас читателите, плашејќи се космополитизмот се уште да не не шармира и покрај пустошот што ни го остави, не само во родниот крај, туку и во душите на сите нас скорнатите - откорнатите.

Авторот Стојан Кочов библиски не потсетува дека времето е објективен судија и дека мора да излезе на виделина премолченото, преправеното, сервираното, маскираното... зашто, универзалната максима е - да не се премолчува сопственото, во сопствената историја, во нашиот случај - трагедија.

Геноцидот кој што го доживеавме во име на македонската опција и националниот интерес, за авторот не постојат! Ние мислевме, вели тој, дека се бориме за наш национален интерес и опција но без стратегија, единствено се боревме и гиневме бранејќи ја Комунистичката идеологија, со туѓ аршин, како резултат на што, исто така туѓите, ни го активираа синдромот на македонското - сопствено самоуништување.

Кој го активира и зошто е активиран тој сопствен погибел на Македонскиот народ, авторот открива и отворено и јасно и гласно, го обелоденува пред сегашните и идните генерации. Тој, како поборник за вистината, отворено фактографира и прикажува дека сме биле жртви на туѓи идеолошки системи (со отворен страв да не се тие присутни и сега) и дека КПМ беше само мост меѓу КПЈ и КПГ за уништување на сопствениот народ. О, зар има поголемо проклетство?

Ако сме слепи и глуви цели 50 години, исти и денес кога не не познаваат, што им нудиме на идните генерации? - со право и со страв прашува авторот.

Како драстичен пример на својот основан страв, авторот ни го посочува фактот да Македонските борци во погибелната борба

не беа водени од својот - Македонски генерал - таков немаше. Тие беа доверени на Маркос, Маџирското куче, доселено од Мала Азија, колонист од македонската земја и од него се чекаше да го реши Македонското национално прашање, водејќи ги нашите македонски борци во планирана смрт. Тој лицемерен водач на нашата погибел, чекаше цели 50 години и пред да умре, 1992 година, ни ја кажа вистината во очи: “Смислата на мојата борба беше во тоа што ги протеравме Славо - Македонците од северните краеви на Грција. Ние ги убивавме Славјаните (Македонците) за да ја задржиме Македонија да остане Грчка”.

Ете, така тој Маџир, Грк по род, генерал Маркос, се припремаше и ни го реши националното прашање. А, ние, војска Македонска му дадовме, во смрт да ја води.

Зар треба друг доказ (а ги има многу во книгата на авторот) за да се потврди дека во целост се оствари целта на туѓинецот преку далекусежната проекција - да се сотре национален Македонски потенцијал и да се уништи едно трајно сведоштво за народ кој со векови живеел во своите прадедовски огништа.

Но, кај беа нашите Македонци, нашите водачи? Отворено прашува авторот, за да додаде дека нив тогаш никаде ги немаше како стратези, кои требаја и мораја навреме да ја насетат и избегнат трагедијата врз сопствениот народ. Тие место да мислат со своите глави и за сопствените народни - национални интереси, тие беа туѓи послушни слуги... глуви и неми. Дури по завршувањето на Граѓанската војна, услужени и истерани како другите, дефинитивно се прибраа во НРМ, да ја пишуваат “херојската историја на победниците...” прикривајќи го националното проклетство и геноцидот, толку очебиен за сите.

Сите тие наши силни водачи, во името на својата малоумност, не најдоа сила да го именуваат откорнувањето од татковата грутка кое почна заедно со Граѓанската војна и поради Граѓанската војан и кое трае до денес, исто толку и полувековниот молк и скриената вистина.

Никој од нив - констатира авторот Стојан Кочов - до денес, не се праша - до кога ќе молчиме за сопствената трагедија и како да се именува злото на Македонците под Грција, кое зло се уште трае, како продолжение, благодарение на нашето отсутво на самосвест и гордост.

Лесно е да се каже “горда сум што бев комуниста...” но, чесно е да се каже и покаже каде и како се грешеше и да се сноси одговорност поради сопствените грешки, како што е редно, бидејќи последиците ги осети и тоа без можност за корекција цела една нација, еден невин и саможртвуван народ.

Авторот потсетува со горчина која болка од неговиот збор дека не треба да се премолчи - заборави фактот, што Македончињата - нашите деца сами ги отргнуваме од прегратките на мајките и во името на Револуцијата? Нив ги испраќавме по планините да се борат за Социјализам, додека децата, без морал и без скрупула, како споулавени, ги раселувавме каде не по светот, без совест, дека нема никогаш да се вратат во својата родна земја и дека многу од нив ќе растат како сираци по туѓи земји, никогаш не прегрнати и утешени од мајки. Така, така се отпуштија нашите домови, тврди авторот, и така згаснаа за на век нашите родни огништа и онеме нашиот афтохтон глас... Помогнавме на Грчката пропаганда да го задржи пленот што лесно го доби 1913 година, во Букурешт, односно 1919 година, во Версај. Се изборивме во сопствениот погибел, па заслуживме и гробиштата на нашите деца, паднати за слободата на Грција да ни ги израмнат...

Па нас, благодарение на нашите “горди”, ни останаа само спомените и срамот, дека облечени во униформите на ДАГ, ја “браневме” Македонија. Ете, тоа е вистината на Македонскиот ПРОСТУМ! - јадосано извикува авторот Стојан Кочов и ни ја открива, без оглед дали на некого му се допаѓа или не, и дали на некого му ја крши “гордоста”, која што и во Сибирските не ја именуваа со заслуженото име - срамен крај!

Без оглед што на многумина им е тешко да сфатат дека лошо сториле кога биле повикани добро да сторат за својот народ во името на вистината на Македонците од Егејскиот дел на

Македонија, од проста причина што не требало да бидат само физички присутни меѓу својот народ, туку требало и да помагаат во спречувањето на нашата трагедија, на тој испланиран геноцид кој требало да го насетат и да го спречат, стратешки изборувајќи се да се наметне Македонската вистина и правилно да биде решено националното прашање на македонците под Грција, вистината, за жал, постои. Затоа, денеска треба да бидеме храбри и исправени пред сопствената трагедија - поучува авторот - од простата причина и страв, истата денес да ни се повтори. Значи, само објективно прикажување на историјата, зашто, прикривањето на сопствената историја, пред сопствениот народ, може одново да ни се свети...

Авторот се смета должен пред себе и пред својот народ и покрај неаргументираните напади на неговиот брилијантен труд во книгата "Саможртвување на Македонците под Грција", како книжевник и историчар, на кој и лична болка му е Македонскиот ПРОСТУМ, да работа, ослободен од влијанието на дневно - политичките интереси и да ги обработа и стави на увид на јавноста, архивските материјали со кои располага и со кои се служел при изготвување на овој бесценет труд.

Авторот, како паталец и учесник во ДАГ, меѓу првите си дава за право да ја отвори обезбореената македонска уста и да го пушти својот глас, својата преточена мисла од болка и јад, преку овај многувреден труд, до сите нас, кои сме должни да се запознаеме со историјата на сопствената припадност.

Тој не сака да крие дека сме истерани од сопствената земја со наша припомош и дека по долгите лутања по светот, прибрани во НРМ бевме третирани како граѓани од втор ред, сместени во гета...

Неговите ставови - фактографијата и анализата на сопственото зло за историските години на Граѓанската војна, се гласни и дијаметрални со досегашните изнесени ставови на нашата национална историографија, во добар дел, од оние кои сеуште се горди што директно учествуваја во нашето ископачување - самоуништување. Авторот, со сознание и на борец на ДАГ, ни

тврди да таа класна војна никогаш не била националноослободителна за Македонскиот народ и нација и затоа, таа измама неможе никогаш да биде гордост за нас Македонците!

Авторот, на крајот, отворено ги поздравува историските корекции во горенаведената смисла, напишани по 50 годишен молк и изнесување на невистини, кои даваат поинаква светлина на еднаш веќе поинаку кажаното за Македонскиот синдром на самоуништувањето.

Денес, на радост на сите “белите” страници од нашата историја се отворени, посебно благодарение на смелиот автор на овој труд, Стојан Кочов, како што и самиот вели - сакале или не сакале - ќе се соочиме со вистината на сопствената историја - на сопствениот погибел, за да само така сватиме, да вековитата желба на нас Македонците за Обединета Македонија, не е ископачена и не смее ни да биде…

Скопје 30.04.1995 година
Со почит,

М-Р ЈАГНУЛА ПАСКАЛ КУНОВСКА

8.0 ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНАТА ЛИТЕРАТУРА

АНДОНОВСКИ ХРИСТО, ВИСТИНАТА ЗА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 1972

АНДОНОВСКИ ХРИСТО, ДИПЛОМАТСКА АНТИМАКЕДОНСКА ИГРА, СКОПЈЕ, 1969

АНДОНОВСКИ ХРИСТО, МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО ГРЦИЈА, БУГАРИЈА И АЛБАНИЈА, “ГЛАСНИК”, СКОПЈЕ 1974, БР.

АНДОНОВСКИ ХРИСТО, МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОГОВОРИ И БИЛАТЕРАЛНИ КОНВЕНЦИИ МЕЃУ ГРЦИЈА, БУГАРИЈА, ТУРЦИЈА И ЈУГОСЛАВИЈАМ, “РАЗГЛЕДИ”, СКОПЈЕ, 1962 ИВ

АНДОНОВСКИ ХРИСТО, МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ФАШИЗМОТ (1940-1944) ИНИ, СКОПЈЕ 1968

АПОСТОЛОВСКИ ВАНЧО, ГРЦИЈА, ОДНОСИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ПРАШАЊЕТО ЗА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА. НОВА 2237МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 1952, ФЕВРУАРИ 10.

БУНТЕСКИ РИСТЕ-БУНТЕ, МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО (ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ), ИЗДАВАЧ, ДРУШТТВО ЗА УМЕТНОСТ ПРИЛЕП, СКОПЈЕ,1996.

БЛАГОЕВ СПИРИДОН, ОКОЛУ ПРИЧИНИТЕ И ПОСЛЕДИЦИТЕ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ОКУПАЦИОНА ВЛАСТ ВО НОВИ ОБЛАСТИ НА ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА 1-2В МАКЕДОНИЈА ВО ЛЕТОТО 1943 ГОДИНА. ГЛАСНИК ИНИ, СКОПЈЕ, 9183,

ГРИГОРИЈАДИС ФИВОС, ИСТОРИЈА ТУ ЕМФИЛИУ ПОЛЕМУ, 1945-1949 (ТО ДЕФТЕРО АНДАРТИКО) (ИСТОРИЈА НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945-1949), (ВТОРО ПАРТИЗАНСТВО) АТИНА ТОМВ̣, ИЗДАВАЧ К.М. КАМАРИНОПУЛОС

ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА.ИЗЈАВА НА ДИМИТАР ВЛАХОВ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗЗА ПЕЧАТОТ ВО ПАРИЗ.НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 1946, СЕПТЕМВРИ 19. 527, СТР .4

ЗИФИРОПУЛОС Д. ТО ККЕ ЌЕ И МАКЕДОНИЈА (КПГ И МАКЕДОНИЈА) ИЗЈАВУВАМЕ ВИСОКО ДЕКА ГРЦИЈА НЕМА ПРАВО НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, РЕЧЕ ВО СВОЈОТ ГОВОР НА ПРЕДИЗБОРНИОТ МИТИНГ ВО БИТОЛА ДИМИТАР ВЛАХОВ, ПОТПРЕСЕДАТЕ НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФНРЈ.НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 530, 1946, СЕПТЕМВРИ 22. СТР.4

КЕРАМИТЧИЕВ МИХАЈЛО, ПОЈАВАТА НА НОФ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА. ГЛАС НА .8 ЕГЕЈЦИТЕ, СКОПЈЕ, 1951, АПРИЛ 11.

КИРИЈАЗОВСКИ РИСТО, НАРОДНООСЛОБОДИЛЕНИОТ ФРОНТ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1945-1949). КУЛТУРА, СКОПЈЕ, 1985

КИРИЈАЗОВСКИ РИСТО, МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1941-1961), ИНИ, СКОПЈЕ, 1987

КИРИЈАЗОВСКИ РИСТО, МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА ЕМИГРАЦИЈА ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНОЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА. КУЛТУРА, СКОПЈЕ, 1989

КИСЕЛИНОВСКИ СТОЈАН, КПГ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ (1918-1940). МИСЛА, СКОПЈЕ, 1985

КИСЕЛИНОВСКИ СТОЈАН, СТАТУСОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО МАКЕДОНИЈА (1913-1987). МИСЛА, СКОПЈЕ, 1988

КИСЕЛИНОВСКИ СТОЈАН, ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1913-1989) КУЛТУРА, СКОПЈЕ, 1990

КИСЕЛИНОВСКИ СТОЈАН, НАЦИОНАЛНОТО И ДРЖАВНОТО ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ (1893-1994), МАНУ, СКОПЈЕ, 1995

СТОЈАН КОЧОВ, (САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ
ПОД ГРЦИЈА, “МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1994

- (САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА - КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ „МАТИЦА МАКЕДОНСКА” - СКОПЈЕ, 1994.

- МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА - ПОЕЗИЈА „МАКЕДОНСКО СОНЦЕ” - СКОПЈЕ, 1996.

- ЃОРЃИ ПЕЈКОВ - МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ (1945-1949) - МОНОГРАФИЈА - „АКАДЕМИК” - СКОПЈЕ, 1996.

- ТАЛКАЧИ - РОМАН, „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1997;

- НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС - РОМАН „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 1998

- КАЗНА БЕЗ ВИНА - РОМАН „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 2001

- ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА - РАСКАЗИ „ОГЛЕДАЛО”, СКОПЈЕ, 1998

- ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА -КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ. „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 2000

- ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА - КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ, „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 2002.

- КОБА И ГНЕВ - РАСКАЗИ “МЕНОРАе,СКПЈЕ, 2010.

- ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН - РОМАН „ДЕТСКА РАДОСТ”, СКОПЈЕ, 2001
- БАЛКАНСКА САГА - РОМАН “МАКАВЕЈЕ- СКОПЈЕ, 2004.

- БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ - ИСТОРИСКИ КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ „МАТИЦА МАКЕДОНСКА”, СКОПЈЕ, 2004

- ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ - РОМАН „СОВРЕМЕНОСТ”, СКОПЈЕ, 2006

- МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ПЕКОЛОТ НА ЦРВЕНОТО ГУБИЛИШТЕ - ИСТОРИСКИ КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ “МАТИЦА МАКЕДОНСКАe, СКОПЈЕ, 2007.

- ВОИНОТ И МАРГАРИТА - РОМАН “МАТИЦА МАКЕДОНСКАe, 2008.

- ЈАМКА - РОМАН “МАТИЦА МАКЕДОНСКАЕ, СКОПЈЕ, 2009. (ПРЕВЕДЕНА НА АНГЛИСКИ).

- ВРАЌАЊЕТО НА ПОТОМЦИТЕ ДОМА- РОМАН “МЕНОРАЕ,СКОПЈЕ, 2011.

- БИТКИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГЕНЕРАЦИИ НИЗ ТУГИТЕ ИДЕОЛОГИИ- ИСТОРИСКИ КРИТИЧКИ ОГЛЕДИ “МАТИЦА МАКЕДОНСКА”. СКОПЈЕ 2012.

КЉАКИЌ ДРАГАН, ГЕНЕРАЛ МАРКОС, ЗАГРЕБ, 1979

МАМУРОВСКИ ТАШКО, БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА ВО ЈУГОЗАПАДНА И ЦЕНТРАЛНА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1941-1944).ИНИ, СКОПЈЕ, 1989

МИТРЕВСКИ ПАСКАЛ, УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО БОРБИТЕ ПРОТИВ ФАШИСТИЧКИТЕ ОКУПАТОРИ.НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ .237□□1945, ОКТОМВРИ 11.

МИТРЕВСКИ ПАСКАЛ, ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПРВАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СНОФ НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ 1973, ДЕКЕМВРИ 25-26 , 9672-9673

МИТРЕВСКИ ПАСКАЛ, КРИТИЧКИ ОСВРТ НА ТРУДОТ НА ВАНГЕЛ АЈАНОВСКИ-ОЧЕ, “ЕГЕЈСКИ БУРИ”, ИЗДАНИЕ НА ИНИ-СКОПЈЕ, 1975. ГЛАСНИК НА ИНИ, СКОПЈЕ, 1977, 2-3, 195-211 (ОДДЕЛЕН ОТПЕЧАТОК)

МИТРЕВСКИ ПАСКАЛ, ПРВИТЕ ОРГАНИ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ И ФОРМИРАЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945-1949 ГОДИНА. СИМПОЗИУМ: АСНОМ - ОСТВАРУВАЊЕТО НА ИДЕИТЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА. МАНУ, СКОПЈЕ, 1977, С.199-211 ОД. ОТПЕЧАТОК)

МОЈСОВ ЛАЗО, ОКОЛУ ПРАШАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО ГРЦИЈА (ЕДЕН ПОГЛЕД ВРЗ ОПСЕЖНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА). ИНИ, СКОПЈЕ, 1954

ПЕЈОВ НАУМ, ПРИЛОЗИ ЗА ОДНОСОТ НА РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА КПГ ПО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ. ГЛАВЕН ОДБОР НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 1953

ПЕЈОВ НАУМ, КПГ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ, 1953, ИВ, 32-37

ПЕЈОВ НАУМ, МАКЕДОНЦИТЕ И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА. ИНИ, СКОПЈЕ 1968

ПЕЈОВ НАУМ, ПО ПОВОД ПРВИОТ КОНГРЕС НА НОФ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА. ВО ПРИЛОГ НА ВИСТИНАТА.ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ, СКОПЈЕ, 1951, ЈАНУАРИ 10.ИИИ, 18

РАКОВСКИ ПАВЛЕ, МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ НИЗ ПОЛИТИКАТА НА КП НА ГРЦИЈА (ИЛИ ПОЛИТИКАТА НА КП НА ГРЦИЈА ПО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ) ГЛАСНИК ИНИ, СКОПЈЕ, 1968, ЏИИ, 3

РАКОВСКИ ПАВЛЕ, КОН СОГЛЕДУВАЊЕ НА ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА. ПОГЛЕДИ, СКОПЈЕ 1980, ЏВИИ, 8

РАКОВСКИ ПАВЛЕ, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС И МАКЕДОНСКОТО НОД. ГЛАСНИК НА ИНИ, СКОПЈЕ ЏЏВИ, 2-3

РАКОВСКИ ПАВЛЕ, КП НА ГРЦИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ (СОГЛЕДУВАЊА, РАЗМИСЛУВАЊА, СОЗНАНИЈА). МАКЕДОНСКА КНИГА, СКОПЈЕ, 1990

РИСТОВСКИ БЛАЖЕ, МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА, ИЗДАВАЧ “ДЕТСКА РАДОСТ”, СКОПЈЕ, 1995

СИМОВСКИ ТОДОР, НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА.ИНИ, СКОПЈЕ, 1978

СИМОВСКИ ТОДОР, МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ НИЗ ПОЛИТИКАТА НА КПГ ВО ТЕКОТ НА НОБ. ГЛАСНИК НА ИНИ, СКОПЈЕ, 1972, ЏИВ, 2-3

ХАЛЕТ КАР ЕДВАРД, ШТО Е ИСТОРИЈА, КУЛТУРА, СКОПЈЕ, 1990 АРЕНТ ХАНА, ИЗВОРИТЕ НА ТОТАЛИТАРИЗМОТ, КУЛТУРА, СКОПЈЕ, 1990 СТИВ Е. ПАЛМЕР И РОБЕРТ Р. КИНГ, “ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КОМУНИЗАМ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ”, АРЧОН БООКС, 1971

ЛОРИНГ М. ДЕНФОРТ, “МАКЕДОНСКИОТ КОНФЛИКТ”, МАКЕДОНСКА КНИГА, 1996

“МАКЕДОНИЈА И ОДНОСИТЕ СО ГРЦИЈА” - МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ, СКОПЈЕ, 93

ТОДОР ЧЕПРЕГАНОВ, “ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ (АВГУСТ 1944-1948)”, ИЗДАВАЧ ИНИ, СКОПЈЕ, 1997

ЛАЗАР ЛАЗАРОВ “МАКЕДОНИЈА ВО ФРАНЦУСКАТА ПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ 1944-1957”, ИЗДАВАЧИ ИНИ И МАТИЦА МАКЕДОНСКА, СКОПЈЕ, 1998

ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА. ПОСЕБНО КНИГИТЕ:

САЈНОН СИБАГ МОНТЕФЕЈОРЕ – “СТАЛИН”- ДВОРОТ НА ЦРВЕНИОТ ЦАР. 1 И 2 ДЕЛ

ПЕРО СИМИЌ – “ТАЈНАТА НА СТОЛЕТИЕТО.”

И КНИГАТА: “КОС И УДБА”- АКЦИИТЕ И ДОКУМЕНТИТЕ НА ТАЈНИТЕ СЛУЖБИ

БЕЛЕШКА ОД ПИСАТЕЛОТ:

ОВАА КНИГА ЈА НАПИШАВ, ПРЕД 16 ГОДИНИ, ЗАТОА ШТО СЕТО ТОА ШТО ПРЕЖИВЕАВ НЕМОЖЕВ ДА ГО ПРЕМОЛЧАМ!

СТОЈАН КОЧОВ

СТОЈАН КОЧОВ е роден на 25.12.1930 годинавоТурје, Леринско. Во годините на Граѓанскатавојна во Грција(1946-1949) година е активен учесник во единиците на ДАГ занационално и цијално ослободување намакедонскиот народ. Од 1950-1957 година живее и се школува во СССР, се до неговото враќање во Р. Македонија во 1957 година. Живее во Скопје, дипломира на белградскиот Универзитет.

Автор е на делата:

1. СРЕДБА & раскази „Студентски збор”- Скопје, 1989;
2. ЕДНА МРТВА ВОЈСКА - поезија „Македонска книга” - Скпје,1992;
3. САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА - критички огледи „Матица македонска” - Скопје, 1994.
4. МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА - поезија „Македонско сонце” - Скопје, 1996.
5. ЃОРЃИ ПЕЈКОВ - МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ (1945-1949) - монографија - „Академик” - Скопје, 1996.
6. ТАЛКАЧИ - роман, „Матица македонска”, Скопје, 1997;
7. НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС - роман „Матица македонска”, Скопје, 1998
8. КАЗНА БЕЗ ВИНА - роман „Матица македонска”, Скопје, 2001

9. ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА - раскази „Огледало”, Скопје, 1998
10. ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА -критички огледи. „Матица македонска”, Скопје, 2000
11. ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА - критички огледи, „Матица македонска”, Скопје, 2002.
12. КОБА И ГНЕВ - Раскази “Менорае,Скпје, 2010.
13. ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН - роман „Детска радост”, Скопје, 2001
14. БАЛКАНСКА САГА - роман “Макавеје- Скопје, 2004.
15. БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ - Историски критички огледи „Матица македонска”, Скопје, 2004
16. ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ - роман „Современост”, Скопје, 2006
17. МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ПЕКОЛОТ НА ЦРВЕНОТО ГУБИЛИШТЕ - Историски критички огледи “Матица македонскае”, Скопје, 2007.
18. ВОИНОТ И МАРГАРИТА - Роман “Матица македонскае”, 2008.
19. ЈАМКА - роман “Матица македонскае, Скопје, 2009.
20. ВРАЌАЊЕТО НА ПОТОМЦИТЕ - роман “Менорае, Скопје, 2009.
21. ГЛАСОТ НА ТАЛКАЧИТЕ - Поезија, 2009
22. БИТКИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГЕРАЦИИ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ТУЃИТЕ ИДЕОЛОГИИ - итсториски критички огледи, “Матица македонскае, Скопје 2012.
23. ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ (1913- 2013 Документарна проза, 2014.

Дел од творештвото на авторот е објавено на Руски, англиски, југословенските, српските, бугаески, грчки и разни литературни списанина.

КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АФЖ | АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ |
| ГШ | ГЛАВЕН ШТАБ |
| ДАГ | ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА |
| ЕАМ | НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ |

ЕДА ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА
ЕЛАС ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА
ПОН НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ПГ ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
ИБ ИНФОРМБИРО
ЕППЕ ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА
КЗ КРИВИЧЕН ЗАКОН
КОЕМ КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КПГ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
КПЈ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО
ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.
ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН
СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБО ДИТЕЛЕН ФРОНТ
УДБ УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЦК ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
ЦС ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.

ОРИГИНАЛОТ НА ПРВОТО ИЗДАВАЊЕ